# НЕОЛИТОТ ВО МАКЕДОНИЈА:
## НОВИ СОЗНАНИЈА И ПЕРСПЕКТИВИ



ЦЕНТАР
ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
НА ПРЕДИСТОРИЈАТА

# НЕОЛИТОТ ВО МАКЕДОНИЈА:
# НОВИ СОЗНАНИЈА И ПЕРСПЕКТИВИ

# NEOLITHIC IN MACEDONIA:
# NEW KNOWLEDGE AND PERSPECTIVES

Центар за истражување на предисторијата
Center for Prehistoric Research

**www.cip-cpr.org**

Издавач: Publisher:

Центар за истражување на предисторијата — Center for Prehistoric research

Уредници: Editors:

Љубо Фиданоски — Ljubo Fidanoski

Гоце Наумов — Goce Naumov

Превод на англиски јазик: Translation in English language:

Андриана Драговиќ — Andriana Dragović

Лектура и коректура: Proofreading:

Здравко Ќорвезироски — Zdravko Ḱorveziroski

Компјутерска реализација: Computer realization:

Филип Митров — Filip Mitrov

Печат: Print:

Магнаскен – Скопје — Magnasken – Skopje

2016 2016

© Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да се препечатува или репродуцира во никаква форма, ниту со електронски, механички или други начини, сега или понатаму во иднината познати, вклучувајќи фотокопирање или снимање, ниту во никаков систем за чување податоци, без пишана дозвола од авторот и издавачот.

© All rights reserved. No part of this book may be reprinted or reproduced or utilised in any form orby any electronic, mechanical, or other means, now known of hereafter invented, including photocopying and recording, or in any information storage or retrieval system, without permission in writing form from the author and publisher.

Изданието е поддржано од Министерството за култура на Република Македонија во рамките на проектот: „Неолитска конференција: Неолитот во Македонија".

This publication is supported by The Ministry of Culture of the Republic of Macedonia within the project: "Neolithic conference: Neolithic in Macedonia".

## Содржина:

**Предговор/Preface**.....................................................................................................................5

Дарко Стојановски и Трајче Нацев
**Неолитскиот локалитет Грнчарица**
Darko Stojanovski and Trajče Nacev
**The Neolithic site Grnčarica**..........................................................................................................7

Паско Кузман
**Од Зластрана до Пенелопа: неолитските локалитети во Охридско (I)**
Pasko Kuzman
**From Zlastrana to Penelope: Neolithic sites in the Ohrid Region (I)**....................................23

Валентина Тодороска
**Палафитната населба „Устие на Дрим“**
Valentina Todoroska
**The pile dwelling settlement "Ustie na Drim"** ..…...................................................................41
..
Перо Синадиновски
**Рекогносцирање на неолитски локалитети во Раечката Клисура**
Pero Sinadinovski
**Field survey of Neolithical sites in the Raečka Canyon**...........................................................55

Гоце Наумов
**Калибрирана хронологија на неолитските тумби во Пелагонија**
Goce Naumov
**Calibrated chronology of Neolithic tells in Pelagonia**.............................................................67

Александар Мургоски
**Подзаборавената фаза на пелагонискиот неолит**
Aleksandar Murgoski
**The forgotten phase of Pelagonian Neolithic**............................................................................97

Александар Миткоски
**Керамички модели на лебови во предисториската збирка**
**на Завод и музеј Прилеп**
Aleksandar Mitkoski
**Ceramic bread models from the prehistoric collection of Prilep museum**..........................119

Љубо Фиданоски
**Протоматематика во македонскиот неолит (I)**
Ljubo Fidanoski
**Protomathematics in Macedonian Neolithic (I)**.....................................................................141

Игор Толевски
**Дали монументалната неолитска пластика „Глава на овен“**
**е откриена на некој од неолитските локалитети во Скопско?**
Igor Tolveski
**Does the monumental Neolithic object “head of ram”**
**was discovered at some of the Neolithic sites in Skopje region?** .........................................181

Злата Блажеска
**Предмети за предење и ткаење од неолитските населби во Македонија**
Zlata Blaževska
**Objects used for textile manufacturing found at Neolithic sites in Macedonia**.................193

Никос Чаусидис
**Неолитските корени на „македонските бронзи“**
**и на други синхрони бронзени предмети од Средниот Балкан**
Nikos Čausidis
**Neolithic roots of „Macedonian bronzes“**
**and other synchronous bronze objects from Central Balkans** ............................................203

# ПРЕДГОВОР

Патувањето низ времето е желба на голем број љубители на историјата, археологијата и воопшто на минатото, и правени се најразлични обиди таа, барем делумно, да биде остварена. Идејата за патувањето назад во времето е содржана и во книгава што сега ја отворате. Зборникот *Неолитот во Македонија: нови сознанија и перспективи* е дело на повеќемина автори, што преку својата работа се обидуваат да „отпатуваат" и да го проучат времето кога човекот првпат почнал да ја приспособува природата според своите потреби. Колку подалечно, толку е поинтересно патувањето, а дотолку повеќе кога е тоа наназад дури до неолитот – можеби еден од најинтересните предисториски периоди во Македонија. Меѓутоа, колку и да е интересно и возбудливо ова патување, тоа воедно создава голема одговорност меѓу оние што патуваат и истражуваат, и тоа токму при документирањето и толкувањето на она што тие таму го забележале, го искусиле и осознале.

Наша цел е да ги споделуваме резултатите од овие научни патувања во неолитот, најмалку еднаш годишно, и тоа преку конференција во која повеќе „патници" ќе ги споделат своите искуства и потоа, преку публикување зборници во кои таквите искуства и сознанија, тие ќе бидат документирани. Доказ за тоа дека многумина истражувачи патуваат катадневно до неолитот е успешната археолошка конференција „*Неолитот во Македонија*" и првиот број на Зборников во кој се вклучени трудовите од повеќето археолози што учествуваа на Конференцијата. Во него се сместени археолошките „репортажи" од истражувачите што се во допир со неолитот од Овчеполскиот, Раечкиот, Пелагонискиот и Охридскиот регион, како и од оние што детално ги проучуваат предметите и времето кога тие се произведувале и се користеле.

Зборников започнува со патувањето низ овчеполскиот неолит и особено низ новооткриената населба Грнчарица, каде што истражуваа археолозите Дарко Стојановски и Трајче Нацев. Археолошкото патешествие продолжува крај Охридското Езеро со искуствата на Паско Кузман при проучувањето на населбите Зластрана и Пенелопа, за да се надоврзе потоа Валентина Тодороска со нејзиното видување на локалитетот „Устие на Дрим" што се наоѓа во Струга. Перо Синадиновски дава првичен осврт за неговите искуства со рекогносцирањето на неколку неолитски локалитети во Раечката Клисура, која воедно претставува и географски влез во Пелагонија, регион што ќе биде обработен во повеќе трудови во Зборников. Како вовед во неолитот на најголемата котлина во Македонија е „временската прогноза" на Гоце Наумов за почетокот на овој период, базирана врз лабораториските анализи на органски примероци од повеќе тумби. Потоа Александар Мургоски дава ново видување на крајните етапи на неколку неолитски населби во оваа котлина, а Александар Миткоски ги сублимира сознанијата за првите пелагониски земјоделци преку проучувањето на керамичките модели на лебови што тие ги изработувале.

Неговиот труд претставува вовед во серијата текстови во кои детално се презентираат сознанијата за неолитската материјална култура во Македонија. За примената на протоматематиката при изработката на керамичките предмети пишува Љубо Фиданоски, истакнувајќи ја нејзината универзалност во повеќе региони и населби. Игор Толевски приложува неколку размислувања за можното потекло на една од најинтересните неолитски

зооморфни претстави, додека Злата Блажеска се осврнува на предметите за предење и ткаење користени на неколку населби во шестиот милениум пр.н.е. Зборников завршува со дијахрониско патување од неолитот до железното време, преку трудот на Никос Чаусидис во кој се елаборирани нови теории за неолитските корени на „македонските бронзи“.

За нас претставува особена чест и одговорност да го сублимираме научното патување низ неолитот на нашите колеги и да го отелотвориме во Зборников. Веруваме дека делото што сега го читате ќе биде еднакво возбудливо и интересно како и археолошките патешествија презентирани во трудовите и воедно дека ќе побуди интерес за нови размислувања, идеи, дискусии и натамошни проучувања.

*Љубо Фиданоски и Гоце Наумов*

**Дарко Стојановски,**
*УТАД, Вила Реал, Португалија*

**Трајче Нацев,**
*УГД, Штип, Република Македонија*

## НЕОЛИТСКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ГРНЧАРИЦА

Пред осум години, неолитската населба Грнчарица кај Штип првпат беше откриена и делумно истражена. Поради низа околности, подетаљни резултати од ова истражување сѐ уште не се претставени пред македонската стручна јавност. Како резултат, податоци од овој значаен локалитет недостасуваат во публикациите посветени на неолитот во Македонија. Од тие причини, овде ќе бидат презентирани детали од текот и околностите на истражувањето, од типот и карактерот на населбата и материјалната култура, резултатите од лабораториското датирање на единственото погребување откриено во населбата, како и импликациите што овие резултати ги имаат кон прашањата поврзани со процесот на неолитизација и понатамошниот развој на неолитските култури во Македонија.

***Клучни зборови**: неолит во Овче Поле, неолитска керамика, хронологија и периодизација.*

**Darko Stojanovski,**
*UTAD, Vila Real, Portugal*

**Trajče Nacev,**
*University of Štip*

## THE NEOLITHIC SITE GRNČARICA

The Neolithic settlement Grnčarica near Štip was discovered and partly explored eight years ago. Due to the circumstances, more detailed results of this research still have not been presented in Macedonian archaeology. It resulted in lack of information for this significant site in publications of Macedonian Neolithic. Therefore, herewith we present details of the research, the type and the character of the settlement and the material culture, as well as the implications these results have regarding the Neolithization process and further development of Neolithic cultures in Macedonia.

***Keywords:** Neolithic in Ovče Pole, Neolithic pottery, chronology, periodization.*

## Вовед

Грнчарица се наоѓа на источните падини на ридскиот масив што ја затвора Кочанската Котлина од Запад, во атарот на село Крупиште, 17 км од Штип (**сл. 1**). Локалитетот беше откриен, и заедно со уште 32 други локалитети беше истражуван за време на заштитните археолошки ископувања, поврзани со изградбата на водоводната мрежа на хидро–системот „Злетовица“. Од оваа кампања, Грнчарица е единствениот локалитет од неолитот, а според листата на Толевски (2009а), базирана на изданијата Археолошка карта на Македонија, Грнчарица е 201-от неолитски локалитет во Македонија. Ископувањето, со прекини, се одвиваше речиси пет месеци, кон крајот на 2007 и почетокот на 2008 година. За овој период беа истражени 580 м², на простор условен од типот на археолошките истражувања (трасата на хидро-системот). Со теренските истражувања раководеше Трајанка Јовчевска, а одговорен за целиот проект беше проф. д-р Трајче Нацев.

### *Карактеристики на локалитетот и археолошки истражувања*

Станува збор за еднослојна рамна населба од неолитот, сместена на блага падина на западната периферија на Кочанската Котлина, близу еден мал, денес пресушен поток (**сл. 2**). Заградена од запад и север со ридови богати со пасишта, населбата е отворена кон југ и исток, кон лесно достапни земјоделски површини. Денес околината е речиси целосно без дрвја, но за време на неолитот, кога човековото влијание врз природата било сè уште минимално, дрвните суровини и додатоците во исхраната што ги давала шумата биле подостапни. Анализи на полен, јаглен и животински коски досега не се извршени.

На околу стотина метри на исток од праисториската населба, се наоѓа досега неистражуван локалитет од римско време, најверојатно *vila rustica*. На праисторискиот локалитет беа отворени сонди на четири локации (**сл. 3**). Најголема површина беше истражена во централниот дел на локалитетот, додека со по неколку сонди беше утврдена периферијата кон север, исток и југ. Населбата зафаќала површина од околу 3000 м². Дебелината на културниот слој во централниот дел се движи помеѓу 0,25 и 0,80 м. Падината претставува интензивно обработувана земјоделска површина.

Во сондата 4 не беше откриен археолошки материјал од неолитот, што ја поставува јужната граница на населбата во просторот помеѓу оваа сонда и централниот дел. На исток по должина беа поставени четири сонди (сонди 19–22). Во сондата 19 беше забележана една поширока дупка од колец и можни остатоци од под од набиена земја, а беше откриен и многу мал број археолошки артефакти. Со оглед на тоа што во сондите 20, 21 и 22 речиси и да не беше забележан археолошки материјал, ниту пак остатоци од конструкција, може да се заклучи дека овој сектор ја маркира источната граница на населбата. На северната периферија беа истражени пет сонди (сонда 1, 2, 7, 8 и 10). Во овој дел не беа констатирани објекти за живеење, но на две локации (во сондите 7 и 2) беа откриени поголеми групации од камења, керамички фрагменти и животински коски. Во сондите 2 и 8 беа откриени две кружни структури вкопани во карпата, со дијаметар до 2 м и со вкупна длабочина од 1,5 м од површината. Иако во нив не беше откриен археолошки материјал, можеме да претпоставиме дека станува збор за складишни јами. Во сондата 8, исто така, беа откриени неколку камени мелници.

Во најголемиот централен сектор, најмалку три објекти за живеење се распоредени околу централниот стопански дел, наменет за производство на керамички садови (**сл. 4**). Ваков е заклучокот од ситуацијата на теренот, иако целосно беше дефиниран само еден објект (објектот 1). Неговата основа има издолжена трапезоидна форма, дефинирана спо-

ред дупките од колци и канали издлабени во меката карпа. Овде културниот слој е доста тенок, па од долготрајната обработка на почвата не останал речиси никаков инвентар или делови од конструкцијата, освен ситни фрагменти садова керамика и парчиња од разурнато огниште. Според неолитските техники на градба коишто се застапени на Балканот, во Грнчарица живеалиштата биле изградени од дрво и кал, односно основната конструкција била оформена од подебели колци, просторот помеѓу нив од плет од потенки прачки, кој бил покриен со глина (Нацев и Стојановски 2013; поопширно за неолитската архитектура на Балканот види: Bailey 2000; Perlès 2004; Толевски 2009б; Бояджиев 2013; Fidanoski 2015). Покривот бил направен од полесни растителни материјали, најверојатно трска која и денес ја има во изобилие во околината. Останатите два објекта се зафатени со истражување само делумно, формата на нивната основа останува непозната, но кај двата беа забележани дупки од колци (сондите 17 и 23) и под од набиена глина (сондите 3а и 23).

Под подот на објектот 3 беше откриена погребана возрасна индивидуа (**сл. 4а**). Станува збор за маж на околу 45 години, чие тело било поставено странично во згрчена позиција, во плитка елипсоидна јама вкопана во карпата. Вкупната длабочина од денешното ниво до дното на јамата изнесува 57 см. Гробни дарови не беа откриени. Според антрополошките наоди, забележана е значителна истрошеност на горните инцизиви, кои можеби во текот на животот често ги користел како алатка (придржување, затегнување...).[1] Примероци за датирање беа земени од фемурот и еден молар (подолу во текстот).

Во самиот центар на населбата се наоѓа печка, која всушност претставува кружна јама со странични канали за довод на воздух и мал централен постамент изграден од глина и ситни камења. Во празнините околу постаментот беа откриени остатоци од изгорен органски материјал. Околу печката се забележани вдлабнувања во карпата, кои можеби имале функција во процесот на обработка на глината. Во однос на функцијата на печката, веруваме дека служела за печење на керамички садови, иако директни докази, како фрагментирани садови во внатрешноста, не беа откриени. Исто така, соодветни аналогии од Балканот и пошироко не ни се познати.

### *Керамика*

Примарните техно-типолошки аспекти на откриената керамика беа предмет на анализа во магистерски труд на еден од авторите (Дарко Стојановски), а подоцна претставени и објавени пред меѓународната стручна јавност (Stojanovski 2012; Stojanovski et al. 2014). За време на истражувањата не беше извршена проспекција на околината на Грнчарица, со цел да се откријат блиски извори на глина. Исто така не се извршени минеролошки и петрографски анализи на керамиката. Такви истражувања би биле во функција на некој иден проект за проучување на производството и дистрибуцијата на керамика во неолитот во поширокиот географски контекст (Скопско и Овче Поле, долината на Брегалница, споредба помеѓу Брегалница и Струма итн.). Како и да е, од досегашните искуства од истражувањата насочени кон утврдување на потеклото на керамиката од неолитските локалитети, голем дел од резултатите укажуваат на локална експлоатација на глина (на пример: Spataro 2010; Jorge et al. 2005). Тоа би било особено логично за локалитет како Грнчарица, кој според некои од откриените објекти и артефакти (печка за керамика, плитки „корита“ за месење глина околу неа, камени алатки веројатно употребувани во грнчарскиот занает) претставувала производствен центар.

1 Антрополошка опсервација беше извршена од д-р Фаница Вељановска.

Вкупната колекција од садова керамика од Грнчарица брои 332 предмети. Најголемиот дел се фрагменти кои даваат различни технички и естетски податоци за садот на кој му припаѓале. Тринаесет од овие примероци се успешно конзервирани и реконструирани фрагментирани садови. Два примерока се силно фрагментирани садови, чија форма не можеше да се воспостави.

### *Технолошки аспекти*

Од аспект на основната класификација на технолошките особини на керамиката откриена во Грнчарица, можат да се забележат неколку работи. Веројатно сите методи на рачно оформување на керамички садови им биле познати на грнчарите од Грнчарица (Rye 1981; Фиданоски 2009). Најлесно уочлива е техниката на изработка на садови од глинени ленти, препознатлива најчесто преку фините хоризонтални гребени или правилната хоризонтална фрагментација (најслабото место на ѕидот од садот е спојот меѓу лентите; **сл. 5**). Малите садови и тавите биле изработувани во наједноставната техника – оформување на глинена маса преку притискање и извлекување. Постои техника на изработка на садови преку надоврзување на глинени плочи, но нејзиното препознавање е поспецифично. Аскосите како посебна форма не се присутни во Грнчарица, но тоа не значи дека техниката на користење калап при изработката на садови не била позната. Одредени предмети, како вторично употребените дна од садови или дрвени и плетени предмети веројатно биле користени како помошно средство при изработката барем на некој дел од садот. На неколку дна е забележан отпечаток од ткаен или плетен материјал (**сл. 6**). Секако, ова може да значи и дека садот само бил оставен да се суши на плетена површина, но најдлабоките отпечатоци се видливи во плитките вдлабнувања на нерамната површина на надворешноста на дното, што укажува на малку поактивна улога на таа основа. Во секој случај, важно е да ја имаме предвид богатата палета на предмети во неолитот, како во грнчарскиот занает така и во секојдневието, кои, за жал, не го преживеале процесот на дезинтеграција.

При подготовката на смесата за изработка на керамички садови во Грнчарица, користени се два типа примеси: органски и минерални. Подетални анализи за идентификација на минералите или на видот на органски додатоци не се вршени. Но, според големината, минералните примеси се поделени на три групи: мали (≤ 1 мм; застапени кај 26,5% од фрагментите), средни (1–3 мм; 27%) и крупни (> 3 мм; 46,5%). Според макроскопската опсервација, растителните примеси се присутни речиси во целата керамичка колекција од Грнчарица (освен дваесетина фрагменти за кои е потребна дополнителна микроскопска анализа).

Помалку од десет проценти од садовата керамика е со полирана површина. Другиот екстрем на третирање на површината (или нејзино нетретирање), грубата површина, е присутна кај 26,5%, но овде влегуваат и фрагментите кај кои грубата површина била дел од естетскиот профил на садот (на пример барботин декорација). Останатиот дел од предметите е со помалку или повеќе измазнета површина. Треба да се напомни дека и оваа, како и некои други класификации на предметите се однесуваат на фрагменти, па според тоа квантитативната застапеност на групите мора да се набљудува релативно за компарација со други слични колекции.

Половина од фрагментите се со црвен премаз. Тој може да се најде на различни позиции и да ја зафаќа целата површина или само дел од садот. Според разните позиции на телото на садот каде што е нанесуван премазот, фрагментите се поделени во шест типа: 1) надворешна површина; 2) внатрешна површина; 3) надворешна и внатрешна површина; 4) надворешна површина и тенка хоризонтална лента под венецот однатре; 5) внатрешна

површина и тенка хоризонтална лента под венецот однадвор; 6) врвот на венецот. Квантитативните параметри се дадени во табелата 1.

Завршната фаза од технолошкиот процес на производство на садови, печењето, се отсликува преку два атрибута на керамиката: бојата на површината и типот на пресекот. Светлите тонови на кафеава и црвеникава боја доминираат во Грнчарица. Ова означува дека методот на печење на керамиката дозволувал постојан доток на кислород во моментите кога садовите биле експонирани на високи температури. Во контекст на ова треба да се забележи дека беше откриен систем од канали поврзан од две спротивни страни со внатрешноста на откриената печка (**сл. 4б**). Доминантен тип на пресек кај керамиката од Грнчарица е триделниот (**сл. 7**). Како контраст на светлите површински слоеви, јадрото на фрагментот е темно сиво или црно. Ова ни кажува дека целокупниот процес на печење на керамиката бил релативно краток, односно садот не бил изложен на висока температура доволно долго, за да согорат целосно и да оксидираат органските материи природно присутни во глината (за различните реакции помеѓу глина, температура и кислород види Rye 1981). Преку експериментални сесии на печење керамички садови во печка-реплика на откриената би се навлегло подлабоко во грнчарството во Грнчарица; би се добиле точни податоци за временското траење на процесот и за постигнатите температури.

### *Типологија на форми*

На Балканот, најверојатно поради долгогодишен недостиг на доверба и меѓународна соработка меѓу археолозите, постои конфузија околу неолитската терминологија. Кога станува збор за типолошко определување на формите, проблем е не само терминологијата, туку и принципите. Овде ги користиме морфометричките параметри употребени во последниот синтетички осврт на неолитот во Македонија, со мали модификации во терминологијата (Фиданоски 2009, 118–135).

Од формите досега препознаени во неолитските керамички садови во Македонија, во Грнчарица присутни се пет типа: чинии, купи, грнци, капаци и тави (**сл. 8**).[2]

Чиниите се отворен тип садови, кај кои венецот го претставува најголемиот дијаметар на телото (**сл. 8а, б**). Во Грнчарица (како и генерално во неолитот во Македонија) со 47,6%, тие се доминантната форма. Може да се препознаат два поттипа: чинии со хемисферична форма (заоблени ѕидови; **сл. 8а**) и чинии со прави ѕидови (**сл. 8б**).

Иако дијаметарот на венецот им е малку помал од најголемиот дијаметар на телото, поради лесната достапност на содржината во садот, купите се сметаат за отворени садови (**сл. 8в–д**). Во Грнчарица тие зафаќаат 24,3% од вкупниот број садови. Поделени се на три поттипа: сферични (**сл. 8в**), купи со сферична долна и конусовидна горна половина (**сл. 8г**) и цилиндрични купи (**сл. 8д**).

Грнците се затворени садови (**сл. 8ѓ–з**). Дијаметарот на нивниот обод никогаш не е поголем од ⅔ од најголемиот обод на телото. Нивната процентуална застапеност во Грнчарица е малку поголема од таа на купите: 25,9%. Ги има во четири поттипа: сферични (**сл. 8ѓ**), грнци со вертикално издаден врат (**сл. 8е**), грнци со кус врат и венец издаден нанадвор (**сл. 8ж**) и грнци со подолг врат и венец издаден нанадвор (**сл. 8з**). Последниве се обично поголеми и погруби садови, најверојатно со складишна функција.

Три тави се откриени во Грнчарица. Една од нив е целосно реконструирана и претставува сосема плиток отворен сад, со четириаголна основа и заоблени агли (**сл. 8ѕ**). Другите два

2 Овде е претставена сублимирана верзија на дел од типолошките согледувања. За повеќе детаљи од целата колекција, види Stojanovski 2012, глава 4.2 и 4.3.

фрагмента, иако не даваат доволно информации, може да се претпостави дека им припаѓале на садови со слична форма.

Еден фрагмент од Грнчарица е идентификуван како капак (**сл. 8и**). Според неговата форма, лесно би можел да се гледа и како плитка чинија (што е и една од причините за нивното непрепознавање и малиот број капаци во неолитските керамички колекции), но поради постоењето на врежан орнамент од надворешната страна (од кој, за жал, само мал дел е зачуван) логично би било да претпоставиме дека станува збор за капак.

### *Типологија на декорацијата*

Од целокупната колекција на керамички фрагменти откриени во Грнчарица, 15% се декорирани во некоја од познатите техники на декорација од неолитот. Поголемиот дел, 85%, остануваат на недекорирана керамика, со или без премаз. Од декорираните, се среќаваат пет типа декорација, некои од нив во неколку варијанти (**сл. 9**).

Најзастапена е декорацијата со отпечатоци или со втиснување (импресо), присутна кај 36% од вкупниот број декорирана керамика. Во зависност од начинот или медиумот на декорирање, се забележуваат пет варијанти: отпечатоци од прсти (**сл. 9а**), отпечатоци од нокти (**сл. 9г**), отпечатоци од шуплив предмет со кружен пресек (веројатно коска; **сл. 9в**), отпечатоци од остар предмет или убоди (**сл. 9д**) и отпечатоци од остар предмет во форма на полумесечини или зрно жито (**сл. 9б**).

Речиси еднакво застапена (34%) е декоративната техника барботин, која претставува глина со помал вискозитет, нанесена на површината на садот пред печење. Според тоа дали оваа течна глина ќе биде моделирана во некаква препознатлива форма или не, разликуваме организиран (**сл. 9и**) и неорганизиран барботин (**сл. 9ј, к**).

Декоративни апликации се забележани на вкупно пет фрагменти од Грнчарица. Кај два од нив, на површината од садот се додадени збиени редови од мали топчиња (**сл. 9з**). Еден фрагмент е декориран со два брадавичести израстоци, најверојатно вертикално поставени (**сл. 9е**). Постои можност овие израстоци да имале функционална улога, но заради нивната големина и неможноста да се процени нивната точна локација на садот, се третираат како декоративни елементи. Кај еден мал фрагмент е забележана релјефна лента во форма на полукруг, врз која се нанесени отпечатоци од прсти (**сл. 9ж)**. Очигледно станува збор за посложена композиција, од која до нас стигнал само мал дел. На уште еден мал фрагмент, дел од врат на поголем сад, се наоѓа хоризонтална, добро замазнета и заоблена лента (**сл. 9ѕ**).

На единствениот капак во керамиката од Грнчарица, од надворешната страна се забележуваат мали делови од три врежани коси линии. Очигледно, и овде станува збор за покомплексен мотив, од кој е зачуван дел недоволно голем за негово препознавање.

Потребно е да се спомне и единствениот фрагмент со декорација сликана со бела боја (**сл. 9ѓ**). Станува збор за мал сад кој стоел на неколку мали ногарки (најверојатно купа), со тенки ѕидови, рамномерно полирана површина и орнамент насликан со бела боја. За жал, и во овој случај, сосема мал дел од орнаментот е присутен на откриениот фрагмент. Поголемиот дел најверојатно бил нанесен на горниот дел на садот кој недостасува.

### *Останати наоди*

Керамичките кругови, или дискови, изработени од секундарно употребен керамичен фрагмент, се често среќавани предмети на неолитските локалитети. На Грнчарица се откри-

ени вкупно шест, ниту еден со перфорација на средината, а на еден од нив се забележува врежување во форма на „V“ од обете страни (сл. 10). Вакви предмети од камен не се забележани.

Само два мали фрагмента од фигури од керамика се откриени. Потребна е дополнителна опсервација и типолошко определување, но најверојатно се работи за силно стилизирани столбести антропоморфни фигури.

Откриена е само една алатка од коска. Станува збор за длето, изработено од надолжно поделена долга коска (**сл. 11**). Освен длетото, беа откриени и неколку животински скокални коски (*talus*) со различна големина. На некои од нив можат да се забележат делови со потемно бојосување. Дополнителни анализи би требало да покажат дали се работи за намерно нанесена црвена боја, или пак станува збор за природна патина на самата коска.

Предметите од камен, особено алатките од делкан камен, заслужуваат посебна студија. Се забележуваат сечила типични за неолитот, но исто така се присутни геометриски форми, како трапези, кои се покарактеристични за пораната праисторија. Треба да се напомни дека голем дел од камените предмети се површински наоди, откриени на самиот локалитет и во неговата непосредна близина. Исто така е важно да се знае дека во непосредна близина на локалитетот беше забележана жила на силикатна карпа, најверојатно кремен, која се користела во различни периоди од праисторијата до денес. Досега не се откриени траги од мезолитот во Македонија, но според добро познатото правило во археологијата, отсуството на докази не е доказ за отсуство. Материјална култура од овој период е присутна во сите останати држави на Балканот (на пример Schuldenrein 1998; Komšo 2006; Bonsall 2008; Vander Linden et al. 2014). Поради недостигот од информации за мезолитот од регионот на Грнчарица, не можеме со сигурност да тврдиме активност на преднеолитски популации на оваа локација. Идни истражувања насочени кон овој проблем би можеле да го потврдат или да го негираат нивното постоење.

Се среќаваат уште камени мелници, алатки од полиран камен, како и други предмети од камен кои најверојатно имале примена во грнчарскиот занает.

### Местото на Грнчарица во балканскиот неолит

Како што беше посочено, доминантен дел од неолитската керамика од Грнчарица е недекорирана. Во рамките на археологијата на Балканот, често употребуван термин е „монохромна“ керамика, којшто генерално се однесува токму на овој дел од керамичкиот корпус (Pavúk 1993; Nikolova 2007; Чохаджиев и др. 2007). Отсуството на сликана декорација честопати се интерпретира како припадност на локалитетот кон една иницијална фаза на неолитски „пионери“ од Мала Азија („монохромна“ фаза) и се прејудицира поврзаност со монохромниот период од Хаџилар, иако во смисла на апсолутна хронологија, поврзаност не постои (Krauß 2011).

При обид за хронолошко и културно определување на Грнчарица, наидуваме на неколку проблеми. Од една страна, следејќи ја погоре наведената „монохромна“ теорија на размислување, керамиката нè наведува на поставување на локалитетот во таа иницијална фаза на неолитот, заедно со локалитети како Крајници I и Доња Брањевина III (Karmanski 2005; Чохаджиев и др. 2007). Според воспоставената периодизација од пред неколку децении на Марија Гимбутас, раниот неолит во Македонија е поставен помеѓу 6100 и 5800 година пр.н.е. (Gimbutas 1976). Оваа периодизација е базирана врз истражувањата во Амзабегово, каде што декорацијата со бела боја е присутна од самиот почеток на населбата. Според ова, од аспект на апсолутна хронологија, иницијалната фаза на неолитот во овој регион би ја поставиле не подоцна од 61-от век пр.н.е.

Од друга страна, како што беше споменато, два примерока од погребувањето во Грнчарица беа земени за датирање (**таб. 2**; Stojanovski et al. 2014, 23). Двете вредности, иако не се поклопуваат целосно една со друга, според прифатената периодизација, го поставуваат моментот на погребување во средниот неолит. Во керамиката од Грнчарица не се забележува ниту еден од елементите типични за средниот неолит на културата Амзабегово–Вршник, на којашто би требало да им припаѓа. Со други зборови, Грнчарица и Вршник егзистираат во исто време, раздалечени се само 7 км, постои визуелна комуникација, а имале различна материјална култура.

Постојат неколку можни решенија на проблемите кои произлегуваат од досега претставеното. Едно е секако да ги отфрлиме добиените резултати од датирањето како неточни или да го прогласиме погребувањето како анахроно на населбата, но тоа би било крајно неосновано. Поверојатно е дека резултатите од датирањето го покажуваат времето на погребување и почетокот на населбата. Востановените културните групи на Балканот и нивните хронолошки рамки воопшто не претставуваат хомогени единици кои рамномерно се развиваат во сите свои делови, и како такви, треба да се посвети дополнително внимание при нивното користење во дискусиите поврзани со неолитот или при определување на одреден локалитет кон културна или хронолошка единица врз база на само еден параметар. Разликата во материјалната култура на два синхрони локалитета може да отсликува и функционална разлика. Грнчарица претставува еден пример кој излегува од воспоставените норми; кој ни покажува дека животот и населението во праисторијата, нивната материјална и духовна култура, биле поразновидни од она како ние денес ги перципираме преку форматот археолошка култура.

**Библиографија:**

*- кирилична:*

Бояджиев, Я. 2013. Открити селища и селищни могили – причини за различията в селищното и жилищното устройство. *Be-JA* 3: 67–98.

Нацев, Т. и Стојановски, Д. 2013. Прилог кон проучувањето на неолитската и енеолитската архитектура од средниот тек на река Брегалница. In Петровска, С. (уред.), ed. *Годишен зборник*. Штип: 103–112. Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“.

Толевски, И. 2009а. Географска поставеност на неолитските локалитети. Во Наумов, Г. Фиданоски, Љ. Толевски, И. и Ивковска, А. *Неолитските заедници во Република Македонија*. Скопје: 17–24. Данте.

Толевски, И. 2009б. Архитектура. Во Наумов, Г. Фиданоски, Љ. Толевски, И. и Ивковска, А. *Неолитските заедници во Република Македонија*. Скопје: 53–72. Данте.

Фиданоски, Љ. 2009. Производство на керамички садови. Во Наумов, Г. Фиданоски, Љ. Толевски, И. и Ивковска, А. *Неолитските заедници во Република Македонија*. Скопје: 109–154. Данте.

Чохаджиев, С., Бакъмска, А. и Нинов, Л. 2007. Крайници - ранокерамичното селище от басейна на река Струма. In H. Todorova, M. Stefanovich, and G. Ivanov, eds. *The Struma/ Strymon River valley in prehistory. Proceedings of the international symposium "Strymon Praehistoricus" 2004*. Sofia: 181–190. Gerda Henkel Stiftung.

- *латинична:*

Bailey, D.W. 2000. *Balkan Prehistory. Exclusion, incorporation and identity*. London and New York: Routledge.

Bonsall, C. 2008. The Mesolithic of the Iron Gates. In Bailey, D. W. Spikins, P. (eds.) *Mesolithic Europe*. Cambridge: 238–279. Cambridge University Press.

Fidanoski, L. 2015. Home Sweet Home: Neolithic Architectural Remnants from Cerje – Govrlevo, Republic of Macedonia. *Analele Banatului*, Arheologie Istorie 23. Cluj - Napoca: 11–44. Muzeului Banatului din Timişoara.

Gimbutas, M. 1976. *Neolithic Macedonia as reflected by excavation at Anza, southeast Yugoslavia.* Los Angeles: Institute of Archaeology, University of California.

Jorge, A. Day, P. M. Valera A. C. Dias, M. Prudêncio M. 2005. Ceramics, style and exchange in the Early Neolithic Upper Mondego Basin: a technological approach. *Understanding people through their pottery*: 121–128. Available at: http://www.ipa.min-cultura.pt/pubs/TA/folder/42/ceramicsc.pdf.

Karmanski, S. 2005. *Donja Branjevina: a Neolithic settlement near Deronje in the Vojvodina (Serbia)* Quaderno 1. Biagi, P. (ed.) Trieste: Società Preistoria Protostoria Friuli-V.G.

Komšo, D. 2006. Mesolithik U Hrvatskoj. *Opuscula Archaeologica* 30: 55–92.

Krauß, R. 2011. On the “Monochrome” Neolithic in Southeast Europe. In Krauß, R. (ed.) *Beginnings - New Research in the Appearance of the Neolithic between Northwest Anatolia and the Carpathian Basin Papers of the International Workshop 8th - 9th April 2009, Istanbul*. Verlag Marie Leidorf Gmbh: 109–125.

Vander Linden, M. Marriner, G. Orton D. C. de Vareilles, A. Daković, G. Borovinić, N. Gazivoda, D. Mihailović, D. and Edinborough, K. 2014. Preliminary report on the excavations in Seocka pećina, Montenegro (September 2013). In Mihailović, D. (ed.) *Palaeolithic and Mesolithic research in the Central Balkans*. Belgrade: Serbian Archaeological Society, Commission for the Palaeolithic and Mesolithic.

Nikolova, L. 2007. Toward an evolutionary model of gradual development of social complexity among the Neolithic pottery communities in the Balkans (cultural - chronological and cultural - anthropological problems). In Spataro, M. and Biagi, P. (eds.) *A Short Walk through the Balkans: the First Farmers of the Carpathian Basin and Adjacent Regions*. Trieste: 89–101. Società Preistoria Protostoria Friuli-V.G.

Pavúk, J. 1993. Beitrag zur Definition der Protostarčevo-Kultur. *Anatolica*, 19: 231–242.

Perlès, C. 2001. *The Early Neolithic in Greece. The First Farming Communities in Europe* Cambridge . Cambridge: Cambridge University Press.

Rye, O. S. 1981. *Pottery technology. Principles and reconstruction.* Manuals on Archaeology. Washington D. C.: Taraxacum Inc.

Schuldenrein, J. 1998. Konispol Cave, Southern Albania, and Correlations with Other Aegean Caves Occupied in the Late Quaternary. *Geoarchaeology: An International Journal* 13 (5): 501–526.

Spataro, M. 2010. The neolithisation of the Central Balkans: leapfrogging diffusion and cultural transmission. In Gronenborn, D. and Petrasch, J. (eds.) *The Spread of the Neolithic to Central Europe. International Symposium, Mainz 24 June - 26 June 2005*. Mainz: 95–106. Römisch-Germanischen Zentralmuseums.

Stojanovski, D. 2012. *Grncharica pottery typology. Contribution to the early Neolithic puzzle in the Balkans*. University of Ferrara.

Stojanovski, D. Nacev, T. and Arzarello, M. 2014. Pottery typology and the monochrome Neolithic phase in the Republic of Macedonia. In Schier, W. and Draşovean, F. (eds.) *The Neolithic and Eneolithic in Southeast Europe. New approaches to dating and cultural dynamics in the 6th to 4th millennium B.C.*. Rahden/Westf.: 9–27. Verlag Marie Leidorf Gmbh.

**Илустрации:**

**сл. 1** Грнчарица во контекст на Кочанска Котлина (maps.google.com).

**сл. 2** Падината на која се наоѓа неолитскиот локалитет со поставени сонда 1–4; поглед од Северозапад (фото: Кире Спасов).

**сл. 3** Позиција на сондите на истражеата површина (цртеж: Љубица Кљонкова и Марија Видеска).

**сл. 4** Грнчарица, централен дел (цртеж: Љубица Кљонкова и Марија Видеска; фото: Кире Спасов).

**сл. 5** Фрагмент од керамички сад, оформен во лентеста техника.

**сл. 6** Отпечатоци од ткаенина на дно од керамички сад.

**сл. 7** Триделен пресек на фрагмент садова керамика.

**сл. 8** Типологија на форми во Грнчарица (цртеж: Стефанија Стојановска).

**сл. 9** Типологија на декорација во Грнчарица (цртеж: Стефанија Стојановска; фото: Дарко Стојановски).

**сл. 10** Керамички диск (цртеж: Стефанија Стојановска).

**сл. 11** Алатка од коска (цртеж: Стефанија Стојановска).

**таб. 1** Различни начини на нанесување на црвен премаз и релативна застапеност.

**таб. 2** Резултати од $^{14}$C датирање на примероци од Грнчарица.




сл. 1 Грнчарица во контекст на Кочанската Котлина.



сл. 2. Падината на која се наоѓа неолитскиот локалитет со поставени сонди 1–4; поглед од северозапад.




сл. 3 Позиција на сондите на истражената површина.




сл. 4 Грнчарица, централен дел.

сл. 5 Фрагмент од керамички сад, оформен во лентеста техника.



сл. 7 Триделен пресек на фрагмент садова керамика.





сл. 6 Отпечатоци од плетеница на дно од керамички сад.




сл. 8 Типологија на форми во Грнчарица.




сл. 9 Типологија на декорација во Грнчарица .




сл. 10 Керамички диск.




сл. 11 Алатка од коска.

| Тип | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| % | 26 | 19 | 47,5 | 1,2 | 3 | 3 |

таб. 1 Различни начини на нанесување црвен премаз и релативната застапеност.

| Код/примерок | Измерена вредност | Калибрирана вредност (2σ) | Лабораторија |
|---|---|---|---|
| LTL8510A/молар | 6555 ± 40 | 5620BC ( 8.3%) 5580BC<br>5570BC (87.1%) 5470BC | CEDAD |
| SUERC-22529/ коска | 6745 ± 35 | 5700BC ( 0.8%) 5695BC<br>5675BC (67.4%) 5625BC | SUERC |

таб. 2 Резултати од 14С датирање на примероци од Грнчарица.

**Паско Кузман**
*Завод и музеј – Охрид*

## ОД ЗЛАСТРАНА ДО ПЕНЕЛОПА: НЕОЛИТСКИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ ВО ОХРИДСКО (I)

Неолитот во Македонија, од аспект на археологијата и историјата на уметноста, е еден од најавтентичните и најраскошните предисториски периоди на Балканот и со богатата материјална култура е стожер на предисториската археологија во овој дел на Европа. Во охридскиот регион, засега, се познати и истражувани релативно мал број неолитски локалитети (населби) од сите фази на неолитот. Станува збор за локалитетите Зластрана во Средорече, Долно Трново и Пенелопа во Охрид, како и неколку други локалитети впишани во археолошката карта на Македонија. Истражувањата на овие локалитети покажаа дека станува збор за популации кои живееле меѓу неколку поголеми заедници во Македонија, денес во литературата толкувани како Амзабегово-вршничка и Велушко-породинска култура.

Имајќи ја предвид географската положба на Охрид, на југот од Македонија, во контактната зона со Велушко-породинската култура (Пелагонија) и зоната на влијание на медитеранските неолитски заедници (познати како Кардиум-импресо култури) и врз основа на специфичноста на материјалот, оформена е културата Зластрана која ги опфаќа локалитетите од Охридско. Од досегашните археолошки истражувања освен типичните неолитски рамни населби како оние од Зластрана и од Долно Трново, посебно се издвојува единствената палафитна доцнонеолитска населба Пенелопа, која плени со раскошот на неолитската керамика, пластика и големиот број алатки од животински коски и камен.

***Клучни зборови:*** *неолитски локалитети, Охридски регион, керамика, орнаментација, хронологија, периодизација.*

**Pasko Kuzman**
*Institute and Museum - Ohrid*

## FROM ZLASTRANA TO PENELOPE: NEOLITHIC SITES IN THE OHRID REGION (I)

From archaeological and art historical point of view, Neolithic in Macedonia is one of the most authentic prehistoric periods in the Balkans. With its rich material culture it is a pivot of the prehistoric archaeology in this part of Europe. So far, in Ohrid Region a relatively few sites (settlements) of all Neolithic phases have been known and researched. Those are Zlastrana in Sredoreče, Dolno Trnovo and Penelope in Ohrid, but also several other sites registered in the archaeological map of Macedonia. The research of those sites demonstrated that there were pop-

ulations who lived in several larger communities in Macedonia, in current literature referred to as Amzabegovo–Vršnik and Velušina–Porodin cultures.

Considering the geographical location of Ohrid in the south of Macedonia, in a zone contacting with Velušina–Porodin culture (Pelagonia) and the zone of influence of Mediterranean Neolithic communities (known as Cardium–impresso cultures), but also based on the specific features of the material, the Zlastrana culture has been established, encompassing sites of Ohrid Region. Besides typical Neolithic flat settlements, such as those from Zlastrana and Dolno Trnovo, the unique Late Neolithic pile dwelling settlement Penelope stands out, fascinating with the magnificence of Neolithic pottery, plastic art and the numerous tools made of animal bones and stone.

***Keywords:*** *Neolithic sites, Ohrid region, pottery, ornamentation, chronology, periodization.*

Охридскиот регион е природно затворена географска целина која има извесни стратешки предности во однос на другите географски простори во денешната држава Македонија. Од сите страни е затворена со високи планини: на запад е планината Јабланица со највисокиот врв Црн Камен од 2259 м и Беличката Планина со најголема висина од 1946 м; на исток се планинските венци на Галичица и Петрино кои заедно со Плаќенската Планина (најголема висина од 1933 м) и Илинската Планина со највисокиот врв од 1909 м го дозатвораат охридскиот географски простор од источната и североисточната страна; на север се планините Караорман и Стогово кои сочинуваат една геоморфолошка целина и од југ, каде Охридското Езеро го отвора просторот со своето протегање, кај манастирскиот комплекс Св. Наум повторно се затвора со планинскиот масив Галичица. Оваа затвореност, како што потенциравме на почетокот, има предности во смисла на заштитеност од различни аспекти, инаку, преку неколкуте значајни планински и речни премини, областа е поврзана со останатиот континентален свет преку планинскиот превој кај Буково, во источниот дел, од каде се преминува кон Преспа и натаму кон Пелагонија, и преку долината на реката Сатеска и планинскиот превој кај Пресека кон Кичево и натаму кон рамнината Полог во северозападниот дел од Македонија.

Многу значајна излезна позиција, Охридскиот регион, има западно од езерото кај Ќафасан каде се преминува кон Албанија и појужно, каде поминувал стариот (праисторички) Кандависки пат, кој во античкиот период бил искористен за воспоставување на прочуената магистрала Виа Егнација, како и јужно од езерото кон Корчанската област, денес во источниот дел од Средна Албанија, преку која Охридската област се поврзува со останатата голема езерска зона во Македонија и со Грција. Длабоката и тесна клисура на реката Црн Дрим, која излегува од Охридското Езеро во самиот град Струга, и која се протега живописно кон север (во Кукес – Албанија се соединува со Бел Дрим кој доаѓа од север низ цела Метохија, а потоа само како Дрим се влива во Јадранското Море кај Леш во Албанија), директно ја поврзува охридската област со Јадранското Море (Кировски 1985, 11). Охридското Езеро, кое го зафаќа централниот и јужниот дел на Охридско–струшката Котлина, заедно со Преспанското Езеро и со Маличкото Езеро припаѓа на таканаречените **дасаретски езера** (назив според античката област Дасаретија, воведен од Ф. Фишер) што укажува на фактот дека во времето на нивниот постанок, во терциерната епоха, тие езера сочинувале една поголема езерска целина која ги исполнувала и денешните котлини во овој регион. Отсекогаш, а и денес, овие езера разделени со високи планински гребени од котлините на исток, ниту во далечното минато немале никаква врска со старото Егејското Езеро, туку му припаѓале на сливот на Јадранското Море (Хаџишче Серафимова 1985, 33, 50).

Имајќи ги предвид овие податоци, многу логично ќе ги сфатиме општите егзистенцијални потраги по соодветни климатски услови кои во праисториските околности ги именуваме како цивилизациски дострели и комуникации, а со тоа не само културните врски на Охрид и регионот со јадранската културна зона уште во најстарите времиња, туку и цивилизациските врски со просторите во кои географски спаѓа нашиот регион, односно со балканско-анадолскиот културен (цивилизациски) комплекс. А. Бенац овој наш регион (заедно со областите околу Преспанското Езеро) ја ставил во т.н. Преодна зона на неолитските времиња, во која уште влегува и Долна Пелагонија од Македонија, Јужна Метохија и дел од Централна Босна (од Сараево до Завидовиќ), сите, главно, затворени со високи планински венци, во кои се чувствувале влијанија и од Јадранската културна зона и од балканско-анадолскиот културен комплекс (или Централнобалканската зона) (Benac 1979, 363-367).

Во Охридско–струшкиот регион досега се евидентирани вкупно 20 археолошки локалитети со индиции кои укажуваат на праисториската неолитска хронолошка рамка. Од нив 8 се наоѓаат во Струшкото Поле, главно во близина или покрај реката Црн Дрим: Плешец кај с. Вевчани, Црквени Ливади, Долно Криваќе, Ливадче, Шумски Ливади и Кралој Загони кај с. Враништа, Уста на Дрим во Струга и Опален кај с. Радолишта, која единствено е подалеку од текот на р. Црн Дрим, додека 12 се во охридскиот дел од регионот: Черенец кај с. Годивје во микрорегионот Горна Дебарца, Думејнчка Горица кај с. Лешани, Зластрана кај с. Горно Средорече и Сред Село во с. Брежани во микрорегионот Долна Дебарца, Пирчишта во планинскиот предел кај с. Свиништа, Црвејнца–Прентов Мост покрај патот Охрид–Ресен северно од с. Опеница, Сред Село кај с. Лескоец близу Охрид, Во селото – Орман, северозападно близу Охрид, Долно Трново–Охрид, Пенелопа–Охрид, Црна Пеш–Крстон Заб кај с. Трпејца на источниот брег од Охридското Езеро и Бучила западно од манастирот Св. Наум на Охридското Езеро **(карта 1)**. Од овие само два локалитети од струшкиот дел се чисто неолитски населби (Долно Ливаѓе и Кралој Загони) и 7 од охридскиот дел (Думејнчка Горица, Зластрана, Сред Село–Брежани, Сред Село–Лескоец, Долно Трново и Црна Пеш–Крстон Заб), додека сите други се комплексни локалитети, односно неолитски населби со последователно егзистирање на луѓето од енеолитскиот период, железното време, античкиот или средниот век (Петрова и Крстевски 1996, 389, 397, 398; Маленко и Кузман 1996, 239, 245, 246, 249, 250, 253-255, 276, 279). Досега делумни археолошки истражувања се вршени на следните локалитети: Уста на Дрим–Струга (1962), Црквени Ливади, с. Враништа (1956, 1979, 2012), Долно Трново–Охрид (1987), Зластрана–Горно Средорече (1988) и Пенелопа (2006).

Охридскиот регион, како Западнобалкански микрорегион, во неолитскиот период, покрај отвореноста и влијанијата кои би можеле да доаѓаат од Егејските области и Тесалија преку Корчанската Котлина која од Албанија се протега кон Грција и преку источните планински премини кон плодната рамнина Пелагонија во западниот дел од македонската држава, била во тесна врска особено со источниот јадрански брег преку привлечната долина на реката Црн Дрим која излегува од Охридското Езеро кај градот Струга и, како што е погоре кажано, претставува погодна географска врска со Јадранското Море **(карта 2)**. Така и посредните допири со неолитските култури од источните и јужните делови од Апенинскиот Полуостров се сосема природна појава (Бенац 1989, 9). Според А. Бенац (1989, 9), имајќи ги предвид досегашните сознанија од археолошките истражувања на неолитските локалитети во западнобалканските области, можат да се констатираат три културни зони во овие области, и тоа: 1) Зона на северниот и средниот Јадран; 2) Зона на јужниот Јадран (јужно од Которскиот Залив) и 3) Зона на Јонското Море. Нашите врски со овие простори хронолошки се врзани уште од времето на раниот неолит, особено со првите две зони. Всушност, се работи за еднослојната неолитска населба Зластрана од охридскиот микрорегион Дебарца, четириесеттина километри северно од Охрид (с. Горно Средорече), која

е речиси единствена со вакви карактеристики во Македонија од овој период, а со типично изразени врски со јадранскиот неолитски културен круг (Кузман 1990, 35–50). Ова подразбира, покрај еднослојноста на населбата (**цртежи 1–6**), како ограничена хронолошка рамка, детерминирање според карактеристиките во рамките на керамичката индустија како најтипична појава во раните фази на неолитскиот период, односно главно според нејзините украсни одлики. Всушност, орнаменталниот опус е мал, едноставен и неивентивен, а е изведуван со импресо техниката: врешки од нокти и плитки длабнатини изведени со прсти (**Т. II: 5, 8, 9; Т. III: 4**, **5**), или со помош на остри предмети и алатки од тоа време со врежување, канелирање и жлебирање на елипсоидни длабнатинки (од пченични зрна) и тенки кратки линии (**Т. II: 1, 4, 6, 7**), нерамномерно паралелни подолги или испрекинати вертикални, хоризонтални или дијагонални елипсоидни тенки канелури или жлебови (**Т. I: 3, 4 ,6, 7; Т. II: 3; Т. III: 1**), точкасти орнаменти на прв поглед – а всушност ситни елипсоидни, триаголни и четириаголни длабнатинки (**Т. II: 2; Т.III: 2, 3**), како и паралелни вертикални, коси и хоризонтални канелури со мало или поголемо меѓусебно растојание (**Т. I: 1, 2, 5, 10**), слични такви, потенки или пошироки но „искинати" канелури (**Т. I: 8, 9**) – еден специфичен вид на орнаментика со врежување или со помош на некакви дрвени шпатули, т.е. таканаречената линеарно–канелурска орнаментика (Кузман 1990, 42).

Сите овие варијанти на овој вид орнаментика се изведени врз керамички садови со редуцирани форми, редовно со црвеникава и светлоцрвеникаво–жолтеникава боја од внатрешната и надворешната страна, некои од нив премачкани со црвен или кафеав премаз (**Т. III: 6, 8**). Треба да се потенцира, дека сосем ретко е присутна и керамика со сива боја од надворешната и внатрешната страна (**Т. III: 10**). Оваа керамичка продукција главно подразбира материјал од недоволно чиста глина главно со груба или почесто со средна фактура и присуство на ситни покрупни камчиња во составот, речиси редовно лошо печена, со сиво јадро. Од формите се препознаваат садови со пошироки отвори, заоблени венци, некои благо извлечени кон надворешната страна, плитки или малку повисоки цилиндрични вратови (**Т. III**: **6–11; Т. IV: 1**), топчести и полутопчести реципиенти, кружни и рамни дна, а на горниот дел од стомакот или на ненагласените рамења мали но „дебели" тунелести држалки, вертикално поставени со мали кружни или елипсоидни отвори (**Т. IV: 1**). Што се однесува до другите видови движни предмети (главно алатки), односно камени и кремени артефакти, во сосем едноставни форми, дури и користени аморфни делови од камен и кремен, нивниот број е речиси незначителен. Оваа фаза, најстарата во неолитските рамки на јадранската зона, го добила името кардиум–импресо фаза и нејзината појава е резултат на претходната мезолитска база, односно станува збор за примарна неолитска култура, која ете, има и своја „колонијална придружничка" во Охридскиот регион (овде без кардиум орнаментални елементи). Во оваа рамка, а во која влегува и Струшкото Поле околу реката Црн Дрим, имаме уште еден драгоцен податок, поточно површински керамички наоди од локалитетот Кралој Загони, недалеку, јужно од с. Враништа, кои имаат исти украсни елементи како и оние од Злaстрана (Пашиќ 1957, 116, сл. 1; Лахтов 1952–1955), дури и го збогатуваат керамичкиот репертоар со присуство на лентести држалки (**Т. V: 7, 8**) како и полутопчести „вимести" испусти (пупки), плитки и полудлабоки чинии и фрагменти од помали садови – чаши и филџани (**Т. V: 6–8**), а што упатува на фактот дека реката Црн Дрим играла незаобиколна улога во потрага по егзистенцијални услови на носителите на оваа ранонеолитска култура и влијанија на кардиум–импресо фазата од јадранската културна зона. В. Санев, во една своја анализа за неолитот во Македонија, Злaстрана ја категоризира како посебна културна група (Културна група Злaстрана) со која започнува „неолитската цивилизација" во охридскиот крај (Санев 1995, 36–38). Ова се случувало најверојатно со инфилтрација на помали групи кои надоаѓале по долината на Дрим или преку превоите и речните долини низ планинските масиви на Јабланица и Мокра. Ваква миграција во старите фази на неолитот е можна и од

Зоната на Јонското Море преку Корчанската Долина, а можеби колонисти – „авантуристи“ од Анадолија преку Тесалија и повторно низ Корчанската „ниска земја“ пристигнале до нашите предели (пошироко: Наумов 2009, 27–42).

Засега овие претпоставки за потеклото на најстарите жители од Охридско–струшкиот регион се единствено можни, иако подоста широки и воопштени. Ова се наведува поради фактот што во нашиот регион недостасуваат други археолошки податоци за автохтоноста на жителите од Златрана и Кралој Загони, односно недостасуваат овдешни мезолитски „иницијални вртоци“ за генетска традиција. Мислиме дека овде не е неупатно да се спомне дека нашата Златрана, покрај населбата Кралој Загони кај Враништа–Струшко, близу реката Дрим, би можела во хронолошка и културолошка смисла да коиндицира уште со еден локалитет, географски близок, кој се наоѓа кај селото Бурим (Burim à Maqellarë, кај Пешкопеја) во североисточниот дел од Средна Албанија, на околу дваесеттина километри северозападно од Дебар и Мавровското Езеро. Таму се вршени сондажни археолошки истражувања (четири независни сонди: A, B, C, D) во 1978 година од страна на Ф. Пренди и Ж. Андреа, каде што е откриена монохромна керамика, главно со црвеникаво–жолтеникава боја и со присуство на организирани импресо манифестации и барботин орнаментика, но без присуство на сликана керамика (Prendi and Andrea 1981, 16–19, 28), за разлика од Златрана, каде што импресо декорацијата е порустично применувана, каде што недостасува барботинот и каде што е позастапена т.н. линеарно–канелурската орнаментика. Археолошката ситуација со Бурим е категоризирана како Прото–Kolsh I еволутивна фаза, што значи дека овој локалитет е сместен во најстара неолитска хронолошка рамка во Албанија, односно во најраните фази на ранонеолитскиот период (Prendi–Andrea 1981, 18–19, 28; Бенац 1989, 10).

Појавата на кардиум–импресо орнаментиката во помал или поголем обем е присутна и на други локалитети од раниот неолит во Македонија, особено импресото во разни варијанти: Велушина–Породин I од Велушко–породинската културна група (Симоска и Санев 1975, 25), еднослојната населба Пештерица кај Прилеп (Китаноски и др. 1983, 13, Табла IV–VI), Грнчарица–Крупиште кај Штип (Јовчевска 2013, 36–37, Т. VIII, 1–6) и локалитетите од фазата Амзабегово–Вршник I a-c (Гарашанин и др. 2009, 98–99), кај некои заедно со присуството на барботин и релјефни ленти (организиран барботин), а кореспондира со Протостарчево во Србија (Змајевац–Смедеревска Паланка, Лепенски Вир IIIa, локалитети во Поморавјето, Средното Подунавје и др.), со фазата на „монохромна“ керамика од овој период во Бугарија (Крајници кај Ќустендил, Копривец, Русенско и др.) како и монохромната керамика (со присуство на импресо орнаментика) од Тесалија означена како „култура Ахилеон“ (Bailey 2000, Fig. 3.1; Fig. 3.2, 83–87), сите тесно поврзани со керамичката продукција на хоризонтите VII и VI на Хаџилар во Југозападна Анадолија (Тодорова и Вайсов 1993, 74; Митревски 2013, 97). Ова присуство на импресо декорацијата во раниот неолит на локалитетите од Македонија и на пошироки балканско–анадолски простори говори за независна појава на овој „керамички уметнички израз“ и во областите на Јадранската културна зона на раниот неолит: Смилчиќ во Далмација, Зелена Пеќина во Херцеговина, Црвена Стијена во Црна Гора и др (Batović 1979, 504, T. LXXVIII; 499, T. LXXV, T. LXXVI; 499, T. LXXIV) и во областите на балканско–анадолскиот културен комплекс (Централнобалканската зона), вклучувајќи и некои од ранонеолитските локалитети во Мала Азија (Турција) во времето на VII милениум пр.н.е. (Caneva 1999a, 110; Caneva 1999b, Fig. 6, 82, Fig. 7, 83), Мезра–Телеилат (Mezraa–Teleilat) на левиот брег од реката Еуфрат (Турција) хронолошки сместена во фазите IIB3–IIB2 / 7594±50 (Özdoğan 2011, Figs. 49–51, 214–215).

Во овој поширок контекст, нашата мала Златрана не е нешто посебно парадигматична, но можеме да ја сместиме во некои појасни археолошко–хронолошки и културолошки патеки, односно, со монохромноста на керамиката и со „неорганизираниот“ импресо

украс, помеѓу хронолошката граница на Мезра – Телеилат со фазите IIB3–IIB2 / 7594±50 (Анадолија) и со кардиум–импресо групата со автохтон мезолитско–ранонеолитски континуитет, односно во времето на Смилчиќ II – Јадранска зона, на кој ареал и припаѓа, паралелно со Старчево I – Централнобалканска зона, вклучително и Предсескло – Грција (5500–6000 год. пр.н.е.), според хронолошката синхронистичка табела на Јадранската културна група со другите културни групи на Медитеранскиот ареал (Бенац 1979, 634). Јасно видливиот „неорганизиран“ импресо украс и особено впечатливата линеарно–канелирана орнаментика, ја одвојуваат како регионална карактеристика, но ваквиот рустичен вид на ранонеолитски керамички „уметнички израз“ се збогатува во организирани (префинети или технизирани) линеарни форми сè до просторите на Централна Европа (Германија, Австрија и Полска) во времето на развиениот неолит, односно во шестиот и петтиот милениум пр.н.е., познат како ЛБК (Linearbandkeramik) (Hauzer 2015, fig. 4; 16–23; Grooth 2015, 24–41; Zastawny–Czekaj 2009, Fig. 2, 11).

Имајќи ги предвид најважните карактеристики на Злaстрана: 1) еднослојност на населбата; 2) монохромна керамика со груба фактура и црвеникаво-жолтеникавата боја од надворешната и внатрешната страна, слабо печена со сиво јадро; 3) исклучиво импресо орнаментика и керамика со линеарна орнаментика (врежани и канелирани паралелни подолги и испрекинати линии); 4) отсуство на барботин украсување (со исклучок на еден фрагмент врз кој е изведено плитко повлекување со прст) и 5) целосно отсуство на бело сликање или со било која друга боја – можеме да заклучиме дека Злaстрана, како посебна културна група во Македонија, е со најстара бореално–ранонеолитска хронолошка детерминација (8000–6000 год. пр.н.е.), единствено делумно едновремена со досега познатите еднослојни ранонеолитски населби Пештерица – Прилеп (Пелагонија) и Грнчарица – Крупиште (Штипско) кои пак се разликуваат од Злaстрана по тоа што сигурно биле или побогати или подолготрајни во егзистенцијалните текови (имајќи го предвид присуството на барботинот и белото сликање кај нив). Ова уште повеќе ја издвојува Злaстрана како единствена населба од раниот неолит, без разлика што археолошките истражувања на истоимениот локалитет беа во мал обем, или во најмала смисла, таа би можела само да се доближи уште повеќе до Пештерица и Грнчарица (Митревски 2013, 98) во артефактно богатство и континуитет, се разбира, ако програмски се преземат понатамошни археолошки истражувања на овој локалитет.

**Библиографија:**

*– кирилична:*

Бенац, А. 1989. Неки проблеми односа Македоније и Западног Балкана у неолитском добу. *Macedoniae acta archaeologica* 10: 9–24, Скопје.

Гарашанин, М. Гарашанин, Д. и Санев, В. 2009. *Анзабегово, населба од раниот и средниот неолит во Македонија*. Штип.

Јовчевска, Т. 2013. *Грнчарица, населба од раниот неолит.* Охрид.

Кировски, П. 1985. *Природно–географските одлики на Охридско.* ОХРИД, книга прва, (монографија): 11–32. Скопје–Охрид.

Кузман, П. 1990. Злaстрана, Неолитска населба во Охридско. *Macedoniae acta archaeologica* 11: 35–50. Скопје.

Кузман, П. Симоска, Д. и Китаноски, Б. 1989. Долно Трново/Dolno Trnovo, Ранонеолитска населба/Early Neolithic Settlement, *Arheološki pregled/Archaeological Reports* 1987: 38–39. Ljubljana.

Лахтов, В. 1952–1955. Од рекогносцирањата на В. Лахтов во педесеттите години од XX век. Студиски материјал и документација во НУ Завод и Музеј–Охрид.

Маленко, В. и Кузман, П. 1996. *Археолошка карта на Република Македонија, том II.* Скопје: 238–279. Македонска академија на науките и уметностите/Музеј на Македонија – Археолошки оддел.

Митревски, Д. 2013. Праисторија на Република Македонија. Во Кузман, П. Димитрова, Е. и Донев Ј. *Македонија, милениумски-културно историски факти I.* Скопје: 83–266. Медиа Принт Македонија и Универзитет Евро–Балкан.

Наумов, Г. 2009. Процесите на неолитизација на Македонија. Во Наумов, Г. Фиданоски, Љ. Толевски, И. и Ивковска, А. *Неолитските заедници во Република Македонија.* Наумов Скопје. Данте.

Пашиќ, Р. 1957. Неолитски наоѓалишта во Охридско. Лихнид, Годишен зборник на Народниот музеј во Охрид: 115–121. Охрид.

Петрова, Е. и Крстевски, Ц. 1996. *Археолошка карта на Република Македонија, том II.* Скопје: 388–399. Македонска академија на науките и уметностите/Музеј на Македонија – Археолошки оддел.

Тодорова, Х. и Вайсов, И. 1993. *Новокаменната епоха в България.* София: Наука и изкуство.

Хаџишче Серафимова, Ј. 1985. Охридско Езеро. *ОХРИД, книга прва* (монографија). Скопје–Охрид: 33–59.

Санев, В. 1995. *Неолитот и неолитските култури во Македонија. Цивилизации на почвата на Македонија, книга 2*. Скопје: 21–46. Македонска академија на науките и уметностите.

Китаноски, Б. Симоска, Д. и Тодоровиќ, Ј. 1983. Населбата Пештерица и проблемот на раниот неолит во Пелагонија, *Macedoniae acta archaeologica 6*: 9–20, Прилеп.

*– латинична:*

Bailey, D. W. 2000. *Balkan Prehistory,* Exclusion, incorporation and identity. London and New York: Routledge.

Batović, Š. 1979. Jadranska zona. In: Benac A. (ed.) *Praistorija jugoslavenskih zemalja* II, Neolitsko doba. Sarajevo: 473–634. Akademija nauke i umetnosti Bosne i Hercegovine.

Benac, A. 1979 Prelazna zona. In: Benac A. (ed.) *Praistorija Jugoslavenskih zemalja II,* Neolitsko doba. Sarajevo: 363–472. Akademija nauke i umetnosti Bosne i Hercegovine.

Caneva, I. 1999a. Early Farmers on the Cilician Coast: Yumuktepe in the Seventh Millennium BC. In Özdoğan, M. and Başgelen, N. (eds.) *Neolithic in Turkey, The cradle of civilization,* Vol . 1, Text. Arkeoloji ve sanat Yayinlari: 105–114. Istanbul.

Caneva, I. 1999b. Early Farmers on the Cilician Coast: Yumuktepe in the Seventh Millennium BC. In Özdoğan, M. and Başgelen, N. (eds.) *Neolithic in Turkey, The cradle of civilization* , Vol. 2, Plates. Arkeoloji ve sanat Yayinlari: 79–86. Istanbul.

Hauzer, A. 2015. Raw materials exchange as part of a network: the case study of the LBK Middle Mosel area. In Kerig, T. and Shennan, S. (eds.) *Connecting Networks – Characterising Contact by Measuring Lithic Exchange in the European Neolithic*. Archaeopress: 16–23. Oxford.

Groth, M. E. Th. 2015. The 'Rijckholt' Connection: Neolithic extraction and circulation of Lanaye flints. In Kerig, T. and Shennan, S. (eds.) *Connecting Networks – Characterising Contact by Measuring Lithic Exchange in the European Neolithic*. Archaeopress: 24–41. Oxford.

Prendi, F. and Andrea, Zh. 1981. Të dhëna të reja mbi neolitin në Shqipëri. *ILIRIA* 2–1981, Revistë arkeologjike, Viti XI, *Akademia e shkencave e rpssh, Qendra e kërkimeve arkeologjike:* 15–40. Tiranë.

Özdoğan, M. 2011. Mezraa-Teleilat. In Özdoğan, M. Başgelen, N. and Kuniholm, P. (eds.) *The Neolithic in Turkey*. Archaeology and Art Publications: 203–260. Istanbul.

Zastawny–Czekaj, A. 2009. *The first Neolithic sites in Central/South-east European transect*, volume V.  Settlement of the Linear Pottery Culture in Southeastern Poland. Oxford.

**Илустрации:**

Целиот илустративен материјал е изработен од Паско Кузман; фотографирал: Климент Балев; компјутерска обработка: Катина Кузман Танеска.




Карта 1 Охридско–струшки регион – археолошки локалитети од неолитски период.




Карта 2 Бурим (Албанија), ран неолит (Proto–Kolsh I фаза во географски однос со Зластрана) и Кралој Загони (Македонија), ран неолит.

# Т. I




Зластрана: импресо - линеарна (канелирана) орнаментика (1-10).

# Т. II




Зластрана: импресо орнаментика (1-9).

# Т. III



Зластрана: импресо орнаментика со канелурна комбинација (1), со точкаста комбинација (2, 3), површна импресо декорација (4, 5) и груба керамика - венци (6-11).

T. IV




Златрана: керамички сад со три држалки (1), камена секира (2)
кремени ножиња и аморфни кремени форми (3-11).

T. V




Кралој Загони: линеарна (канелирана) орнаментика (1-5), „вимести“ држалки - испусти (6), лентести држалки (7, 8) и топчест артефакт од камен (9).




Цртеж 1 лево: Зластрана, сонда I, северен профил • Размер 1:20 • 11(13).10.1988 • Цртеж: П. Кузман
Цртеж 2 десно: Зластрана, сонда I, источен профил • Размер 1:20 • 13.10.1988 • Цртеж: П. Кузман

Легенда:

- светлокафеава земја-хумус
- кафеава земја
- сива земја со кафеави нијанси
- кафеаво-жолтеникава глинеста земја
- сивопесоклива земја
- фрагменти керамика
- лепеж
- камен




Цртеж 3 лево: Зластрана, сонда I, јужен профил • Размер 1:20 • 14.10.1988 • Цртеж: П. Кузман
Цртеж 4 десно: Зластрана, сонда I, западен профил • Размер 1:20 • 14.10.1988 • Цртеж: П. Кузман






Легенда:
- светлокафеава земја-хумус
- сива земја со кафеави нијанси
- камчиња
- лепеж

Цртеж 5 горе: Злaстрана, сонда II, северен профил
Размер 1:20 • 16.10.1988 • Цртеж: П. Кузман
Цртеж 6 долу: Злaстрана, сонда II, основа со лепеж
Размер 1:20 • 16.10.1988 • Цртеж: П. Кузман

**Валентина Тодороска**
*Музеј д-р Никола Незлобински - Струга*

## ПАЛАФИТНАТА НАСЕЛБА „УСТИЕ НА ДРИМ“

Во Археолошката карта на Република Македонија, во водите на Охридското Езеро, се регистрирани неколку локалитети определени како палафитни наоѓалишта. Специфичната методологија на истражувањето условила некои од нив да се познати, истражени или, пак, само евидентирани. „Устие на Дрим“ е едно од тие наоѓалишта, лоцирано на истекот на реката Црн Дрим до Охридското Езеро. Во минатото биле извршени заштитни истражувања, а денес движниот археолошки материјал, иако се наоѓа во повеќе музеи, ја дава сликата за животот во праисторијата на овие простори. Акцентот на овој труд ќе биде ставен на материјалот кој е дел од збирката на струшкиот музеј д-р Никола Незлобински, што ќе ги дополни или потврди претходните сознанија за ова наоѓалиште.

***Клучни зборови:*** *палафити, „Устие на Дрим“, камени и коскени* алатки.

**Valentina Todoroska**
*Dr. Nikola Nezlobinski Museum - Struga*

## THE PILE DWELLING SETTLEMENT “USTIE NA DRIM”

Several sites determined as pile dwelling settlements in the Ohrid Lake have been registered in the archaeological map of Macedonia. The specific research methodology made some of them known, researched or just registered. One of those sites is “Ustie na Drim”, located at the very outflow of Crn Drim River into Ohrid Lake. Protective investigations have been performed previously, the tangible archaeological material of which even though distributed in several museums, depicts the life in this region in Prehistory. This presentation emphasizes the material which is part of the collection of the Struga Museum, which would either supplement or confirm the previous acknowledgments regarding this site.

***Keywords:*** *pile dwelling settlements, “Ustie na Drim”, stone and bone tools.*

**Вовед**

Во северниот дел на Охридското Езеро, покрај брегот на истекот на реката Црн Дрим во Струга, со правец север-југ по коритото на реката се простира локалитетот „Устие на Дрим“[1], регистриран во Археолошката карта на Македонија (АКРМ 1996) како палафитна населба од праисторискиот период.

Научната јавност првичните податоци за овој локалитет ги црпи од теренскиот дневник и извештајот на раководителот Саржо Саржоски, од 1962 г. кога воедно се извршени и заштитни истражувања (теренски дневник на Саржоски 1962 г., според Кузман 2013, заб. 32) **(сл. 1–3)**.

Иницијативата за истражување на овој локалитет започнува кога при акција за регулирање на коритото од реката во 1961 г. биле исфрлени камени, кремени и коскени алатки, како и керамички фрагменти коишто биле доволна причина следната година да се почне со заштитни археолошки истражувања. Иако истражувањата се реализирани во релативно краток рок, тие овозможуваат една скромна слика за животот на овие простори во праисторискиот период.

Според теренскиот дневник и извештај на раководителот Саржо Саржоски, истражувањата се изведени во периодот од 26.7. до 2.8.1962 г., кога се отворени три сонди (сондата I со димензии 6 x 12 м, сондата II со димензии 2 x 4 м и сондата III со димензии 2 x 2 м) со вкупно отворена површина од 84 м². Стручната екипа ја сочинуваат: Саржо Саржоски, раководител, и соработниците-членови на екипата: Стево Беле, Илија Шулески и геометар Боре Вешоски (теренски дневник на Саржоски 1962 г., според Кузман 2013, заб. 32).

Со оглед на ситуацијата на теренот и градежните работи кои се изведувале, поголем дел од населбата е уништен при исфрлањето земја со багери и булдожери. Сепак, по интервенцијата од Народниот музеј од Струга, зачуван е мал дел. На одалеченост од 61 м од утоката на реката Црн Дрим, кон север, денес по средишниот дел на новото корито, собран е материјал од исфрлената земја кој е дел од збирката камени и коскени алатки и фрагменти керамика.

Покрај наведениве околности и ограничениот простор, единствениот кој дозволува истражување и бара приспособување на теренот, се појавува и проблемот со локализирање на водата кој истражувачите го решиле со канал покрај левиот брег на реката и помали канали покрај самата сонда во јужниот и западниот профил, каде што се акумулира водата, при што е овозможено истражувањата да се одвиваат на сув терен.

По расчистување на теренот од камен, од наноси песок и мил, поставена е сондата I во правец исток запад со димензии 12 x 6 м, северно од новиот мост. По целата површина биле забележани колци со различни димензии и неправилен распоред **(сл. 1, 2)**.

На самиот почеток извршено е нивелманско снимање на теренот. Поради најдената состојба на теренот, констатирано е дека истражувањата ќе се одвиваат по откопи од 15 до 20 см, како што ќе биде заведен и движниот материјал. Направени се вкупно 5 откопи. Во првите два откопи земјата е темносива, измешана со органски материјал во фаза на распаѓање. Во источниот агол на сондата колците се со различни димензии, целосно јагленисани.

Во третиот откоп земјата е измешана со еден тенок слој од темноцрна боја, а другиот дел е со нешто посветла боја измешана со органски материи и песок и мил. Покрај профилот В-С, кон исток, се појавуваат вертикално поставени штици – нејагленисани, додека на 4 м од точка А кон D забележана е водорамно положена јагленисана греда, *in situ*, за што се претпоставува дека е под. Меѓутоа, некомпактноста во културниот слој во оваа ситуа-

1 Имајќи предвид дека во македонскиот правопис не постои зборот устие, меѓутоа во археолошката литература е прифатен и широко употребуван овој збор за конкретниот локалитет, тој и на ова место ќе биде употребен, но во наводници.

ција наведува на заклучокот дека штиците се од поново време и се работи за поплавување на теренот. Во следниот откоп се повторува ситуацијата од претходно, продолжува земја со темносивкава боја измешана со органски материи, животински коски и парчиња дрвен јаглен, а се зголемува и бројот на фрагменти керамика.

Во следниот откоп 5, иако се појавува сивкава земја измешана со ситен песок, мил, камчиња, органски материи, многу животински коски и керамика, со појавата на чиста стерилна бела глина во која се набиени колците на длабочина од 1 м, завршува културниот слој во оваа сонда. Со завршување на овој откоп извршено е снимање на теренот и исцртување на основата со колците во размер 1:20.

На ова ниво, во средишниот дел на сондата, направени се две пробни – контролни сонди, со кои истражувачите се спуштиле на длабочина од 1,3 м. На таа длабочина (со вкупна длабочина на теренот од 2,3 м) се појавил стерилен слој од песок и вода, што пак навело на заклучокот дека дрвените колци кои биле откриени во сондата биле набиени до тоа стерилно ниво. Направено е и чистење на профилите и нивно исцртување.

За да се проверат границите на локалитетот кон југ, поставени се сондата II и сондата III.

Сондата II е поставена во правецот север-југ со димензии 2 x 4 м, покрај левиот брег, на одалеченост од 24 м од новиот мост. По расчистувањето на наносот од камен и мил, и нивелирањето на теренот, направени се повеќе ископи до длабочина на нивото од сондата I околу 1,8 м. Покрај смесата на песок и распаднати школки и белата глина измешана со мил, нема индикации за постоење културен слој во овој дел.

За жал, истата ситуација се повторува и во сондата III. Сондата III поставена е во правец-север југ, димензии 2 x 2 м, покрај десниот брег на одалеченост од 14 м од новиот мост.

### *Движен археолошки материјал*

Од презимените активности и интервенции на Народниот музеј Струга, Народниот музеј Охрид, Археолошкиот музеј од Скопје, како и регулацијата на коритото на реката Црн Дрим, иако не е констатирана никаква стратиграфија и собраниот археолошки материјал е со секундарна функција, тој пополнува значајни праисториски фази во рамките на македонската археологија и пошироко. Денес предметите од овој локалитет се дел од музејските поставки во Струга, Охрид и Скопје, како и од повеќе приватни колекционери од Струга.

Движниот археолошки материјал од збирката на Музејот д-р Никола Незлобински, кој воедно е цел на интерес во овој труд, ја сочинуваат околу 1600 предмети од керамика (фрагментирана во најголем дел), кремени, камени и коскени алатки, како и повеќе од 200 животински коски, кои, за жал, денес не се изложени.

Во 80-тите години од минатиот век, во рамките на административната зграда на Музејот, направена е изложба кога е изложен дел од материјалот, меѓутоа во недостиг на безбедносни мерки и обезбедување на просторот – материјалот е повлечен во музејското депо сè до 18.5.2014 г., кога привремено е изложен во истиот музејски простор по повод деновите на музеите.

### **Керамика**

Според обликот и фактурата на керамиката, јасно се издвојуваат две групи: груба и фина. Она што треба да се забележи е фактот дека керамичкиот материјал е позастапен во подолните слоеви.

Грубата керамика е масивна, со големи форми, црна боја без многу орнаменти, лоша фактура и со слабо печење. Се среќаваат биконусни форми – големи бомбести садови со цилиндричен врат со и без држалки, мазнети до висок сјај. Најзастапен облик од овој тип керамика се црепните – тави, плитки овални садови со дупчиња на дното (отпечатоци од прсти) со доста груба изработка и темносива површина, најверојатно изработени за посебна употреба (Benac 2008, 22) (**Т. I**).

Фината керамика, за разлика од грубата, е позастапена, со фина фактура, претежно црна боја, мазнета и помалку орнаментирана. Садовите се биконусни, со венец извлечен кон надворешната страна. Држалките на садовите се во вид на брадавичести пластични израстоци. Орнаментите се изведени со убоди и врежувања во свежа глина со остар предмет, доминираат мотиви со триаголници, волчи заби и полиња исполнети со убоди и врежувања, лентести и со неправилни геометриски форми, а забележани се и фрагменти од жртвеници без ногарки со рамно дно (**Т. II, III**).

Поради тоа, оваа керамика остава впечаток на едноставност и недообработеност со упростен израз создадена под различни културно влијанија кои најверојатно биле повеќекратни, што остава впечаток дека овој тип керамика можеби и не треба да се вклопи во некоја одредена културна група (Benac 2008, 23).

Црвено бојосаните украси, исто така, се исцртуваат во лентести или праволиниски и триаголно издолжени мотиви. Применета е техника на двострано мазнење: површината на мотивите е послабо обработена за да може да ја прифати црвената боја, а меѓупросторот е внимателно дополнително мазнет, што, исто така, е една од посебностите на овој локалитет (Benac 2008, 23).

Тегови – пирамидални, моделирани од непрочистена глина, со различни дотатоци во глината, груба површина и најверојатно печени на пониски температури. Најчесто се со конусоидна форма, во горниот, потесен, дел се перфорирани. На локалитетот „Устие на Дрим“ се среќаваат и тегови изработени од камен со истата форма (Фидоноски 2009, 160) (**Т. IV: 1**).

Макарите имаат различна височина, изработени се од непрочистена глинена груба површина која понекогаш може да биде и мазна, формата е цилиндрична, а на двата краја секогаш има плоскато задебелување (**Т. IV: 2**). Присутни се кратки и високи варијанти од 6 до 12 см во височина и од 2 до 4 см во широчина (Фидоноски 2009, 161).

### Камен

Големиот број камени алатки на овој локалитет зборуваат за едно развиено земјоделство и лов. Се среќаваат камени длета со различни димензии, кремени ножиња и стругалки, како и голем број цели и фрагментирани камења за острење и мелници (**Т. V: 1, 2**).

Мелниците имаат форма на рамна плоча кон која е приклучен и помал камен со кој се меле житото.

Секири – форми кои се шират кон сечилото и имаат заоблено-зарамнет и зашилен врат. Најзастапени се камените секири со калапест и трапезоиден облик, како и мали и плоскати камени секири. Овде се издвојуваат камени секири со поширок дистален крај и со потесен проксимален крај, секири со паралелни бочни страни, секири со потесен дистален и поширок проксимален крај, калапеста секира – тесла со поширок дистален крај, калапеста секира – тесла со поширок дистален крај и лачно сечиво, подолга калапеста секира – тесла кај која дисталниот крај незначително е поширок од проксималниот и секира – тесла со поширок дистален крај на кого му е закосено сечилото (Кузман 2013, 365).

Кремени – се издвојуваат помеѓу кремените алатки и најмногу до израз доаѓаат ножиња од вообичаен тип (**Т. V: 3, 4**), за разлика од стругачите и стругалките кои се

релативно слабо застапени. Направени се од различен материјал и се среќаваат со различни димензии.

**Коска и рог**

Предметите од коска се појавуваат во голем број, го издвојуваат овој локалитет од другите и ја отсликуваат неговата специфичност. Се појавуваат шпатули, шила, длета изработени од еленски рогови кои се среќаваат и необработени, држалки за мотики или копачи каде што формата го следи природниот облик на рогот, коскените секири – чукови кои се долги и масивни, мазнети и со дупка за насадување држалка (**Т. VI: 1, 2**).

Харпуните – кои инаку се ретки наоди, не е таков случајот и на локалитетот „Устие на Дрим“. Харпуните се карактеристични за крајбрежните праисториски локалитети, затоа што нивната намена се врзува исклучиво за риболовот, а нивната форма ја следи природната линија на коската, изработена е криволиниски, при што горниот – употреблив дел е секогаш назабен (Фидоноски 2009, 166; Benac 2008, 22; Кузман 2013, 364). Тука се среќаваат харпуни со еден, два, три и четири запци (**Т. VI: 3**).

***Заклучок***

„Устие на Дрим“ е локалитет кој припаѓа на неолитската таканаречена трета преодна зона, според А. Бенац (Benac 1979), во која влегуваат главно југозападните македонски области на Република Македонија, што значи дека во неолитскиот период во овие области истовремено струеле влијанија од јадранските неолитски култури и од балканско-анадолските културни групи.

Движниот материјал ја отсликува констатацијата за влијанијата од две различни неолитски културни територии, а имајќи ја предвид грубата керамика која се појавува со ископувањата, остава простор за целосно нова појава во неолитот во Македонија. Керамиката, според фактурата и орнаментите, се карактеризира со: криволиниски, триаголни и флорални мотиви со остатоци од инкрустрирана боја (crusted) кои покажуваат тесна врска со Малич II, Албанија, и со помладата фаза од Данило групата на Јадранскиот брег. Во исто време, најверојатно, преставува продолжувањето на традициите од доцнонеолитските населби Трн, Пелагонија и во Цакран, Албанија (Санев и др. 1976, 15).

За економскиот аспект на локалитетот „Устие на Дрим“ со сигурност можат да ни послужат само два типа наоди: јадиците – харпуни и плитките тави од печена земја кои укажуваат на рибарски начин на живот. Од една страна, тавите, кои најверојатно биле со посебна намена и служеле за подготовка и сервирање риба, и јадиците – харпуни, од друга страна, кои служеле за фаќање риби во езерото и во реката.

Со оглед на тоа што наколната населба била подигната на истекот на реката Црн Дрим од Езерото, оваа дејност е очекувана да доминира и да го сместува локалитетот во типична неолитска рибарска населба. Материјалот остава простор да се забележи дека жителите на овој локалитет поголемо внимание посветувале на коскените алатки отколку на кремените и камените алатки, чија бројност не е занемарлива. Меѓутоа, богатството од коскени предмети наведува на помислата дека сточарството е добро развиено, имајќи ги предвид примерите од други локалитети, каде што сточарството претставува основа за развиено производство на коскени алатки кои имаат традиционална употреба.

Еден од показателите на духовниот живот на жителите од „Устие на Дрим“ е присуството на црвената боја, која и покрај тоа што била во општа употреба кај поголемиот

дел од неолитските општества, сепак таа била подоминантна во јадранскиот културен круг, што укажува на врските со тој културен круг. Тука се и амулетите кои се забележително присутни. Нивната префинета изработка од измазнет и полиран разнобоен камен говори за дострелот до повисоките естетски вредности на луѓето од оваа населба.

Од горенаведеново може да се забележи дека наодите од локалитетот „Устие на Дрим" укажуваат на сосем различни изворни подрачја и влијанија кои ја нагласуваат симбиозата на југоисточните, односно на среднобалканските елементи и подоминантните јадрански културни елементи.

**Библиографија:**


*- кирилична:*

АКРМ 1996. *Археолошка карта на Република Македонија*, том II. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Кузман, П. 2013. Праисториски палафитни населби во Македонија. Во Кузман, П. Димитрова Е. и Донев Ј. (уред.) *Македонија, милениумски-културно историски факти I.* Скопје: 298–429. Медиа Принт Македонија и Универзитет Евро-Балкан.

Фиданоски, Љ. 2009. Предмети од керамика, камен, коска, рог и школка. Во Наумов, Г. Фиданоски Љ., Толевски, И. и Ивковска А. *Неолитските заедници во Република Македонија.* Скопје: 159–168. Данте.

Мушмовъ, Н.А. 1925. Наколни жилища на Охридското езеро при гр. Струга. *Македонски преглед*, година I, кн. 5, 6. София.

Санев, В., Симоска, Д., Китаноски, Б. и Саржоски, С. 1976. *Праисторија во Македонија*, каталог. Скопје.

*- латинична:*

Benac, A. 1979. *Praistorija jugoslavenskih zemalja* II, Neolitsko doba. Sarajevo: 363–472. Akademija nauke i umetnosti Bosne i Hercegovine.

Benac, A. 2008. Ohridsko jezero i južna Pelagonija. *Археолошки откритија на почвата на Македонија*, книга 17, Скопје: 21–32. Македонска академија на науките и уметностите.


**Илустрации:**

**сл. 1** и **2** Кузман 2013, **сл. 8** и **9**, 313.

**сл. 3** необјавен материјал.

**Т. I; II; IV–VI** необјавен материјал.

**Т. III** необјавен материјал, цртеж Светлана Василевска.


сл. 1


сл. 2


сл. 3

Археолошките истражувања на локалитетот во 1962 г.

T. I



Избор на керамички садови од локалитетот.

T. II



Избор на декорираните фрагменти од керамички садови.

T. III



Избор на декорираните фрагменти од керамички садови.

# T. IV





1





2

Избор на керамички тегови (1) и макари (2).

# T. V




Камени и кремени алатки: камен за острење (1), секири (2), кремено јадро (3) и ножиња (4).



1



2



3

Алатки од коска и рог: копач (1), спатула (2)и харпуни (3).

**Перо Синадиновски**
*Независен археолог*

# РЕКОГНОСЦИРАЊЕ НА НЕОЛИТСКИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО РАЕЧКАТА КЛИСУРА

Во праисторијата, па и во подоцнежните периоди, главни места за патување и комуникација меѓу луѓето биле реките и природните процепи меѓу планините. Таквите региони, кои поврзуваат поголеми географски целини, всушност се граничните места меѓу одредени различни култури или заедници што биле населени на определена поголема територија. Во зависност од големината на таквите „гранични" региони, некогаш се создавале поголеми или помали населби коишто покажуваат специфичности во материјалната култура со мешање на елементи од различни култури. Еден таков регион е Раечката Клисура, којашто ги поврзува териториите на источна и западна Македонија. Овој регион беше одбран за да се добијат првични информации за хронологијата на неолитските локалитети, како и да се потврдат мислењата дека низ ова место во минатото минувале патиштата што ги поврзувале соседните територии, како и да се провери населеноста и културната определба на населбите во неолитскиот период.

***Клучни зборови:*** *рекогносцирање, неолит, Раечка Клисура, хронологија.*

**Pero Sinadinovski**
*Independent archaeologist*

# FIELD SURVEY OF NEOLITHICAL SITES IN THE RAEČKA CANYON

In Prehistory, and later on, rivers and natural crevasses between mountains were the main travelling and communication spots. Such regions that connected larger geographical units were, in fact, the border areas between various cultures and communities which inhabited a certain territory. Depending on the size of such 'border' regions, larger or smaller settlements were sometimes created, demonstrating specific features of material culture by mixing elements of various influences. One such region is Raečka Canyon which connects the territories of Eastern and Western Macedonia. This region was chosen with the aim of obtaining original information regarding the cultural definition of Neolthic sites, but also of verifying the stand that it was a place on a crossroad since the most remote past where roads connecting the neighboring territories intersected. Thus, the density of population and the cultural definition of the settlements from the Neolithic were also verified.

***Keywords:*** *prospection, Neolithic, Raečka Canyon, chronology.*

Имајќи ја потребата од вода, човекот како места за живеење секогаш ги одбирал оние што се наоѓале во нејзина непосредна близина. Од досегашните познавања за населбите во неолитскиот период, можеме да забележиме дека тие биле подигнати главно на речни тераси или тумби, но секогаш во непосредна близина на вода. Зависно од големината на реките крај нив, се создавале повеќе помали или поголеми населби. Покрај реките во праисторијата минувале и главните патишта по коишто се движел човекот и остварувал контакти со соседните области и заедници. Цел на истражувањето презентирано во овој труд е токму еден ваков регион, Раечката Клисура во неолитскиот период. Клисурата се наоѓа во централна Македонија, помеѓу големите котлини што се протегаат од источната и западната страна (**карта 1**). На северната страна на оваа клисура се наоѓаат планините Бабуна, Клепа и Руен, а на југ е планината Дрен. На запад се наоѓа Плетвар, каде што се поврзува со Пелагонија, а на исток по Дреновската Клисура се поврзува со Тиквешијата (види ја географската карта на Македонија). Оваа регија е богата со вода, вегетација и обработлива површина, основните фактори коишто му се потребни на човекот за егзистенција до ден денес. Во неолитскиот период на територијата на оваа клисура, како и во Тиквешијата, се развиле неколку населби коишто одиграле битна улога во креирањето на општата слика за неолитските култури на територијата на Македонија. Преку материјалните остатоци од некои населби може да се забележат влијанија на културите од запад и од исток (Санев 1987, 39–40; Здравковски 2006, 39), што зборува за тоа дека населбите од тие култури комуницирале меѓу себе токму преку овој регион.

Овој регион беше одбран токму за да се потврди или отфрли тезата дека тој во минатото и денес е користен како премин од запад кон исток и обратно. Рекогносцирањето беше изведено во два наврата, во март 2013 и во април 2014 г., при што беше откриен и обработен еден нов локалитет, кој според материјалот бил населен во повеќе наврати, и тоа во неолитското, бронзеното и античкото време. Цел на ова рекогносцирање беше да се откријат нови локалитети и да се посетат сите неолитски населби за да се собере материјал што може да биде хронолошки и културно определен. Поради непристапниот терен, некои локалитети не можеа да се посетат, а тие што ги видовме на терен – не дадоа репрезентативен материјал, поради тоа што земјата не беше обработена и видливоста беше многу слаба. Од тие причини, не се собра материјал од кој би можеле да се добијат повеќе информации.

***Каталог на праисториски локалитети во Раечката клисура (карта 2)***

***Прилеп***

– Ракле

**1. „Кутлине“**, населба од неолитскиот и римскиот период. Се наоѓа на висорамнина околу 3 км југоисточно од селото. Таму се среќаваат фрагменти од груба и црвено мазнета керамика, како и алатки од камен и кремен. Исто така се среќава и градежен материјал (Темелкоски и Миткоски 2008, 93–108; АКРМ 1996, 315).

**2. „Ридот“**, населба од неолитскиот период. Се наоѓа во непосредна близина на селото, односно од неговата источна страна. Таму се среќаваат фрагменти од керамички садови и алатки од камен и кремен (АКРМ 1996, 315).

**3. „Старо Гумно“**, населба од неолитскиот и римскиот период. Се наоѓа на околу 2 км југоисточно од селото. Таму се среќаваат фрагменти од керамика и градежен материјал. Во нивата на Б. Темелкоски има фрагменти од фина и груба неолитска керамика, во која доминираат големи садови со тунелести држалки (АКРМ 2, 1996, 315).

– Смолани

**4. „Крушкова Нива“**, населба од неолитскиот период. Се наоѓа на околу 1 км североисточно од селото, на една помала височинка се среќаваат неолитски артефакти од керамика, камен и кремен (АКРМ 1996, 317).

– Тројаци

**5. „Ридот“**, населба од неолитскиот период. Се наоѓа на високо плато од југоисточната страна. На површина од 1 хектар се среќаваат голем број фрагменти од керамика, како и камени алатки (АКРМ 1996, 320).

*Кавадарци*

– Раец

**6. „Тумбите“**, населба од неолитскиот период. Се наоѓа од двете страни на патот Градско–Прилеп на 20-тиот км. На простор од 100 х 100 м се среќаваат фрагменти од груба и фина керамика (АКРМ 1996, 157).

– Дреново

**7. „Бегово поле“** населба од неолитскиот период, бронзено време и римскиот период. Се наоѓа на 2,7 км североисточно од Дреново. Таму на површина од околу 250 х 250 м се среќаваат голем број на фрагменти од керамика и алатки од камен. Овој локалитет е новооткриен.

## Културни и хронолошки обележја на неолитот во Раечката Клисура

Територијата на Македонија мошне рано била зафатена од културните и материјалните придобивки на неолитот. Неолитот во нашава земја може да се следи низ три фази: ран, среден и доцен неолит. Досега се регистрирани две големи културни групи во раниот и средниот неолит: Амзабегово–Вршник културната група, којашто се простира главно во источниот дел на Македонија, и Велушко–породинската група, којашто ја зафаќа територијата на Пелагониската Котлина. Амзабегово–Вршник и Велушина–Породин културните групи имаат четири развојни фази, од кои првата е во текот на раниот неолит, а другите три во средниот неолит (Garašanin 1979, 212). Од доцниот неолит, исто така, се регистрирани две културни групи во источниот дел на Македонија, и тоа Зелениково II и Ангелци. Во текот на доцниот неолит се забележуваат низа промени во материјалната и духовната култура со влијанија главно од север од Винчанската група, како и од исток од територијата на Струма, особено во југоисточниот дел на Македонија. Во источниот дел на нашата земја се формираат две групи: Ангелци и Зелениково II, додека пак во западниот дел се регистрирани наоѓалишта со културни манифестации од културата Трн, при што се забележуваат силни влијанија и од источно-јадранскиот културен круг (Митревски 2013, 45; Симоска и Санев 1977, 215–232; Benac 1979, 460–468; Garašanin 1989, 30). Географски, Раечката Клисура заедно со Тиквешијата е сместена помеѓу големите културни групи коишто се развивале во источниот и западниот дел на Македонија. Несомнено, оваа територија ја претставува самата граница помеѓу овие области и култури. Досега во Тиквешкиот регион единствен истражен локалитет е Чаковец, с. Ресава (Санев 1987, 39–40). Во Раечката клисура пак, единствен локалитет од неолитот на кој се вршени ископувања е Кутлине, с. Ракле (Темелкоски и Митkoски 2008, 93–108).

Локалитетот Кутлине, с. Ракле, се наоѓа во средишниот дел од Раечката Клисура и претставува поголемо зарамнето плато од типот „градини“. Во близина на овој локалитет тече реката Раец и помалата нејзина притока што се спушта од селото Ракле. На овој локалитет археолошки истражувања се вршени во 2002 г. од страна на стручна екипа од Заводот и музеј во Прилеп. Таму биле отворени три сонди, во кои биле евидентирани II хоризонти.

Во текот на истражувањата е пронајдено големо количество керамички материјал, и тоа повеќе типови садови најчесто со црна боја, неколку типови антропоморфна и помал број фрагменти зооморфна пластика, како и камени алатки. Постариот хоризонт од оваа населба хронолошки е определен паралелно со Винча–Тордош II, Анзабегово IV, Ангелци II и Зелениково II. Помладиот хоризонт од овој локалитет се поврзува со Винча–Плочник II, како и со Али Чаир, винчанската фаза од Могила с. Сенокос и доцнонеолитскиот културен слој од Градиште кај с. Дебреште (Темелкоски и Миткоски 2008, 93–105). Како што може да се забележи, оваа населба егзистирала во текот на доцнонеолитскиот период и ги имала сите карактеристични материјални и културни манифестации како населбите од северниот дел на Пелагонија, но и на оние од источниот дел на Македонија. Сето ова покажува дека оваа населба одржувала контакти со повеќе региони, односно потврдува дека преку овој регион комуницирале овие области.

Вториот локалитет за којшто ќе стане збор е новооткриениот локалитет „Бегово Поле“, кај с. Дреново. Овој локалитет, пред неколку години, беше откриен од Сашко Василевски.[1] Станува збор за населба што била населена во текот на неолитот, бронзеното време и во античкиот период. Локалитетот се наоѓа на околу 700 м оддалеченост кон запад од сливот на Раечка во Црна Река и на околу 100 м јужно од реката Раец (карта 3). Местото претставува тумбесто возвишение со висина од 8–9 м, коешто од источната страна е пресечено најверојатно од излевањата на Црна Река (**сл. 1**). Теренот е многу поволен за населување во неолитскиот период, особено имајќи ја предвид близината на двете реки од коишто била користена водата и биле ловени риби. Околу населбата се простира голема рамнина која била поволна за развој на земјоделство, а на само 2–3 км кон југ се простира шумски предел, од каде што луѓето можеле да земаат дрва за огрев и за градежни активности. Во околината има неколку лежишта на камен што и денес се користат, и веројатно биле користени од неолитските луѓе за изработка на алатки.

Сето ова овозможило да се развие една прилично голема неолитска населба со приближни димензии 250 x 250 м, којашто заслужува поголемо внимание, за да се добијат во иднина подетални информации за хронологијата, материјалната култура и стратиграфијата на локалитетот.

Во текот на овие рекогносцирања беше собран поголем број фрагменти од керамика и камени алатки. Вреди да се забележи дека најголема концентрација на материјал се среќава на централниот дел од населбата. За собраниот материјал од неолитскиот период беше консултиран проф. Драги Митревски, така што материјалот беше хронолошки систематизиран од крајот на раниот до доцниот неолит. Покрај тоа, беше консултиран и Александар Миткоски од Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј во Прилеп, којшто ги водел истражувањата на „Кутлине“, и помогна во определувањето на доцнонеолитскиот материјал.[2]

Керамиката од постарата фаза на неолитот ги има сите карактеристики на материјалот од населбите во Пелагонија. Тука треба да се спомне керамиката со црвена, темносива, кафеава и темноцрвена боја, како и неколкуте типови држалки и керамиката со светлокафеава боја. Меѓу формите на садовите главно се забележуваат оние со полутопчеста форма и затворен или извлечен венец, потоа широко отворени – конусни и поголеми садови, на коишто дното може да им биде рамно или ниско и цилиндрично **(Т. I: 1–3, 6, 7)**. Држалките се тунелесто продупчени и лентести **(Т. I: 4, 5)**. Според тоа, керамичкиот материјал од овој

1 Му благодарам за информациите и за помошта при обработката на материјалот. Исто така, овде би сакал да им се заблагодарам и на колегите Радомир Ивановиќ, Јовица Ристов и Елена Каранфиловска, коишто ми помогнаа при рекогносцирањето.

2. Во оваа пригода сакам да искажам голема благодарност до проф. Драги Митревски и колегата Александар Миткоски, за помошта при хронолошката обработка на материјалот.

локалитет може да се смести во периодот на крајот на раниот и почетокот на средниот неолит, со нагласено влијание од Велушко–породинската група (Китаноски 1977, 27–38; Китаноски, Симоска и Тодоровиќ 1978, 9–28; Симоска и Санев 1975, 25–82; Garašanin 1979, 90, 110; Симоска, Китаноски и Тодоровиќ 1979, 9–27; Темелкоски и Миткоски 2005, 29–51). Од оваа постара фаза на локалитетот најверојатно потекнува и една антропоморфна статуетка со висина од 7,5 см. Изработена е од бел мермер и е еден од најубавите примери на неолитската антропоморфна пластика во Македонија. Претставен е долен дел од женско тело со исправени нозе, залепени еднододруго. На местото каде што се спојуваат нозете, има две линии споени во форма на буквата „V“, а покрај нив, од левата и од десната страна, има две мали кружни дупчиња коишто се среќаваат и на колената **(Т. I: 8)**. Првично може да се заклучи дека постариот материјал од „Бегово Поле“ се сместува на почетокот од втората фаза од Велушко-породинската група. Според повеќе истражувачи, фазите I и II од Пелагониската група се поврзани со крајот на I и почетокот на II фаза од Амзабегово-вршничката група (Garašanin 1979, 114; Митревски 2013, 33).

Друг локалитет од Тиквешкиот регион којшто би можел хронолошки да се поврзе со локалитетот „Бегово Поле“ е неолитската населба „Чаковец“ кај с. Ресава. Таму при истражувањата се пронајдени орудија од камен и кремен, предмети од коска и керамика. Фината керамика е со добар квалитет и темноцрвена боја до светлорозова, а керамиката со средна фактура со темносива и кафеава боја. Се среќаваат заоблени и конусни паници, како и питоси и грниња. Керамичкиот материјал од овој локалитет е идентичен со оној од „Бегово Поле“, така што може слободно да се смести во иста хронолошка рамка.[3] На овој локалитет е забележано дека помладата фаза се развивала под силни влијанија на Велушко-породинската група од запад. Доколку се прифатат таквите излагања за оваа, и за населбата Чаковец (Санев 1987, 39–40; Здравковски 1990, 54), ќе може да се забележи дека во периодот на раниот и почетокот на средниот неолит, западниот дел од Тиквешијата бил под силни влијанија на пелагониската културна група. Со натамошни истражувања останува да се бараат повеќе информации за културната и хронолошката определба на населбите коишто се наоѓаат на територијата на Раечкиот и Тиквешкиот регион. Со истражувања на некои населби би можело да се установи дали во одреден период од неолитот и кои од заедниците што го населувале Овче Поле или Пелагонија имале посилно влијание врз овие населби. На тој начин, би се следеле контактите и распространетоста на културните групи на овие простори. Дотогаш остануваат досегашните сознанија за границата помеѓу двете најголеми културни групи од неолитскиот период во Македонија.

Керамиката од доцниот неолит се среќава во помало количество на овој локалитет и ги има сите особини на доцнонеолитската керамика присутна во Македонија под влијание на Винчанската културна група. Овде на прво место треба да се стави црната керамика, којашто може да биде полирана или само мазнета и го претставува основниот белег на доцниот неолит на овие простори (Garašanin 1979, 164–165) **(Т. II: 1–3)**. Според материјалот, оваа населба хронолошки и културно може да се смести во времето паралелно со Зелениково II (Гарашанин и Спасовска 1976). Тоа би значело дека овој локалитет опстојувал во времето на Винча–Тордош II или Винча B1 (Garašanin 1979, 210–211), и бил синхрон со групата Ангелци II. Локалитетите од западната страна кои се географски поблиску, исто така може да се поврзат со локалитетот, меѓутоа тие имаат понагласено влијание од населбите во западно-јадранското подрачје (Темелкоски и Миткоски 2006, 74–75). Што се однесува до локалитетот „Кутлине“ во с. Ракле, што исто така опстојувал во текот на доцниот неолит, евидентирани се две развојни фази, и тоа првата во времето на Винча–Тордош II, Ангелци

3. Во неколку наврати беше посетен локалитетот „Чаковец“, којшто на површината имаше многу керамички материјал, така што преку директна споредба на материјалот беше забележано дека ги поседува истите карактеристики како „Бегово Поле“.

II и Зелениково II, додека пак втората со Винча–Плочник II (Темелкоски и Митkоски 2008, 103–105). Тоа значи дека постарата фаза на локалитетот „Кутлине“ најверојатно опстојувала паралелно со населбата „Бегово Поле“. За целосно хронолошко и културно определување на новоткриениот локалитет, неопходни се археолошки истражувања од коишто ќе се добијат информации за архитектурата и стратиграфијата на населбата.

Покрај многубројните фрагменти од керамички садови, беа пронајдени и многу камени алатки. Од камените алатки ќе се наведат секирите, кременчињата и прешлените. Кај камените секири може да се забележат повеќе форми и димензии, во зависност од нивната намена. Сите овие алатки имаат само една остра страна и според формата се трапезоидни или издолжени со плоскато или пошироко тело во различна големина **(Т. II: 4–5)**. Има еден пример на камена алатка со помали димензии кај којашто се забележува заострување на двете потесни страни **(Т. II: 6)**. Покрај овие камени алатки, има и мали кременчиња острени по двете издолжени страни **(Т. II: 7, 8)**. Исто така, беа пронајдени и два, средишно продупчени, прешлени **(Т. II: 9)**.

## Заклучок

Раечката котлина претставува затворена географска целина којашто од север и југ е заградена со високи планини, додека пак од запад преку Плетвар и од исток по Дреновската Клисура се отвора кон Пелагонија, односно Тиквешијата. Веќе беше спомнато дека овој предел изобилува со реки, шуми и пасишта и со тоа ги исполнува сите услови за живот на човекот од сточарско-земјоделските заедници. Како во праисторијата, така и низ целото негово постоење, човекот имал потреба од овие природни фактори, како за живот, така и за развој на земјоделството и сточарството, основните гранки за опстанок на човекот во неолитскиот период кога рударството и металургијата не биле развиени. Сето тоа, на човекот му овозможило услови да го насели овој предел уште во периодот на раниот неолит, паралелно со населбите коишто настанале во останатите краеви во Македонија и на Балканот. Во неолитскиот период се забележува густа населеност во овие предели благодарение на мирното време во кое опстојувале овие населби. Во текот на предисторијата, а особено во енеолитот и бронзеното време, овој предел бил речиси сосема напуштен – што резултира со прекин на животот. Сето тоа е можеби последица на новите немирни времиња што ги зафатиле овие простори, а Раечката Котлина како граница или премин помеѓу двата поголеми предели, останала без население, затоа што била во постојана опасност од напаѓања и движења од едниот до другиот крај. Може да се заклучи дека Раечката Котлина отсекогаш била местото кое ги поврзува источниот и западниот дел од Македонија, а тоа се забележува уште во времето на неолитот, кога на населбите од овие предели се среќаваат елементи од двете поголеми култури од запад и исток. Значајни фактори коишто го потврдуваат тоа, се: патот кој се одвојува од Виа Егнатија и минува низ овој регион, како и модерната траса што минува на ова место. Несомнено, Раечката Котлина е местото коешто најмногу било користено за комуникација на луѓето во неолитот. Во овој регион се кријат многу тајни за расветлување на мноштво археолошки прашања, па затоа во иднина треба да им се посвети поголемо внимание на локалитетите што се наоѓаат токму на овој простор.

**Библиографија:**

*- кирилична:*

АКРМ 1996. *Археолошка карта на Македонија 2*. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Гарашанин, М. 1989. Проблеми неолита и енеолита централног Балкана у вези са истраживања у Македонији. *Macedoniae* a*cta* a*rchaeologica* 10: 25–36. Скопје.

Гарашанин, М. и Спасовска, Г. 1976. Нови ископувања во Зелениково кај Скопје. *Macedoniae* a*cta* a*rchaeologica* 2: 85–118. Прилеп.

Китаноски, Б. Симоска, Д. и Тодоровиќ, Ј. 1978. Нови археолошки истражувања на населбата Чука во Тополчани кај Прилеп. *Macedoniae* a*cta* a*rchaeologica* 4: 9–32. Прилеп.

Китаноски, Б. 1977. Неолитска населба Чука кај село Тополчани. *Macedoniae* a*cta* a*rchaeologica* 3: 27–42. Прилеп.

Митревски, Д. 2013. Праисторија на Република Македонија. Во Кузман, П. Димитрова, Е. и Донев, Ј. (уред.) *Македонија, милениумски културно–историски факти*, Скопје: 83–266. Медиа Принт Македонија и Универзитет ЕВРО–БАЛКАН.

Здравковски, Д. 1990. За границите на Анзабегово-вршничката културна група во средниот неолит. *Macedoniae* a*cta* a*rchaeologica* 11: 51–57. Скопје.

Санев, В. 1987. Чаковец, населба од раниот и средниот неолит. *Arheološki pregled* 27: 39–40. Ljubljana.

Симоска, Д. и Санев, В. 1975. Неолитска населба Велушка Тумба кај Битола. *Macedonia*e *acta archaeologica* 1: 25–88. Прилеп.

Симоска, Д. и Санев, В. 1977. Неолитска населба на Мала Тумба кај с. Трн, Битола. *Macedonia*e *acta archaeologica* 3: 215–237. Прилеп.

Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2005. Садова керамика од Врбјанска Чука. M*acedoniae acta archaeologica* 16: 29–51. Скопје.

Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2006. Праисториска населба Могила Сенокос. *Macedoniae acta archaeologica* 17: 55–80. Скопје.

Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2008. Доцнонеолитска населба на локалитетот Кутлине кај село Ракле. *Macedoniae acta archaeologica* 18: 93–108. Скопје.

*- латинична:*

Benac, A. 1979 Prelazna zona. In: Benac A. (ed.) *Praistorija Jugoslavenskih zemalja II,* Sarajevo: 363–472. Akademija nauke i umetnosti Bosne i Hercegovine.

Garašanin, M. 1979. Centralnobalkanska zona. In: Benac A. (ed.) *Praistorija jugoslavenskih zemalja II,* Sarajevo: 79–212. Akademija nauke i umetnosti Bosne i Hercegovine.

**Илустрации:**

**карта 1–3** Google Earth, изработил Перо Синадиновски.

**сл. 1** Фотографирал: Перо Синадиновски.

**Т. I: 1–7** Керамички материјал од постарата фаза на локалитетот „Бегово Поле“, 8 – мермерна антропоморфна статуетка (Цртеж и фотографија Перо Синадиновски).

**Т. II: 1–3** Керамички материјал од помладата фаза на локалитетот „Бегово Поле“. 4–6: камени секири, 6 и 7: кремени ножиња, 8: камен прешлен (цртеж и фотографија Перо Синадиновски).




карта 1 Географска карта на Македонија со позиционирање на Раечката Клисура.




карта 2 Географска карта на Раечката Клисура со позиционирани неолитски локалитети.



карта 3 Точна позиција на локалитетот „Бегово Поле“.



сл. 1 Поглед на локалитетот „Бегово Поле“ од источната страна.

# T. I



1



2



3



4



5



6



7



8



3



4



5



6



7



8



9

**Гоце Наумов**
*Музеј на Македонија*

# КАЛИБРИРАНА ХРОНОЛОГИЈА НА НЕОЛИТСКИТЕ ТУМБИ ВО ПЕЛАГОНИЈА

Уште во 70-тите години од минатиот век, беше утврдено дека најголемата концентрација на неолитски локалитети во Република Македонија е токму во Пелагонија. Овој регион е еден од најдобро истражуваните, што овозможи бројни податоци поврзани за настанувањето и континуитетот на неолитските тумби и заедниците коишто нив ги формирале. Сепак, и покрај интензивните истражувања до средината на 80-тите години од минатиот век, никогаш не беше утврдено каков е соодносот меѓу овие неолитски населби и кога точно тие се формирани. Иако ваквите податоци беа достапни и бројни примероци беа пратени на анализа во повеќе светски лаборатории, тие никогаш не беа искористени во македонската археологија. Најновите истражувања поврзани со пелагониските тумби, имаа за цел да ги ползуваат овие потенцијални резултати, при што се направи калибрирање на $C^{14}$ датумите. Со ваквото калибрирање на датумите од неколку неолитски локалитети, се востановија најраните хронолошки етапи во Пелагонија од втората половина на VII милениум пр.н.е., како и континуитетот на населбите во текот на VI и V милениум пр.н.е.

***Клучни зборови:*** *Пелагонија, неолит, хронологија, $C^{14}$ анализи, калибрирање*

**Goce Naumov**
*Museum of Macedonia*

# CALIBRATED CHRONOLOGY OF THE NEOLITHIC TELLS IN PELAGONIA

Even since the 1970’s, it has been established that the greatest concentration of Neolithic sites in Macedonia is in Pelagonia. This region is one of the best explored, providing numerous data regarding the origin and the continuity of Neolithic tells and the communities which created them. However, despite the vigorous research until the mid–1980’s, their relation to the Neolithic settlements has not been established, nor the exact time of their origin. Even though such information was available and numerous samples were sent for analyses in many laboratories worldwide, they have never been used in Macedonian archaeology. The latest research of Pelagonian tells were aimed at using these potential results, by calibrating $C^{14}$ data. The calibration of data from several Neolithic sites established the earliest chronological phases in Pelagonia in the second half of 7$^{th}$ millennium BC, as well the continuity of settlements during 6$^{th}$ and 5$^{th}$ millennia BC.

***Keywords:*** *Pelagonia, Neolithic, chronology, $C^{14}$ analyses, calibration.*

Лабораториското датирање на археолошките локалитети повеќе од шест децении е редовна практика во светската наука. Востановувањето на $C^{14}$ анализите и нивното унапредување преку примената на AMS анализите (Accelerated Mass Spectrometry), доведе до револуционерно определување на временските рамки на истражуваните населби од минатото. Иако релативната хронологија и натаму останува првичен метод при ископувањата и аналогиите, сепак лабораториските резултати овозможија многу попрецизно движење низ етапите на минатото, и тоа особено низ оние што ѝ припаѓаат на предисторијата. Благодарение на честото процесирање на примероците од јаглен, дрво, семиња, коски и други органски материјали, се утврдија почетоците на неолитот во разни региони, вклучувајќи го и Балканот. Ваквите податоци од неолитските населби во Грција, Бугарија, Албанија, Србија и Романија го утврдија формирањето на првите земјоделски села во втората половина на седмиот милениум пр.н.е. (Reingruber and Thissen 2005; Reingruber and Thissen 2009). Истото се направи и за неолитот во Македонија, и тоа претежно преку податоците добиени од анализите на примероците од Амзабегово (Bien and Pandolfi 1972; Gimbutas 1976; Linick 1977). За жал, од овие анализи (изведени во 1970–тите) до денес, многу малку е направено за прецизно датирање на неолитските локалитети во Македонија.

Само неколку населби, и тоа претежно во последните десет години, се датирани со помош на радиокарбонскиот метод, а AMS анализите никогаш не се примениле. Единствено датирањето на керамичките наоди преку термолуминисценција е направено на материјалот од Амзабегово, но за жал тоа останува единствен таков пример (Gimbutas 1976). Ситуацијата со лабораториското датирање на неолитските локалитети во Пелагонија е иста, со тоа што за овој регион постои еден исклучок, кому ќе му се посвети повеќе внимание во овој труд. Имено, за осум предисториски локалитети од овој регион се направени $C^{14}$ анализи во седумдесеттите години од минатиот век (и една во следната декада), меѓутоа овие податоци воопшто не беа ползувани во македонската археологија. До неодамна, ниту еден македонски археолог не ги користеше овие податоци, иако тие бие публикувани пред приближно четириесет години (Srdoć et al. 1977; Valastro et al. 1977). Тие беа индиректно наведувани само во неколку труда што правеа генерален пресек на неолитските локалитети на Балканот (Nikolova 1998; Thissen 2000; Whittle et al. 2005), а од скоро почнаа да се користат и во македонската археологија (Наумов 2009; Фиданоски 2009; Naumov 2015; Naumov 2016a). Меѓутоа, во ниту еден од генералните прегледи на неолитот во Македонија овие податоци не беа користени, иако резултатите од анализите веќе беа достапни (Garašanin 1979; Санев 1994; Санев 1995; Mitrevski 2003; Mitrevski 2006; Zdravkovski 2006; Митревски 2013). Целата хронологија на неолитот во Македонија се засноваше на датумите од Амзабегово, вклучувајќи ја и онаа што се однесува на Пелагонија, и покрај тоа што постоеја лабораториски анализи кои сугерираа поразлична хронолошка рамка.

Датирањето на предисториските локалитети во Пелагонија е извршено пред повеќе од пет децении, односно многу пред унапредувањето на хронолошките анализи и толкувања со помош на калибрирањето, Бејзовото статистичко моделирање и AMS методот. Овие $C^{14}$ анализи од Пелагонија, изгледаат застарено од денешна перспектива, бидејќи тековните хронологии претежно се базираат на примероци добиени од најновите ископувања. Со оглед на тоа што по осумдесеттите години од минатиот век не се направени нови анализи за локалитетите во Пелагонија,[1] неопходно е да се искористат резултатите од овие лабораториски истражувања, барем до следните хронолошки податоци базирани на примероци од новите ископувања. Дотогаш овие информации ќе бидат ползувани за определување на временската рамка на пелагонискиот неолит, а можат да ја надополнат и хронолошката слика за неолитот во Македонија. Од тие причини, во оваа пригода ќе се направи осврт на радиокарбонските анализи на неколку локалитети од Пелагонија, чиишто вредности неодамна беа калибрирани и публикувани во неколку пригоди (Наумов и Томаж 2015; Naumov 2016a).

1 Неодамна, во соработка меѓу Центарот за истражување на предисторијата и Универзитетот во Берн, беа направени $C^{14}$ анализи на јаглен и семиња од неолитските тумби во Оптичари, Породин и Могила, меѓутоа овие датуми сè уште не се публикувани, па од тие причини нема да се користат во оваа пригода.

## Неолитот во Пелагонија

Пелагонија е најголемата котлина во Македонија, којашто се наоѓа во нејзиниот југозападен дел (**сл. 1**). Нејзината алувијална рамница, формирана од неогено езеро, е опкружена со повеќе високи планини што формираат затворена и релативно изолирана целина (Трифуновски 1997; Dumurdjanov et al. 2004; Mirčovski et al. 2015). Честите врнежи и плодната почва во близина на повеќето мочуришта овозможиле постојан пристап до суровини, што обезбедувале стабилна егзистенција за многу генерации (Puteska et al. 2015). Ваквите услови и околина не се разликувале многу од оние во неолитот, што овозможило рапидно населување на голем број земјоделски заедници при крајот на седмиот милениум пр.н.е. Големата густина на неолитски населби формирани на тумби, како и мноштвото наоди што се присутни на нивната површина, го привлекле интересот на повеќе археолози. Овие локалитети се истражувани во неколку етапи, и тоа преку примена на различни методи, притоа овозможувајќи првични сознанија за појавата и развојот на неолитот во овој регион.

Најголемиот подем на археолошки истражувања на тумбите во Пелагонија беше во истото време кога се извршени и наведените хронолошки анализи, односно во седумдесеттите години од минатиот век. Во тоа време Драгица Симоска, Благоја Китаноски, Воислав Санев и Јован Тодоровиќ ископуваа десетина тумби, иако не треба да се занемарат ниту претходните истражувањата на Миодраг Грбиќ и Јосип Корошец, коишто имаат удел во проучувањето на овој регион (Grbić i dr. 1960; Симоска и Санев 1975; Симоска и Санев 1976; Симоска и Санев 1977; Симоска и др. 1979; Китаноски 1977; Китаноски и др. 1980). На овие ископувања им претходеа и истражувањата на Валтер Хртли и Владимир Фјукс, кои и покрај тоа што беа пред Втората светска војна и со помал обем, сепак овозможија првична слика за распоредот на предисториските тумби во Пелагонија (Fewkes 1934; Heurtley 1939). По археолошкиот подем пред шеесетина години, истражувањата во овој регион одненадеж почнаа да замираат сè до пред неколку години. Во меѓувреме, само мал дел од тумбите беа спорадично истражувани, и тоа претежно во прилепскиот дел на Пелагонија (Китаноски и др. 1983; Китаноски и др. 1987; Симоска и Кузман 1990; Темелкоски и Миткоски 2006; Темелкоски и Миткоски 2008). Сепак, во последните неколку години е зголемен интензитетот на истражувања во овој регион, и тоа преку примена на геофизичкото скенирање на населби, ГИС мапирањето на локалитети, ископувањата на тумбите, палео-ботаничките анализи и калибрирањето на хронолошките податоци (Наумов и др. 2013; Наумов и Стојкоски 2015; Наумов и Томаж 2015; Naumov 2016a; Наумов и др. *во печат*).

Иако скромни по својот обем, археолошките истражувања во последниве шест децении овозможија елементарни познавања за неолитот во Пелагонија. Благодарение на јасните обележја на керамичките наоди, локалитетите од овој регион беа определени во рамките на т.н. културна група Велушина–Породин (Garašanin 1979; Санев 1994). Иако од денешна перспектива културното дефинирање на локалитетите е дискутабилно, особено што слични елементи се присутни во Охридскиот и Корчанскиот регион (Naumov 2016b), сепак овој традиционален пристап на културно-историската археологија овозможи во 1970-тите години да се истакне специфичноста на пелагонискиот неолит. Во голема мера за тоа придонесуваат карактеристичните бело сликани садови и антропоморфните модели на куќи (**сл. 2**), кои воедно претставуваат и едни од најкомплексните симболички форми во балканскиот неолит преку коишто се манифестирани и локалните идентитети на земјоделските заедници од оваа рамница (Темелкоски и Миткоски 2005; Chausidis 2010; Naumov 2010; Naumov 2013). Исто така, и густината на населби во Пелагонија е невообичаена, со самото тоа што речиси половината од неолитските локалитети констатирани во Македонија, се наоѓаат токму во овој регион (Симоска и Санев 1976; Наумов и Стојкоски 2015; Naumov 2016a). И остатокот од археолошкиот материјал – како што се фигурините, жртвениците, печатите и алатките – говори за специфичните обележја на општествата во Пелагонија, иако тие делумно се воедначени со оние во околните региони.

За прецизна хронолошка рамка во Пелагонија, речиси никогаш не е пишувано. Нејзиното временско определување вообичаено се атрибуираше во однос на Амзабегово-вршничката културна група, т.е. во времето меѓу седмиот и петтиот милениум пр.н.е. (Санев 1995). Дури и поделбата на неолитски фази се правеше на истиот начин, и покрај тоа што во Пелагонија не постојат јасни разграничувања меѓу раниот и средниот неолит. Керамичкиот материјал претежно е користен како хронолошка референција во определувањето на фазите, и покрај тоа што не постојат стабилни показатели за ваквото археолошко и најверојатно вештачко детерминирање на етапите во неолитот. Како резултат на тоа, садовите се користеа како показател за релативна хронологија со помош на која најчесто се одредуваше временската припадност на локалитетите во неолитот, но и на оние од останатите предисториски периоди, антиката и средниот век. Тоа би било сосем оправдано во недостиг на егзактни хронолошки податоци, меѓутоа публикуваните резултати од $C^{14}$ анализите на пелагониските локалитети биле достапни и требало многу порано да се искористат во македонската археологија. Од тие причини, наместо потемелно разгледување на материјалната култура од Пелагонија, во овој труд ќе се направи целосен преглед на резултатите од $C^{14}$ анализите и нивното калибрирање. И покрај тоа што овие податоци се веќе застарени за нивно посистематично вклучување во хронологијата на балканскиот неолит, сепак неопходно е нивно елаборирање, бидејќи во моментот ги даваат единствените егзактни информации за временското определување на неолитот во Пелагонија.

### *Хронологија на неолитските тумби*

Како што беше погоре наведено, во македонската археологија времето на настанување и функционирање на пелагониските неолитски локалитетите е базирано единствено на релативната хронологија. Тоа најчесто е правено во релација со останатите локалитети од Македонија, но речиси никогаш со оние во соседните региони од Грција и Албанија, со исклучок на аналогиите на ниво на материјалната култура (Garašanin 1979; Benac 1989; Санев 1994). Според првичните сознанија, се смета дека неолитот во Пелагонија започнува малку подоцна, поради честите поплави и излегувањето на подземните води, иако неколку несигурни датуми сугерираат и многу порани процеси на неолитизација (Китаноски и др. 1980; Наумов 2009; Naumov 2015). Резултатите од околните региони во Грција и Албанија посочуваат на тоа дека најраните земјоделски заедници своите први населби ги формирале во втората половина на седмиот милениум пр.н.е., што е потврдено и преку неколку датуми во Пелагонија (Reingruber and Thissen 2009; Bunguri 2014; Наумов и Томаж 2015; Naumov 2016a). Токму овие датуми од локалитетите во Пелагонија се оние што наведуваат кон попрецизно определување на целиот временски распон на неолитот. Според нив, неколку локалитети се датираат од раниот до доцниот неолит, поради што и заслужуваат подетаљно елаборирање во оваа пригода.

Интересен е фактот што речиси сите датуми добиени за Пелагонија потекнуваат од 1970-тите години, токму кога е вистинскиот процут на археолошки истражувања во овој регион. Раководителите на истражувањата, Драгица Симоска и Воислав Санев, во духот на тогашниот научен ентузијазам, пратиле примероци од неколку локалитети во лабораториите во Загреб (Хрватска) и Остин (Тексас, САД). Резултатите од анализите потоа се објавени, со што се добиваат и првите радиокарбонски датуми за Пелагонија (Srdoć et al. 1977; Valastro et al. 1977). Подоцна во 1980-тите години се добиени резултати и од локалитетот кај Маркови Кули, истражуван и датиран од страна на полски тим (Паздур 1990). За жал, по овие проучувања не се направени други анализи за локалитети во Пелагонија, со исклучок на тековните коишто се во процес на публикување. При овие анализи се процесирани примероци од осум локалитети, од коишто шест се датирани во неолитот. Токму овие ло-

калитети ќе бидат детаљно елаборирани во оваа пригода, а со цел да се определи можната временска рамка за неолитските тумби во Пелагонија.

При калибрирањето на хронолошките податоци се користеа датумите публикувани во списанието Radiocarbon, односно во неговите изданија 19/2 и 19/3 издадени во 1977 година. Примероците од Тополчани и Могила се анализирани во лабораторијата на Институтот „Руѓер Бошковиќ“, додека оние од Велушка Тумба и Тумба кај Породин и „Голема Тумба“ кај Трн се процесирани на Универзитетот Тексас во Остин (Srdoć et al. 1977; Valastro et al. 1977). Во трудовите каде што се публикувани резултатите од анализите, во воведниот дел е објаснет процесот на обработка на примероците и начинот на којшто е стигнато до добиените хронолошки вредности. Останува натаму да се дискутира колку овие постапки се во согласност со денешниот пристап на процесирање примероци од јаглен и семиња. Сепак, тоа се единствените анализи кои се направени врз наоди од Пелагонија, поради што и се земаат предвид при овој преглед на хронологијата на неолитските локалитети во оваа област. Хронолошките вредности добиени од овие анализи неодамна се калибрираа од страна на авторот на овој труд, и тоа во софтверот OxCal v4.2.4. и додатокот IntCal13 за утврдување на атмосферската крива, а изработени од лабораторијата за $C^{14}$ анализи во Оксфорд (Bronk Ramsey 2009; Reimer et al. 2013). Во прилог следат резултатите од калибрирањето на примероците од локалитетите кај Тополчани, Могила, Породин, Трн и Маркови Кули, како и нивниот хронолошки распоред во рамките на неолитските фази.

### *Тополчани*

Неолитската населба Чука се наоѓа во близина на селото Тополчани, односно во горната половина на пелагониската рамница (**сл. 3**). Таа е истражувана во неколку наврати, под раководство на Благоја Китаноски, а во соработка со Драгица Симоска и Јован Тодоровиќ (Китаноски 1977; Китаноски и др. 1983). Населбата ги содржи карактеристичните елементи за неолитските заедници во Пелагонија, вклучувајќи ги типичните ранонеолитски садови, антропоморфните модели на куќи, ‘жртвениците‘, фигурините, куглите за праќа итн. Датумите што се добиени при анализите на примероците од јаглен ги надополнуваат сознанијата и се поклопуваат со пронајдениот археолошки материјал. Во лабораторијата на Институтот „Руѓер Бошковиќ“ доставени се два примерока од страна на Драгица Симоска, и тоа Z–494 од слојот 15–16 во сонда I и Z–495 I од слојот 22 во истата сонда (Srdoć et al. 1977). Иако вториот примерок стратиграфски му припаѓа на понизок, односно најверојатно постар слој, сепак неговата хронолошка вредност изнесува 7010±190 BP, додека онаа за примерокот од погорниот слој е 7680±160 BP. Постојат неколку објаснувања за ваквата ситуација. Помладиот примерок од слојот 22 можел да припаѓа на јама која е помлада од слојот 15–16, или пак мерењето на слоевите да се вршело обратно, односно од најстариот со најниска нумеричка вредност до најмладиот со најголем број, што тогаш било ретко за археолошката практика во Македонија.

Во секој случај, анализираните примероци даваат мошне различни датуми и прашање е дали слоевите им припаѓаат на толку различни временски периоди? Имено, калибрирањето на овие хронолошки вредности покажа дека времето на примерокот Z–494 (7680±160 BP) може да се однесува во периодот меѓу 6862 и 6236 год. пр.н.е. со 87,7% веројатност на точноста, додека она на примерокот Z–495 (7010±190 BP) се движи меѓу 6253 и 5558 год. пр.н.е. со 95,1% веројатност (**сл. 4а**). Тоа значи дека приближните години откога потекнуваат овие примероци се околу 6500 год. пр.н.е. за Z–494 и 5950 год. пр.н.е. за Z–495 (**сл. 4б**). Во контекст на хронологијата на неолитските населби, вториот датум изгледа далеку поверојатен. Меѓутоа, првиот и многу поран датум излегува надвор од рамките на востановените норми за почетоците на неолитот во овој дел од Балканот, иако такви датуми се посочени за неколку локалитети во Грција, што ќе биде и подолу дискутирано

(Reingruber 2011). Ваквиот датум може да биде резултат на повеќе фактори или да се однесува на неколку состојби: **1)** нестабилна обработка на примерокот во лабораторијата; **2)** примерокот може да припаѓа на органски материјал кој е постар од времето кога тој е користен во населбата (на пример, дрво кое растело долго, а многу подоцна било искористено за градежни конструкции); **3)** примерокот навистина да биде користен во времето коешто го посочуваат калибрираните податоци на радиокарбонските анализи.

Ваквите отстапувања од очекуваните временски рамки не се ретки при $C^{14}$ анализите и вообичаено се земаат со доза на резерва. Од тие причини, во последната деценија се прибираат повеќе примероци од еден слој за да се добие померодавна секвенција на датуми што можат да бидат референтни. Но, дури и во случај овој датум да биде точен, тогаш постојат хипотези за порано формирање на првите земјоделски заедници на Балканот, што неколку археолози веќе сериозно почнаа да ги разгледуваат (Perlés 2001). Во тој случај, населбата кај Тополчани би била една од оние ретки што се формирале во рамките на првите бранови на неолитизацијата. Но, за да се докаже тоа, неопходни се нови анализи на повеќе примероци од најдолните слоеви на тумбата. Дотогаш, овој ран датум ќе биде само индикатор за една веројатност што треба натамошно да се испита преку идни археолошки истражувања и лабораториски анализи.

### *Могила*

Тумбите кај Могила се наоѓаат во самата средина на пелагониската рамница (**сл. 3**). Станува збор за комплекс од повеќе тумби концентрирани во самото село Могила, но и надвор од него. Густината на тумбите првично ги навела археолозите да регистрираат поголем број вакви населби (Симоска и Санев 1976), меѓутоа доколку се земе предвид изградбата на селските улици и јавни градби, тогаш веројатно станува збор за современо вештачко разделување на една поголема тумба што имала централен карактер во однос на останатите (Наумов и др. 2013). Ископувањата на овие тумби, изведени во неколку археолошки кампањи од 1970-тите до 2014-тата, се концентрирале токму на оваа централна населба, во средината на селото (Симоска и др. 1979; Симоска 1988; Наумов и Томаж 2015). Ископувани се централниот и периферниот дел на тумбата од страна на различни археолошки тимови, меѓутоа стратиграфскиот распоред и резултатите се речиси идентични. И на овој локалитет се пронајдени вообичаените елементи за раниот неолит во Пелагонија и тие во голема мера се поклопуваат со оние од останатите локалитети, иако има и такви коишто се издвојуваат по својата специфичност.

Од овој локалитет се анализирани 3 примероци на јаглен од три различни хоризонти: Z–496 од слојот 11 во хоризонт I, Z–497 од слојот 14–25 во хоризонт II и Z–498 од слојот 28 во хоризонт III (Srdoć et al. 1977). И овие примероци се доставени од Драгица Симоска во Институтот „Руѓер Бошковиќ" во Загреб, од каде што се добиени резултатите. Хронолошката вредност на вториот примерок Z–497 изнесува 1480±80 BP и таа значително отстапува од другите датуми. Сепак, нејзиното калибрирање и датирање во VI век н. е. и припадноста во II хоризонт не изненадува, бидејќи ископувањата потврдија археолошки материјал од овој период, како и бројни упади на средновековни јами во неолитските слоеви (Симоска и др. 1979; Наумов и Томаж 2015).

За разлика од оние во Тополчани, останатите два датума сосем се совпаѓаат со неолитската хронологија во Пелагонија, но и нивното присуство во слоевите одговара на стратиграфскиот распоред на локалитетот. Хронолошката вредност на третиот датум (Z–498) изнесува 7010±190 BP, односно тој се однесува на материјал кој потекнува од периодот меѓу 6253 до 5558 год. пр.н.е. со 95,1% веројатност (**сл. 5а**). Нејзината временска припадност би била околу 5900 год. пр.н.е., што е во блиска релација со еден од датумите во Тополчани. Споредувајќи ги овие датуми од Могила и Тополчани може да се забележи дека

тие имаат идентична хронолошка вредност од 7010±190 BP (Srdoć et al. 1977). Тука се отвора прашањето дали идентичните вредности на овие датуми се точни или пак тие се резултат на грешка, односно повторување на броевите за различни примероци (Z–495 и Z–498)? На ваквото прашање е тешко да се одговори без да се има увид во архивираната документација од анализите во лабораторијата, така што останува овие две датуми да се користат со одредена доза на резерва.

Вториот датум од Могила (Z–496) е дост помлад, но сепак влегува во рамките на неолитот. Неговата хронолошка вредност изнесува 6110±170 BP, додека калибрирањето го прецизира датирањето во период меѓу 5391 и 4683 год. пр.н.е. со веројатност од 92,8% (**сл. 5б**). Иако временскиот распон за овој датум е доста широк, сепак може да се смета дека анализираниот примерок потекнува од околу 5000 год. пр.н.е. Според тоа, овој примерок може да се датира во периодот на доцниот неолит, време кое според материјалната култура од овој локалитет отстапува од вообичаените карактеристики за овој период во Пелагонија (Benac 1979; Санев 1995). Овој проблем ќе биде подолу темелно дискутиран, иако треба да се потенцира дека ваквата ситуација може да се однесува на несоодветен примерок или пак на потребата од попрецизно редефинирање на доцниот неолит во овој регион (Naumov 2016b).

*Породин*

Кај селото Породин се истражувани три тумби: Тумба, Велушка Тумба и Тумба Бара (Grbić et al. 1960; Симоска и Санев 1975; Санев и Симоска 1983). Поради својата специфичност, во времето кога се пронајдени, тие се дефинирани како епонимни локалитети, па оттаму и именувањето на културната група „Велушина–Породин“ (Симоска и Санев 1976; Garašanin 1979). Во македонската археологија, оваа културна група останала како синоним за неолитот во Пелагонија, иако нејзините обележја се очигледно присутни и во Охридскиот регион, простор со којшто Пелагонија е во интензивни контакти во текот на целиот неолит (Naumov 2016b). Тумба и Велушка Тумба се двата локалитета коишто се датирани во 1970–тите години и на нив ќе им се посвети особено внимание.

*- Велушка Тумба*

Оваа тумба се наоѓа на околу половина километар јужно од селото Породин (**сл. 3**). Таа можеби е еден од најистражуваните локалитети во Пелагонија, но, за жал, најмалку публикуван. И покрај тоа што тој е истражуван во повеќе од 10 кампањи во различни децении од 1970–тите до 2013–тата, сепак за него е објавен само еден извештај, и тоа за ископувањата од 1971 до 1974, додека оние од 1977 и 1979 се вклучени во друг извештај, којшто никогаш не е публикуван (Симоска и Санев 1975; Симоска и Санев 1983). Со оглед на своите карактеристични обележја во рамки на материјалната култура (белосликани садови, антропоморфни модели на куќи, ‘жртвеници‘, фигурини итн.), оваа тумба се сметала како најстара и референтна, па затоа преку релативната хронологија со неа се правеле сите паралели со останатите неолитски локалитети во Пелагонија. Меѓутоа, лабораториските анализи на примероците од овој локалитет, во моментов покажуваат дека таа е малку помлада од оние кај Тополчани и Могила.

Во 1972 година Воислав Санев доставил три примероци од овој локалитет до Универзитетот на Тексас во Остин, и тоа од јаглен, гламјосано дрво и семиња (Valastro et al. 1977). Со оглед на добрите контексти од кои се земени примероците и нивната хронолошка блискост, може да се смета дека ова се едни од најреферентните датуми за Пелагонија. Така, примерокот од гламјосано дрво (Tx–1785) е земен од куќа во фазата IV, за

којашто се смета дека припаѓала на најраното населување на локалитетот. Хронолошката вредност за датумот од овој примерок изнесува 6950±120 BP, додека по калибрирањето со 95,4% веројатност е пресметано дека примерокот потекнува од период меѓу 6034 и 5635 год. пр.н.е, односно од околу 5850 год. пр.н.е. (**сл. 6а**). Вториот примерок (Tx–1786) е од пченични зрна и временски е многу сличен до претходниот, иако му припаѓа на куќа од фазата II. Времето определено при лабораториската анализа е 6890±140 BP, што со калибрирањето е дефинирано во распон од 6032 до 5553 год. пр.н.е. Според тоа, може да се смета дека овие зрна биле депонирани како суровина за храна околу 5730 год. пр.н.е. (**сл. 6b**). И третиот примерок (Tx–1809) има многу сличен датум со претходниот и му припаѓа на јаглен во јама за колец од куќа во фазата II. Неговата хронолошка вредност е 6900±90 BP, што преку калибрирањето со 89,2% веројатност е констатирано дека може да се датира меѓу 5928 и 5641 год. пр.н.е., односно околу 5750 год. пр.н.е. (**сл. 6в**).

Хронолошката блискост на овие датуми, различната стратиграфија и дефинираните контексти од кои тие се земени, создаваат мошне стабилна временска секвенција што може темелно да се користи. Иако за референтна временска секвенција од датуми неопходни се најмалку десет стабилни примероци, сепак оние направени за Велушка Тумба засега се најпогодни за археолошко толкување на неолитот во овој регион. Според калибрираните датуми може да се смета дека оваа населба била активна барем најмалку 150 години (односно од 5850 до 5700 год. пр.н.е.). Тука не се земени предвид и најмладите слоеви од тумбата (фаза/хоризонт I), оштетени од современи земјоделски активности, поради што и не биле земени примероци за $C^{14}$ анализа. Во извештајот од лабораториските анализи се посочува и временски распон од 250 години за животот на овој локалитет, што можеби ги вклучува и неговите крајните фази (Valastro et al. 1977).

- *Тумба-Породин*

Неолитската населба Тумба е позиционирана на приближно 1 км источно од селото Породин (**сл. 3**). Таа е истражувана само во две кампањи во 1953 и 1954 година, што воедно претставуваат и едни од првите систематски ископувања на неолитски локалитети во Македонија, по оние на Гргур Тумба кај Битола (Grbić et al. 1960). И овој локалитет се истакнува по своите карактеристични елементи на материјалната култура, поради што не случајно и го добива статусот на епонимен локалитет на т.н. Велушко-породинска културна група. И покрај тоа што е одамна ископуван, зачувани се примероци од пченични зрна кои подоцна Воислав Санев ги доставил до Универзитетот Тексас во Остин, каде што и биле процесирани при радиокарбон анализата (Valastro et al. 1977). Анализите покажуваат дека хронолошката вредност на примерокот (Tx–1787) е 6760±60 BP, што по калибрирањето со 95,4% веројатност посочува на периодот меѓу 5877 и 5486 год. пр.н.е., односно дека овие зрна биле подготвени за користење околу 5650 год. пр.н.е. (**сл. 7а**). Иако не е посочено од кој хоризонт или слој потекнува примерокот, сепак во извештајот од анализата е наведено дека материјалот е сличен со фазата/хоризонтот I и II од Велушка Тумба. Тоа го потврдуваат и калибрираните датуми, меѓу кои има околу 100 години разлика.

Во археолошката литература се наведени уште два примерока од овој локалитет, за коишто во моментов не можат да се пронајдат извештаите од $C^{14}$ анализите (Quitta and Kohl 1969; Nikolova 1998). Иако овие датуми треба да се имаат предвид со голема доза на резерва, сепак во оваа пригода тие само накратко ќе бидат илустрирани, без соодветни графикони од нивното калибрирање. Во првиот случај е наведен примерокот KN–I.596, за кого што не постојат информации за видот на материјалот и за изворот каде што се наведени резултатите од анализата (**сл. 7b**). Неговата хронолошка вредност е 7240±55 BP, додека калибрирањето со 95,4% веројатност посочува на период меѓу 6222 и 6017

год. пр.н.е., односно на време околу 6070 год. пр.н.е. Ваквиот датум е релативно постар од останатите за тумбите кај Породин, што секако не треба да се исклучи како возможен, но единствено по неговата натамошна проверка во лабораториските извештаи.

Истото се однесува и на другиот примерок од овој локалитет (H–1486/987). И неговото потекло и материјал се непознати, освен името на локалитетот и хронолошката вредност, т.е. 7120±140 BP. Калибрирањето со 94,7% потврдува временски распон од 6255 до 5720 год. пр.н.е., односно старост на примерокот околу 6000 год. пр.н.е., со што и овој датум оди во прилог на почетоците на неолитот во овој дел на Балканот (**сл. 7а**). Сепак, без натамошна проверка на изворите и извештаите од калибрирањето на овие примероци, тие не можат да се користат при темелното толкување на хронологијата на неолитот во Пелагонија.

### *Маркови Кули*

Во археолошката литература, локалитетот на Маркови Кули кај Прилеп е познат како средновековен град, сместен во североисточниот дел на Пелагонија (**сл. 3**). Меѓутоа истражувањата на полски тим во втората половина на 1980–тите години, потврдија присуство на предисториска населба во поткарпа, што од истражувачите првично е датирана во доцниот неолит и бронзеното време (Цнотливи 1990). Дел од наодите го потврдуваат ова датирање, бидејќи имаат карактеристични елементи како оние на т.н. трнска културна група, а коишто влегуваат и во рамки на Охридскиот регион: садови на нога декорирани со врежани триаголници (Бенац 1989; Naumov 2016b). Сепак, радиокарбон анализите посочуваат на резултати што можат да го датираат овој локалитет во средниот неолит.

Во Шлонскиот технички факултет во Гливице се доставени пет примероци од овој локалитет, од коишто три се датираат во средниот век и еден во железното време (Паздур 1990). Најстариот примерок (од животинска коска), потекнува од живеалиштето во поткарпата, и тоа токму од населбинскиот слој. Неговата хронолошка вредност изнесува 6680±110 BP, а калибрацијата со 93,9% веројатност посочува на календарскиот период меѓу 5808 и 5465 год. пр.н.е., односно приближно околу 5600 год. пр.н.е (**сл. 8**). Со оглед на постариот датум во однос на археолошкиот материјал, може да се предложат неколку веројатни објаснувања: 1) примерокот од коска може да му припаѓа на животно кое стотици години порано престојувало кај поткарпата (умрело или било изедено); 2) несоодветно процесирање на примерокот во лабораторија; 3) точен датум за средниот неолит, но недоволно коректна обработка на археолошкиот материјал и негово атрибуирање во доцниот неолит. Последната можност е мошне веројатна, со оглед на тоа што археолошкиот тим кој работел на овој локалитет никогаш претходно не проучувал неолитска населба во Македонија, а воедно нивните истражувања на Маркови Кули претежно биле насочени кон средновековниот период.

Скромниот публикуван материјал од неолитското живеалиште кај поткарпата навистина има очигледни доцнонеолитски обележја, иако се откриени и форми што сосем одговараат на изгледот на среднонеолитските садови, па дури и на такви што можат да се идентификуваат со раниот неолит во Пелагонија (Цнотливи 1990, Т.41–Т.45). Сепак, без разлика на толкувањата на археолошкиот материјал, калибрираниот датум соодветствува со неолитската хронологија во овој регион и треба да се земе предвид. Според приложените сознанија и малиот број наоди, станува збор за сточарско живеалиште или засолниште кое краткотрајно е користено во средниот и во доцниот неолит, потоа за да биде повторно употребено во железното време и во средниот век.

*Трн*

Во близина на селото Трн, лоцирано во централниот дел на Пелагонија, се наоѓаат повеќе тумби (**сл. 3**). Две од нив, Голема Тумба и Мала Тумба, се истражувани во 1973 година, при што се добиени сосем нови сознанија за неолитот во овој регион (Симоска и Санев 1977). Имено, наодите посочиле на обележја што не биле типични за овој регион, па оттаму и локалитетот се етаблирал како епонимен за т.н. Трнска културна група, прво атрибуирана за средниот, а потоа за доцниот неолит во Пелагонија (Benac 1979; Санев 1994). Како најрепрезентативен претставник на оваа културна група се издвојуваат црнополираните садови со бели инкрустирани орнаменти. Тие првично се сметаа за елементи кои му припаѓале на јадранскиот неолит (Benac 1989), меѓутоа по бројните нови истражувања на Балканот и пошироко, се предложија нови правци на изворот на оваа „култура" кои водат сè до Западна Турција и Централна Анадолија (Naumov 2016b). Со оглед на специфичните карактеристики и новите податоци, кои јасно се издвојуваат од претходните фази, може сосем основано да се истакне дека овие населби биле активни во доцниот неолит. Тоа го потврдуваат и датумите кои се добиени за една од истражуваните тумби.

Во 1973 година, Воислав Санев доставил три примероци од локалитетот „Голема Тумба" до Универзитетот Тексас во Остин, иако не е посочено за каков материјал станува збор (Valastro et al. 1977). Најмладиот примерок (Tx–1788) потекнува од куќа во последната фаза на населбата, т.е. во хоризонтот I. Хронолошката вредност изнесува 5640±90 BP, чијашто калибрација со 95,4% веројатност посочува на периодот меѓу 4691 и 4336 год. пр.н.е., односно околу 4500 год. пр.н.е. (**сл. 9а**). Следниот примерок (Tx-1789) е од истата куќа и има мошне слична хронолошка вредност (5670±90 BP) и калибрирана година меѓу 4707 и 4351 год. пр.н.е., односно околу 4500 год. пр.н.е. (**сл. 9б**). Со оглед на тоа што овие примероци припаѓаат на ист археолошки контекст, ваквото датирање е сосем очекувано и основано, така што може да се примени како референтно за определување на староста на објектот и за фазата во која тој се користел. Третиот примерок (Tx–1790) е малку постар од претходните и потекнува од куќа во првите фази на населување, односно од хоризонтот II. Неговата хронолошка вредност е 5950±90 BP, а калибрираниот временски распон од 5061 до 4597 год. пр.н.е., што со 95,4% веројатност го определува периодот околу 4800 год. пр.н.е. (**сл. 9в**). Доколку се земе предвид дека примероците потекнуваат од најраниот и најдоцниот слој на тумбата, тогаш може да се сугерира дека таа била активно користена во период од 200 до 300 години.

Со приказот на резултатите од хронолошките анализи на овој локалитет ќе се заокружи прегледот на датираните локалитети во Пелагонија, иако постојат податоци за уште два други (Црнобуки и Карамани) чиешто датитање се однесува на енеолитот и бронзеното време (Srdoč et al. 1977). Дури и калибрираните датуми за една од тумбите кај Трн е на самата граница меѓу неолитот и енеолитот. Сепак, поради јасните карактеристики и сличности со други синхрони локалитети, во овој случај локалитетот ќе се третира како доцнонеолитски. Секако, не треба да се исклучи можноста дека во своите крајни фази тој можел да биде населен во енеолитот, на што сугерираат и неколку наоди, меѓутоа ваквата ситуација во оваа пригода нема да се разгледува. Тука, пред сè, мора да се има предвид дека вештачкото разграничување на археолошките периоди (во овој случај доцниот неолит и раниот енеолит), не секогаш подразбира рапиден процес и ненадејна промена во материјалната култура. Некогаш овие промени се одвивале во период од неколку декади или векови, така што добрата синхронизација меѓу археолошките наоди и $C^{14}$ анализите може да посочи на тоа како се одвивал овој процес на трансформација. Оттука, неопходно е гореневедените датуми од сите презентирани локалитети, да се сумираат преку завршно разгледување во контекст на неолитизацијата на Балканот и да се елаборира како таа временски се манифестирала и модифицирала преку материјалната култура и тумбите каде што била користена или произведувана.

### *Хронологијата во контекст*

Прегледот на датумите од пелагониските тумби дава базичен пресек за временскиот распоред од раниот до доцниот неолит, и покрај тоа што податоците се релативно застарени. Во секој случај, тие ќе се искористат да се направи тековна хронолошка рамка за овој регион, барем до следните анализи на примероци, кога ќе се добијат нови резултати што можат да ја потврдат или негираат сегашната состојба.[2] Според приложениот распоред на резултати од анализите во седумдесеттите години, неолитот во Пелагонија се одвивал од самиот крај на седмиот и почетокот на шестиот милениум пр.н.е до средината на петтиот милениум пр.н.е. Неколку датуми го сугерираат времето на населување на првите земјоделци во овој регион, а други – трансформацијата од неолитските во енеолитските општества.

Засега, еден од датумите во Тополчани е најран за Пелагонија, иако неговата точност е дискутабилна. Калибрирањето наведува на период меѓу 6862 и 6236 година (~6500 год. пр.н.е.), што е релативно ран датум во однос на останатите во околните региони во Грција, Албанија и Бугарија. Ваквиот датум, со оглед на тоа што не потекнува од секвенција на датуми туку од само еден примерок, не може да се земе целосно предвид, бидејќи веројатно му припаѓа на материјал од време кое е многу постаро од она кога тумбата била користена. Сепак, некои научници не ги отфрлаат ваквите датуми, и покрај нивната релативност. Имено, Кетрин Перле во своето толкување на почетоците на неолитот во Грција истакнува дека може да има неколку бранови на населување на Балканскиот Полуостров, многу порани од оние кога темелно се востановуваат земјоделските населби (Perlès 2001). Овие први и малобројни доселеници од Блискиот Исток таа ги нарекува „пионери“ коишто имале за цел да ја истражат територијата на Балканот и да увидат нови ресурси за формирање стабилен живот. Таа посочува на неколку локалитети во Грција што можат да функционираат како вакви пионерски кампови, подоцна развиени и во населби. Користејќи ја оваа хипотеза, приложени се слични размислувања и за најраните датуми на Амзабегово, иако и тие се земени со голема доза на резерва поради малиот број примероци од овој стадиум на најраната фаза (Наумов 2009; Naumov 2015). Како и во случајот со Амзабегово, така и ваквиот датум од Тополчани предизвикува сомневање, но и отворање нови можности за проучување на почетоците на земјоделството во Пелагонија.

Во тој контекст треба да се спомнат и неколку други датуми од Грција и Албанија што одат во прилог на тезите на Перле. Новите истражувања на локалитетот Мавропиги кај Козани, приближно четириесетина километри јужно од Пелагонија, го потврдија неговото датирање околу 6600 год. пр.н.е., и покрај тоа што се работи за резултати базирани само на два примерока од овој период (Karamitrou Mentessidi et al. 2013). Иако останатите десетина примероци се по 6400 год. пр.н.е., сепак тие укажуваат на многу рани датуми, што даваат основа да се земе предвид и раното датирање на Тополчани. Во прилог на тоа одат и неколку датуми од Албанија, што наведуваат на почетоците на неолитот во овој дел од Балканот, односно околу половината на седмиот милениум пр.н.е. При анализата на процесот на неолитизација во Албанија, Адем Бунгури сугерира три брана, од кои најстариот се детектирал кај Влуша и го става во релација со населбата кај Сидари, на островот Корфу во Грција, датирана меѓу 6610 и 6420 (Bunguri 2014). Меѓутоа, тој дури во третиот бран на неолитизација, воедно и помлад, ги става врските на неколку локалитети во Албанија (Ваштеми, Подгори и Совјан) со оние од Пелагонија. Спротивно на тоа, најновите ископувања на неолитската населба кај Ваштеми повторно потврдија ран датум на населување на

2 Неодамна беа доставени пет примероци на лабораториска анализа во Институтот за археолошки науки при Универзитетот од Берн. Примероците потекнуваат од новите ископувања на Школска Тумба во Могила од 2014 година (јаглен од II хоризонт), како и од Тумба Породин (пченични семиња од јама во II хоризонт од ископувања во 1953) и Тумба во Оптичари (семиња од граор во сад од I хоризонт, пронајдени при ископувања во 1988). Резултатите се совпаѓаат со некои од датумите добиени во 1970-тите години, така што тие ги надополнуваат согледувањата за процесот на неолитизација во Пелагонија. Со оглед на тоа што најновите датуми имаат многу помала девијација во однос на претходните (+/- 20 години), тие ќе бидат публикувани во друг труд.

овој простор меѓу 6470 и 6370 год. пр.н.е. (Allen et al. 2013). Проблемот со овој датум е што тој не произлегува од археолошки слој, туку од примероци извадени преку дупчење за архео-геолошки цели, бидејќи на истото место со идентичен метод се извадени и примероци што се датираат меѓу 9240 и 8790 год. пр.н.е.

Останатите резултати, базирани врз примероци од археолошките слоеви во населбите кај Подгори, Поградец и Коииспол, посочуваат на нивно формирање околу 6000 година пр.н.е., што е мошне блиску до повеќето датуми добиени од локалитетите во Пелагонија (Allen et al. 2013, Tab. I). И други археолози сметаат дека почетоците на неолитот во географскиот простор на Македонија се одвиваат во периодот по 6200 година пр.н.е., додека оние во Тесалија може да се сместат околу 6500 год. пр.н.е. Агата Реингрубер и Лауренс Тисен истакнуваат дека локалитетите во Солунско Поле (Неа Никомедеја и Јаница) се датираат по 6230 год. пр.н.е. (Reingruber and Thissen 2009; Reingruber 2011). Тисен во својот докторски труд наведува дека Пелагонија дури подоцна влегува во процесот на неолитизацијата, односно по првите бранови коишто се одвиваат во Овчеполскиот и Брегалничкиот регион (Thissen 2000).[5] Тоа донекаде се совпаѓа со датирањето на локалитетите во Корчанскиот и Преспанскиот регион во Албанија, но и со повеќето од оние што биле подложни на радиокарбон анализа во Пелагонија.

Токму таков е вториот датум од Тополчани што се сместува во периодот меѓу 6253 и 5558, односно ~ 5950 година пр.н.е. (**сл. 10**). На тоа се надоврзува и еден од датумите од Могила, идентичен со овој од Тополчани, што дополнително го истакнува нејзиниот дискутабилен карактер и точност. Потоа следуваат трите датуми во низа од Велушка Тумба кај Породин (~ 5850, ~ 5750 и ~ 5730 година), односно периодите меѓу 6034 и 5635 година, 5928 и 5641 година, како и меѓу 6032 и 5553 година пр.н.е. Веднаш блиску до нив се оние од другиот локалитет кај Породин, едноставно именуван како „Тумба" (~ 5650 година, т.е. периодот меѓу 5877 и 5486 год. пр.н.е.). Она што е мошне интересно за датумите од двете тумби кај Породин, вклучително и погоре наведените дискутабилни датуми без извори за анализата, е тоа што се релативно блиски, а се однесуваат на локалитети недалеку еден од друг. Имено, Велушка Тумба е на 400 метри јужно од селото, додека Тумба е на приближно 1 км источно од селото, така што тие се на растојание од околу 900 метри. Доколку овие анализи се точни, тогаш тоа значи дека овие тумби биле формирани во блиско време, и тоа еднододруго. Иако археолошкиот материјал е релативно сличен, сепак не може да се потврди дали тие функционирале во исто време или едната била основана откако завршил животот на другата.[3] Ваквата појава на групи од тумби со слична хронологија е релативно честа во Пелагонија, како што потврдуваат густо распоредените локалитети кај Могила, Трн, Оптичари, Рибарци итн. (Симоска и Санев 1976). За оваа проблематика е дискутирано во неколку пригоди, при што се предложени неколку можни причини за густиот распоред на тумби околу еден доминантен локалитет, карактеристика прецизно утврдена преку последните рекогностицирања и ГИС мапирањето (Наумов и др. 2013; Наумов и Томаж 2015; Наумов и Стојкоски 2015).

Исто така, хронолошки близок е датумот од живеалиштето во поткарпата кај Маркови Кули (~ 5600 година, односно периодот меѓу 5808 и 5465 години пр.н.е.), што засега претставува најсеверниот датиран локалитет во Пелагонија (**сл. 10**). Потоа следи вториот датум од Могила што приближно се однесува на периодот околу 5000 година, т.е. меѓу 5391 и 4883 год. пр.н.е., со што се навлегува во доцниот неолит. Меѓутоа, пронајдениот археолошки материјал од овие фази ги нема карактеристиките вообичаени за доцниот неолит во овој регион, односно на т.н. Трнска културна група. Според тоа, може да се заклучи дека неолитот во Могила во периодот околу 5000 год. пр.н.е. значително се разликува од оној на тумбата во Трн, што се наоѓа на 4 километри југоисточно

3 Најновите резултати од анализите во Универзитетот од Берн на примероци од оваа тумба се поклопуваат со оние од Велушка Тумба, така што е мошне веројатно тие да функционирале во исто или блиско време.

од неа. Тоа е донекаде и разбирливо, бидејќи датумите од тумбата кај Трн се малку помлади. Тие му припаѓаат на доцниот неолит во контекст на балканската хронологија (~4800 и ~4500 година), односно во периодите меѓу 5061 и 4597 година, 4707 и 4351 година, како и 4691 и 4336 година пр.н.е. Ако се земат предвид доцнонеолитските датуми и археолошкиот материјал од Могила и Трн, тогаш е сосем јасно дека и оваа фаза не е унифицирана онака како што претходно се толкуваше. Во различни стадиуми од своето траење се менувала и материјалната култура, почнувајќи со поедноставни форми со црни, фино прочистени и полирани садови, до керамика декорирана со бела инкрустација и погруба фактура.

Оваа дискусија за доцнонеолитските датуми во Могила и Трн наведува на релативно систематизирање на презентираните датуми во рамките на неолитските фази. Иако станува збор за датуми чија точност е дискутабилна, сепак треба да се искористат сите нивни потенцијали во рамките на археолошките проучувања. Неолитот во Македонија е условно поделен на три фази врз основа на проучувањата и датирањето од неолитската населба кај Амзабегово (Корошец и Корошец 1973; Gimbutas 1976; Санев 2009). На тоа се надоврзани сите останати региони, културни групи и локалитети, иако повеќе станува збор за вештачко атрибуирање преку материјалната култура отколку за периодизација базирана на хронолошки анализи. Во таа смисла и локалитетите во Пелагонија се дефинирани преку Велушко-породинската група којашто првично се третирала како ранонеолитска, подоцна за да биде расчленета на две фази идентични на оние со Амзабегово–вршничката група (Garašanin 1979; Санев 1995).

Во тој контекст, археолошките фази хронолошки се поделени на ран неолит (6100–5800 год. пр.н.е), среден неолит (5800–5200 год. пр.н.е.) и доцен неолит (5200–4500 год. пр.н.е.). Иако ваквата поделба е исклучително генерализирана, сепак се користи како референтна во македонската археологија и како таква ќе се примени и во овој случај. Според тоа, локалитетите од Пелагонија датирани меѓу 6000 и 5850 год. пр.н.е. (Тополчани, Могила и „Велушка Тумба“ би се атрибуирале кон раниот неолит, оние од периодот меѓу 5730 и 5600 год. пр.н.е. (Велушка Тумба и Тумба кај Породин, како и Маркови Кули) би му припаѓале на средниот неолит, додека тумбите датирани од 5000 до 4500 год. пр.н.е. (Трн и хоризонт од Могила), би се дефинирале како доцнонеолитски. Секако, ваквата поделба е очигледно вештачка, особено ако се земе предвид дека нема јасно разграничување меѓу раниот и средниот неолит во Пелагонија, но сепак може де се искористи како провизорна листа до следните многу потемелни датирања и хронолошки категоризации на неолитските локалитети во овој регион. Доколку се направи паралела со датумите од другите локалитети во Македонија, тогаш може да се спореди синхроната материјална култура и да се увидат сличностите или разликите.

За жал, има само неколку локалитети надвор од Пелагонија што се датирани преку $C^{14}$ анализата, но сепак може да дадат некакви насоки. Амзабегово во Овче Поле сè уште останува како најдобро датираниот локалитет, иако и неговото датирање е изведено во 1970–тите (Bien and Pandolfi 1972; Linick 1977). Иако хронолошкиот распон на локалитетот е меѓу 6400 и 5000 год. пр.н.е., сепак калибрирањето на датумите посочи на почеток на животот во оваа населба околу 6100 год. пр.н.е. (Reingruber and Thissen 2009), иако исто така на друго место е истакнат поран датум, околу 6250 год. пр.н.е. (Tasić 2006). Овие датуми одговараат со оние во Пелагонија, и покрај тоа што материјалната култура целосно се разликува. Ниту сликаните садови изработувани во овие региони, кои најчесто се репер за археолошки аналогии, ниту пак човечките претстави имаат сличности. Тоа во неколку наврати е потенцирано, иако познати се ранонеолитски пелагониски елементи на материјалната култура во други делови на Македонија, како што се скопскиот, полошкиот и тиквешкиот (Санев 1987; Здравковски 2006; Naumov 2010; Naumov 2014). Оттука, повторно може да се заклучи дека Овче Поле и Пелагонија биле населени во исто време, меѓутоа од заедници кои манифестирале сосем различен идентитет. Истото се случува и

во средниот неолит, и покрај тоа што е зголемен бројот на локалитети од Овче Поле со датирања токму од овие фази. Покрај оние од Амзабегово, датумите од Горобинци, Вршник и Грнчарица (меѓу 5800 и 5500 год. пр.н.е.) даваат стабилна хронолошка низа за средниот неолит (Quitta and Kohl 1969; Gimbutas 1976; Stojanovski et al. 2014). Материјалот од овие локалитети е мошне сличен на регионално ниво, меѓутоа значително се разликува од оној во Пелагонија, којшто останува речиси непроменет во средниот неолит.

Тоа подеднакво го потврдуваат датумите и материјалот од Говрлево и Маџари во Скопската Котлина, околу 5800 год. пр.н.е. (Commenge 2009; Фидадоски 2012), локалитети што во овој период културно повеќе гравитираат кон Овче Поле. Мошне мал дел од наодите пронајдени на овие локалитети, како и артефактите од Зелениково, имаат обележја карактеристични за Пелагонија, што потврдува дека овие региони имале некаков вид на контакти или пак зони што посредувале во прифаќањето на пелагониските елементи (Наумов 2010). Меѓутоа, досега не се утврдени форми на материјалната култура од Скопскиот регион присутни во Пелагонија, па може да се претпостави дека овој регион бил релативно изолиран за влијанија од населбите северно од него. Мрежата на контакти што Пелагонија ја гради е особено концентрирана кон Охридскиот регион и не толку многу кон југот, иако познати се сличности меѓу моделите на куќи со областа Аминдеон во Грција (Chrysostomou et al. 2015, Fig. 6). Врските меѓу населбите од Пелагониската Рамница и Охридскиот базен се мошне силни и јасни, како во раниот неолит, така и во доцниот (Naumov 2016b). И покрај масивните географски бариери, овие два региона динамично комуницирале, па дури и формирале слични форми на идентитетот манифестиран преку садовите, антропоморфните модели на куќи, печатите итн.

Она што може да помогне за потемелно елаборирање на врските меѓу Пелагонија и Охридско се токму датумите од локалитетите околу Езерото, што, за жал, ретко се правени и уште поретко публикувани. Евентуалното радиокарбонско анализирање на примероци од ранонеолитската населба кај Долно Трново, или пак дендрохронолошка анализа на дрвените остатоци од доцнонеолитските локалитети Пенелопа (Охридати) и „Устие на Дрим“ (Струга) би овозможиле многу попрецизно образложување на врските меѓу овие два региона. Сепак, пред неколку години, првично беа публикувани датумите на примероците од колци, изработени од смрека за наколната населба во Охридати (Westphal et al. 2010). Калибрираните датуми се однесуваат на ~5800 и ~5500 год. пр.н.е., што целосно се поклопува со датирањето на неолитските тумби во Пелагонија. Овие резултати посочуваат на тоа дека во наколната населба има и среднонеолитски фази, иако главно е публикуван материјалот од доцниот неолит. Ако се земат предвид овие егзактни податоци, како и сличностите меѓу сликаната керамика и антропоморфните модели на куќи од Пелагонскиот и Охридскиот регион, тогаш е сосем јасно дека неолитските заедници од овие географски простори одржувале постојана и интензивна комуникација во раниот и средниот неолит. Идните дендрохронолошки анализи на колците од наколните населби Охридати и „Устие на Дрим“, ќе го потврдат истото и за доцнонеолитските заедници од овие региони, со оглед на тоа што постојат очигледни сличности меѓу садовите, фигурините и печатите.

Единствените хронолошки релации што можат да се направат со доцнонеолитските локалитети од Пелагонија се повторно датумите од Амзабегово. Сепак, и во овој случај датумите од оваа фаза во Пелагонија се подоцнежни од оние во овчеполската населба (околу 5200 год. пр.н.е.), а исто така и материјалната култура значително се разликува. За жал, не постојат други доцнонеолитски локалитети надвор од Пелагонија, а кои влегуваат во рамките на Република Македонија, што можат да се стават барем во некаква хронолошка аналогија со тумбите кај Трн, датирани меѓу 4800 и 4500 год. пр.н.е. Останува повторно ваквите врски да се бараат меѓу локалитетите јужно и југоисточно од овој регион, што пак посочува на континуирано вмрежување со населби кои не споделуваат исти обележја и форми на идентитет како и оние северно од Пелагонија.

### *Заклучок*

Ревидирањето на резултатите добиени од анализите на примероци земени во 1970–тите години од повеќе неолитски тумби во Пелагонија покажа дека тие може да се ползуваат за формирање хронолошка слика за целиот неолит од овој регион. И покрај тоа што овие датуми можеби изгледаат застарено и нивните девијации се движат околу +/– 100 години, сепак даваат некаква првична слика за почетоците и крајот на неолитот во Пелагонија. Дотолку повеќе, и најновите сознанија добиени преку анализите на примероци во Универзитетот во Берн ги потврдуваат истите хронолошки вредности, така што датумите од 1970–тите години можат сериозно да се земат предвид, барем до следната серија на радиокарбон анализи за локалитетите од овој регион.

Овие датуми го потврдуваат започнувањето на неолитот околу шестиот милениум пр.н.е., освен доколку не се земат неколку дискутабилни датуми од Тополчани и Породин, а коишто се движат низ целата втора половина на седмиот милениум пр.н.е. И покрај тоа што најреферентните датуми се однесуваат на самиот почеток на шестиот милениум пр.н.е., не значи дека тие се и најраните датуми за неолитските населби во Пелагонија. Имено, тумбите на алувијалната почва можат да се третираат како развојна фаза на процесот на неолитизација кога локалното население веќе ги има востановено квалитетите на природните ресурси во пелагониската рамница. Не е исклучена можноста порани населби да бидат формирани на околните ридови и оттаму да се набљудуваат природните процеси и честите промени на водените површини во рамницата. Таков локалитет е населбата „Влаку“ кај Живојно, којашто е на многу повисока позиција и надвор од рамницата, а воедно има карактеристична ранонеолитска сликана керамика, фигурини, антропоморфни модели на куќи и жртвеници (Симоска и Санев 1976). До неа се наоѓа уште една населба со материјал од следните неолитски фази, така што може да се смета дека и во овој простор се одржал континуитет на живеење како и на тумбите поставени подолу во плодната алувијална почва. Идните радиокарбон анализи на примероци од овие две населби можат да потврдат дали најраното населување во Пелагонија е на ридовите околу рамницата, или пак тоа паралелно се одвивало во различни географски амбиенти.

Во секој случај, од скромниот број анализи може да се согледа дека во Пелагонија има континуирано живеење во првата половина на шестиот милениум пр.н.е. Ваквата динамика е прекината (или пак засега не постојат податоци за неа) во втората половина на шестиот милениум пр.н.е., односно период што не е потврден преку ниеден анализиран примерок. Единствено во Могила еден од примероците е датиран околу 5000 год. пр.н.е., потоа меѓу 4800 и 4500 год. пр.н.е. за да се појават серија датуми од Трн што го сугерираат живеењето во крајните етапи на неолитот. Со оглед на очигледните разлики меѓу материјалот од Трн и останатите (ранонеолитски) населби во Пелагонија, може да се смета дека овој хронолошки хијатус од повеќе од половина милениум придонел за започнување нови процеси што се манифестирале преку неколкуте доцнонеолитски населби во оваа котлина. Останува отворено прашањето дали се работи за доселување на сосем нови популации во доцниот неолит во Пелагонија или пак за враќање на старите коишто евентуално биле раселени поради некакви климатски фактори? Веќе претходно беа сугерирани анадолските елементи во доцниот неолит на Балканот, а тие се потврдени и за Пелагонија и Охридскиот регион, што сугерира и можно влегување или интеракција со заедници од Мала Азија (Nikolov 1998; Özdoğan 2011; Naumov 2016b).

Тоа значи дека може да се очекуваат нови популации во Пелагонија, со оглед на временскиот хијатус меѓу ранонеолитските и доцнонеолитските населби во овој регион. Она што произлегува како прашање е што се случило со ранонеолитските популации доколку навистина нема хронолошки податоци за населби во втората половина на шестиот милениум пр.н.е. во пелагониската рамница? Дали тие ги населиле повисоките предели на котлината (за што засега нема потврди) или пак се упатиле кон Охридскиот и Полошкиот

регион околу 5600 год. пр.н.е., за што постојат хронолошки и археолошки аналогии? Во секој случај, идните радиокарбон и дендрохронолошки анализи многу поточно ќе одговорат на овие прашања отколку релативните археолошки аналогии. Тоа се однесува и за почетоците на неолитот во Пелагонија, но и за останатите развојни фази кога може да се констатира синхроно егзистирање на неколку соседни населби формирани на тумби. Хронолошките датирања, заедно со GIS моделирањето и XRF анализите, во иднина може да дадат многу темелни сознанија за времето на користење на тумбите, за нивната позиција во просторот и за врските меѓу заедниците што нив ги населувале. Врз тоа можат да се аплиицираат проучувањата за социјалните и симболичките процеси на овие заедници што довело до повеќе автентични обележја во рамките на неолитската материјална култура во Пелагонија.

**Библиографија:**

*- кирилична:*


Бенац, А. 1989. Неки проблеми односа Македоније и Западног Балкана у неолитском добу. *Macedoniae acta archaeologica* 10: 9–24. Скопје.

Здравковски, Д. 2006. *Генеза и развој на Анзабегово – вршничката културна група*. Непубликуван докторски труд. Филозофски факултет. Скопје.

Китаноски, Б. 1977. Неолитска населба Чука кај село Тополчани. *Macedoniae acta archaeologica* 3: 27–42. Скопје.

Китаноски, Б., Симоска, Д., и Тодоровић, Ј. 1980. Населбата Пештерица и проблемот на раниот неолит во Пелагонија. *Macedoniae acta archaeologica* 6: 9–20. Скопје.

Китаноски, Б., Симоска, Д., и Тодоровић, Ј. 1983. Нови археолошки истражувања на населбата Чука во Тополчани кај Прилеп. *Macedoniae acta archaeologica* 6: 9–20. Скопје.

Китаноски, Б., Симоска, Д., и Тодоровић, Ј. 1987. Радин Дол - неолитска населба кај Прилеп. *Macedoniae acta archaeologica* 7–8: 7–29. Скопје.

Корошец П. и Корошец Ј. 1973. *Предисториска населба Барутница*. Прилеп: Археолошко друштво на Македонија.

Митревски, Д. 2013. Праисторија на Република Македонија. Во Кузман, П. Димитрова, Е. и Донев, Ј. (уред.) *Македонија: милениумски културно-историски факти*: 83–266. Скопје: Медиа Принт и Универзитет Евро Балкан.

Наумов, Г. 2009. Процесите на неолитизација во Македонија. Во Наумов, Г. Фиданоски, Љ. Толевски, И. и Ивковска, А. 2009. *Неолитските заедници во Република Македонија*: 25–42. Скопје: Данте.

Наумов, Г. 2010. Стилските и социолошките аспекти на бело сликаните орнаменти и развивањето на ранонеолитските локални идентитети во Македонија. *Македонско наследство* 36/37: 73–96. Скопје.

Наумов, Г. и Стојкоски, С. 2015. Нови предисториски тумби во Пелагонија. *Зборник на трудови на Завод и му*зеј – Битола 18: 169–183. Битола.

Наумов, Г. и Томаж, А. 2015. Археолошки ископувања на неолитскиот локалитет „Школска

Тумба“ во Могила. *Патримониум* 13: 67–96. Скопје.

Наумов, Г. Тержиецки, М. Пржибила, М. Чвиеј, М. Бугај, У. Шчепаник, П. и Подсјадло, М. 2014. Археолошко, топографско и геофизичко истражување на неолитски тумби во Пелагонија. *Патримониум* 12: 345–372. Скопје.

Наумов, Г. Митkoски, А. Мургоски, А. Бенеш, Ј. Пшибила, М. Милевски, Ѓ. и Стоимановски, И. *во печат*. Истражување на Врбјанска Чука кај Славеј - 2016. *Патримониум* 14. Скопје.

Паздур, М. 1990. Датирање на органските примероци од археолошко-конзерваторските истражувања со радиокарбоновата метода Ц-14. Во Крзизановски, Л. (уред.) *Тврдината Маркови Кули: извештаи од работата на мисијата 1984-1988*: 70–75. Варшава: Працовние Консерваци Забитков.

Санев, В. 1987. Чаковец, населба од раниот и средниот неолит. *Arheološki pregled* 27: 39–40. Ljubljana.

Санев, В. 1994. Младото камено време. Во (без уред.) Археолошка карта на Република Македонија 1: 26–42. Скопје: МАНУ.

Санев В. 1995. Неолитот и неолитските култури во Македонија. *Цивилизации на почвата на Македонија* 2: 21–46. Скопје: МАНУ.

Санев, В. 2009. *Амзабегово: населба од раниот, средниот и доцниот неолит во Македонија*. Штип: НУЗСК – Штип.

Санев В. и Симоска Д. 1983. *Неолитските населби Велушка Тумба и Голема Тумба кај село Трн во развитокот на првите земјоделски заедници во Централна Пелагонија* – непубликуван извештај. Битола: Завод за заштита на спомениците на културата.

Симоска, Д. 1988. *Прелиминарен извештај за 1987 година од археолошките ископувања на локалитетот Тумба в Средсело (Тумба 1) село Могила*. Непубликуван извештај. Битола: Завод за заштита на спомениците на културата.

Симоска, Д. и Кузман, П. 1990. Тумба Оптичари. *Arheološki Pregled* 1988: 63–66. Ljubljana.

Симоска, Д. и Санев, В. 1975. Неолитска населба Велушка тумба кај Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 1: 25–85. Прилеп.

Симоска, Д. и Санев, В. 1976. *Праисторија во Централна Пелагонија.* Битола: Народен музеј Битола.

Симоска, Д. и Санев, В. 1977. Неолитска населба на Мала Тумба кај село Трн, Битола. *Macedoniae acta archaeologica* 3: 215–237. Прилеп.

Симоска, Д. Китаноски, Б. и Тодоровиќ, Ј. 1979. Неолитска населба во село Могила кај Битола. *Macedoniae acta archaeologica* 5. 9–30. Прилеп.

Темелковски, Д. и Митkoски, А. 2005. *Садова керамика од Врбјанска Чука*. *Macedoniae acta archaeologica* 16: 29–53. Скопје.

Темелкоски, Д. и Митkoски, А. 2006. Праисториска населба Могила, Сенокос. *Macedoniae acta archaeologica* 17: 55–80. Скопје.

Темелкоски, Д. и Митkoски, А. 2008. Доцнонеолитска населба на локалитетот Кутлине кај село Ракле. *Macedoniae acta archaeologica* 18: 93–108. Скопје.

Трифуновски, Ј. 1997. *Битољско-прилепска котлина: антропогеографска проучавања*. Београд: Српска академија наука и уметности.

Фиданоски, Љ. 2009. Периодизација и хронологија на неолитските култури. Во Наумов, Г. Фиданоски, Љ. Толевски, И. и Ивковска, А. *Неолитските заедници во Македонија*: 43–52. Данте: Скопје.

Фиданоски, Љ. 2012. *Церје – Говрлево и Милош Билбија*. Скопје: Музеј на град Скопје.

Цнотливи, Е. 1990. Праисторискито карпесто живеалиште на падините на Маркови Кули. Во Крзизановски, Л. (уред.) *Тврдината Маркови Кули: извештаи од работата на мисијата 1984-1988*: 62–69. Варшава: Працовние Консервацји Забитков.

*- латинична:*

Allen, S.E. I. Gjipali, P. Karkanas, A. Gardeisen, G. Piquès, R. Ruka, G. Tsartsidou, and E. Ruzi 2014. New Light on the Early Neolithic Period in Albania: The Southern Albania Neolithic Archaeological Project (SANAP), 2006-2013. In Perzhita, L. Gjipali, I. Hoxha, G. and Muka, B. (eds) *Proceedings of the International Congress of Albanian Archaeological Studies*: 107–119. Tirana: Center for Albanian Studies, Institute of Archaeology.

Benac, A. 1979. Prelazna zona. In Benac, A. (ured.) *Praistorija Jugoslavenskih Zemalja* II, Neolitsko doba: 363–472. Sarajevo: Akademija nauke i umetnosti Bosne i Hercegovine.

Bien, B. S. and Pandolfi, L. J. 1972. La Jolla Natural Radiocarbon Measurements VI. *Radiocarbon* 14 (2): 368–379.

Bronk Ramsey, C. Scott, M. and van der Plicht, H. 2013. Calibration for archaeological and environmental terrestrial samples in time range 26-50 ka Cal BC. *Radiocarbon* 55: 2021–2027.

Bunguri, A. 2014. Different models for the Neolithization of Albania*. Documenta Praehistorica* 41: 79–94.

Chausidis, N. 2010. Neolithic Ceramic Figurines in the Shape of a Woman - House from the Republic of Macedonia. In Gheorghiu, D. and Cyphers, A. (eds.), *Anthropomorphic and Zoomorphic miniature figures in Eurasia, Africa and Meso-America: morphology, materiality, technology, function and context*: 25–35. BAR International Series. Oxford: Archaeopress.

Chrysostomou, P. Jagoulis, T. and Mäder, A. 2015. The 'Culture of Four Lakes': Prehistoric lakeside settlements (6th – 2nd millennium BC) in the Amindeon Basin, Western Macedonia, Greece. *Archäeologie Scweiz* 38 (3): 24–32.

Commenge, C. 2009. Neolithic Settlement Patterns in the Alluvial Plains of Macedonia: some insights from preliminary geoarchaeological examination of the basin of Skopje, Republic of Macedonia (FYROM). In De Dapper, M. Vermeulen, F. Deprez, S and Taelman, D. (eds.) *Ol'Man River: Geo-Archaeological Aspects of Rivers and River Plains*: 229–240. Ghent: Ghent University.

Dumurdzanov, N. Serafimovski, T. and Burchfiel, B. C. 2004. *Evolution of Neogene-Pleistocene Basins of Macedonia. Digital Map and Chart Series 1 (Accompanying notes)*. Boulder: Geological Society of America.

Fewkes, V. 1934. Archaeological reconnaissance in Yugoslavia. *Bulletin of the American School of the Prehistoric Research* 1: 29–62.

Garašanin, M. 1979. Centralnobalkanska zona. In: Benac, A. (ed.) *Praistorija Jugoslavenskih Zemalja* II-Neolitsko doba: 79–212. Sarajevo: Akademija nauke i umetnosti Bosne i Hercegovine.

Gimbutas, M. 1976. *Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugoslavia*. Los Angeles: The Regents of the University of California.

Grbić, M., Mačkić P., Nadj Š., Simoska D. and Stalio B. 1960. *Porodin: kasno-neolitsko naselje na Tumbi kod Bitolja*. Bitolj: Narodni muzej Bitolj i Arheološki institut – Beograd.

Heurtley, W. A. 1939. *Prehistoric Macedonia: An archaeological reconnaissance of Greek Macedonia (West of the Struma) in the Neolithic, Bronze and Early Iron Ages*. Cambridge: Cambridge University Press.

Karamitrou-Mentessidi, G. Efstratiou, N. Kozłowski, J.K. Kaczanowska, M. Maniatis, Y. Curci, A. Michalopoulou, S. Papathanasiou, A. and Valamoti, S.M. 2013. New evidence on the beginning of farming in Greece: the Early Neolithic settlement of Mavropigi in western Macedonia (Greece). *Antiquity* 87: 336.

Linick, T. W. 1977. La Jolla Natural Radiocarbon Measurements VII. *Radiocarbon* 19 (1): 19–48.

Mirčovski, V. Boev, B. Efremoski, Z. Šorša, A. and Dimov, Đ. 2015. Hydrochemical Data for Ground Waters in the Bitola's Part of Pelagonia Valley, Republic of Macedonia. *Geologica Macedonica* 29: 15–24.

Mitrevski, D. 2003. Prehistory in Republic of Macedonia - FYROM. In Gramenos, D. V. (ed.) *Recent Research in the Prehistory of the Balkans*: 13–72. Thessaloniki: Archaeological Institute of Northern Greece.

Mitrevski, D. 2006. Some Problems Regarding Macedonian Prehistory - 30 Years Later. In Tasić, N. and Grozdanov, C. (eds.) *Homage to Milutin Garašanin*: 17–26. Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Arts, Macedonian Academy of Sciences and Arts.

Naumov, G. 2010. Symmetry analysis of Neolithic painted pottery from Republic of Macedonia. In Biro – Katalin, T. (ed.) *Data Management and Mathematical Methods in Archaeology. Archaeologia e Calcolatori* 21: 255–274. Roma: Dipartimento Patrimonio Culturale.

Naumov, G. 2013. Embodied houses: social and symbolic agency of Neolithic architecture in the Republic of Macedonia. In Hoffman, D. and Smyth, J. (eds.) *Tracking the Neolithic house in Europe - sedentism, architecture and practice*: 65–94. New York: Springer.

Naumov, G. 2014. Neolithic Privileges: the selection within burials and corporeality in the Balkans. *European Journal of Archaeology* 17 (2): 184–207. Leeds.

Naumov, G. 2015. Early Neolithic Communities in the Republic of Macedonia. *Archeologické Rozhledy* LXVII (2015/3): 331–355. Prague.

Naumov, G. 2016a. Tell Communities and Wetlands in the Neolithic Pelagonia, Republic of Macedonia. *Documenta Praehistorica* 43.

Naumov, G. 2016b. Between Wetlands and Lakes: the network of Neolithic communities in Pelagonia and Lake Ohrid, Republic of Macedonia. In Bacvarov, K. and Gleser, P. (eds.) *Southeast Europe and Anatolia in prehistory: essays in honor of Vassil Nikolov on his 65th anniversary.* Bonn: Rudolf Habelt Publishing House.

Nikolova, L. 1998. Neolithic sequence: the upper Stryama valley in western Thrace (with an appendix radiocarbon dating of the Balkan Neolithic). *Documenta Praehistorica* XXV: 99–131.

Nikolov, V. 1998. The Circumpontic cultural zone during 6th millennium BC. *Documenta Praehistorica* 25: 81–89.

Özdoğan, M. 2011. Archaeological Evidence on Westward Expansion of Farming Communities from Eastern Anatolia to the Aegean and the Balkans. *Current Anthropology* 52 (2): S415–S430.

Perlés, C. 2001. *The Early Neolithic in Greece: The first farming communities in Europe*. Cambridge: Cambridge University Press.

Puteska, A.; Dimovska, B.; Šajn, R. and Stafilov, T. 2015. Distribution of chemical elements in soil samples from the Pelagonia region, Republic of Macedonia. *Geologia Croatica* 68/3: 261–272.

Quitta, H. and Kohl, G. 1969. Neue Radiocarbondaten zum Neolithikum und zur frühen Bronzezeit Südosteuropas und der Sowjetunion. *Zeitschrift für Archäologie* 3: 223–255.

Reimer, P. J. Bard, E. Bayliss, A. Beck, J. W. Blackwell, P. G. Bronk Ramsey, C. Grootes, P. M. Guilderson, T. P. Haflidason, H. Hajdas, I. Hattè, C. Heaton, T. J. Hoffmann, D. L. Hogg, A. G. Hughen, K. A. Kaiser, K. F. Kromer, B. Manning, S. W. Niu, M. Reimer, R. W. Richards, D. A. Scott, E. M. Southon, J. R. Staff, R. A. Turney, C. S. M. and van der Plicht, J. 2013. IntCal13 and Marine13 Radiocarbon Age Calibration Curves 0-50,000 Years cal BP. *Radiocarbon, 55* (4): 1869–1887.

Reingruber, A. 2011. Early Neolithic settlement patterns and exchange networks in the Aegean. *Documenta Praehistorica* 38: 291–305

Reingruber, A. and Thissen, L. 2005. *Aegean Catchment (E. Greece, S. Balkans and W. Turkey) 10000 - 5500 cal BC* (*on line* 2005*)*. http://www.canew.org/data.html

Reingruber, A. and Thissen, L. 2009. Depending on $^{14}$C Data: Chronological Frameworks in the Neolithic and Chalcolithic of Southeast Europe. *Radiocarbon* 51 (2): 751–770.

Srdoč, D. Sliepčević, A. Obelić, B. Horvatinčić, N. and Bošković, R. 1977. Radiocarbon measurements IV. *Radiocarbon* 19 (3): 465–475.

Stojanovski, D. Nacev, T. and Arzarello, M. 2014. Pottery typology and the monochrome Neolithic phase in the Republic of Macedonia. In Schier, W. and Draşovean, F. (eds.) *The Neolithic and Eneolithic of Southeast Europe*: 9–28. Rahden: Verlag Marie Leidorf.

Tasić, N. N. 2006. Anzabegovo - Milutin Garašanin's Key for the Early Neolithic of the Central Balkans. In Tasić, N. and Grozdanov, C. (eds.) *Homage to Milutin Garašanin*: 159–170. Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Arts and Macedonian Academy of Sciences and Arts, SASA Special Editions.

Thissen, L. C. 2000. *Early Village Communities in Anatolia and the Balkans 6500 - 5500 cal BC: Studies in chronology and culture contact*. PhD dissertation. Leiden. Universiteit Leiden.

Valastro, S. Mott Davis, J. E. and Varela, A.G. 1977. University of Texas at Austin: Radiocarbon dates 11. *Radiocarbon* 19 (2): 280–325.

Westphal, T. Tegel, W. Heußner, K.-U. Lera, P. and Rittershofer, K.-F. 2011. Erste dendrochronologische Datierungen historicher Hölzer in Albanien. *Archeologische Anzeiger* 2: 75–95.

Whittle, A. Bartosiewicz, L. Borić, D. Pettit, P. and Richards, M. 2005. New Radiocarbon Dates for the Early Neolithic in Northern Serbia and South-East Hungary: Some Omission and Corrections. *Antaeus* 28: 347–355.

Zdravkovski, D. 2006. New Aspects of the Anzabegovo-Vršnik Cultural Group. In Tasić, N. and Grozdanov, C. (eds.) *Homage to Milutin Garašanin*: 99–110. Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Arts, Macedonian Academy of Sciences and Arts.

**Илустрации:**

**сл. 1** Изработиле: Ѓоре Милевски и Гоце Наумов.

**сл. 2,** 1. в – 48 см (Фиданоски 2009, Т. 66, 7); 2. ш – 23 см (Фиданоски 2009, Т. 66, 5); 3. в – 17 см (Фиданоски 2009, Т. 67, 3); 4. в – 7 см (Колиштркоска Настева 2005, сл. 7); 5. в – 12 см (Колиштркоска Настева 2005, сл. 26); 6. в – 6 см (Колиштркоска Настева 2005, сл. 5); 7. *без размер* (Василева 2005, 40); 8. в – 25 см (Колиштркоска Настева 2005, сл. 43); 9. *без размер* (Василева 2005, 40).

**сл. 3–10** Изработил: Гоце Наумов




сл. 1 Дигитална географска карта на Македонија со Пелагонија означена во црвено поле.




сл. 2 Неолитски садови, фигурини и модели од Тумба и Велушка Тумба – Породин.




сл. 3 Географска карта на Пелагонија со позиција на локалитетите вклучени во калибрирањето на радиокарбонските анализи: 1. Маркови Кули – Прилеп; 2. Чука – Тополчани; 3. Тумба Средсело – Могила; 4. Голема Тумба – Трн; 5. Тумба – Породин; 6. Велушка Тумба – Породин.




сл. 4 Калибрирање на радиокарбонските анализи од Тополчани.




сл. 5 Калибрирање на радиокарбонските анализи од Могила.




сл. 6 Калибрирање на радиокарбонските анализи од Велушка Тумба.




сл. 7 Калибрирање на радиокарбонските анализи од Тумба – Породин.




сл. 8 Калибрирање на радиокарбонските анализи од Маркови Кули.




сл. 9 Калибрирање на радиокарбонските анализи од Трн.




сл. 10 Хронолошка секвенца на калибрираните датуми од тумбите во Пелагонија.

**Александар Мургоски**

*Филозофски факултет – Скопје*

## ПОДЗАБОРАВЕНАТА ФАЗА НА ПЕЛАГОНИСКИОТ НЕОЛИТ

Во овој текст станува збор за една фаза од средниот неолит во Пелагонија, која, иако евидентирана на неколку локалитети, не е определена како таква, ниту пак ѝ е посветено особено внимание. Станува збор за периодот кој непосредно следи по замирањето на животот на локалитетите „Велушка Тумба“ и „Тумба“ кај Породин. Во македонската археологија, прифатено е мислењето дека по замирањето на Велушина-Породин IV, во Пелагонија, веднаш се појавува Трнската група, со керамика видно различна од она што беше вообичаено за раниот и среден неолит во најголемата македонска котлина. Ова мислење се базира врз стратиграфијата на локалитетот „Мала Тумба“, кај битолското село Трн, каде споменатата специфична нова керамика за пелагонискиот простор се појавува над постариот културен слој, во кого се евидентирани керамички форми и декор аналогни на последната фаза на локалитетот „Велушка Тумба“. Но, всушност, по напуштањето на тумбите кај Породин, од причини кои сè уште не ни се познати, со своето егзистирање продолжуваат неколку локалитети. Животот на овие населби продолжува во еден период кој и претходи на појавата на трнската група, или во најмала рака, паралелно со нејзиниот зачеток. Оваа фаза, според досегашните наши сознанија, со сигурност може да се забележи кај локалитетите Чука – Тополчани и Радин Дол. Нејзини главни особености се намалувањето, а подоцна и целосното напуштање на сликањето бели орнаменти врз црвена основа и изработувањето модели на куќи. Вториов споменат тренд, фрла тенок зрак светлина и врз одредени промени кои настанале во духовниот живот на пелагониските тумби по замирањето на животот на породинските тумби. Поради напуштањето на едни од обележјата кои беа лајт-мотив на последните етапи од групата Велушина – Породин, оваа последна фаза од егзистирањето на локалитетите кои биле дел од споменатата група или под нејзино влијание, ја нарекуваме *Велушина – Породин декадентна*.

***Клучни зборови:*** *Пелагонија, неолитски фази, Велушина–Породин, синхронизација*

**Aleksandar Murgoski**

*Faculty of Philosophy – Skopje*

## THE FORGOTTEN PHASE OF PELAGONIAN NEOLITHIC

This article discusses a phase of the Middle Neolithic in Pelagonia which, even though registered at several sites, is not determined as a separate phase and lacks the attention of the researchers. It is the period that followed upon ceasing of existence of sites of VeluškaTumba and

Tumba near Porodin. In Macedonian archaeology it is generally accepted that upon the end of Velušina–Porodin IV, in Pelagonia, the Trn group immediately emerged with pottery evidently different compared to what was common in Early and Middle Neolithic in the greatest Macedonian plain. This belief is based upon the stratigraphy of Mala Tumba site near the village of Trn in vicinity of Bitola where the aforementioned specific new ceramics emerged above the older cultural layer where ceramic shapes and ornaments analogous of the last phase of VeluškaTumba have been noticed. However, upon deserting tells near Porodin, of reasons that are still unknown, life continued at several sites. Life in these settlements also continued in a period that precedes the Trn group, or at least, was simultaneous with its appearance. According to our insight so far, this phase can certainly be noticed at Čuka – Topolčani and Radin Dol. Its main features are the less frequent, and later on completely absent, white ornaments on a red background and house models manufacturing. The latter trend also sheds a thin ray of light over certain changes that appeared in spiritual life of Pelagonian tells after the cease of life on Porodin tells. Due to the omission of one of the landmark features of the last phases of Velušina–Porodin group, this last phase of existence of sites which were either part of or were influenced by it, we refer to *Velušina-Porodin Decadent.*

***Keywords:*** *Pelagonia, Neolithic phases, Velušina–Porodin, synchronization.*

**Вовед**

На археолошката конференција „Неолитот во Македонија“, која се одржа минатата година во организација на Центарот за истражување на праисторијата (ЦИП), беа посочени индициите за постоење на една декадентна фаза на групата Велушина–Породин, која подразбира напуштање на одредени практики во керамичката продукција и прифаќање на нови, претходно неевидентирани во Пелагонија. Ваквата промена се случува во фазите на неколку локалитети кои хронолошки следуваат по напуштањето на Велушка Тумба. Доколку е точно дека станува збор за синхрона појава на нови керамички форми и претходно познати од репертоарот на групата, тоа би значело дека четирите фази, колку што се определени за Велушина–Породин, не се доволни. Сепак, одредени несигурности во поглед на стратиграфијата на некои од локалитетите, во моментов, не дозволуваат потврдување на ваквата условеност како факт. Но, доколку мешањето на познатите обележја на Велушина–Породин со новите елементи кои претходно не биле регистрирани во Пелагонија не е сигурно, појавата на вторите, во младите фази на засегнатите локалитети, е неоспорно. Иако во минатото во еден наврат овие локалитети и појавите евидентирани на нив беа ставени во заеднички контекст, во поново време тие се наполно игнорирани, со што секоја дискусија за неолитот во Пелагонија е осиромашена за една значајна компонента. На тој начин, создадена е сликата за Пелагонија по четвртата фаза на Велушина–Породин каде што приматот го заземаат т.н. Трнска група и локалитетите кои, наводно, манифестираат централнобалкански обележја. Затоа, како главна цел, пред себе текстот има да го насочи археолошкото внимание кон младите фази на овие локалитети, како исклучително важни за разбирање на неолитските процеси во Пелагонија. Овде се разгледани трендовите во керамичката продукција на неколку пелагониски тумби, по фази, а коригирана е и синхронизацијата помеѓу локалитетите Чука – Тополчани и Велушка Тумба, што од самиот извештај за ископувањата

на Чука се покажува како неопходно. Притоа, разгледани се состојбите во Пелагонија по појавата на Трнската група. На тој начин, направен е обид да се определи местото на разгледаните локалитети во однос на сликата за Пелагонија, по напуштањето на велушката и на породинската тумба. Како што ќе се прикаже, во моментов со поголема сигурност може да се зборува само за хронолошката определба на младите фази на засегнатите локалитети и појавите евидентирани кај нив.

### ***Синхронизации и новитети***

#### *Преглед*

Како што се спомна во воведот, локалитетите што ќе бидат разгледани, во минатото само во една пригода биле ставени во заеднички контекст, поради наводни аналогни појави во материјалната култура, или поточно во керамичката продукција. Станува збор за младите неолитски фази на Могила I (Тумба Сретсело), Могила II (Школска Тумба), Чука – Тополчани, Радин Дол. Според Воислав Санев, во соодветните фази на овие локалитети, застапена е една неолитска група која своите паралели ги има во Тесалија, односно кај доцнонеолитската група Лариса (Санев 1995, 44–45). Оваа група, според авторот, хронолошки, го зазема просторот помеѓу Велушина–Породин и Трнската група (Санев 1995, 44–45). Иако хронолошката детерминација на Санев се чини оправдана, паралелите што ги повлекува во керамичката продукција не се најубедливи. Како што ќе биде прикажано подолу, станува збор за појави кои се манифестираат на поширок простор и како такви, барем засега, не допуштаат сигурно поврзување со одредена неолитска група. Истовремено, разгледаните населби меѓусебно се поврзуваат, не толку преку позначајни аналогии во керамичката продукција, туку повеќе поради драстичните разлики во однос на останатите неолитски населби во Пелагонија кои биле активни по напуштањето на породинските тумби. Следува преглед на хронолошкиот сооднос меѓу неолитските фази на засегнатите локалитети и Велушка Тумба, но и на новите трендови во керамичката продукција што се појавуваат.

#### Могила I и Могила II

Во битолското село Могила и неговата околина се регистрирани повеќе локалитети од типот тумби (АКРМ 1996). Две од нив се истражувани по пат на ископување во седумдесеттите години од минатиот век, а во поново време т.н. Рожевска Тумба беше подложена на геомагнетно скенирање (Наумов и др. 2013). Покрај тоа, и „школската“, односно тумбата Могила II, беше повторно ископувана. Резултатите од првите сондажни ископувања спроведени во 1977 г., официјално не се публикувани. Стратиграфската слика на локалитетот е само во кратки црти описно предадена во 1987 г. (Тодоровиќ и др. 1987, 11) и според она што е наведено, доста прилега на блиската т.н. Тумба Сретсело, позната и како Могила I. Могила I по пат на ископување е истражувана во 1975 г., кога се регистрирани три развојни фази од животот на населбата, во голем дел синхрона со групата Велушина–Породин (Симоска и др. 1979). Хронологијата на оваа населба, во однос на Велушка Тумба, како и на останатите пелагониски неолитски населби, изведена е преку компарирање на садовата керамика евидентирана на локалитетите. По овој пат, дојдено е до соодносот на двете населби, прикажан на **Т. I: 1, А**. Според истражувачите, со најмладиот културен стратум населбата од селото Могила ја надживува велушката

тумба (Тодоровиќ и др. 1987, 8). На **Т. IV: А–В**, прикажани се трендовите во продукцијата на „фината керамика“. Овој табеларен приказ е изведен врз основа на извештајот за спроведените истражувања на локалитетот. Разгледувајќи го текот на овие трендови, евидентно е дека третата фаза на локалитетот Могила I, која со голема сигурност може да се тврди дека следи по четвртата фаза на Велушка Тумба, манифестира значајни новитети. Во оваа фаза, доминантна е керамиката со сива боја, за сметка на црвената, која беше специфична за населбите од кругот на Велушина–Породин (Тодоровиќ и др. 1987, 8). Се појавуваат и нови начини на декорирање на садовите, со паралелни низи од триаголни убоди (**Т. VII:2**), но и аплицирање на глинена маса во вид на мали кружни форми кои формираат S мотив (**Т. VII:1**). Разгледувајќи го инвентарот на третата фаза од Могила I, забележливо е дека паралелно со новите елементи, евидентирани се и појави кои беа и претходно познати од локалитетите, дел од групата Велушина–Породин што, ако е точно, зборува за континуитет на населбата низ третата фаза. Но, оваа фаза е доста нарушена со подоцнежната средновековна некропола и артефактите пронајдени во неа сигурно не се стратиграфски фиксирани (Симоска и др. 1979). Врз основа на краткиот осврт што го прават истражувачите, може да се претпостави дека повеќе или помалку, синхроно се одвивале процесите и на населбата на Могила II, односно локалитетот Школска Тумба. Тука, сивата керамика настапува во втората фаза на овој локалитет, додека во третата фаза тие се доминантни заедно со црната монохроматска керамика, што беше случај и со претходно наведениот локалитет Могила I (**Т. III**) (Тодоровиќ и др. 1987, 11). Овој локалитет, односно неговата периферија, повторно беше истражувана во 2014 г. Со овие истражувања беа детектирани два неолитски хоризонта, со тоа што третиот кој бил регистриран во 1976 г. на централниот дел од тумбата, на нејзината периферија бил значително нарушен во средниот век (Наумов и Томаж 2015, 82). Но, и покрај тоа, општиот впечаток на истражувачите е дека новите истражувања во голема мера ги потврдуваат претходните сознанија (Наумов и Томаж 2015, 81). Според нив, сличноста на инвентарот што го содржат културните слоеви и малото растојание меѓу Тумба Сретсело, Тумба Селска Црква и Школска Тумба, отвораат можност за тоа дека станува збор за една поголема тумба, која со градежните зафати од поново време била расчленета на помали сегменти (Наумов и Томаж 2015, 81). Сепак, заради подобро следење, тука Школска Тумба и Тумба Сретсело се означени како засебни локалитети, Могила II, односно Могила I.

### Радин Дол

Оваа населба се вбројува во т.н. рамни населби и таа во истражуваниот дел е еднослојна (Китаноски и др. 1987, 7–30). Од страна на истражувачите, во поглед на хронологијата, таа е поставена нешто по Велушка Тумба IV (**Т. I: 1: C**) (Китаноски и др. 1987, 25). И покрај присуството на жртвениците, што зборуваат за блискост на оваа населба со Велушко-породинската група, сепак продукцијата на садова керамика покажува отстапувања (**Т. II**) кои го оправдуваат спомнатото хронолошко детерминирање од страна на истражувачите (Китаноски и др. 1987, 24–25). Во таа смисла, специфичен е врежаниот цик-цак орнамент, изведен врз еден сад со темносива боја (Китаноски и др. 1987, 22). На него се придодава и сликањето на црвени орнаменти врз црвена основа, што не е специфично за Пелагонија во времето на Велушина–Породин I–IV (Китаноски и др. 1987, 22). Поради керамичките форми евидентирани на локалитетот Радин Дол, кои се познати од истражувањата спроведени на останатите пелагониски локалитети, но и новите елементи, истражувачите заклучуваат дека тука застапен е еден *...доцен период од досега познатите фази на Велушко-породин-*

*ската група*... (Китаноски и др. 1987, 24). Во поглед на керамичките форми интересен е садот, од авторите вброен во групата топчести чинии со поширок отвор и цилиндричен врат, кој сепак преминува во биконусен, но со заоблено рамо и црна сјајно измазнета површина (**Т. VII:3**) (Китаноски и др. 1987, 20).

Нова синхронизација помеѓу локалитетите Чука – Тополчани и Велушка Тумба

Неолитската населба на локалитетот Чука кај прилепското село Тополчани е истражувана во два наврата. Во првиот, детектирани се две фази од животот на оваа населба и не била утврдена дебелината на културниот слој (Китаноски 1977, 27). Поради ова, како референтни можат да се земат само вторите истражувања со кои се утврдени три фази, а за првите две и по две потфази (Китаноски и др. 1978). Во обид населбата хронолошки да се фиксира, направени се и радиокарбон анализи. Добиени се два датума, од кои едниот се чини малку веројатен. Се работи за најраниот резултат добиен од пелагониските неолитски тумби, односно 7050–6200 години пр.н.е. (Whittle et al. 2005, 348 во Naumov 2015, 341). Ако се имаат предвид формите и декорацијата на керамичките садови застапени во првата фаза на Чука, јасно е дека ова датирање не одговара на реалната состојба. Доста поадекватно се чини другото, според кое населбата (т.е. слојот од каде што се земени примероците) влегува во рамките 6250–5500 години пр.н.е. (Фиданоски 2009, 50). Не земајќи ги предвид овие датирања, истражувачите на локалитетот направиле синхронизација со Велушка Тумба, споредувајќи ги спецификите во продукцијата на керамички садови (**Т. I:2:А**). Според нив, фазата I со двете свои потфази е паралелна на Велушка Тумба III, додека втората фаза (IIa–IIb) е паралелна со Велушка Тумба IV (Китаноски и др. 1978, 28). Што се однесува до третата фаза на Чука, по речиси една деценија, истражувачите заземаат став дека таа е паралелна со плочничките фази на Винча (Тодоровиќ и др. 1987, 7).

Меѓутоа, токму садовата керамика не допушта вакво синхронизирање на двете населби. Во IIa фаза на Чука, како што е наведено во извештајот од вторите истражувања, значајно е намалена продукцијата на садови декорирани со бели мотиви врз црвена основа, можеби највиталното обележје на Велушина – Породин I–IV (**Т.V:В**) (Тодоровиќ, и др. 1987, 15). Покрај ова, црвената боја, воопшто, започнува да им отстапува место на сивата и на црната. Забележана е и намалена продукција (ако не и целосно отсуство) на т.н. модели на куќа во оваа фаза (Тодоровиќ, и др. 1987, 17). Во наредната, IIb фаза, промените се уште подрастични. Садови декорирани со бели орнаменти врз црвена основа не се пронајдени, а не се пронајдени ниту модели на куќа. Нив ги нема и во последната, односно, во фазата III (Тодоровиќ и др. 1987, 19–23). Во фазата IIb се појавуваат и нови керамички форми (**Т. VII:5–6**), а сивите и црните садови наполно доминираат. Според ова, јасно е дека постојната синхронизација помеѓу Чука и Велушка Тумба не соодветствува на реалната состојба. Доколку фазата II (a и b) беше паралелна со Велушка Тумба IV, во нејзиниот инвентар бело сликаните садови врз црвена основа сигурно ќе беа присутни како и моделите на куќа, што беше случај со претходната фаза I (a и b). Поради ова, на (**Т. I:2:В)** предложена е нова синхронизација меѓу овие населби, каде што фазата IIb е поставена по Велушка Тумба IV, а претходната фаза IIa поставена е кон крајот на Велушка Тумба IV, но сосема е веројатно таа да настапила дури по напуштањето на велушката тумба. Фактот што првата фаза на Чука има две потфази, ја отвора можноста за нивна синхронизација со Велушина III, односно IV, но тоа треба детаљно да се анализира, па засега е доволно да се коригира IIb фазата, што со оглед на нејзиниот карактер се чини неопходно. Дека оваа фаза отстапува од она што беше начело во керамичката продукција на групата Велушина – Породин, увидел и В. Санев. За оваа и за наредната, фаза III на Чука, тој бара паралели во Тесалија кај т.н. група Лариса (Санев 1995, 44–45). Пред него пак, Милутин Гарашанин сметал дека во III фаза е застапена доцна еволуција на Велушина – Породин (Гарашанин 1989, 30).

### *Сумирање*

Неолитските населби што беа разгледани, ги поврзуваат следниве моменти: постоење фази синхрони со Велушина – Породин, но и по нејзината четврта фаза; (несигурно) мешање на обележјата на оваа група со нови керамички форми и начини на декорирање; хронолошки соодност помеѓу Велушина – Породин и фазите во кои настапуваат новитетите на засегнатите локалитети; самите карактеристики на новите елементи во керамичката продукција. Според последниот критериум, разликата во однос на останатите населби кои биле активни по четвртата фаза на Велушко-породинската група, ги поврзува многу повеќе отколку што тоа го прават новите елементи кои се појавија во нивните помлади фази. На тој начин, тие, преку керамичките форми и начините на нивно декорирање, не манифестираат хомогеност и идентични решенија. Всушност, се работи за керамички асамблажи каде што мнозинството го сочинуваат монохромни керамички фрагменти, а декорацијата е вистинска реткост. Тоа не е случај со т.н. Мала Тумба – Трн, Могила – Сенокос или Кутлине – Ракле, како населби активни во Пелагонија по напуштањето на епонимните локалитети на групата Велушина – Породин. Се поставува прашањето за хронолошкиот соодност меѓу нив и оние што се во фокусот на текстот, дали егзистираат паралелно или пак пред нив, но по Велушка Тумба IV, со оглед на тоа што од направениот преглед на локалитетите јасно е дека на сите нив новитетите настапуваат по четвртата фаза на Велушина. Тоа прашање се разгледува подолу, откако ќе се изврши увид во состојбите во Пелагонија по Велушка Тумба IV.

### *Пелагонија по четвртата фаза на Велушка Тумба*

#### *Преглед*

Сликата за Пелагонија по четвртата фаза на Велушина – Породин, авторите најчесто започнуваат да ја градат со локалитетот Мала Тумба, кај село Трн, Битола (Санев 1995 42). Преку сондажните истражувања во 1973 година, на Мала Тумба – Трн се евидентирани два станбени хоризонта, од кои постариот истражувачите го синхронизираат со Велушка Тумба III–IV (Симоска и др. 1977, 219). Што се однесува до помладиот хоризонт и специфичните наоди евидентирани во него, истражувачите сметаат дека сведочат за една помала група население, која во времето на втората половина на средниот неолит за Јадранскиот брег, некаде од тие простори навлегла во Пелагонија, носејќи ја својата материјална култура (Симоска и др. 1977, 232). Поради нејзината нетипичност за Пелагонија, втората фаза од локалитетот Мала Тумба – Трн и материјалот кој ѝ припаѓа, издвоени се како засебна т.н. Трнска културна група (Симоска и др. 1977, 232). Покрај неа, во Пелагонија истражувани се уште неколку населби, активни по четвртата фаза на Велушка Тумба, но тие не се етаблирани како засебна културна група. Дел од нив се доцнонеолитските локалитети Кутлине кај село Ракле (Темелкоски и Миткоски 2008), Прчинога кај село Дуње, Ѓерамиди кај село Чаниште (Миткоски 2010, 4–6), Могила – Сенокос (Темелкоски и Миткоски 2006). Иако овој период е застапен и на неколку други локалитети, тука ќе бидат разгледани наброените, бидејќи убаво ги отсликуваат состојбите во Пелагонија и можат да послужат како репер со кој ќе се одреди местото на локалитетите од претходното поглавје. За разлика од Мала Тумба – Трн, која од Велушко-породинската група се разликуваше првенствено според садовата керамика (**T. VI: 18–20**), овие четири населби манифестираат и потреба од различен еко-амбиент. Сите тие се подигнати надвор од пелагониската рамнина, во услови кои се многу попогодни за одгледување добиток отколку за земјоделство (**сл. 1**). Во таа смисла, битно е да се спомне фактот што, при истражувањата спроведени на Могила – Сенокос,

наидено е на обилен остеолошки материјал, што не е чест случај кај населбите од кругот на Велушина–Породин (Китаноски 1971, 20–21). Она што ги спојува овие населби со онаа од локалитетот кај село Трн е сосема различниот пристап во изработувањето на садовата керамика во однос на групата Велушина–Породин.

*Паралели и синхронизации*

Како што се спомна, по истражувањата на Мала Тумба кај село Трн, населбата од втората фаза детектирана на овој локалитет е издвоена како засебна група, а синхронизирана е со Данило III (Симоска и др. 1977, 219). Алојз Бенац прво смета дека се работи за најјужниот локалитет од т.н. преодна зона, кој не рефлектира мешање на обележјата на западната и централнобалканската зона и своето извориште го има кај првата (Benac 1979, 466). Но, по извесно време го застапува мислењето дека помеѓу материјалот од Мала Тумба има нагласено присутни централнобалкански елементи, изразени пред сè, преку монохромната керамика (Бенац 1989, 18). Во поглед на хронологијата, Трнската група ја поставува како паралелна со Данило III, Винча B1, Какањ III (Benac 1979, 470). Речиси идентична хоризонтална стратиграфија ѝ определува и Воислав Санев, синхронизирајќи ја Трнската група со: Цакран–Дунавец II, Данило II–III, Какањ II–III, Винча A2–B1, Цангли–Димини I, Ангелци–Зелениково II (Винча–Тордош I–II) (Санев 1995, 44). По прашањето за изворишт‌ето на Трнската група, Санев е согласен со Бенац и смета дека тоа треба да се бара во поразвиените фази на комплексот Цакран–Дунавец (Санев 1995, 44). Иако Бенац својата преодна зона ја ограничува на Јужна Пелагонија, според Темелкоски и Миткоски, влијанија од два правци трпела и северната половина на Пелагонија, односно локалитетот Могила – Сенокос кој се наоѓа на северниот раб на котлината (Benac 1979, 363; Темелкоски и Миткоски 2006, 69). Според овие автори, животот на Могила – Сенкос започнува со интрузија на население по истиот пат, по кој веројатно се движеле и носителите на Трнската група, и тоа истовремено (Темелкоски и Миткоски 2006, 74). Присуството на елементи карактеристични за јадранските групи од доцниот неолит помеѓу материјалот од населбата, го објаснуваат со повторно демографско придвижување од истите области, во времето кога е формирана т.н. група „Устие на Дрим“ (Темелкоски и Миткоски 2006, 75). Може да се заклучи дека неолитскиот живот на населбата се одвивал во најмалку две фази (Темелкоски и Миткоски 2006, 74). Во помладата фаза, односно втората, се забележуваат елементи карактеристични за внатрешноста на Балканскиот Полуостров и тие се доминантни во археолошката граѓа (Темелкоски и Миткоски 2006, 75).

За разлика од културолошките обележја, хронолошкиот карактер на овие елементи не е определен, но доколку тие се јавуваат во времето на формирање на групата „Устие на Дрим“, по тој пат може да се изведе хоризонталната стратиграфија на Могила – Сенокос II, што според Бенац би било во времето на Винча B2 (Benac 1979, 470). Синхроност со втората фаза на Могила – Сенокос, односно помладата неолитска фаза каде што се јавуваат централнобалканските елементи, според материјалот прибавен по пат на рекогносцирања, покажува локалитетот Прчинога, сместен во Мариовската област. Во прилог на овој став одат држалките кои се јавуваат на овие локалитети (спореди **T. VI: 1: 1** со **T. VI: 1: 5**). Со оглед на фактот што локалитетот не е ископуван, не треба да се отфрли можноста за постоење и на порани или подоцнежни фази (Миткоски 2010, 4). Општо земено, прибавениот материјал со своите карактеристики упатува кон внатрешноста на Балканскиот Полуостров и културните групи блиски до Винча (Миткоски 2010, 6). Истото е наведено и за блискиот локалитет Ѓерамиди кај село Чаниште (Миткоски 2010, 6). Меѓутоа, на овој локалитет регистриран е и еден фрагмент од сад, орнаментиран со cardium impresso техника (**T. VI: 1:**

**9**), кој упатува на одредени врски со југозапад или токму со локалитетот Могила – Сенокос, каде што оваа техника исто така се појавува (Миткоски 2010, 6; Темелкоски и Миткоски 2006, 57). Оваа околност сугерира во иднина сондажни истражувања на локалитетот Ѓерамиди, преку кои со сигурност ќе се утврди неговата стратиграфија, но и културолошката ориентација. Држалките од Могила – Сенокос и Прчинога, кои беа спомнати, во малку изменета варијанта се појавуваат и на локалитетот Кутлине кај селото Ракле (**Т. VI: 1: 14**).

Овој локалитет, во целост се поврзува со населбите што биле дел или пак блиски до доцнонеолитската Винча (Темелкоски и Миткоски 2008, 103). Со својата положба и хронологија, Кутлине ја сугерира трасата по која навлегувале централнобалканските влијанија во Пелагонија, која иако можеби не била единствена, сепак, како што се чини, е единствената потврдена. Локалитетот е сместен близу до планинскиот превој Плетвар, кој ја поврзува Пелагонија со Повардарието и претставува најдобра, во сообраќајна смисла, комуникација помеѓу овие предели. Покрај ова, Александар Миткоски, кој ја истражувал оваа населба, нејзината постара фаза ја синхронизира со Винча–Тордош II, што ја прави постара во однос на фазата од Могила – Сенокос, каде што за прв пат се јавуваат централнобалкански елементи (Темелкоски и Миткоски 2008, 103). Се разбира, ова е точно, доколку е точно тоа дека овие елементи се појавуваат на Могила – Сенокос во времето кога е формирана групата „Устие на Дрим“, како што наведуваат авторите (Темелкоски и Миткоски 2006, 74–75). Што се однесува до втората фаза на Ракле, Миткоски и Темелкоски ја синхронизираат со Винча–Плочник II, и тоа претставува доста голем временски скок, кој ќе мора да биде разгледан во наредна пригода (Темелкоски и Миткоски 2008, 105). Вкрстувајќи ги разгледаните ставови на авторите, се доаѓа до хронолошката табела дадена на **Т. I: 3**.

Доколку разгледаните синхронизации што авторите ги направиле одделно за соодветните локалитети се точни, тогаш јадранските, т.е. западнобалканските елементи во внатрешноста на Пелагонија навлегуваат пред тоа да го сторат централнобалканските. Иако Бенац го промени својот став во однос на застапеноста на централнобалканските влијанија на локалитетот Мала Тумба – Трн, сепак, и новото негово видување не е најубедливо, затоа што монохромната керамика која ја зема како доказ не е ексклузивитет на централните предели на Балканскиот Полуостров, туку присутна е и на југ (Бенац 1989, 18). Така, според досегашните сознанија, може да се рече дека локалитетот Кутлине – Ракле се јавува како централнобалкански пионер на овие простори, од каде што новите, северни елементи ќе се прошират кон Мариовската област и ќе навлезат во внатрешноста на Пелагонија. Од друга страна, евидентно е дека контактна зона помеѓу (југо)западните и централнобалканските групи не претставувал само јужниот дел на Пелагонија, како што определил Бенац, туку и северните области на котлината (Могила – Сенокос), а во извесна смисла и Мариовската област (Ѓерамиди – Чаниште). Притоа, не треба да се заборави и евентуалното присуство на јужна компонента, бидејќи т.н. култни садови ритони, евидентирани кај Трнската група се појавуваат и во доцниот неолит на денешна Грција (Bonga 2013). Тука се поставува прашањето за местото на Пелагонија во оваа слика, односно на младите фази од локалитети кои беа разгледани во претходното поглавје.

### *Подзаборавената фаза од пелагонискиот неолит во контекст на актуелната слика за котлината*

Своевремено, Милтуин Гарашанин во третата фаза на Чука – Тополчани, увиде можност за една доцна еволуција на Велушина – Породин (Гарашанин 1989, 30). За разлика од Гарашанин, кој наведува дека сивата и црната полирана керамика од најмладата фаза на локалитетот, можеби упатува на паралела со доцнонеолитските монохромни садови, ис-

тражувачите на локалитетот оваа фаза оптимистички и без убедливо образложение ја синхронизираат со појавата на Винча–Плочник (Гарашанин, 1989, 33; Тодоровиќ и др. 1987, 7). Санев е единствениот автор кој во заеднички контекст ги поставува Чука – Тополчани IIb-III, Могила (I) III и Радин Дол, притоа додавајќи ги и раните слоеви на Шуплевец и Бакарно Гумно (Санев 1995, 44–45). Според него, се работи за група слична на Лариса во Тесалија, која го исполнува времето помеѓу Велушко-породинската и Трнската група (Санев 1995, 45). Но, за волја на вистината, пелагониските локалитети покажуваат сличност со групата Лариса онолку колку и со останатите групи од раната фаза на доцниот неолит. Својот став, Санев го базира врз *...суво полирање, биконусно прекршување на чиниите, сликање суво на суво и апликации во вид на капки...* (Санев 1995, 45). Меѓутоа, овие елементи можат да се забележат на поширок простор. Апликации во вид на капки се познати и во Елатеа (**Т. VI: 2: 1–6**), „S“ мотивот е доста популарен во Димини групата (**Т. VI: 2. 7.**), додека монохромната полирана и биконусна керамика се јавува на еден поширок простор на Балканскиот Полуостров, но и во Мала Азија (Holmberg 1964, 346–347).

Сепак, оправдано се чини поставувањето на Могила (I) III, Чука IIb (а како што беше посочено и IIa) и Радин Дол, пред појавата на Трнската група, а со тоа и пред Могила – Сенокос I. Како што беше прикажано, во доцниот неолит Пелагонија се претвора во една преодна зона каде што населбите со различна културолошка заднина стапуваат во контакт, што се одразило и во нивната керамичка продукција. Тоа не е случај со Чука, Радин Дол и Могила (I и II). Ако се тргнат настрана острото биконусно прекршување на садовите и доминантноста на сивите и црни садови кои, како што беше посочено, се појави што не можат просторно тесно да се ограничат, тогаш младите фази на овие локалитети не покажуваат никаква сличност со Трнската група. Населбите Могила (I и II) и Чука – Тополчани се наоѓаат на потегот помеѓу Мала Трнска Тумба и Могила – Сенокос (**сл. 1**). Бидејќи населбата од првата фаза на Могила – Сенокос, според Темелкоски и Миткоски е синхрона со Мала Тумба – Трн и има иста културолошка заднина, речиси е невозможно да се замисли дека овие две населби егзистирале синхроно со населбите Могила и Чука, притоа тие без да остварат поблиски контакти кои би се одразиле врз керамичкиот материјал пронајден на соодветните населби (Темелкоски и Миткоски 2006, 74). Во соседна Грција, периодот на доцниот неолит е окарактеризиран со интензивна комуникација помеѓу населбите и со зголемена размена на керамика. Евидентно од примерите на Могила – Сенокос II и Ѓерамиди – Чаниште, може да се заклучи дека тоа се однесува и на Пелагонија (Demoule et al. 1993, 393).

Јасно е дека населбите од Могила и Чука, доколку егзистирале во едни вакви услови, неизбежно ќе оствареле контакт со Мала Тумба – Трн и Могила – Сенокос, што ќе се одразело и во нивната материјална култура. Поради тоа, сосема е оправдано тие хронолошки да се постават пред појавата на Трнската група, а тоа се однесува и на локалитетот Радин Дол. Од друга страна, тешко е да се каже и тоа дали и помеѓу себе, младите фази на Могила (I и II), Чука Тополчани и Радин Дол се синхрони. Не постојат елементи од кој било аспект на керамичката продукција кои во моментов би овозможиле сигурна синхронизација помеѓу нив. Со три фази активни по Велушка Тумба IV, Чука – Тополчани (IIa, IIb и III), со сигурност има една или две фази пред или по Радин Дол и Могила III (I и II). Сепак, како што се чини, младите фази на наброените локалитети активни се помеѓу четвртата фаза на Велушка Тумба и Трнската група, така што може да се очекува дека некои од нив, повеќе или помалку, се поклопуваат.

Штом се јасно одделени културолошките и хронолошките фази од Трнската група, останува да се разгледа соодносот помеѓу нив и групата Велушина – Породин, односно нејзината четврта фаза. Како што беше спомнато, Гарашанин сметал дека Чука – Тополчани III претставува доцна еволуција на оваа група, додека пак Санев повлекува паралели со

Лариса во Тесалија, ставајќи ги во заеднички контекст и Радин Дол, Могила, Шуплевец и Бакарно Гумно (Гарашанин 1989, 30; Санев 1995, 44–45). Санев, всушност, се повикува на Гарашанин во своето излагање, но кај вториов јасно е наведена можноста за постоење на повеќе групи во Пелагонија, по Велушина–Породин IV, меѓу кои и Чука – Тополчани III како еволуирана Велушина–Породин, но и слична група на тесалиската Лариса, независно од Трнската група (Гарашанин 1989, 30–31). Така, како што и претходно беше спомнато, Гарашанин не ѝ определува сигурен доцнонеолитски карактер на керамиката од младите слоеви на Чука – Тополчани наведувајќи: ...овде постоји и сива и црна глачана керамика, делом са биконичним судовима који можда упућују на везу са фином монохромном и тамном керамиком касног неолита...[1] При тоа, авторот предупредува дека материјалот од Шуплевец и Бакарно Гумно, кој го издвоил Харалд Хауптман (Harald Hauptmann), покрај со групата Лариса, може да се поврзе и со доцнонеолитската црна полирана керамика од Сервија и Егејска Македонија (Гарашанин 1989, 31).

На тој начин, повторно се доаѓа до фактот дека единствено врз основа на присуството на биконусна црна или сива полирана керамика, не може да се повлечат цврсти паралели помеѓу населбите од Пелагонија и групата Лариса. Се поставува прашањето дали можат да се направат паралели помеѓу младите фази на Чука – Тополчани, Радин Дол и тумбите од Могила, односно, дали во нив може да се бара еволуција на Велушина–Породин, како што направи Милутин Гарашанин за првиот од овие локалитети, или пак станува збор за нова културна група, со нејзини нови носители. На локалитетот Радин Дол садовата керамика, или поточно т.н. фина керамика, покажува значајни отстапувања од начелата на групата Велушина–Породин. Не се пронајдени фрагменти од бело сликани садови, доминантни се темните бои од спектарот, а ги нема ни моделите на куќа кои беа силно обележје на неолитот во Пелагонија. Но, истражувачите на населбата од Радин Дол заклучуваат дека, општо земено, таа ги има карактеристиките на Велушко–породинската група и претставува една нејзина, дотогаш, непозната фаза (Китаноски и др. 1987, 24). Формите на садовата керамика се познати од репертоарот на групата Велушина – Породин, а покрај нив се појавуваат и предмети од т.н. тип жртвеници, евидентирани и на други населби од групата (Китаноски и др. 1987, 23–24). На тој начин, Радин Дол засега е сериозен кандидат за потврдување на првата теза, односно, континуитет на дел од носителите на Велушко–породинската група по нејзината четврта фаза, низ следна или фаза на напуштање на голем дел од визуелните начела на материјалната култура на групата, но и прифаќање нови. Во поглед на ова прашање, од огромна помош би биле нови истражувања на Чука – Тополчани. Фактот што на овој локалитет се евидентирани неколку фази за кои се издвоени и потфази, а притоа само најдолната, односно првата фаза може да се синхронизира со Велушка Тумба, ветува можност за проверка на изнесената претпоставка. Во преден план се имаат фазите IIa и IIb, каде што со детектирање на затворени контексти, нивниот инвентар може да потврди мешање на обележјата на Велушина–Породин со новите елементи, пред првите целосно да се напуштат или пак спротивно, да биде евидентирана јасна граница помеѓу нив без коегзистенција, како што веројатно не е случај на Радин Дол. Мешање на Велушко–породинските традиции со нови елементи, како што се чини, се јавува и на тумбите кај село Могила, кои можеби претставувале и една поголема тумба за време на неолитот. Таму, во младите фази, се јавува зголемено присуство на фина црно полирана керамика која често има биконична профилација, но паралелно со неа и садови сликани со бела боја врз црвена монохромна основа (Наумов и Томаж 2015, 81–82). Меѓутоа, стратиграфските нарушувања направени во средниот век на могилските тумби, барем засега, оневозможуваат земање на ваквата условеност како факт (Симоска и др. 1979).

1 ...овде постои и сива и црна полирана керамика, во еден дел со биконусни садови што можеби упатуваат на врска со фината монохромна и темна керамика на доцниот неолит...

***Заклучни согледувања***

Како што можеше да се види, на појавата на Трнската група во Пелагонија ѝ претходи една неолитска етапа во која обележјата на групата Велушина–Породин се напуштаат или веќе се напуштени на населбите низ котлината. Долната хронолошка граница на оваа етапа е напуштањето на велушката и породинската тумба, но и други неолитски тумби во Пелагонија, односно IV фаза на групата чии епонимни локалитети се двете спомнати. Карактеристични за оваа етапа се сивата и црната сјајно измазнета керамика, биконусни садови форми и сосема ретка орнаментика, најчесто изведена со темни бои, а со сигурност е застапена на тумбите во село Могила и Чука – Тополчани, како локалитети кои зачетокот го имаат во време на Велушина–Породин и Радин Дол, како новоподигната населба по напуштањето на Велушка Тумба. Во општи црти, оваа керамика претставува новитет во Пелагонија и прекин на традициите на групата Велушина–Породин. Меѓутоа, појавата на т.н. жртвеници на локалитетот Радин Дол, кои беа типични за оваа група, и потенцијалното мешање на нејзините обележја на тумбите во Могила и на Чука – Тополчани со новите појави, иницираат размислување за блага трансформација на трендовите во керамичката продукција на оваа група, низ една етапа во која се напуштале начелата на групата и се прифаќале нови.

Зголемената појава на црна и сива полирана керамика, но и на биконични профили уште во втората фаза на тумбите во село Могила, можеби ги најавува идните текови во керамичката продукција веќе во времето на IV фаза на Велушка Тумба, која се синхронизира со втората фаза на Могила I (Симоска и др. 1979; Наумов и Томаж 2014, 79). Новите елементи во керамичката продукција, Воислав Санев неаргументирано ги поврзува со Лариса групата во Тесалија, иако и самиот потенцира дека се среќаваат и во постариот слој на Цакран (Санев 1995, 44–45). За разлика од него, Милутин Гарашанин во Чука – Тополчани III гледа доцна еволуција на Велушина–Породин, како и Китаноски во Радин Дол (Гарашанин 1989, 30; Китаноски и др. 1987, 24). Доколку преку идни истражува со сигурност се потврди синхрона појава на елементи карактеристични за Велушина–Породин и оние кои беа непознати во рамките на групата, тоа ќе значи континуитет на дел од населбите од оваа група и по четвртата фаза којашто е определена како последна. Со тоа, ќе мора да биде издвоена најмалку уште една фаза за оваа група, која по својот карактер е декадентна во однос на традиционалните обележја на групата.

Кога поточно пристигнуваат овие новитети во Пелагонија, засега тешко е да се рече. Дали тие го означуваат почетокот на доцниот неолит во Пелагонија или пак се јавуваат и нешто порано, создавајќи еден преоден период, како што е тоа фазата Зарко во Тесалија, ќе остане отворено прашање. За жал, сиромашната декорација на керамиката, преку која пред сè се манифестираат новитетите, како и нејзините форми, нè оневозможуваат сигурно да го одредиме правецот од каде пристигнале тие. Можеби фактот што сите, повеќе или помалку, синхроно напуштени породински тумби (Влаку – Живојно, Гургур – Тумба) се наоѓаат во јужниот дел на котлината, сугерира претпоставен притисок врз групата од тој правец, но нивното напуштање може да било условено и од ред други причини, на пример, промена на еко-амбиентот во кој егзистирале. Со сегашниов степен на истраженост и самиот карактер на истражувањата правени досега, доволно е да се заклучи дека приказната за Пелагонија по Велушина–Породин IV не започнува со Трнската група и на неа ѝ претходи една етапа која во иднина треба да се има предвид.

**Библиографија:**

*- кирилична:*

АКРМ 1996. *Археолошка карта на Република Македонија 2*. Скопје: Македонска Академија на Науките и Уметностите.

Бенац, А. 1989. Неки проблеми односа Македоније и Западног Балкана у неолитском добу. *Macedoniae acta archaeologica*: 10: 9–24. Скопје.

Гарашанин, М. 1989. Проблеми неолита и енеолита централног Балкана у вези са резултатима истраживања у Македонији. *Macedoniae acta archaeologica*: 10: 25–36. Скопје.

Китаноски, Б. 1971. Траги на најстарата култура во прилепскиот крај. *Прилеп и прилепско низ историјата: книга прва: од праисторијата до крајот на првата светска војна:* 15–31. Прилеп.

Китаноски, Б. 1977. Неолитска населба Чука кај село Тополчани. *Macedoniae acta archaeologica*: 3: 27–42. Прилеп.

Китаноски, Б. Симоска, Д. и Тодоровиќ Ј. 1987. Радин Дол – Неолитска населба кај Прилеп. *Macedoniae acta archaeologica*: 6–7. Скопје.

Китаноски, Б. Симоска, Д. и Тодоровиќ, Ј. 1978. Нови археолошки истражувања на населбата Чука во Тополчани кај Прилеп. *Macedonia acta archaeologica*: 4: 9–32. Прилеп.

Миткоски, А. 2010. Мариово во праисторијата. *Macedoniae acta archaeologica*: 19: 1 - 36

Наумов, Г. и Томаж, А., 2015. Ископување на локалитетот "Школска Тумба" во Могила. *Патримониум:* 67–96. Скопје.

Наумов, Г. Тржециецки, М. Пржибила, М. Чвиеј, М. Бугај, У. Шчепаник, П. и Подсјадло, М. 2013. Археолошко, топографско и геофизичко истражување на неолитски тумби во Пелагонија. *Патримониум:* 17–44. Скопје.

Санев, В. 1995. Неолитот и неолитските култури во Македонија. Во Старделов, Г. Матевски, М. и Грозданов, Ц. (ред.) *Цивилизации на почвата на Македонија, прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија, книга 2*: 21–46. Скопје: Македонска Академија на Науките и Уметностите.

Симоска, Д. и Санев, В. 1977. Неолитска населба на Мала Тумба кај село Трн, Битола. *Macedoniae acta archaeologica*: 3: 215–233. Прилеп.

Симоска, Д. Китаноски, Б. и Тодоровиќ, Ј. 1979. Неолитска населба во село Могила кај Битола. *Macedonia acta archaeologica*: 5: 9–30. Прилеп.

Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2006. Праисториска населба Могила Сенокос. *Macedoniae acta archaeologica*: 17: 55–77. Скопје.

Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2008. Доцнонеолитска населба на локалитетот Кутлине кај село Ракле. *Macedoniae acta archaeologica*: 18: 93–108. Скопје.

Тодоровиќ, Ј. Симоска, Д. и Китаноски, Б. 1987. Осврт врз резултатите од археолошките ис-

тражувања на праисторијата во Пелагонија. Во Ивановски Н. (уред.) *Зборник на трудови:* 5 – 24. Битола: Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија – Битола.

Фиданоски, Љ. 2009. Периодизација и хронологија на неолитските култури. Во Наумов, Г. Фиданоски, Љ. Толевски, И. и Ивковска, А. *Неолитските заедници во Република Македонија:* 43–53. Скопје: Данте.

- *латинична:*

Bonga, L. A. 2013. *Late Neolithic Pottery from Mainland Greece, ca. 5,300–4,300 B.C.* PhD thesis. Philadelphia: Temple University.

Weinberg, S. S. 1962. Excavations at Prehistoric Elateia, 1959. *Hesperia* 31: 158–209.

**Илустрации:**

карта 1 местоположба на дел од пелагониските неолитски локалитети

**Т. I**

Синхронизации

1: Актуелната синхронизација на дел од пелагониските населби со Велушка Тумба.

А: Могила I (според Симоска и др. 1979, 9–31).

В: Могила II (според Тодоровиќ и др. 1987, 11, надополнето од авторот).

С: Радин Дол (според Китаноски и др. 1987, 30).

2: Синхронизација помеѓу Чука – Тополчани и Велушка Тумба.

А: Постоечка (според Китаноски и др. 1978, 9–33).

* во 1987 год. истражувачите сметаат дека фазата е синхрона со плочничката фаза на Винча (Тодоровиќ и др. 1987, 11, 7).

В: Предложена во овој текст.

3: Синхронизација на дел од доцнонеолитските локалитети во Пелагонија.

**Т. II**

Трендови во керамичката продукција на локалитетот Радин Дол.

**Т. III**

Трендови во керамичката продукција на локалитетот Могила II.

**Т. IV: А** и **Т. IV: В**

Трендови во керамичката продукција на локалитетот Могила I.

**Т. V: А** и **Т. V: В**

Трендови во керамичката продукција на локалитетот Могила I.

**Т. VI**

Доцнонеолитска садова керамика од Пелагонија и Грција.

(без размер)

1: Доцнонеолитска керамика од Пелагонија.

- Могила - Сенокос

1. Темелкоски и Миткоски 2006, Т: IV: 8, 65.
2. Темелкоски и Миткоски 2006, Т: VI: 11, 70.
3. Темелкоски и Миткоски 2006, Т: V: 4, 67.
4. Темелкоски и Миткоски 2006, Т: IV: 2, 65.

- Прчинога - Дуње

5. Миткоски 2010, Т: II: 6, 18.
6. Миткоски 2010, Т: II: 9, 18.
7. Миткоски 2010, Т: II: 12, 18.
8. Миткоски 2010, Т: II: 1, 18.

- Ѓерамиди - Чаниште

9. Миткоски 2010, Т: IV: 15, 20.
10. Миткоски 2010, Т: IV: 1, 20.
11. Миткоски 2010, Т: IV: 2, 20.
12. Миткоски 2010, Т: IV: 3, 20.
13. Миткоски 2010, Т: IV: 4, 20.

- Кутлине - Ракле

14. Темелкоски и Миткоски 2008, Т: 3: 2, 100.
15. Темелкоски и Миткоски 2008, Т: 3: 4, 100.
16. Темелкоски и Миткоски 2008, Т: 5: 4, 104.
17. Темелкоски и Миткоски 2008, Т: 5: 1, 104.

- Мала Тумба - Трн

18. Симоска и Санев 1977, Т: III: 6, 220.

19. Симоска и Санев 1977, Т: I: 5, 216.

20. Симоска и Санев 1977, Т: IV: 8, 221.

2: Доцнонеолитска керамика од Грција

- Елатеа

1. Weinberg 1962, pl. 53: C: 1.

2. Weinberg 1962, pl. 53: C: 2.

3. Weinberg 1962, pl. 53: C: 3.

4. Weinberg 1962, pl. 53: C: 4.

5. Weinberg 1962, pl. 53: D: 1.

6. Weinberg 1962, pl. 53: D: 2.

- Димини

7. Bonga 2003, fig. 81: 2.

- Ситагри

8. Bonga 2003, fig. 62: 1.

**T. VII**

Специфични керамички форми.

(без размер)

- Могила I

1. Симоска и др. 1979, сл. 61, 22.

2. Симоска и др. 1979, сл. 60, 22.

- Радин Дол

3. Китаноски и др. 1987, Т: V: 4, 19.

4. Китаноски и др. 1987, Т: VII: 3, 23.

- Чука Тополчани

5. Китаноски и др. 1978, Т: V: 41, 20.

6. Китаноски и др. 1978, Т: IV: 36, 18.

7. Китаноски и др. 1978, Т: II: 18, 14.




**1. Велушка Тумба; 2-3. Могила I - II; 4. Чука - Тополчани; 5. Радин Дол - Присад; 6. Мала Тумба - Трн; 7. Могила - Сенокос; 8. Кутлине - Ракле; 9. Прчинога - Дуње; 10. Ѓерамиди - Чаниште.**

карта 1 местоположба на дел од пелагониските неолитски локалитети.

# Т. I




1 **Актуелната синхронизација на дел од пелагониските тумби со Велушка Тумба**




2 **Синхронизација помеѓу Чука - Тополчани и Велушка Тумба**
**А - Постоечка В - Предложена во овој текст**




3 **Синхронизација на дел од доцнонеолитските локалитети во Пелагонија**

# Т. II

| локалит. | Радин Дол - Присад | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| фаза | фина керамика | | | | | “Култни предмети” | |
| | | | декор | | | | |
| | најзастап. бои | специф. форми | сликање | врежување/втиснување | аплицирање | фигурини | жртвеници |
| | | | мотиви и начин | мотиви и начин | мотиви и начин | | |
| I | сива<br>кафена<br>црна | 1. конусна чинија со позаврaтен обод, мазнети отворено сиви површшини<br>2. пехар на шуплива нога, темносива или црна боја | 1. темноцрвена боја на црвена основа:<br>- хоризонтални ленти од внатрешната страна на садот<br>- коса лента на надворешната страна на садот<br>2. мотив V на сад со сива површина | 1. врежана цик-цак линија (евидентирано на еден сад) | | | 1. минијат. жртвеник на прстенеста нога, назабен реципиент, црн<br>2. на 4 скалесто профилиран и нозе |

# Т. III

| локалит. | Могила II | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| фаза | фина керамика | | | | | “Култни предмети” | |
| | | | декор | | | | |
| | најзастап. бои | специф. форми | сликање | врежување/втиснување | аплицирање | фигурини | жртвеници |
| | | | мотиви и начин | мотиви и начин | мотиви и начин | | |
| I | ? | ? | 1. бели орнаменти на црвена основа:<br>- сигма<br>- триаголници | | | 1. антропом. пластика<br>2. зооморф. пластика | 1. модели на куќи |
| II | црвена монохром., сива, блек топед | ? | ? | | | 1. антропом. пластика<br>2. зооморф. пластика | |
| III | сива, црна | ? | ? | | | | |
| ↓<br>бронзено време ? | | | | | | | |

# T. IVA

| локалит. | Могила I | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| фаза | фина керамика | | | | | "Култни предмети" | |
| | | | декор | | | | |
| | најзастап. бои | специф. форми | сликање | врежување/втиснување | аплицирање | фигурини | жртвеници |
| | | | мотиви и начин | мотиви и начин | мотиви и начин | | |
| I | црвена, сивоцрна, црвена - над. / црна - внат. блек топед | | 1. бели мотиви на црвена основа:<br>- сигма мотив<br>- ленти, ромбоиди, кругови, извлечени триаголници | | | | 1. модел на куќа на 4 нозе и плиток реципиент |
| II | сивоцрна | 1. пехар на шуплива нога | 1. бели мотиви на црвена основа:<br>- издолжени триаголници, поголеми аглести површини, кружна лента, широки хоризонтал. ленти | 1. на садови со висок цилиндричен врат:<br>- кружни вдлабнувања на ободот | | 1. стоечки и седечки антропоморф. фигурини<br>2. зооморф. фигурини | 1. модел на куќа Тип Породин I<br>2. мал на 3 нозе<br>3. на 4 нозе и правоаголна основа<br>4. со рамен реципиент и назабени нозе<br>5. со по една извлечена брадавица на аглите<br>6. со аплицирани животински глави на аглите |

# T. IVB

| локалит. | Могила I | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| фаза | фина керамика | | | | | "Култни предмети" | |
| | | | декор | | | | |
| | најзастап. бои | специф. форми | сликање | врежување/втиснување | аплицирање | фигурини | жртвеници |
| | | | мотиви и начин | мотиви и начин | мотиви и начин | | |
| III | сива | 1. биконусен сад со мали кружни налепци кои формираат S | 1. бели мотиви на црвена основа: | 1. паралелни низови од триаглести убоди | 1. мали кружни налепци кои ја формираат буквата S | 1. се јавуваат претходните<br>2. плосната статуета со свиткани и шилести, завршени раце на градите | 1. модел на куќа Тип Породин I<br>6. со аплицирани животински глави на аглите<br>3. право -аголен со рамен реципиент и кружен отвор во средината |

# T. VA

| локалит. | Чука - Тополчани | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| фаза | фина керамика | | | | | "Култни предмети" | |
| | | | декор | | | | |
| | најзастап. бои | специф. форми | сликање | врежување/втиснување | аплицирање | фигурини | жртвеници |
| | | | мотиви и начин | мотиви и начин | мотиви и начин | | |
| **Ia** | сива, црна, црвенам блек топед | | 1. бели мотиви на црвена основа<br>2. црвени мотиви на црвена основа: ленти<br>3. темна боја на црвена основа:<br>- паралелни вертикални ленти | 1. втиснување на мали триаголници или кругови | | | 1. модел на куќа:<br>- со правоаголен реципиент<br>- со кружен реципиент |
| **Ib** | сива | 1. конусни и биконусни чинии со рамен раб на обод на кој има плитки вдлабени јамички<br>2. конусни капаци насликани со бела боја | 1. бели орнаменти на темнокафена основа | 1. елипсоидни јамички, вдлабени на работ од ободот кај конусни и биконусни чинии | | 1. столбеста пластика со нагласена стеатопигија | |

# T. VB

| локалит. | Чука - Тополчани | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| фаза | фина керамика | | | | | "Култни предмети" | |
| | | | декор | | | | |
| | најзастап. бои | специф. форми | сликање | врежување/втиснување | аплицирање | фигурини | жртвеници |
| | | | мотиви и начин | мотиви и начин | мотиви и начин | | |
| **IIa** | црвена, сива | 1. конусна чинија направена од камен | 1. бели мотиви на црвена основа: црвената боја е порозна и овој примерок е единствен во Пелагонија<br>2. црн орнамент на црвена основа:<br>се јавува на внатрешна страна од садот<br>3. темен орнамент на црвена основа | | | 1 фигурина - жртвеник во облик на птица<br>2. антропоид. пластика<br>3. антропоид. цилиндер | 1. модел на куќа или жртвеник на 3/4 нозе |
| **IIb** | сива, црна | 1. конусна чинија со проширен раб на ободот<br>2. конусна чинија со брадавица на ободот | 1. црни и темни орнаменти:<br>се јавуваат од внатрешната и надворешната страна на садот | | | 1. антропоид. цилиндер<br>2. седечки антропоморфни фигурини | |
| **III** | црна, сива, црвена | | | | | 1. антропом. пластика<br>2. зооморф. пластика | 1. цилиндрич. нозе од керамика, можеби дел од жртвеник |

# T. VI



(1) **Доцнонеолитска керамика од Пелагонија:**
**1 - 4 : Могила - Сенокос; 5 - 8 : Прчинога - Дуње; 9 - 13 : Ѓерамиди - Чаниште; 14 - 17 : Кутлине - Ракле; 18 - 20 : Мала Тумба - Трн**



(2) **Доцнонеолитска керамика од Р. Грција:**
**1 - 6 : Елатеа; 7 : Димини; 8 : Ситагри**

# T. VII



1



2



3



4



5



6



7

**1 - 2 : Могила I; 3 - 4 : Радин Дол; 5 - 7 : Чука - Тополчани**

**Александар Миткоски**
*Завод и музеј Прилеп*

# КЕРАМИЧКИ МОДЕЛИ НА ЛЕБОВИ ВО ПРЕДИСТОРИСКАТА ЗБИРКА НА ЗАВОД И МУЗЕЈ ПРИЛЕП

Во предисториската збирка на НУ Завод и музеј, Прилеп се наоѓаат 12 предмети од глина, кои во стручната литература се нарекуваат „култни лебови“, а потекнуваат од неколку локалитети во Пелагонија и во Мариово. Повеќето се пронајдени во кругот на живеалиштата, а само мал дел се случајни наоди. Поголемиот број од нив се целосно зачувани, додека останатите се фрагментирани. Само неколку се орнаментирани, а кај неколку од нив, интересен и единствен досега е начинот на кој е оформена долната страна.

***Клучни зборови:*** *култни лебови, неолит, енеолит, Пелагонија, Мариово.*

**Aleksandar Mitkoski**
*Institute and Museum Prilep*

# CERAMIC BREAD MODELS FROM THE PREHISTORIC COLLECTION OF PRILEP MUSEUM

Originating from several sites in Pelagonia and Mariovo, 12 clay objects in literature referred to as cult breads compose the prehistoric collection of the National Museum in Prilep. Most of them were found within dwellings, only few were accidental finds. The majority are fully preserved, while the rest are fragmented. Only several of them are ornamented; some have an interesting and so far unique manner of shaping the lower side.

***Keywords****: cult breads, Neolithic, Chalcolithic, Pelagonia, Mariovo.*

На просторот на Македонија истражени се голем број предисториски локалитети, но досега се публикувани само мал број примероци керамички модели лебови, а исто така мал е и бројот на нивните толкувања. Најверојатно, причина за тоа е што многу примероци не се препознати меѓу останатиот керамички материјал. Исто така, при публикувањето имаме само сумарни извештаи без никакви податоци за местото на коешто се пронајдени, обликот, димензиите и евентуално орнаментиката, секако ако ја имало.

Овде треба да се истакне и тоа дека во стручната литература овие наоди се опишуваат како „култни лебови“ (Пантовиќ 2010, 7). Името „обреден леб – колач“ прв го употребил М. Васиќ, во својата монографија за локалитетот Винча–Бело Брдо, во која публикувал неколку примероци украсени со врежан мотив на меандар (Васиќ 1936, сл. 72-74,43).

За потеклото, улогата и значењето на обредните лебови постојат различни мислења. Сите истражувачи се согласуваат со тоа дека обичајот за правење обредни лебови е многу стар, иако постојат несогласувања околу тоа дали тие лебови претставуваат жртвени колачи, или нивната примарна функција била врзана за одредени симболички активности, а дури подоцна ја примиле улогата и значењето на жртва (Пантовиќ 2010, 11).

За „култни лебови“ се сметаат и предметите со мали димензии и кружен облик (Пантовиќ 2010, 12).

### *Локалитети*

Во стручната литература се наоѓаат податоци само за неколку локалитети на кои се пронајдени керамички модели лебови.

Во 1970 г., Народниот музеј од Прилеп вршел археолошки истражувања на предисториската населба Могила кај село Сенокос, при што се отворени три сонди. Во Сонда II пронајдено е едно фрагментирано керамичко „лепче“, кое не е публикувано (Китаноски 1971, 21; Темелкоски и Митkoски 2006, 55).

При контролните археолошки истражувања на енеолитската населба Шуплевец кај село Долно Ореово, во 1971 година, во хоризонтот 2, пронајдена е една поголема плочка од печена земја, со кружен облик и пречник од 11,0 см. Плочката на едната страна е украсена со врежани орнаменти. Најверојатно во случајов се работи за „култно колаче“ (Гарашанин и Симоска 1976, сл. 31, 18; Симоска и Санев 1976, сл. 213, 47).

Во 1981 г., при археолошките истражувања на неолитската населба Тумба – Маџари (Скопје), во една градба која авторот ја нарекува „светилиште“, пронајдени се и неколку жртвеници со различен облик и големина. Во близина на жртвениците Б и В, покрај другите приложени наоди, пронајдени се и неколку керамички модели во облик на „колаче“, „сомунче“ или „леб“, како и една грубо обликувана „погача“ (Санев 1988, 21, 23).

На локалитетот Врбјанска Чука кај село Славеј во периодот од 1979 до 1989 г., вршени се заштитни археолошки ископувања во рамките на заедничкиот проект на музеите од Прилеп и Битола: „Зачетокот и развојот на првите земјоделски заедници во неолитскиот период и нивниот премин во метално доба на територијата на Пелагонија“ (Тодоровиќ и др. 1987, 11). Покрај бројниот подвижен археолошки материјал, пронајдени се и четири керамички модели на лепчиња. Од нив, делумно се публикувани само две (кат. бр. 1 и 2) (Митkoски 2005, 38).

Во 2001 година, беа извршени археолошките истражувања на еден тумул на локалитетот „Страгата“ кај село Крушевица, Мариово. Во насипот на тумулот, покрај наодите од античкиот и средновековниот период, беа пронајдени и подвижни наоди од предисторискиот период: дислоцирани парчиња од куќен лепеж, фрагменти од керамички садови, фигурини, камена секира, ножиња од кремен, земјена кугла за праќа, фрагментирана алатка од коска и мало керамичко „лепче“ (Миткоски 2010, 58).

На локалитетот Трештена Стена кај село Манастир, Мариово, во 2001 година се вршеа сондажни археолошки истражувања, а од 2003 година систематските истражувања продолжија до денес. Покрај неколкуте култни објекти, пронајден е и броен подвижен археолошки материјал, како и шест керамички модели лепчиња. Од нив публикувано е само едно керамичко „лепче“ (кат. бр. 6) (Миткоски 2010, Т. XIII, 4, Т. XXVI, 11, 136).

При археолошките истражувања на неолитската населба Церје – Говрлево во временскиот период од 1982 до 2010 г., пронајдени се неколку керамички лепчиња (Наумов 2009, Т. 91). Едно од нив е пронајдено во 2004 г., во квадратите II и III на под од куќа, каде *in situ* се пронајдени и две камени мелници и повеќе фрагменти од керамички садови (Фиданоски 2011, сл. 8, 56).

### *Модели на лебови во Завод и музеј, Прилеп*

Во предисториската збирката на НУ Завод и музеј – Прилеп, покрај бројниот подвижен археолошки материјал добиен по пат на археолошки истражувања, откуп и подарок, се наоѓаат и 12 керамички модели на лепчиња. Тие потекнуваат од неколку локалитети, кои врз основа на подвижниот археолошки материјал се сместуваат во неолитскиот и енеолитскиот период. Овде, пред сè, се работи за локалитетот Врбјанска Чука кај село Славеј, од кој потекнуваат четири керамички модели лепчиња, од кои две се пронајдени во 1981 г., едното во сонда V а другото е случаен наод. Во 1989 г., се пронајдени уште две, од кои едното во квадрат 23, а другото во квадрат 31 **(Т. V: 1, 4, Т. VI: 2, 3 ).** На локалитетот Могила кај село Сенокос, пронајдено е едно керамичко лепче во откоп 9 на сондата II **(Т.VII: 5)**. Од локалитетот Трештена Стена кај село Манастир – Мариово, потекнуваат шест керамички лепчиња. Едно е пронајдено во сонда II во 2001 г., две во квадратот 13 во 2005 г., по едно во квадратите 14 во 2009 и квадратот 15 во 2013, и едно од 2014 г. – случаен наод. **(Т.VII: 6, Т.VIII: 7, 8, Т. IX: 9, 10, Т. X: 11)**. Во насипот на тумулот на локалитетот Страгата кај село Крушевица – Мариово, пронајдено е едно мало керамичко лепче **(Т. X: 12)**.

### *Облик*

Моделите на лепчиња, најчесто, се со кружен облик (8 примероци) (кат. бр. 1, 2, 3, 6, 7, 8, 9, 12) или овален облик (3 примероци) (кат. бр. 4, 10, 11), а само еден примерок е со правоаголен облик (кат. бр. 5). Еден примерок од Трештена Стена има овален облик, а во средината кружно е продупчен (кат. бр. 10).

Кај некои од моделите на лепчиња, се забележуваат траги од горење (кат. бр. 1, 2, 7, 9 и 11).

*Димензии*

Осум од моделите на лепчиња се целосно зачувани, а останатите 4 (четири) се фрагментирани. Примерокот од Врбјанска Чука (кат. бр. 1) е со најголеми димензии, со пречник од 20 см, додека пречникот кај останатите модели со кружен облик се движи од 7,6 до 10 см. Просечната дебелина кај нив изнесува 2 см, односно 2,5 см, иако има и потенки примероци (кат. бр. 9). Примероците со овален облик се со нешто поголеми димензии: должина од околу 15 см, широчина од околу 13 см и дебелина околу 6 см.

Заради фрагментарноста не може точно да се утврди колкава била должината на правоаголното керамичко лепче, но сепак таа треба се движи во рамките на погоре спомнатите димензии (кат. бр. 5).

*Украсување*

Само три модели лепчиња се украсени со врежани орнаменти. При тоа, кај еден примерок украсувањето е извршено од долната страна (кат. бр. 1), а кај друг од горната и од двете надолжни страни (кат. бр. 5). Еден помал модел на керамичко лепче од Врбјанска Чука е украсен од двете страни (кат. бр. 4). Од орнаментите присутни се „V“ мотивот, цик–цак линијата, како и мотивот „житен клас“.

Интересно е тоа што кај неколку керамички лебови со кружен облик (кат. бр. 2, 6) ја имаме следнава ситуација: горната страна е благо заоблена и рамна, а долната нерамна, грубо оформена и со подлабок отпечаток на прст од рака, додека кај кат. бр. 6 и втиснати плитки отпечатоци од ткаенина. Долната страна кај примерокот со кат. бр. 7, е благо вдлабена, при што е оформен кружен реципиент, во кој се врежани две подлабоки линии под агол.

За разлика од нив, кај кат. бр. 11, кој е со овален облик и конусен пресек, на горниот дел се наоѓа подлабока полукружна вдлабнатина на прст од рака и уште неколку отпечатоци од прсти кои се изведени на страните на лебот.

***Контекст на пронаоѓање***

Повеќето од примероците керамички лепчиња се пронајдени во кругот на живеалиштата, додека останатите се случајни наоди.

*Врбјанска Чука, с. Славеј*

Примерокот со кат. бр. 2 пронајден е на подот од куќата 3, која припаѓа на подоцнежен станбен хоризонт на живеење на неолитската населба на локалитетот Врбјанска Чука, а *in situ* се пронајдени и неколку камени мелници, кугли за праќа и повеќе фрагменти од керамички садови **(Т. I)** (Миткоски 2005, 38).

Од останатите примероци, кат. бр. 3 е пронајден при порамнување на површината на сондата V, а кат. бр. 4 е откриен во мешан слој во кој се наоѓаат фрагменти од керамички садови од неолитскиот и средновековниот период.

*Трештена Стена, с. Манастир, Мариово*

Неколку од керамичките модели на лепчиња од локалитетот Трештена Стена (кат. бр. 6, 7, 10 и 11) се пронајдени во една градба од хоризонтот 4 која не е целосно истражена, поради што не може со сигурност да се утврди нејзиниот карактер и намена. Внатрешноста на градбата е поделена на два дела, односно на една поголема и на една помала просторија **(Т. II)**. Во помалата просторија се наоѓаа неколку култни објекти – во североисточниот дел жртвена маса со поголеми димензии, во југозападниот дел конструкција со издолжена форма и масивно столбесто тело, а во северозападниот дел – огниште. Југоисточно од жртвената маса, покрај преградниот ѕид, се наоѓаше поголем складиштен сад, околу кој беа пронајдени повеќе зрна од растително потекло.

На околу 0,20 м. северозападно од жртвената маса, на просторот меѓу неа и огништето, на подот, се откри конструкција направена од глина со правоаголна форма, зачувана во два дела и димензии 1,01 x 0,25 (0,3) x 0,02 (0,07) м. На едниот крај се наоѓа полукружен нагласен дел, додека од надолжната и едната потесна страна се забележуваат отпечатоци од цепена дрвена штица. Се добива впечаток како таа да стоела во просторот над жртвената маса, но веројатно била вклопена во рамките на некаква дрвена конструкција. На југоисточниот агол од конструкцијата лежеше антропоморфен сад. Околу неа беа пронајдени повеќе кружни прешлени, минијатурно сатче во форма на пехар, југоисточно од неа предмет од камен во форма на фалус, покрај северозападниот агол керамичко „лепче“ (кат. бр. 6) (**Т. III**), а уште два модела на лепчиња се наоѓаа југозападно од конструкцијата (кат. бр. 10 и 11) (**Т. IV**) (Митkоски 2010, Т. XIII, 4, Т. XXVI, 11, 129–136).

Исто така, примерокот со кат. бр. 9, од III хоризонт на живеење, е пронајден на под од објект заедно со бројни фрагменти од керамички садови, антропоморфни фигурини, жртвеници, тегови, алатки од камен и коска, кремени ножиња и рачни мелници (Митkоски 2010, Т. VI, 128, Т. VII, 26). Примерокот со кат. бр. 7 е пронајден при подигањето на куќниот лепеж во просторот на квадратот 15 и целосно е препечен – има црна боја.

***Општи карактеристики и релативна хронологија***

На четири локалитети кои се наоѓаат на просторот на Пелагонија и Мариово, се пронајдени 12 керамички модели лепчиња. Иако, треба да се истакне дека нивниот број е можеби поголем, од причини што многу примероци со слична форма се фрагменти со мали димензии, па тешко е да се одреди нивниот карактер. Се јавуваат во две варијанти, како „култни лебови“ и како „култни колачиња“ и имаат различни облици и димензии, при што доминираат оние со кружен облик, неколку се со овален, а само едно е со правоаголен облик.

Од нив осум се целосно зачувани, додека останатите четири се фрагментирани, од кои две само делумно (кат. бр. 3 и 6), а од другите две зачувана е само по една половина (кат. бр. 5 и 7). Се поставува прашањето, дали во случајов се работи за намерно, односно ритуално кршење на лепчињата при изведувањето на одредени обреди? Ако е тоа така, тогаш зошто само незначителен број од нив се кршени, односно фрагментирани? Ова, пред сè, ако се има предвид фактот што неколкуте примероци што се пронајдени *in situ*, во рамките на култни објекти, целосно се зачувани, односно приложени (кат. бр. 6, 10, 11).

Само три од нив се орнаментирани, при што, кај еден примерок тоа е направено од долната страна (кат. бр. 1), што е доста интересно, ако се знае дека речиси кај сите досега познати модели на лебови, орнаментирањето се наоѓа на горната страна (Lazarovici 2003, Fig. 10–15, T.16, 73; Пантовиќ 2010, сл. 1 и 2, кат. бр. 1–19, 8). Кај него, на долната страна, врежан е двоен „V“ мотив, кај кат. бр. 5 на горната страна врежани се цик–цак линии, а на „култното лепче“ со кат. бр. 4 од горната и долната страна е врежан мотив „житен клас“. Овие орнаменти се наоѓаат кај повеќе неолитски садови, жртвеници, антропоморфни фигурини и печати (Симоска и Санев 1975, Т. V, 3, 51; Китаноски 1989, 48; Темелкоски и Миткоски 2005, Т. XIV, 2, 32, 35; Темелкоски и Миткоски 2006, , Т. I, 7, Т. II, 14, Т. V, 9, Т. VI, 11, сл. 11, сл. 17, 57, 59-60, 66, 68–69; Наумов 2010, 87; Наумов 2015, 92, 94).

Како што кажавме, за разлика од нашите примероци и оние пронајдени на локалитетот Церје – Говрлево, керамичките модели на лебови пронајдени на другите локалитети редовно се украсувани и при тоа на нив се наоѓаат знаци и симболи веројатно со невообичаен карактер. Од една страна, тие им даваат сакрален карактер, а од друга ја пренесуваат пораката на оној кој ги изработил (Lazarovici 2003, Fig. 10–15, T.16, 73; Пантовиќ 2010, сл. 1 и 2, кат. бр. 1–19, 8). Фактот што моделите лебови се направени од глина, и при тоа намерно се украсувани, е со цел да пренесат некоја порака, ако се знае дека печената глина е неуништлива, а со самото тоа и пораката ќе остане вечна.

Интересна е забелешката за начинот на кој „култниот леб“, од глина, е асоциран со технологијата на подготвување на керамиката, смесата на глината или лебот со водата и печењето; тоа е она што им дава посебен карактер. Направен од глина заедно со огнот станува „вечен“, состојба во која им се нуди на божествата. Симбиозата на глината и огнот е една од главните концепти на предисторијата. Глината и водата се првобитните материи на земјата – огнот има небеско потекло, а со нивно комбинирање се раѓаат сите нешта (Lazarovici 2003, 74).

Кај неколку лебови од нашата збирка, доста интересен е начинот на кој е оформена долната страна, каде што редовно има и отпечаток од прст, за што тешко е да се каже дали во случајов се работи за орнаментика или за некоја порака (кат. бр. 2 и 6). Нешто слично – ставање отпечаток на прст во меката глина се наоѓа и на еден фрагмент од керамичко лепче од локалитетот Церје – Говрлево (Наумов 2009, Т. 91, 5). Вака оформената долна страна асоцира на плитка чинија, во која е ставен некаков прилог.

Уште нешто што е интересно за примероците од нашата збирка е тоа што примерокот од Врбјанска Чука (кат. бр. 2) е многу сличен во замислата и начинот на оформување на долната страна на керамичкото лепче од Трештена Стена (кат. бр. 6). Исто така, врежаниот двоен „V“ мотив е многу сличен на врежаниот двоен „V“ мотив на „култното колаче“ од локалитетот Шуплевец кај село Долно Ореово. И во двата случаја се работи за два различни хронолошки периоди, неолит и енеолит.

Кај неколку други примероци (кат. бр. 3, 7, 8), долната страна е благо вдлабната, при што е оформен кружен реципиент, во кој кај кат. бр. 7 се врежани две подлабоки линии под агол. За овие, како и за претходните два примерока, се добива впечаток дека всушност горната е долна страна, онаа на која тие биле ставани кога биле приложувани.

Кај кат. бр. 9 едната страна е рамна и со убаво мазнета површина, а другата врамена со мал кружен венец, при што е оформен плиток реципиент во кој се наоѓаат траги од горење, кои можат да се забележат и од долната страна. Се добива впечаток како во овие „реципиенти“ нешто да се истурало или да се горело.

Посебно интересен е и примерокот со кат. бр. 10, кој е продупчен во средината. Кај неколку модели керамички лебови со овален облик од културата Нипур – Донец во Украина, во средината се наоѓа помал отвор, но моделот не е целосно продупчен. Неколкуте лебови со кружна форма пронајдени во еден култен комплекс од јужна Грција, исто така се продупчени во средината (според Lazarovici 2003, Fig. 9, 10, 72). Еден ваков примерок со кружна форма е пронајден и на локалитетот Церје – Говрлево (Наумов 2009, Т. 91, 3).

За подготовката на леб со отвор во средината, одредени податоци имаме благодарение на Никос Чаусидис, а се во врска со словенските традиционални култури, кај кои производството на лебот и други форми на неговите обредно-утилитарни активности носат силен митски карактер (Чаусидис 2010, 89). Ова, пред сѐ, се однесува на љубовната магија која ја прават девојките со цел да привлечат кон себе некое конкретно момче. Со таа цел на посебен начин (замесување со роса и други елементи) се подготвува лепче со отвор на средината, низ кој, тие потоа треба да го погледнат својот избраник. Доколку се прифати равенството леб = девојка, неговиот средиштен отвор добива значење на нејзина утроба (вулва, матка). Во тој контекст, додека девојката го гледа момчето низ оваа дупка на лепчето, тоа е веќе внатре, во лебот, што на симболичко ниво значи да се биде во неа (коитус). Во некои варијанти на обредот контактот со момчето се воспоставува со посредство на контактната магија, така што на момчето му се дава да изеде залак од овој леб (Чаусидис 2010, 92).

### *Датирање*

На крајот, нешто и околу датирањето на керамичките модели на лебови во предисториската збирка на НУ Завод и музеј, Прилеп.

Врз основа на подвижниот археолошки материјал, утврдено е дека хронолошката припадност на населбата Врбјанска Чука е во средниот неолит во Пелагонија. Таа имала два станбени хоризонти, а својот живот го започнала во II фаза на културната група Велушина–Породин, додека нејзиното згаснување може да се определи кон преминот од III во IV фаза (Темелкоски и Митkoски 2005, 51). Во овој временски период се сместуваат и култните лебови пронајдени на овој локалитет.

Култното лепче со кат. бр. 5, заедно со останатиот подвижен археолошки материјал пронајден во откопот 9 на Сондата II, може да се смести во постарата доцнонеолитска фаза од населбата Могила кај село Сенокос, која припаѓала на културите од т.н. преодна зона, во која се преплетени влијанијата од Винчанскиот, од една, и Јадранско–медитеранскиот културен круг од друга страна (Темелкоски и Митkoски 2006, 55).

Локалитетот Трештена Стена, со своите шест хоризонти на живеење, во целост му припаѓа на доцниот енеолит, временски период во кој на овие простори се развила регионалната културна група Трештена Стена. Со тоа и сите керамички модели лебови пронајдени на овој локалитет се сместуваат во овој временски период (Митkoски 2010, 139–140).

Врз основа на фрагментите од керамички садови украсени со кратки отсечни засеци изведени со шилесто орудие (техника позната како Furchenstich) пронајдени во насипот на тумулот на локалитетот Страгата кај село Крушевица, предисториските движни наоди се датираат во времето на енеолитот и ѝ припаѓаат на регионалната културна група

Трештена Стена. Со самото тоа, во овој временски период се става и малото керамичко лепче со кат. бр. 12 (Миткоски 2010, 58).

Со оглед на фактот што досега не е објавен ниту еден примерок од Македонија од енеолитот, многу е тешко да се направат некакви аналогии или какви било други споредбени анализи со керамичките модели на лепчиња пронајдени на локалитетите во прилепскиот дел од Пелагонија и Мариово.

Сѐ дотогаш ќе останат отворени бројните прашања и дилеми за тоа: Дали култните лебови имале облик на вистинските лебови направени од житни култури? Дали формата на лебот играла улога која била поврзана со култот или со одреден ритуал посветен на одредени божества? Истото се однесува на украсувањето, т.е. на оние кои носат некоја порака и недекорираните, т.е. оние кои не носат никаква порака, ако се земе предвид фактот што оние од енеолитскиот период не се декорирани. Зошто е „орнаментирана“ долната, а не горната страна и сл.?

## ***Каталог***

### *Локалитет Врбјанска Чука, село Славеј*

**1.** Целосно зачуван „култен леб“ со кружен облик. Горната површина е благо нагласена, а долната зарамнета и украсена со плитко врежани орнаменти. Изработен е од глина со средна фактура. Бојата на печењето е сивокафеава, со траги од горење (**Т. V: 1**).
Инв. бр. 453.
Димензии: пречник 20 см, дебелина 6 см.
Случаен наод, 1981 г.
Публикувано: Миткоски 2005, 38.

**2.** „Култен леб“ со кружен облик. Горната површина е благо нагласена, а долната грубо оформена и со подлабок отпечаток на прст од рака, врамена со мал венец. Изработен од глина со средна фактура. Бојата на печењето е кафеава со траги од горење (**Т. VI: 2**).
Инв. бр. 452.
Димензии: 14 x 13 см.
Пронајден во квадрат 23/от. 2, 1989 г.
Публикувано: Миткоски 2005, 38.

3. Фрагментиран „култен леб“ со кружен облик. Горната површина е благо нагласена, а долната вдлабена, при што е оформен кружен реципиент. Изработен е од глина со лоша фактура. Боја на непечена глина (**Т. VI: 3**).
Тер. бр. 18.
Димензии: пречник 8,1 см; дебелина 2,4 (2,8) см.
Пронајден во сонда V/от. 1, 1981 г.

4. Мало „култно лепче“ со овален облик. Горната и долната површина се украсени со мотив „житен клас“. Изработено е од глина со средна фактура. Бојата на печењето

е кафеава (**Т. V: 4**).
Тер. бр. 71.
Димензии: 3,1 x 2,7 x 1,2 см.
Пронајдено во квадрат 31/от. 5, 1989 г.

*Локалитет Могила, село Сенокос*

5. Фрагмент од „култен леб“ со правоаголен облик и заоблени агли. Горната површина е украсена со два реда од цик–цак линии, на средината разделени со надолжна права линија, а на надолжните страни врежани се вертикални, паралелни линии. Изработен е од глина со лоша фактура, со примеси на лискун и ситни камчиња. Бојата на печењето е кафеава (**Т. VII: 5**).
Тер. бр. 2252.
Димензии: 9,2 x 4,4 x 2,4 см.
Пронајден во сонда II/ от. 9, 1970 г.

*Локалитет Трештена Стена кај село Манастир, Мариово*

6. Фрагментиран „култен леб“ со кружен облик. Горната површина е благо нагласена, а долната вдлабена и со грубо оформен среден дел на кој се наоѓа отпечаток на прст од рака и втиснати слаби траги од ткаенина. Изработен е од глина со средна фактура со примеси на плева, ситен камен и лискун. Бојата на печењето е кафеава (**Т. VII: 6**).
Инв. бр. 590.
Димензии: 10,9 x 9 x 2,3 см.
Пронајден во сонда II / под лепеж, 2001 г.
Публикувано – Миткоски 2011, 136, Т. XIII, 4, Т. XXVI, 11.

7. Една половина од „култен леб“ со кружен облик. Горната површина е благо нагласена, а долната вдлабена, при што е оформен кружен реципиент во кој се врежани две подлабоки линии по агол. Изработен е од глина со лоша фактура со примеси на лискун и ситни камчиња. Примерокот е препечен и има црна боја (**Т. VIII: 7**).
Инв. бр. 741.
Димензии: пречник 10 см, широчина 6,7 см, дебелина 2,5 см.
Пронајдено во квадрат 15/от. 3, ниво лепеж, 2013 г.

8. Мало „култно лепче“ со кружен облик. Горната површина е благо нагласена, и во средината е благо вдлабена, а долната со мал венец и нагласен среден дел. Изработено е од глина со средна фактура, со примеси на лискун и ситни камчиња. Бојата на печењето е кафеава (**Т. VIII: 8**).
Инв. бр. 2756.
Димензии: пречник 7,6 см, дебелина 1,7 см.
Случаен наод, 2014 г.

9. „Култно колаче“ со кружен облик. Едната страна е рамна и со убаво измазнети површини, а другата врамена со низок венец. Изработено од глина со добра фактура, со примеси на лискун и ситни камчиња. Бојата на печењето е кафеава (**Т. IX: 9**).
Тер. бр. 384.
Димензии: пречник 10,1 см, дебелина 2,1 см.
Пронајдено во квадрат 14/от.13, 2009 г.
Публикувано – Миткоски 2011, 138, Т. VII, 26.

10. „Култен леб“ со овален облик и конусен пресек, во средината вертикално, кружно продупчен. Изработен е од глина со лоша фактура, со примеси на лискун и ситни камчиња. Бојата на печењето е кафеава **(Т. IX: 10**).
Тер. бр. 655.
Димензии: 15,2 x 13 x 6,2 см, а на отворот во средината пречник 3,2 (3,5) см.
Пронајден во квадрат 13/под лепеж, 2005 г.

11. „Култен леб“ со овален облик и конусен пресек. Долната страна е зарамнета, а на горната се наоѓа подлабока вдлабнатина, со отпечаток на прст од рака и со други отпечатоци од прсти на страните од лебот. Изработен е од глина со лоша фактура со примеси на лискун и ситни камчиња. Бојата на печењето е сиво-кафеава со траги од горење (**Т. X: 11**).
Тер. бр. 655А.
Димензии: 13 x 11,2 x 5,9 см.
Пронајден во квадрат 13/под лепеж, 2005 г.

*Локалитет Страгата, село Крушевица*

12. Мало „култно лепче“ со кружен облик. Горната површина е благо нагласена, а долната рамна. Изработено е од глина со средна фактура со примеси на лискун и ситни камчиња. Бојата на печењето е кафеава (**Т. X: 12**).
Тер. бр. 147.
Димензии: пречник 3,6 см. дебелина 1,6 см.
Пронајдено во северниот контролен профил, 2001 г.

**Библиографија:**

Васиќ, М. 1936. *Праисторијска Винча* 2. Београд.

Гарашанин, М.; Симоска, Д. 1976. Контролни ископувања на Шуплевец и некои проблеми на групата Шуплевец – Бакарно Гумно. *Macedoniae acta archaeologica* 2: 9–41. Прилеп.

Китаноски, Б. 1971. *Прилеп и прилепско низ историјата*. книга прва. дел први. глава I: 15–23. Прилеп: Институт за национална историја – Скопје.

Китаноски, Б. 1989. Врбјанска Чука, неолитска населба. *Arheološki pregled* 28. (1987): 47–48. Ljubljana: Savez arheoloških društava Jugoslavije.

Lazarovici, G. 2003. Pậinea, grậul şi rậşnitul sacru în neolitic. *Tibiscum* XI: 65–86. Caransebeş: Muzeuljudeţean de etnografie şi al regimentului de graniţă Caransebeş.

Митkоски, А. 2005. Врбјанска Чука кај селото Славеј. *Зборник на Музеј на Македонија* н.с. бр. 2: 33–46. Скопје: НУ Музеј на Македонија.

Митkоски, А. 2010. Мариово во праисторијата. *Macedoniae acta archaeologica* 19: 49–84. Скопје.

Митkоски, А. 2011. Локалитетот Трештена Стена кај селото Манастир. Мариово. *Macedoniae acta archaeologica* 20: 125–170. Скопје.

Наумов, Г. Фиданоски, Љ. Толевски, И. и Ивковска, А. 2009. Неолитска визуелна култура и обреди. *Неолитските заедници во Република Македонија*. Скопје: 169–250. Данте.

Наумов, Г. 2010. Неолитски печати од Македонија. *Macedoniae acta archaeologica* 19: 85–105. Скопје.

Наумов, Г. 2015. *Неолитски фигурини во Македонија*. Магор. Скопје.

Пантовиќ, И. 2010. Култни хлебови. *Рад музеја Војводине* 52: 7–20. Нови Сад: Музеј Војводине.

Симоска, Д. и Санев, В. 1975. Неолитска населба Велушка Тумба кај Битола. *Macedoniae acta arhaeologica* 1: 25–88. Прилеп.

Симоска, Д. и Санев В. 1976. *Праисторија во централна Пелагонија*. каталог. Битола: Народен музеј. Битола.

Санев, В. 1988. Неолитско светилиште од Тумба во Маџари скопско – прелиминарно соопштение од ископувањата во 1981. *Macedoniae acta arhaeologica* 9: 9–27. Скопје.

Тодоровиќ, Ј. Симоска, Д. и Китаноски Б. 1987. Осврт врз резултатите од археолошките истражувања на праисторијата во Пелагонија. *Зборник на трудови* 6-7–8: 5–24. Битола: Завод Музеј и Галерија - Битола.

Темелкоски, Д. и Митkоски, А. 2005. Садова керамика од Врбјанска Чука. *Macedoniae acta arhaeologica* 16: 29–53. Скопје.

Темелкоски, Д. и Митkоски, А. 2006. Праисториска населба Могила Сенокос. *Macedoniae acta archaeologica* 17: 55–75. Скопје.

Темелкоски, Д. и Митkоски А. 2008. Доцнонеолитска населба на локалитетот Ктулине кај село Ракле. *Macedoniae acta arhaeologica* 18: 93–107. Скопје.

Фиданоски, Љ. 2011. Археолошки истражувања на неолитската населба Церје – Говрлево во 2004 година. *Macedoniae acta arhaeologica* 20: 53–75. Скопје.

Чаусидис, Н. 2010. Отац хлеба, мушки аспекти квасца и други елементи обредне производње хлеба. *Етно–културолошки Зборник за проучавање културе источне Србије и суседне области.* књ. XIV: 89–112. Сврљиг: Етно–културолошка радионица – Сврљиг.

**Илустрации:**

**T. I, II** Цртеж: А. Миткоски.

**T. III,  IV** Фото: Д. Димески.

**T. V: 1** Цртеж: А. Миткоски, 4 фото и цртеж: А. Миткоски.

**T. VI–X** Фото и цртеж: А. Миткоски.

# T. I




Елементи од под и јами од колци, куќа 3, хоризонт II, Врбјанска Чука.

# Т. II




План на градба, хоризонт IV, Трештена Стена.




1 Жртвена маса, хоризонт IV, Трештена Стена.



2 Конструкција од глина, хоризонт IV, Трештена Стена.




1 Огниште, хоризонт IV, Трештена Стена.



2 Огниште, детал, хоризонт IV, Трештена Стена.




1 “Култен леб“, Врбјанска Чука.

4 “Култно лепче“, Врбјанска Чука.

# T. VI







2, 3 "Култни лебови", Врбјанска Чука.




5 “Култен леб“, Могила, Сенокос.




6 “Култен леб“, Трештена Стена.

# T. VIII







7, 8 “Култни лебови“, Трештена Стена.

# T. IX







9 Култно колаче“,
Трештена Стена.

10 “Култен леб“,
Трештена Стена.

Т. X




11 “Култен леб“,
Трештена Стена.




12 “Култно лепче“,
Страгата.

**Љубо Фиданоски**
*Музеј на град Скопје*

## ПРОТОМАТЕМАТИКА ВО МАКЕДОНСКИОТ НЕОЛИТ (I)

За македонскиот неолит се искажани различни идеи, размислувања и ставови, реализирани се и многубројни истражувачки проекти, а напишани се и голем број трудови во разни форми и од различен карактер. Сепак, и денес постои простор за дополнителни истражувања на неолитот во разни неконвенционални сфери на археологијата, паралелно со други науки коишто отвораат нови хоризонти на размислување. Во тој контекст, врз основа на голем дел од керамичките предмети, направени се нови анализи на познатиот материјал преку математички методи, а во рамките на една релативно нова научна дисциплина – протоматематиката.

Протоматематиката или етноматематиката се занимава со појавата и со развојот на одредени математички концепти кај предисториските заедници и заедниците од сите континенти и периоди коишто немаат писмо. Во фокусот на оваа дисциплина влегуваат и голем дел од добро познатите неолитски предмети од Македонија (садови, антропоморфни модели на куќи и фигурини) преку коишто се забележуваат тенденции за повторување на специфичен модел и чувство за пропорционалност. Токму преку овие тенденции се загатнуваат прашања за одредени математички концепти во материјалната култура. Впрочем, воодушевувачката убавина на македонските неолитски предмети, во голема мера, е постигната и со помош на математиката, на тој начин потврдувајќи ги идеите за убавината на античките мислители неколку милениуми пред нивното време.

***Клучни зборови:*** *неолитска култура, керамички садови, антропоморфни модели на куќи и фигурини, протоматематика, пропорционалност*

**Ljubo Fidanoski**
*Museum of the City of Skopje*

## PROTOMATHEMATICS IN MACEDONIAN NEOLITHIC (I)

Different ideas, opinions and beliefs have been stated about Macedonian Neolithic, numerous research projects have been performed, and many articles have been written in various forms and character. Still, open space exists for additional investigations of Neolithic in certain unconventional archaeological spheres, in conjunction with other scientific fields which entice

new perspectives. In this context, based on great part of ceramic finds, new analyses of the same material have been made with mathematical methods within a relatively new scientific discipline, i.e. protomathematics.

Protomathematics or ethnomathematics deals with the appearance and development of certain mathematical concepts within communities from all continents and periods which do not use letters. This discipline also applies on a great number of well-known Neolithic objects from Macedonia (ceramic vessels, anthropomorphic house models and figurines) which demonstrate repetitive tendencies regarding a certain model and a sense of proportionality. These very tendencies imply aspects of certain mathematical concepts in material culture. Moreover, the striking beauty of Macedonian Neolithic objects is largely achieved with mathematics, thus confirming the concepts of beauty of ancient philosophers several millennia earlier.

***Keywords:*** *Neolithic culture, ceramic vessels, anthropomorphic house models, figurines, protomathematics, proportionality.*

### *Наместо вовед*

Развојот на човештвото се базира на нашата перцепција за односот на човекот кон себе, за односот на човекот кон другиот човек, за односот на човекот кон природата, како и за резултатите/производите добиени од овие односи. Историјата, археологијата, културната антропологија и редица други науки, до денес, имаат дадено голем придонес во разоткривањето на процесите на развојот на човештвото и во самото откривање на човекот како разумно битие. Сепак, постојат многу процеси коишто овие науки во своите истражувања не можат во целост да ги одговорат и дополнително на тоа создаваат нови прашања и полемики, коишто ги отежнуваат напорите за откривање на причините и последиците на најважните аспекти од секојдневието на човекот. Генерално, до денес, се познати и релативно добро дефинирани основните културни, историски, социјални, економски и политички својства на човештвото, како и хронолошката детерминација на поважните случувања во локален, регионален и глобален контекст.

Неолитот во својата суштина е прилично комплексна (и од антрополошки аспект релативно долга) фаза на пресврт во развојот на човештвото, независно за кој хронолошки интервал станува збор или во кој географски простор го истражуваме. Накусо, во ова ново камено време коешто започнува со самиот крај на епипалеолитските и мезолитските економии (посебно на големата територија на Блискиот Исток и Анадолија), човекот, иако веројатно не првпат, почнува да размислува за скротување на природата. Независно од тоа што оваа проблематика е навистина сложена и многу повеќе допира до филозофијата и религијата, отколку до археологијата и културната антропологија, во својата суштина се обидува да открие одредени рационални намери врз основа на некои археолошки факти. Такви се примерите на низа локалитети на горенаведената територија, каде што се преплетуваат повеќе економии на едно место, со релативно слични архитектонски објекти и артефакти, па дури и со слични симболички карактеристики – Ѓубекли Тепе, Невали Чори, Аин Га-

зал, Чајону, Џарф ел Ахмар, итн. (Kujit 2000; Cauvin 2002; Schmidt 2010; Hauptmann 2011; Rollefson 1986; Benz and Bauer 2013). За овие големи цивилизации, кои на еден или на друг начин се само предвесник на неолитот, обидите за културно-историска интерпретација, во најмала рака, се осудени на слаб успех, бидејќи не успеваат да одговорат на есенцијалните прашања за нивната инстантна појава, која уште во најраната фаза (9500 години пр.н.е. односно, во самиот крај на постоењето на ловечко-собирачките заедници) се базира на многу специфичен и автентичен елемент – монументалната архитектура.

Имајќи ги предвид фактите, во зората на неолитот и на горенаведената територија – монументалната архитектура, практикуваната технологија и симболичките аспекти вклучени во неа – можеме да се согласиме дека е создадена менталната подлога за развој на неолитот. Всушност, наведеното скротување на природата е најдобрата дефиниција за овој период, кој во Предна Азија трае околу 3000 години (9500 до 6500 години пр.н.е.). Имено, на територијата на денешна Турција, Сирија, Иран, Ирак, Израел и Јордан човекот првпат во неолитот успеал да ги припитоми дивите растенија и дивите животни, чиишто домашни форми и варијетети и денес ги користиме. Паралелно со доместикацијата (и веројатно директно зависно од овие клучни цивилизациски случувања), човекот исто така првпат се населува во живеалишта кои самиот тој ги гради и ги подига во систематски организирани трајни населби, кои во некои случаи се карактеризираат со одредена урбанизација. Во рамките на овие големи пред сѐ ментални, а потоа и материјални промени, човекот извојувал и друга цивилизациска победа – започнал да приготвува и да преработува храна во керамички садови.

Забележливо е дека во раната неолитска фаза, со доаѓањето на Балканот неолитските заедници со потекло од Анадолија, несомнено носат голем дел од генералните сознанија, традициите, занаетите, економијата и прото/религијата (Perlés 2001; Perlés 2003; Özdoğan 2006; Özdoğan 2008; Özdoğan 2011; Budja 2009; Çilingiroğlu 2005). Но, со ширењето на неолитот, се забележуваат одредени промени во материјалната култура, што директно наведува на одделување од старите блискоисточни и анадолски традиции (кои сѐ уште се забележуваат кај артефактите). Овие промени со текот на времето, особено при крајот на VII милениум пр.н.е. стануваат толку големи, што веќе можеме да зборуваме за првите автентични балкански неолитски заедници.

Неолитот во Македонија не е исклучок од општата слика за овој прв керамички период на Балканот. Тој се карактеризира со истата земјоделска и сточарска економија, во која главна улога имаат одгледувањето на домашни животни и житни култури, со минимално учество на ловот (Moskalewska and Sanev 1989; Ivkovska 2009). Директно зависни од овој економски контекст се населбите што се карактеризираат со долготраен живот – во повеќе генерации, што добро се гледа од големите наслојувања на локалитетите, особено од континуираното подигање куќи една врз друга. Куќите речиси без исклучок се градени од лепеж, и тоа дрвена конструкција премачкана со дебели слоеви кал, двосливен покрив и типично балкански неолитски инвентар (печки, огништа, платформи, итн.) (Grbić et al. 1960; Garašanin 1979; Bilbija 1986; Гарашанин и Билбија 1988; Санев 1988; Санев 1994; Санев 1995; Стојанова – Канзурова Е. 2008; Tolevski 2009). Врз основа на материјалната култура во Македонија, се определени три културни групи: Амзабегово–Вршник, во цела источна и северозападна Македонија, Велушина–Породин во југозападна Македонија (Пелагониската Котлина) и Зластрана, во Охридскиот регион (Garašanin 1979; Здравковски 1990; Санев 1994; Санев 1995; Fidanoski 2009a). Во однос на периодизацијата, во културата Амзабегово–Вршник се потврдени ранонеолитска и среднонеолитска фаза (иако на епонимниот

локалитет, Амзабегово е документирана и доцнонеолитска фаза), културата Велушина–Породин е ранонеолитска со четири потфази, што е случај и со културата Зластрана. Што се однесува до апсолутната хронологија направена според анализите од неколку локалитети и нивните фази, таа се движи во следниве вредности: ран неолит 6100 до 5800 години пр.н.е; среден неолит 5800 до 5300 години пр.н.е. и доцен неолит 5300 до 5000 години пр.н.е. Во овој релативно долг период, неолитскиот човек од Македонија бил исклучителен занаетчија и интензивно употребувал разновидни алатки и накит од делкан и мазнет камен, како и разни типови алатки од коска и рог, накит од школка и животински заби и други предмети со неопределена намена. Но, она во што неолитските заедници биле највешти е керамиката, односно разновидните керамички предмети кои тие ги изработувале и ги употребувале во најразлични контексти и со различна намена.

### *Неолтиска керамика во Македонија – основни својства*

Во археолошката литература за неолитските култури од Македонија (па и пошироко на Балканот), керамиката отсекогаш била појдовната точка за детерминирање на припадноста и потеклото на неолитските заедници, нивните обележја, како и основно помагало во определувањето на периодизацијата и хронологијата на неолитот воопшто (Grbić et al. 1960; Корошец и Корошец 1973; Gimbutas 1976; Garašanin 1979; Гарашанин 1989; Китаноски и Симоска 1985; Санев 1994; Санев 1995; Sanev 2004; Здравковски 1990; Здравковски 2008; Lazarovichi 2006; Fidanoski 2009a; Fidanoski 2009b; Naumov 2009a). При анализите на керамичкиот материјал, вообичаено е да се определат три основни елементи, според кои се извлекуваат основните заклучоци за збирките – анализа на формата, анализа на украсувањето и функционална анализа. Текстот подолу нема да биде исклучок од овој методолошки пристап (кој во својата суштина е строго конвенционален, па дури и конзервативен во смисла на современата археологија), но, во секој случај ќе биде направен обид за разгледување на керамичкиот материјал од различен аспект.

Неолитската керамика во Македонија е резултат на интензивно производство со голем квалитет и квантитет. Во категоријата керамика од македонскиот неолит се документирани голем број предмети, кои врз основа на формата и намената, се делат на неколку групи: садови, антропоморфни садови, антропоморфни модели на куќи, модели на куќи, жртвеници, фигурини, печати и разни други предмети. На истражуваните локалитети, апсолутна доминација имаат садовите, за разлика од останатите, што е показател за секојдневната (најчесто практична) намена на предметите. Генерално, се смета дека садовите имаат утилитарен карактер, а останатите, повеќе или помалку, имаат симболички карактер. Сепак, ова е генерална поделба и не треба да се сфаќа категорично, бидејќи и кај садовите постојат примероци со симболички карактеристики, за некои жртвеници и модели на куќи се смета дека можеби имаат повеќе утилитарен отколку симболички карактер, а секако постојат и голем дел предмети што не можат прецизно да се определат.

### *Основата: материјалот, методите на анализа и досегашните истражувања*

Материјалот кој ќе биде разгледуван во трудов е избран врз основа на формата, неговата зачуваност (во најчест случај, целиот примерок или во недостиг на цел примерок

– примерок со зачуван поголем карактеристичен дел) и неговата присутност во збирките (избор од типични форми кои почесто се среќаваат). Во трудов подолу е направен избор на најрепрезентативните примероци, што добро ја отсликуваат авторовата идеја. Напомнувам дека кај најголем процент од различните категории предмети откриени во македонскиот неолит преовладуваат типолошките и карактеристиките на формите што тука се претставени. Сепак, имајќи предвид дека станува збор за рачно работени предмети, секогаш постојат исклучоци во збирките. За жал, одреден дел од фотографиите се направени под мал агол, односно не се прецизно фотографирани во профил, што донекаде ја отежнува употребената методологија – поставување во координатен систем и во геометриско тело. Сепак, станува збор за незначителен агол кој не ја нарушува општата слика што авторот на трудов сака да ја акцентира. Што се однесува до методолошките пристапи при анализата на формата, тие се добро познати во литературата, односно ќе биде употребен стандардниот систем: поставување на предметот во координатен систем. Во трудов подолу ќе бидат анализирани предмети од следните локалитети и култури:

1. Барутница – Амзабегово, Руг Баир – Горобинци, Дамјан – Радовиш, Сретсело – Мршевци, Тумба – Маџари, Церје – Говрлево и Потсело – Стенче, локалитети што ѝ припаѓаат на културата Амзабегово–Вршник (со временски опсег од раниот неолит 6100 до 5800 години пр.н.е. и средниот неолит 5.800 до 5.300 години пр.н.е.) и
2. Велушка Тумба, Породинска Тумба, Гургур Тумба, Ѓорев Рид – Суводол, локалитети што ѝ припаѓаат на културата Велушина–Породин (со временски опсег од раниот неолит 6000 до 5500 години пр.н.е.).

Историјата на археолошката мисла е богата со разни научни и ненаучни интервенции во текот на нејзиниот развој – состојба која и денес е актуелна. За среќа, и научните и ненаучните истражувачки интервенции во археологијата придонесуваат во откривањето на животот на древниот човек и во подетаљната реконструкција на човековото минато. Ако научните интервенции во археологијата директно помагаат во откривањето на тајните на минатото (она што денес се нарекува интердицсиплинарност во археологијата или со еден збор – археометрија), ненаучните или послободните интерпретации на археолошкиот предмет индиректно помагаат во отфрлањето на одредени теории и интерпретации и во враќање кон проверливи и аргументирани хипотези. Всушност, археологијата која од авантуристичка, егзотична, хобистичка, па дури и политичка дисциплина (особено како дисциплина во функција на продолжена рака на историјата во периодот на XIX и во почетокот на XX век), па сè до современата културна антропологија, денес, во одредени кругови речиси се третира и како полноправна хуманистичка наука. Сепак, таа, во својата јатка е толковен инструмент на повеќе интердисциплинарни пристапи (биолошки, физички, хемиски, математички, геолошки, социолошки, антрополошки, историски, религиски, итн.), од чии податоци ги извлекува заклучоците. Токму во извлекувањето на овие заклучоци и научните и ненаучните интервенции може да имаат пресудна улога во определувањето на карактеристиките за еден предмет, заедница, култура, комплекс, народ, цивилизација, итн.

Имајќи предвид дека во трудот подолу ќе биде претставен еден поинаков пристап за перцепцијата на одредени предмети и нивната изработка од неолитскиот човек во Македонија, на ова место ќе се осврнам на некои слични истражувања во литературата. Накусо, според истражуваниот керамички материјал во македонскиот неолит, се забележуваат одредени протоматематички или етноматематички концепти во изработката на некои

керамички садови, антропоморфни модели на куќи и фигурини. Генерално, за постоење математика (во современата смисла на зборот) во предисторијата не можеме да зборуваме.

За разлика од културите кои зад себе, освен богатата материјална култура, оставиле видливи и пишани траги на своите интелектуални вештини, праисториските култури од неолитот и палеолитот не оставиле никакви пишани податоци. Овие заедници без писмо, но со исклучително вешти занаетчии оставиле многу богата материјална култура во која може да се почувствуваат одредени намери во протоматематички (геометриски) контекст.

Во големиот број истражувања на историјата на математиката, одреден дел од авторите го доведуваат во прашање потеклото на некои математички откритија (на пример, Питагорината теорема), односно не се убедени во нивното месопотамско, египетско или грчко потекло (Gerdes 1985; Dilke 1987, 18; Hodgkin 2005, 44–45; Katz 2009, 19). Ваквите размислувања не треба да изненадуваат, бидејќи математичките концепти постојат откога постои и човековиот ум. Во тој контекст, денес, постои дисциплина или правец во математиката кој се нарекува етноматематика (а поретко и протоматематика), „дефинирана како културна антропологија на математиката и математичкото образование“ (Gerdes 1994a, 19) или според Д’Амброзио[1] „антрополошка математика“, која особено интензивно се занимава со математиката во денешните и историските заедници (што не користеле писмо). Етноматематиката ги вклучува следниве аспекти:

– автохтона математика,
– социоматематика,
– математика во африканскиот социо-културен амбиент,
– спонтана математика – секој човек и секоја културна група спонтано развива одредени математички методи,
– орална математика – во секоја човечка заедница постои усно предавано математичко знаење,
– угнетена математика,
– нестандардна математика,
– скриена или „замрзната“ математика, и
– народна математика.

Станува збор за релативно нова дисциплина, во која посебно се издвојуваат истражувањата на математичките концепти кај заедниците без писменост од различни периоди од Африка, Азија и Америка (Zaslavsky 1973; Ascher 1988a; Ascher 1988b; Ascher 1997; Gerdes 1994a; Gerdes 1994b; Gerdes 2003). Голем дел од овие истражувања укажуваат на одредени математички откритија (најчесто во геометријата), коишто потекнуваат од разни практични, но и симболички аспекти, кои во суштина и ја определуваат културата – начините на конструирање објекти и предмети, броење и начините на броење, орнаментацијата на артефактите, игрите, загатките, итн. Сепак, колку поназад се оди во времето, толку тие истражувања се помалку. Од најраниот хронолошки период во кој човекот има активна улога во природата – палеолитот, може да се насетат некои протоматематички тенденции во разни култури. Според одредени автори како Мекферон и Хоџсон (McPherron 2000; Hodgson 2006; Hodgson 2011), осознавањето на симетријата се поврзува со симетрично делканите камени алатки од ашелиенската култура (пред

1 Ubiratan D’Ambrosio – математичар кој за првпат во осумдесеттите години ја формулира идејата за различните аспекти во математиката, особено во етноматематиката и протоматематиката.

повеќе од 500.000 години) и веројатно се темели на одредени биолошки и психолошки фактори (**сл. 1**).

Еден од најголемите културни антрополози во историјата на современата наука, Лероа Гуран (Leroi–Gourhan 1967, 90–92), препознава одреден модел на изработка на таканаречени палеолитски фигурини – венери. Тој, не навлегувајќи подетално во намерите на палеолитскиот човек, ја претставува геометриската основа на изгледот на овие величествени артефакти стари повеќе од 20.000 години, за разлика од Абрахам и Томсон (Abraham and Thompson 2006), кои послободно го третираат значењето на овој модел, отворајќи голем број прашања врз основа на таканаречениот „Канон од Леспиг“ (**сл. 2**). Слични се и истражувањата на Вајсов (Вайсов 1992) за доцнонеолитските и енеолитските керамички антропоморфни фигурини од културата Хаманџија кои, според авторот, подлежат на конкретни метрички (математички) пропорции (**сл. 3**).

Постојат одредени истражувања за темата и периодот кои овде нè интересираат, т.е. за неолитските протоматематички концепти. Едни од најраните проучувања се однесуваат на математичките познавања при конструкцијата и поставеноста на мегалитските објекти во Западна Европа, од кои првпат современата наука добива податоци за древните предисториски заедници кои активно практикуваат јасни математички (честопати астрономски) пресметки (Struik 1948; Struik 1954; Hawkins 1965; Wood 1978; Thom 1971; Thom and Thom 1974; Thom and Thom 1980). Нешто подоцна, во осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот век, се забележуваат поголем број истражувања на симетријата и одредени геометриски аспекти во контекст на орнаментацијата на различни праисториски керамички предмети, како и аспекти на симетријата и геометријата во различни заедници без писменост (стари и современи) (Crowe 1971; Crowe 1975; Crowe 1990; Crowe 2004; Washburn 1977; Washburn 1984; Washburn 1995; Washburn 1999; Washburn and Crowe 1988; Jablan 1989; Jablan 1995; Eglash 1995; Gerdes 1992; Gerdes 1994b; Gerdes and Bulafo 1994; Høyrup 2000).

### ***Односи и пропорции кај формите – протоматематички концепти во македонскиот неолит***

#### *Садови*

Во балканскиот неолит најчесто откривани предмети се керамичките садови, и тоа најмногу во фрагментирана состојба, што е резултат на многуслојноста на локалитетите (фрагментите од садовите се расфрлени во слоевите), за разлика од целосно зачуваните примероци кои во многу ретки случаи се откривани во затворени контексти (јама, куќа, итн.). Врз основа на досегашните теренски и кабинетски истражувања, оформена е голема база на податоци за керамичките садови од сите фази на неолитот на Балканот и во Македонија. Благодарение на овие истражувања, денес имаме голем број податоци за начините на изработката, формата, украсувањето, намената, како и податоци за другите аспекти на керамичките садови. Од друга страна, врз основа на археолошките истражувања, а во врска со карактеристиките на керамичките садови, направени се одредени системи на хронологија и периодизација на македонскиот неолит.

За неолитските керамички садови детално е пишувано во повеќе наврати (Grbić et al. 1960; Корошец и Корошец 1973; Gimbutas 1976; Gardner 1976; Garašanin 1979; Гараша-

нин 1989; Санев 1994; Санев 1995; Sanev 2004; Fidanoski 2009a; Fidanoski 2009b; Naumov 2009a), па поради тоа во текстот подолу ќе обрнам внимание на одредени типови керамички садови кај кои се забележуваат протоматематички концепти, односно, математичка пропорционалност која по сѐ изгледа не е воопшто случајна или ненамерна. Станува збор за три типа керамички садови што најчесто се среќавани на македонските неолитски локалитети – купите, грневидните садови и аскосите. Всушност, во анализата не се земени предвид само паниците и чашите, кои, генерално, во македонските неолитски колекции сочинуваат околу 30% од вкупниот материјал. Треба да се има предвид дека купите и грневидните садови сочинуваат меѓу 40% и 60% од вкупниот материјал, додека аскосите, кои се уникатни по изгледот и генерално почесто се присутни на одредени неолитски локалитети во Македонија, се застапени со околу 10% до 15% во вкупниот материјал (Fidanoski 2009b). Кога зборуваме на темата типологијата, не само во Македонија, туку и пошироко на Балканот состојбата е слична. Во тој контекст, купите, грневидните садови и паниците се доминантни форми во балканскиот неолит, за разлика од аскосите коишто навистина ретко се среќаваат.

## Купи

Оваа форма керамички садови често се сретнува кај неолитските локалитети во Македонија и генерално е застапена со околу 15% до 25% од вкупниот материјал (**Т. I–III**). Типолошката класификација на купите е направена врз основа на методологијата на Николов (1998, 7) и се состои од следново: купите се отворени садови кај кои дијаметарот на венецот е помал од најголемиот дијаметар на садот, но е поголем од 2/3 од него, или во случај кога садот има горен цилиндричен дел, дијаметарот на венецот е еднаков на најголемиот дијаметар на телото, додека височината е помала или еднаква на 2/3 од најголемиот дијаметар. Купите се рачно работени садови со три варијанти на телото – елипсоидно, полусферично и цилиндрично (Fidanoski 2009b, 69–71). Во зависност од односот на височината на телото и дијаметарот на венецот, постојат плитки купи (со елипсоидно тело) и длабоки купи (со полусферично и цилиндрично тело). Плитките купи се карактеризираат со елипсоидна форма, издолжена по хоризонтала, и најчесто нагласен венец, благо вовлечен или извлечен. Кај оваа варијанта купи дното речиси секогаш е заоблено, без нагласување. Плитките купи се карактеристични за раниот неолит од културата Велушина–Породин и претставуваат една од формите што неа ја разликуваат од другата голема неолитска култура во Македонија (Амзабегово–Вршник). Во овој труд, плитките купи не се предмет на интерес поради специфичната (плитка) форма, за разлика од длабоките купи, кај кои се забележуваат прецизни математички пропорции. Длабоките купи, кои се карактеристични за раниот и средниот неолит од културата Амзабегово–Вршник, се садови со речиси еднаква височина и широчина, а венецот може да биде изведен како и кај плитките купи. Во зависност од периодот, постојат примероци без нагласено дно, со прстенесто или ниско дно (ран неолит) и примероци со високо конусно дно – нога (среден неолит).

* * *

Ако неолитските купи ги поставиме на координатен систем, се забележува една основна тенденција – едначење на височината и широчината. Имајќи предвид дека во ар-

хеологијата на прво место се толкува материјалната култура, а дури потоа (и врз основа на материјалната култура) човековите постапки, тргнувајќи од стандардната археолошка мисла, тешко е да се толкува намерата на човекот во минатото. Сепак, во овој случај постојат докази дека неолитскиот керамичар се обидувал да создаде садови со еднаква височина и широчина. Во раниот неолит, т.е. кај купите со плитко прстенесто дно, реципиентот е подлабок за сметка на дното (**Т. I: 1, 2**), а кај среднонеолитските купи (кај оние со високо дно – нога) реципиентот е поплиток за сметка на височината на дното (**Т. I: 3, 4; Т. II; Т. III**). Оттаму, неолитскиот керамичар се водел врз конкретен (ментален, практичен и инструментален) модел врз основа на еднаквиот однос меѓу височината и широчината. Сепак, ова се генерални тенденции и не треба да се сфатат категорично, особено поради фактот што садовите се рачно работени. Кај самата изработка на среднонеолитските купи со високо дно – нога, се гледа дека горниот дел (садот) е одделно направен, а долниот дел (дното – нога) е дополнително залепен пред печењето. Значи, за да ја изедначи височината на садот со неговата широчина, неолитскиот керамичар однапред ги знаел точните односи (димензии) на горниот дел и на долниот дел и така ја добивал основната пропорција – еднаков однос меѓу височината и широчината (независно од дното).

Според погоре наведениве пропорции меѓу височината и широчината кај ранонеолитските и среднонеолитските купи, особено кај среднонеолитските, каде што се забележува и одреден однос меѓу височината, т.е. широчината и дијаметарот на дното, како и распонот на овие димензии (дијаметарот на венецот, т.е. височината) се забележува конкретен модел на производство на овие садови. Еднаквоста на височината и широчината укажува дека неолитскиот човек добро ги познавал основните геометриски правила. Оттаму, оваа унифицирана форма на неолитски садови укажува на постоењето одреден стандардизиран систем кој бил активен долг временски период.

### Грневидни садови

Грневидните садови, како и купите, се едни од најчестите садови во неолитските колекции од македонските локалитети и сочинуваат од 20% до 40% од вкупниот материјал (**Т. IV–VII**) (Gimbutas 1976, 37, 43; Garašanin 1979, 89–92; Санев 1994, 30; Fidanoski 2009b, 71–72). Типолошката класификација на овие садови, исто така е направена врз основа на методологијата на Николов (1998, 7) и гласи вака: грневидните садови се затворени садови со релативно високо тело, на кое честопати е изведен врат, височината им е еднаква или поголема од 2/3 од најголемиот дијаметар на телото, а дијаметарот на венецот е помал или еднаков на 2/3 од најголемиот дијаметар на телото. Сепак, треба да се подвлече дека постојат и форми на грневидни садови што се слични со купите или аскосите и понекогаш е тешко да се раздвојат едни од други. Грневидните садови, независно од фазата на која ѝ припаѓаат може да имаат многу разновидни варијанти на формата. Па така, некои имаат зголемена височина за сметка на дијаметарот на стомакот, некои пак обратно – зголемен дијаметар на стомакот за сметка на височината, некои може да имаат широк венец и низок врат (**Т. V: 1–3; Т. VI**), и обратно постојат примероци кај кои венецот е тесен, а вратот висок, итн. (**Т. IV; Т. V: 4; Т. VII**). Зависно од вкусовите на керамичарот, но и од секојдневните потреби на потрошувачот, венците биле различно изведувани, со или без нагласување, да ја следат профилната линија на вратот, да оформуваат низок и широк или тесен и висок врат, со конусна или

цилиндрична форма. Истото може да се каже и за дната, кои биле конструирани на различни начини, ненагласени или нагласени, заоблени, рамни, поретко со плитка нога, итн. Кај голем број од овие садови се изведувани држалки, по две, три или четири, вертикално или хоризонтални извлечени, мали или големи, итн.

* * *

За разлика од купите каде што основната форма е една, грневидните садови имаат многу разновидни варијанти на венецот, вратот, стомакот и дното. Па така, постојат примероци со: релативно тесен венец и средно висок (честопати конусен) врат и силно заоблен (или заоблено-биконусен) стомак; широк венец и низок врат (во некои случаи и без врат) и заоблен стомак; широк венец и низок врат со силно заоблен стомак и тесен венец и висок, тесен врат со силно заоблен стомак. Имајќи ги предвид овие генерални варијанти, како и меѓусебно комбинираните варијанти, се забележуваат разлики во пропорционалноста меѓу дијаметарот на венецот, дијаметарот на стомакот и дијаметарот на дното. Кај одредени примероци се забележува тенденција каде што дијаметарот на венецот е приближно 1/3 од височината и широчината на садот и е еднаков на дното, за разлика од други примероци, кај кои дијаметарот на венецот е 1/2 од височината и широчината на садот. Постојат и примероци кај кои дијаметарот на венецот е речиси еднаков на височината и широчината на садот (форма на грневидни садови која се граничи со купите), а откриени се и примероци кај кои дијаметарот на венецот и вратот е речиси еднаков на 1/3 од височината и широчината на садот. Она што е заедничко и за овие разновидни варијанти на грневидни садови и за купите е тенденцијата во почитувањето на еднаквата пропорционалност меѓу височината и широчината на садот. Имено, кај сите варијанти на грневидните садови (иако не кај сите идеално), се забележува речиси еднаква вредност на височината на садот со неговата широчина (најголемиот дијаметар на стомакот).

Како што погоре беше наведено, меѓу купите и грневидните садови се забележуваат поголеми разлики во однос на пропорциите кај одделните делови на садот. За разлика од купите кај кои точно се прецизирани вредностите на дијаметрите на венецот, стомакот и дното во односот на височината и широчината, кај грневидните садови ова не е правило. Имено, имајќи предвид дека варијантите на грневидните садови се различни според дијаметарот на венецот, дијаметарот на стомакот и дијаметарот на дното - во однос на височината и широчината - се забележува дека тука правилата не се основаат на математичка пропорционалност туку, веројатно на практична, ергономска или естетска. За разлика од ова, математичката пропоционалност за еднаква височина и широчина (во контекст на целиот сад, а не на одделните делови) се забележува кај поголем дел од примероците.

**Аскоси**

Типолошка класификација на овие садови во литературата за неолитска керамика не е правена. Сепак, авторот на овој труд има направено обид да ги класифицира како посебен тип керамички садови според формата, украсувањето и намената (Fidanoski 2009b, 72–73; Фиданоски 2011, 82). Од досегашните истражувања на балканскиот неолит, податоци за аскосите имаме од малку локалитети, што укажува на една исклучително ретка форма садови (**T. VIII–X**). Во Македонија ситуацијата е нешто поразлична

и тука аскоси се откриени на десетина локалитети, од кои во Скопскиот регион се најчести и претставуваат од 10% до 15% од вкупниот материјал. Аскосите се асиметрични, сферични или полусферични рачно работени садови со пет држалки и ексцентричен врат. Постојат неколку варијанти на форми – со вертикално или хоризонтално издолжен стомак и понизок (**Т. IV**) или повисок врат (соодветно на тоа – поширок или потесен стомак/врат) (**Т. VIII; Т. X**). Исто така, поставеноста на држалките може да варира кај различни примероци, иако постои афинитет кон поставувањето – една држалка на едната страна и четири држалки на спротивната страна. Венците речиси никогаш не се нагласени, што е исто и кај дната, кои секогаш се заоблени.

* * *

Аскосите, за разлика од купите и грневидните садови, се многу поретки во неолитските керамички колекции на Балканот. Сепак, во Македонија, особено во некои култури и региони, се релативно добро застапени во колекциите и според формата и техниките на конструирање подлежат на одреден степен на стандардизација. Имено, и кај нив се забележуваат одредени правила за формата кои биле постојано практикувани, па така, секогаш се изработувани во два дела, долен дел – сферичен стомак и горен дел – висок, цилиндричен врат. Она што ги прави посебни и ретки како форма е ексцентрично поставениот врат врз стомакот. Независно од големината, вратот и венецот се секогаш тесни, со димензии кои овозможуваат протнување рака во внатрешноста на садот, па оттаму постојат одредени разлики во пропорциите меѓу вратот и стомакот кај помалите примероци во однос на примероците со средна големина. Но, сметам дека кај сите аскоси, особено од регионот на Скопје (локалитетите Церје – Говрлево и Тумба – Маџари), се почитувани одредени правила во однос на пропорциите меѓу височината и широчината. Поставени во профил, се гледа дека неолитскиот керамичар практикувал одредена математичка тенденција, и тоа:

1. височината на вратот е еднаква на радиусот на круг впишан на стомакот;
2. стомакот е двапати поголем од вратот; и
3. односот на височината кон широчината (дијаметарот на стомакот) е 3:2.

Како што беше и погоре кажано, постојат одредени отстапки во пропорциите на вратот и стомакот, особено кај малите примероци и кај големите примероци. Но, имајќи предвид дека најголемиот процент од откриените аскоси се со средна големина и кај кои речиси идеално се забележуваат пропорциите меѓу вратот и стомакот, т.е. височината и широчината, може да се претпостави дека и овие садови подлежат на точна математичка пропорционалност. Најголемите отстапувања се евидентирани кај малите примероци, кои поради практичната потреба за протнување рака во вратот мора да имаат поширок врат, како и кај големите примероци кои, обратно, имаат речиси еднакво широк врат (како помалите примероци), а поголем стомак – што се должи на ергономијата и статиката на садот. Аскосите – како и дел од грневидните садови, припаѓаат на грубата керамика која генерално се смета како категорија на утилитарни керамички садови, т.е. како предмети за секојдневна употреба без особени симболички карактеристики – подлежат на определени математички правила при дефинирањето на изгледот. Тоа во секој случај кореспондира и со ергономските и со практичните

потреби на изработувачот и на потрошувачот, но може да се каже дека и кај нив биле запазувани конкретни пропорции на височината кон широчината.

*Антропоморфни модели на куќи*

Антропоморфните модели на куќи, познати во литературата и како Голема Божица Мајка, Мајка – Куќа или антропоморфни жртвеници (**Т. XI, XII**) (Gimbutas 1989; Колиштрковска - Настева 2005; Sanev 2006; Zdravkovski 2006; Чаусидис 2008; Chausidis 2010) се предмети со хибридна изведба на човек и објект (веројатно куќа). *Антропоморфните модели на куќа се можеби најкомплексните керамички предмети кои го претставуваат човековото тело или архитектонски објект* (Naumov 2009b, 106) и со тоа, тие се едни од најкарактеристичните предмети од македонскиот неолит. Нивното присуство е забележано на редица локалитети во Скопскиот регион, односно во културата Амзабегово–Вршник и во Пелагонија во културата Велушина–Породин. На локалитетите од овие култури се откриени по неколку десетици фрагменти, а поретко и цели примероци, што зборува за негување традиција кон овие предмети. Обиди за класификација и подетална анализа се направени од повеќе автори (Георгиев и Билбија 1984; Санев 1988, 15–18; Sanev 2006; Чаусидис 2008; Chausidis 2010; Naumov 2009b, Naumov 2013; Наумов и Чаусидис 2011), при што се утврдени нивните основни обележја, кои повеќе или помалку се слични во однос на формата и техниката на изработка. Основната форма на антропоморфните модели на куќи е сочинета од два дела; долен дел во вид на објект со квадратна, правоаголна или благо трапезоидна форма, и горен дел со цилиндричен изглед на кој е изведен антропоморфен лик. Во македонскиот неолит се откриени повеќе варијанти на горенаведениот основен модел антропоморфни модели на куќа, од наједноставни – каде што долниот дел е обичен квадрат, а горниот само цилиндар (**Т. XI: 2, 3; Т. XII: 2**); комбинации од поедноставен долен дел и посложен горен дел (изведба на раце поставени на кубусот, лик, итн.) (**Т. XI: 1**) и обратно, комбинации на посложен долен дел и поедноставен горен дел; како и целосно посложени изведби, каде што се изведувани детали на целиот предмет (**Т. XII: 1, 3**).

* * *

Имајќи ја предвид разновидноста на формите кај антропоморфните модели на куќи, на прв поглед изгледа дека станува збор за предмети со различен изглед, секој со свои особености, предмети кои подлежат на различни изведби. Оваа констатација е точна сè до моментот кога овие предмети ќе ги поставиме на координатен систем, односно ќе ги употребиме истите методолошки пристапи како и за садовите. На прво место, и самиот изглед е базиран врз основните геометриски тела – цилиндар и квадрат или правоаголник, па оттаму логично е одделувањето на две основни математички форми (цилиндар – квадрат/правоаголник), што се потврдува и од семантички аспект (цилиндар, т.е. човек, и квадрат/правоаголник, т.е. куќа/објект). Со поставувањето на примероците на координатниот систем, повторно се забележуваат прецизни математички тенденции во поглед на пропорциите. Почнувајќи од горниот (антропоморфен) дел или цилиндарот (во некои случаи и со изведени раце) и завршувајќи на долниот (архитектонски) дел се гледа јасна пропорционалност во однос на височината и широчината. Имено, цилиндарот е со широчина од 1/2 во однос на долниот дел кај одредени примероци, а кај други примероци истиот однос е

1/3. Истите односи важат и за долниот дел. Ако еден дел од овие предмети го гледаме како геометриско тело, тогаш постојат примероци составени од два квадрата (правоаголник), односно височината е 2 пати поголема од широчината, и примероци кај кои височината е 1/4 поголема од широчината. Оттука, може да се каже дека и кај антропоморфните модели на куќи се почитувани одредени правила на пропорционалност. Сепак, за разлика од садовите, кај овие, според формата разновидни и сложени предмети, не може со голема сигурност да се аргументираат конкретни геометриски правила во моделите и изработката. Исто така, постојат и примероци кај кои височината на цилиндарот е пониска од височината на долниот дел, но секогаш целосната височина на предметот не е поголема од широчината (како и во горенаведениот однос – 2 пати). Во секој случај, сметам дека и кај антропоморфните модели на куќи се практикувани определени пропорции при изработката. Тоа е добро документирано кај примероците од локалитетите во Скопскиот регион, слично како и кај аскосите. Оттаму, може да се каже дека и овие предмети подлежат на одредени математички правила при изработката, особено во однос на широчината на горниот и на долниот дел, нивниот меѓусебен однос и секако на односот височина – широчина. Сметам дека и тие се резултат на обидот да се постигне хармоничност во изведбата, која можеби изведбено не е прецизно математичка, но интелектуално и технолошки е плод на античката математичка убавина – хармонична и пропорционална.

*Фигурини*

Фигурините се една од поинтересните, но во исто време и една од посложените категории неолитски артефакти кои досега во Македонија и пошироко низ Балканот, низ Европа и светот биле предмет на голем интерес (**Т. XIII**). За нивните основни карактеристики како изработката, формата, украсувањето и намената, а понекогаш и за нивните социо-културни влијанија во неолитските заедници е опширно пишувано од многу автори (Ucko 1962; Ucko 1996; Leroi–Gourhan 1967; Срејовиќ 1968; Gimbutas 1982; Gimbutas 1989; Letica 1988; Talalay 1994; Talalay 2000; Meskell 1995; Biehl 1994; Biehl 1996; Biehl 1997; Biehl 2006; Bailey 1994; Bailey 1996; Bailey 2005; Tringham and Conkey 1998; Вайсов 1992; Vajsov 1998; Sanev 2006; Hansen 2007; Becker 2007; Becker 2010; Lesure 2011; Naumov 2009b; Naumov 2009c; Naumov 2010; Naumov 2014; Наумов и Чаусидис 2011; Chausidis 2010; Kawashima 2005). Од аспект на бројноста, овие предмети се едни од најретките во неолитските колекции од сите локалитети. Имајќи ја предвид истраженоста на македонските неолитски локалитети, вообичаено на секој локалитет се откриени по неколку примероци за разлика од другите категории предмети кои се доминантно присутни – садови, животински коски, итн. Во категоријата фигурини влегуваат антропоморфните и зооморфните фигурини, при што, последните не се предмет на интерес во овој текст. Зооморфните фигурини не влегуваат во оваа анализа, бидејќи не се карактеризираат со конкретни математички односи и пропорции, што е очекувано, имајќи ја предвид разновидноста на животните (со различни, а понекогаш и со неопределиви анатомски обележја) кои веројатно биле претставувани: елени, говеда, овци, кози, свињи, кучиња, змии, жаби, птици, итн. (Naumov 2009b, 98–103).

Она што е предмет на интерес во овој труд, а може да се примени во оваа категорија предмети, е анализата на математичката пропорционалност во изведбата кај фигурините чиј модел е човечкото тело, т.е. антропоморфните фигурини. За разлика од досега претставените категории неолитски предмети, благодарение на истражувањата на Наумов (2015,

51), имаме вкупен број објавени антропоморфни фигурини (цели и фрагменти) – 289. Иако станува збор за мал број предмети, обратно на тоа – нивната разновидност според формата, изведбата и изразот – тие се најразличните артефакти на еден локалитет, заедници, култура, итн. Единственото заедничко за сите е телото кое најчесто е цилиндрично, а сето останато (глава, екстремитети, секундарни полови карактеристики, накит, итн.) може да биде разновидно. Накусо, антропоморфните фигурини од македонските локалитети најчесто имаат шематизирана изведба на телото, на кое вообичаено се нагласени само одредени анатомски карактеристики (раце, бутини, задник, итн.) (**Т. XIII**). Кај некои случаи, постојат и дополнителни детали на главата (очи, нос, уста, фризура, итн.), но детали на рацете или нозете не се познати. Од друга страна, постојат примероци кај кои рацете се пореалистични и се забележува различна поставеност (испружени, преклопени, итн.) (**Т. XIII: 1, 3**), а постојат и примероци чии раце се само назначени и рудиментирани, без конкретен гест (**Т. XIII: 2, 4, 5**). Слично е и со изведбата на нозете – постојат примероци со пореалистична изведба и став, а има и примероци кај кои нозете се обработувани без анатомските детали. Сепак, доминантна појава е стеатопигијата, која има потекло од пораните култури (палеолитските) – појава, што со мали исклучоци, е добро потврдена низ голем број неолитски локалитети пошироко во Европа.

* * *

Антропоморфните фигурини за разлика, од претходните категории предмети, се многу поразновидни во однос на основната форма. За разлика од другите категории што се базираат врз поедноставни елементи на формата (садот може да има најмногу три издвоени дела – венец, стомак и дно, а антропоморфните модели на куќи најмногу два дела – антропоморфен, горен и архитектонски, долен дел), фигурините се базираат врз четири основни елементи во изведбата на формата – глава, раце, тело и нозе. Дополнително на тоа, и овие одделни елементи може да се расчленети (свртена глава, испружени или собрани раце, споени или раширени нозе, итн.). Покрај тоа, кај фигурините се среќаваат и различни варијанти според пропорционалноста меѓу главата и телото, и телото и нозете, а во одреден поглед и во однос на самата телесна поставеност. Оттука, како и другите неолитски предмети, кои пред сè, се рачно работени, за фигурините не може со сигурност да се тврди дека подлежат на строги математички правила во однос на пропорциите. Исто така, имајќи предвид дека фигурините на одреден начин се и интерпретација на човечкото тело – тука се забележуваат различни афинитети (особено од аспект на подоцнежните канони за претставување на човечкото тело – египетските или грчките канони). За неолитските фигурини не може да се тврди дека подлежат на строги правила во однос на пропорционалноста, но може да се претпостави дека постојат одредени тенденции при нивната изработка.

Се забележува дека постојат одредени законoмерности во основната форма – височината е вообичаено двапати поголема од широчината. Исто така, кај сите тука претставени примероци се гледа дека главата се состои во 1/4 од височината на телото, а рацете (особено на примероците кај кои се свиткани) се изведувани на идеалната средина на фигурината. Средишниот дел на фигурината, исто така, е границата од која се изведувани нозете, независно во каков став се тие. Во однос на широчината на телото, таа не подлежи на конкретен однос со височината, кај некои таа е нешто поширока или потесна од 1/2 од височината, а кај некои примероци таа е речиси идеално 1/2 од височината на фигурината. Сметам дека треба уште еднаш да се подвлече дека фигурините не може да бидат еднакво третирани

како другите категории поради нивните разновидни варијанти на формата. Тие се сепак интерпретација на човечкото тело, независно дали се правени според одреден модел на вистински човек или се само производ на збир од повеќе сознанија. Дали подлежат или не подлежат на строги пропорционалности во изведбата, сè уште не може да се тврди, но може да се насети постоењето на афинитети кон некакви односи во поглед на третманот на телото и неговите елементи. Претпоставката дека постојат одредени геометриски правила и пропорционалност кај праисториските фигурини всушност е направена поодамна од Лероа Гуран (Leroi–Gourhan 1967, 90–92), и тоа за многу постарите (палеолитски) фигурини. Затоа, претпоставката дека постои тенденција за претставување на човековото тело во одредени пропорционалности кај неолитските заедници треба да се има предвид, што на одреден начин е потврдена и во други (доцнонеолитски и енеолитски) култури на Балканот, како што е Хаманџија културата (Вайсов 1992).

### *Заклучни разгледувања*

Во светската историја, добро се познати знаењата на древните цивилизации од Месопотамија, Египет, Грција, Кина, Индија и др. особено во математиката, астрономијата, архитектурата, итн. Благодарение на нивните пишани (историски) документи за нивните достигнувања, ние денес може да се восхитуваме на нивните високи цивилизациски успеси. Но, треба да се има предвид дека и поодамна пред нив, како и подоцна по нив, постојат голем број праисториски цивилизации кои иако не оставиле пишани траги, создале определени предмети кои укажуваат на одредени протоматематички познавања, особено на геометријата и теоријата на пропорциите. Ваквите протоматематички тенденции се силно поврзани со природата и свесноста на древниот човек за неговото место во природата. Токму заради тоа не треба да нè изненадува дека кај голем број рано и средненеолитски заедници (во овој случај од Македонија), постојат вакви тенденции.

Неолитот како една од пораните етапи од развојот на човештвото, независно во кој географски простор се појавува, во својата суштина е поврзан со појавата на керамиката. Во неолитот, керамиката игра голема улога во колективната свест, како и во симболичките и културолошките сфери. Токму во најчесто откриваните категории керамички предмети во македонскиот неолит, како што се садовите, антропоморфните модели на куќи и антропоморфните фигурини се забележуваат јасни протоматематички тенденции – особено во доменот на геометриската пропорционалност (**сл. 4**). Оваа естетска вредност се базира токму на сфаќањата на старите филозофи, математичари, уметници, итн. дека убавината доаѓа од природата, односно од математиката и од човечкото тело. Оттаму, и во постарите праисториски цивилизации како во овој пример – македонскиот (ран и среден) неолит, човекот одлично ја познавал природата и себеси, подеднакво применувајќи конкретни ментални и практични, културолошки и математички концепти со една цел – да создаде убав предмет за окото.

***Видот бара убавина. Ако не ја задоволиме неговата желба за пропорција и мера, ако не го зголемиме сразмерно она што го лаже окото, тогаш за оние што гледаат – обликот ќе биде густ и неубав.***

**Витрувиј 1998.**

**Библиографија:**

*- кирилична:*

Вайсов, И. 1992. Антропоморфната пластика на култура Хаманджия. *Добруджа сборник* 9 (1992). Силистра: 35–70. Исторически музей – Добрич.

Василева, М. 2005. *Каде е нашето минато? Вовед кон праисторијата на Пелагонија*. Битола: Здружение на граѓани и љубители на археологијата „Висои“ – Битола во соработка со Завод и музеј - Битола.

Витрувиј 1998. *Десет книги за архитектурата*. Превод на Љубинка Басотова. Скопје: Зумпрес.

Гарашанин, М. 1989. Проблеми неолита и енеолита централног Балкана у вези са резултатима истраживања у Македонији. *Macedoniae acta archaeologica* 10: 25–36. Скопје.

Гарашанин, М. и Билбија, М. 1988. Куќа 1 во Зелениково. *Macedoniae acta archaeologica* 9: 31–42. Скопје.

Георгиев, З. и Билбија, М. 1984. Неолитска населба кај Говрлево. *Културно наследство* IX (1982): 38–48. Скопје.

Здравковски, Д. 1990. За границите на Анзабегово-вршничката културна група во средниот неолит. *Macedoniae acta archaeologica* 11: 51–57. Скопје.

Здравковски, Д. 2006. *Генеза и развој на Анзабегово-вршничката културна група*. Докторска теза одбранета на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет, Институт за историја на уметноста и археологија.

Здравковски, Д. 2008. Среден неолит во Горновардарскиот регион. *Macedoniae acta archaeologica* 18: 55–63. Скопје.

Китаноски, Б. и Симоска, Д. 1985. Неолитот и енеолитот во Пелагонија. *Зборник на трудови на Завод, музеј и галерија Битола*. Битола: Завод, музеј и галерија Битола.

Колиштрковска-Настева, И. 2005. *Праисториските дами од Македонија* (каталог). Скопје: Музеј на Македонија.

Корошец, П. и Корошец, Ј. 1973. *Предисториска населба Барутница*. Прилеп: Археолошко друштво на Македонија.

Наумов, Г. 2015. *Неолитски фигурини во Македонија.* Скопје. Магор.

Наумов, Г. и Чаусидис, Н. 2011. *Неолитски антропоморфни предмети од Република Македонија*. Скопје. Магор.

Николов, В. 1998. Методически принципи за изследване на неолитни керамични комплекси. *Археология* 3–4: 1–10. София.

Санев, В. 1988. Неолитско светилиште од Тумба во Маџари, Скопско, Прелиминарно соопштение од ископувањата во 1981. *Macedoniae acta archaeologica* 9: 9–30. Скопје.

Санев, В. 1994. Младо камено време. *Археолошка карта на Република Македонија*, том I: 26–42. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Санев, В. 1995. Неолитот и неолитските култури во Македонија. *Цивилизации на почвата на Македонија, Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија*, книга 2: 21–46. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Срејовиќ, Д. 1968. Неолитска пластика Централног Балкана. Во Трифуновиќ, Л. (уред.) *Неолит Централног Балкана*: 177–270, Београд, Народни музеј.

Стојанова – Канзурова, Е. 2008. Огништа, печки и жртвеници во неолитските куќи во Македонија. *Macedoniae acta archaeologica* 18: 65–74. Скопје.

Фиданоски, Љ. 2011. Неолитски аскоси од Скопскиот регион. *Macedoniae acta archaeologica* 20: 77–90. Скопје.

Чаусидис, Н. 1995. Предисторија. Во (без уред.) *Македонија културно наследство*: 14–45. Скопје, Мисла.

Чаусидис, Н. 2008. Отворите на неолитските жртвеници од типот „Мајка – Куќа“. *Macedoniae acta archaeologica* 18: 75–92. Скопје

*- латинична:*

Abraham, R. H. and Thompson, W. I. 2006. The Canon of Lespugue. *The Epigraphic Society Occasional Papers* Vol. 24: 170–175.

Ascher, M. 1988a. Graphs in Culture: A Study in Ethno-mathematics. *Historia Mathematica* 15: 201–227.

Ascher, M. 1988b. Graphs in Culture (II): A Study in Ethno-mathematics. *Archive for History of Exact Sciences*. Berlin (39): 75–95.

Ascher, M. 1997. Malagasy *Sikidy*: A Case in Ethnomathematics. *Historia Mathematica* 24: 376–395.

Bailey, D. W. 1994. Reading Prehistoric Figurines as Individuals. *World Archaeology* 23 (3): 321–331.

Bailey, D. W. 1996. Interpreting Figurines: the emergence of illusion and new ways of seeing. *Cambridge Archaeological Journal* 6 (2): 291–295.

Bailey, D. W. 2005. *Prehistoric Figurines: Representation and corporeality in the Neolithic*. New York: Routledge.

Becker, V. 2007. Early and middle Neolithic figurines - the migration of religious belief. *Documenta Praehistorica* XXXIV: 119–127. Ljubljana.

Becker, V. 2010. Antropomorphe Plastiken Westbulgariens und ihre Stellung im südsoteuropäischen Frühneolithikum. *Studia Praehistorica* 13: 23–40. Sofia.

Benz, M. and Bauer, J. 2013. Symbols of Power - Symbols of Crisis? A Psycho-Social Approach to Early Neolithic Symbol Systems. *NEO-LITHICS 2/13 The Newsletter of Southwest Asian Neolithic Research Special Topic on The Symbolic Construction of Community*: 11–24.

Biehl, P. F. 1994. *Studien zum Symbolgut des Neolithikums und der Kupferzeit in Südosteuropa*. PhD dissertation. Saarbrüken Universitat.

Biehl, P. F. 1996. Symbolic communication systems: Symbols of the Neolithic and Chalcolithic from south-eastern Europe. *Journal of European Archaeology* 4: 153–176.

Biehl, P. F. 1997. Overcoming the 'Mother-Godess Movement': A New Approach to the Study of Human Representation. *Proceedings of the Latvian Academy of Science*. Section A, No: 4–5: 59–67.

Biehl, P. F. 2006. Figurines in Action: Methods and Theories in Figurine Research. In Layton R. - Shennan S. - Stone P. (eds.) *A Future for Archaeology*: 199–215. London.

Bilbija, M. 1986. Cerje, Neolitsko naselje. *Arheološki pregled* 26: 35–36. Ljubljana.

Cauvin, J. 2002. *The Birth of the Gods and the Origin of Agriculture*. Translated by Trevor Watkins. Cambridge: Cambridge University Press.

Chausidis, N. 2010. Neolithic Ceramic Figurines in the Shape of a Woman – House from the Republic of Macedonia. In Gheorghiu, D. and Cyphers, A. (eds.) *Anthropomorphic and Zoomorphic miniature figures in Eurasia, Africa and Meso-America: morphology, materiality, technology, function and context*: 25–35. Oxford: British Archaeological Reports International Series.

Crowe, D. 1971. The Geometry of African Art I: Bakuba Art. *Journal of Geometry* (Munich) 1: 169–182.

Crowe, D. 1975. The Geometry of African Art II: A Catalog of Benin Patterns. *Historia Mathematica* 2: 253–271.

Crowe, D. 1990. Mathematics and Symmetry, A Personal Report. *Symmetry: Culture and Science* Vol. 1, No. 2: 139–153.

Crowe, D. W. 2004. Introduction to the Plane Symmetries. In Washburn, D. K. and Crowe, C. W. (eds.) *Symmetry Comes of Age: The Role of Pattern in Culture*: 3–17. Seattle: University of Washington Press.

Çilingiroğlu, Ç. 2005. The concept of "Neolithic package:" considering its meaning and applicability. *Documenta Praehistorica* XXXII: 1–13.

Dilke, O. A. W. 1987. *Mathematics and measurement, Reading the Past*. London: University of California Press/British Museum.

Eglash, R. 1995. Fractal Geometry in African Material Culture. Symmetry: *Culture and Science* Vol. 6, No. 1: 174–177.

Fidanoski, Lj. 2009a. Periodization and Chronology of the Neolithic Cultures. In Naumov, G. Fidanoski, Lj. Tolevski, I. and Ivkovska, A. *Neolithic Communities in the Republic of Macedonia*: 29–34. Skopje: Dante.

Fidanoski, Lj. 2009b. Pottery production. In Naumov, G. Fidanoski Lj. Tolevski I. and Ivkovska A. *Neolithic Communities in the Republic of Macedonia*: 65–80. Skopje: Dante.

Fidanoski, Lj. 2015. Home Sweet Home: Neolithic Architectural Remains from the Neolithic Site Cerje - Govrlevo, Republic of Macedonia. *Analele banatului* XXIII: 11–44.

Fidanoski, Lj. and Tomaž, A. 2010. Under the Field of Wheat: Archaeological Research at the Neolithic Site at Cerje – Govrlevo. *Macedonian Heritage, Hommage to Milosh Bilbija* Year XIV, No. 36–37: 61–72.

Garašanin, M. 1979. Centralnobalkanska zona. In: Benac, A. (ed.) *Praistorija Jugoslavenskih Zemalja* II, Neolitsko doba: 79–212. Sarajevo: Akademija nauke i umetnosti Bosne i Hercegovine.

Gardner, E. 1976. The Technology of the Ceramics. In Gimbutas, M. (ed.) *Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugoslavia*: 159–176. Los Angeles: The Regents of the University of California.

Gerdes, P. 1985. Three Alternate Methods of Obtaining the Ancient Egyptian formula for the area of a Circle. *Historia Mathematica* 12: 261–268.

Gerdes, P. 1992. Fivefold Symmetry and (Basket) Weaving in Variuous Cultures. In Hargittai, I. (ed.) *Fivefold Symmetry*: 245–261. River Edge, New Jersey: World Scientific.

Gerdes, P. 1994a. Reflections on Ethnomathematics. *For the Learning of Mathematics* 14, 2: 19–22.

Gerdes, P. 1994b. On Mathematics in the History of Sub-Saharan Africa. *Historia Mathematica* 21: 345–376.

Gerdes, P. 2003. *Awakening of Geometrical Thought in Early Culture*. Minneapolis: MEP Publications. University of Minnesota.

Gerdes, P. and Bulafo, G. 1994. *Sipatsi: Technology, Art and Geometry in Inhambane*. Maputo: Universidade Pedagógica.

Gimbutas, M. 1976. Chronology. In Gimbutas, M. (ed.) *Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugoslavia*: 29–77. Los Angeles: The Regents of the University of California.

Gimbutas, M. 1982. *The Goddesses and Gods of Old Europe*. London: Thames and Hudson.

Gimbutas, M. 1989. *The Language of the Goddess*. London: Thames and Hudson.

Grbić, M., Mačkić, M., Nadjš, P., Simoska, D. i Stalio, B. 1960. *Porodin, Kasnoneolitsko naselje na Tumbi kod Bitolja*. Bitolj: Narodni muzej Bitolj i Arheološki institut – Beograd.

Hansen, S. 2007. *Bilder vom Menschen der Steinzeit: Untersuchungen zur anthropomophen Plastik der Jungsteinzeit und Kupferzeit in Südosteuropa I und II*. Mainz: Philip von Zabern Verlag.

Hauptmann, H. 2011. The Urfa Region. In: Özdoğan, M. – Başgelen, N. – Kuniholm, P. (eds.) *Neolithic in Turkey. New Excavations and New Research*: 85–138. Istanbul: Archaeology *and* Art Publications.

Hawkins, G. S. 1965. Sun, Moon, Men, and Stones. *American Scientist* 53: 391–408.

Hodgkin, L. 2005. *A History of Mathematics, From Mesopotamia to Modernity*. New York: Oxford University Press Inc.

Hodgson, D. 2006. Understanding the Origins of Paleoart: The Neurovisual Resonance Theory and Brain Functioning. *PaleoAnthropology*: 54–67.

Hodgson, D. 2011. The First Appearance of Symmetry in the Human Lineage: Where Perception Meets Art. Symmetry 3: 37–53.

Høyrup, J. 2000. Geometrical patterns in the pre-classical greek area. Prospecting the borderland between decoration, art, and structural inquiry. *Revue d'historie des mathématiques* 6. Société mathématique de France: 5–58.

Ivkovska, A. 2009. Animal husbandry and hunting. In Naumov, G. Fidanoski, Lj. Tolevski, I. and Ivkovska, A. *Neolithic Communities in the Republic of Macedonia*: 53–64. Skopje: Dante.

Jablan, S. 1989. *Geometry in the Pre-scientific Period*. Belgrade: Mathematical institute.

Jablan, S. 1995. *Theory of Symmetry and Ornament*. Beograd: Matematički institut.

Katz, V. J. 2009. *A History of Mathematics, An Introduction*. Third edition. Addison-Wesley.

Kawashima, T. 2005. Another aspect of figurine function. *Documenta Praehistorica* XXXII: 177–185. Ljubljana

Kujit, I. 2000. (ed.) *Life in Neolithic Farming Communities. Social Organization, Identity, and Differentiation.* New York: Kluwer Academic/Plenum Publishers.

Lazarovichi, G. 2006. The Anzabegovo-Gura Baciului Axis and the First Stage of the Neolithization Process in Southern - Central Europe and the Balkans. In Tasić, N. and Grozdanov, C. (eds.) *Homage to Milutin Garašanin*: 111–158. Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Arts, Macedonian Academy of Sciences and Arts, SASA Special Editions.

Lesure, R. G. 2011. I*nterpreting Ancient Figurines: Context, Comparison and Prehistoric Art*. Cambridge: Cambridge University Press.

Letica, Z. 1988. Anthropomorphic and Zoomorphic Figurines from Divostin. In McPherron, A. and Srejović, D. (eds.) *Divostin and the Neolithic of Central Serbia*: 173–201. Kragujevac-Pittsburgh.

Leroi–Gourhan, A. 1967. *Treasures of Prehistoric Art*. New York: H. N. Abrams.

McPherron, S. P. 2000. Handaxes as a Measure of the Mental Capabilities of Early Hominids. *Journal of Archaeological Science* 27: 655–663.

Meskell, L. 1995. Godessess, Gimbutas and 'New Age' archaeology. *Antiquity* 69: 74–86.

Moskalewska, A. L. and Sanev, V. 1989. Preliminary Analysis of Bone Remnants of Animals from the Neolithic Archaeological Site Tumba Madžari near Skopje (Yugoslavia). *Macedonia Acta Archaeologica* 10: 55–78. Skopje.

Naumov, G. 2009a. The Process of Neolithization. In (Naumov, G. Fidanoski, Lj. Tolevski, I. and Ivkovska, A.) *Neolithic Communities in the Republic of Macedonia*: 17–28. Skopje: Dante.

Naumov, G. 2009b. Neolithic visual culture and rituals. In Naumov, G. Fidanoski, Lj. Tolevski, I. and Ivkovska, A. *Neolithic Communities in the Republic of Macedonia*: 87–135. Skopje: Dante.

Naumov, G. 2009c. *Patterns and Corporeality: Neolithic Visual Culture from the Republic of Macedonia*. Oxford: British Archaeological Reports - International Series.

Naumov, G. 2010. Neolithic anthropocentrism: the principles of imagery and symbolic manifestation of corporality in the Balkans. *Documenta Praehistorica* XXXVII: 227–238. Ljubljana.

Naumov, G. 2013. Embodied houses: social and symbolic agency of Neolithic architecture in the Republic of Macedonia. In Hoffman, D. and Smyth, J. (eds.) *Tracking the Neolithic house in Europe - sedentism, architecture and practice*: 65–94. New York: Springer.

Naumov, G. 2014. Figuring Out the Figurines: Towards the Interpretation of Neolithic Corporeality. *Journal of Flinders Society* 2/1: 49–60. Adelaide.

Özdoğan, M. 2006. Neolithic cultures at the contact zone between Anatolia and the Balkans - Diversity and homogeneity at the Neolithic frontier. In Gatsov, I and Schwarzberg, H. (eds.) *Aegean – Marmara – Black Sea: the Present State of Research on the Early Neolithic*: 21–28. Langenweissbach: Proceeding of the Session held at the EAA 8th Annual Meeting at Thessaloniki, 28th September 2002. Beier & Beran.

Özdoğan, M. 2008. An Alternative Approach in Tracing Changes in Demographic Composition, The Westward Expansion of the Neolithic Way of Life. In Bocquet–Appel, J.-P. and Bar–Yosef, O. (eds.) *The Neolithic Demographic Transition and Consequences*: 139–178. Springer Science-Business Media B.V.

Özdoğan, M. 2011. Archaeological Evidence on the Westward Expansion of Farming Communities from Eastern Anatolia to the Aegean and the Balkans. *Current Anthropology*, Vol. 52, Supplement 4: 415–430.

Perlés, C. 2001. *The Early Neolithic in Greece,: The first farming communities in Europe*. Cambridge: Cambridge University Press.

Perlés, C. 2003. An alternate (and old-fashioned) view of Neolithisation in Greece. *Documenta Praehistorica* XXX: 99–113. Ljubljana.

Rollefson, G. 1986. ʻAin Ghazal 1983–1985. *Archiv für Orientforschung* 33: 149–152.

Sanev, V. 2004. Some Characteristics of the Anzabegovo-Vršnik Cultural Group in Macedonia. In Perić, S. (ed.) *The Neolithic in the Middle Morava Valley*, No. 1: 35–48. Belgrade.

Sanev, D. 2006. Anthropomorphic Cult Plastic of Anzabegovo-Vršnik Cultural Groups of the Republic of Macedonia. In Tasić, N. and Grozdanov, C. (eds.) *Homage to Milutin Garašanin*: 171–192. Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Arts and Macedonian Academy of Sciences and Arts, SASA Special Editions.

Schmidt, K. 2010. Göbekli Tepe - The Stone Age Sanctuaries: New Results of Ongoing Excavations with special focus on Sculptures and High Reliefs. *Documenta Praehistorica* XXXVII: 239–256. Ljubljana.

Struik, D. J. 1948. Stone Age Mathematics. *Scientific American* 179, no. 12: 44–69.

Struik, D. J. 1954. *A Concise History of Mathematics*. London: G. Bell and Sons LTD.

Talalay, L. E. 1994. A Feminist Boomerang: The Great Goddess of Greek Prehistory. *Gender and History* 6 (2): 165–183.

Talalay, L. E. 2000. Cultural Biographies of the Great Goddess. *American Journal of Archaeology* 104: 789–792.

Thom, A. 1971. *Megalithic Sites in Britain*. Oxford: Oxford At Clarendon Press.

Thom, A. and Thom, A. S. 1974. Stonehenge. *Journal for the History of Astronomy* 5: 71–90.

Thom, A. and Thom, A. S. 1980. *Megalithic Rings: Plans and Data for 229 Monuments in Britain*. Oxford: British Archaeological Reports.

Tolevski, I. 2009. Architecture. In Naumov, G. Fidanoski, Lj. Tolevski, I. and Ivkovska, A. *Neolithic Communities in the Republic of Macedonia*: 35–44. Skopje: Dante.

Tringham, R. and Conkey, M. 1998. Rethinking Figurines: A Critical Analysis of Archaeology, Feminism and Popular Culture. In Morris, C. and Goodison, C. (eds.) *Ancient Goddesses: The Myths and the Evidence*: 22–45. London: British Museum Press.

Ucko, P. 1962. The Interpretation of Prehistoric Anthropomorphic Figurines. *Journal of the Royal Anthropological Institute* 92: 38–54.

Ucko, P. 1996. Mother, Are You There? *Cambridge Archaeogical Journal* 6 (2): 300–304. Cambridge.

Vajsov, I. 1998. The Typology of the Anthropomorphic Figurines from Northeastern Bulgaria. In Stefanovich, M., Todorova, H. and Hauptmann, H. (eds.) *In the steps of James Harvey Gaul*: 107–141. Sofia: The James Harvey Gaul Foundation.

Washburn, D. K. 1977. A Symmetry Analysis of Upper Gila Area Ceramic Design. *Papers of the Peabody Museum of Archaeology and Ethnology*, Vol. 68. Cambridge: Harvard University Press.

Washburn, D. K. 1984. The Study of the Red on Cream and Cream on Red Designs on Early Neolithic Ceramics from Nea Nikomedeia. *American Journal of Archaeology* 88: 305–324. Boston.

Washburn, D. K. 1995. *Living in Balance: The Universe of the Hopi, Zuni, Navajo and Apache*. Philadelphia: University of Pennsylvania Museum.

Washburn, D. K. 1999. Perceptual Anthropology: The Cultural Salience of Symmetry. *American Anthropologist* Vol. 101/3: 544–562. Arlington.

Washburn, D. K. and Crowe, D. W. 1988. *Symmetries of Culture, Theory and Practice of Plane Pattern Analysis*. Seattle: University of Washington Press.

Wood, J. E. 1978. *Sun, Moon and Standing Stones*. Oxford, London, New York: Oxford University Press.

Zaslavsky, C. 1973. *Africa Counts*. Boston: Weber and Schmidt inc.

Zdravkovski, D. 2006. New aspects of the Anzabegovo-Vršnik cultural group. In Tasić, N. and Grozdanov, C. (eds.) *Homage to Milutin Garašanin*: 99–110. Belgrade: Serbian Academy of Sciences and Arts and Macedonian Academy of Sciences and Arts, SASA Special Editions.

**Илустрации:**

**сл. 1** Hodgson 2011, 37–53.

**сл. 2** Leroi–Gourhan 1967, charts XLIV, XLV, 92.

**сл. 3** Вайсов 1992, 35–70.

**T. I:** 1, 2. Sanev 2004, T. I: 1, 2, 37**;** 3. Fidanoski 2009b, Pl. 59: 1. 4. Naumov 2009c, Fig. 3.8. 16.

**T. II:** 1, 2. Fidanoski 2009b, Pl. 58: 4, 5; 3. Zdravkovski 2006, Fig. 7, 105. Sanev 2004, T. III: 2, 44.

**T. III:** 1. Zdravkovski 2006, Fig. 4, 103; 2, 4. Здравковски 2006, Сл. 61, 162, Сл. 56, 160; 3. Fidanoski 2009b, Pl. 59, 3.

**T. IV:** 1. Sanev 2004, T. I: 3, 37**;** 2. Fidanoski 2009b, Pl. 56: 6**;** 3. Здравковски 2006, Сл. 50, 158; 4. Sanev 2004, T. III: 3a, 44.

**T. V:** 1. Fidanoski 2009b, Pl: 60, 7**;** 2. Sanev 2004, T. III: 2, 44; 3. Fidanoski 2009b, Pl: 62, 1; 4. Здравковски 2006, Сл. 15, 147.

**T. VI; T. VII**, Василева 2005, 35, 36.

**T. VIII:** 1. Чаусидис 1995, сл. 10, 35; Fidanoski 2009b, Pl. 61, 2-4.

**T. IX:** 1, 2. Fidanoski 2009b, Pl. 60, 5,6; Pl. 58, 3, 7.

**T. X:** 1. Fidanoski 2015, Pl. 6, 43; 2. Fidanoski 2009b, Pl. 58, 8; 3, 4. Фиданоски 2011, Сл. 19, 84; Сл. 21, 85.

**T. XI:** Колиштрковска – Настева 2005, Сл. 42, Сл. 44, Сл. 48.

**T. XII:** 1. Bilbija 1986, 35; 2, 3. Колиштрковска – Настева 2005, Сл. 45, Сл. 43.

**T. XIII:** 1. Корошец и Корошец 1973; 2. Колиштрковска – Настева 2005, Сл. 1; 3. Fidanoski and Tomaž 2010 Fig. 9, 70, 4, 5. Колиштрковска – Настева 2005, Сл. 7, Сл. 5.

**таб. 1** Изработил: Љубо Фиданоски.



сл. 1 Камена секира (предна и задна страна) од ашелскиот период (долен палеолит) од Јужна Африка со огледална симетрија датиран околу 750000 години пр.н.е.




сл. 2 Геометриска основа на палеолитски фигурини.




сл. 3 Типолошка класификација на форми кај доцнонеолитски антропоморфни фигурини од културата Хаманџија.

T. I




**Купи од ранонеолитската фаза од Барутница - Амзабегово 1 и 2, од среднонеолитските фази од Руг Баир - Горобинци 3 и од Средсело - Мршевци 4.**

T. II




**Купи од среднонеолитските фази од Церје - Говрлево 1 и 2 и од Тумба - Маџари 3 и 4.**

T. III




**Купи од среднонеолитските фази од Тумба - Мацари.**

T. IV




**Грневидни садови од ранонеолитската фаза од Барутница - Амзабегово 1, од средненеолитските фази од Дамјан - Радовиш 2 и од Тумба - Маџари 3 и 4.**

T. V







**Грневидни садови од среднонеолитските фази од Тумба - Маџари 1-3 и од Подсело - Стенче 4.**

T. VI







**Гревидни садови од ранонеолитските фази од Велушка Тумба 1-3 и од Породинска Тумба 4.**

T. VII







**Гревидни садови од ранонеолитските фази од Велушка Тумба 1-3 и од Породинска Тумба 4.**

T. VIII




**Аскоси од среднонеолитските фази од Тумба - Маџари.**

T. IX




**Аскоси од среднонеолитските фази од Тумба - Маџари 1 и 2 и од Церје - Говрлево 3 и 4.**

T. X




**Аскоси од ранонеолитските и среднонеолитските фази од Церје - Говрлево.**

T. XI

1 2

3





**Антропоморфни модели на куќа од среднонеолитските фази од Тумба - Маџари 1 и 2 и од Средсело - Мршевци 3 (поглед од назад).**

T. XII




**Антропоморфни модели на куќа од среднонеолитските фази од Церје - Говрлево 1, од Ѓорев Рид - Суводол 2 и од ранонеолитските фази од Породинска Тумба 3.**

T. XIII




**Фигурини од среднонеолитските фази од Барутница - Амзабегово 1, од Тумба - Маџари 2, од Церје - Говрлево 3 и од ранонеолитските фази од Велушка Тумба 4 (поглед од назад) и 5.**

| ГЕОМЕТРИСКО ТЕЛО | КАТЕГОРИЈА НА ПРЕДМЕТ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ■ ▬ ● | купа | грневиден сад | аскос | антроп. модел | фигурина |
| квадрат (височина : широчина = 1:1) | ● | ● | | | |
| правоаголник (височина : широчина = 3:2) | | | ● | ● | |
| правоаголник (височина : широчина = 2:1) | | | | ● | ● |

таб. 1 Застапеност на пропорциите во керамичкиот материјал според геометриско тело и категорија на предмет.

**Игор Толевски**
*Фондација Кирил Трајковски*

## ДАЛИ МОНУМЕНТАЛНАТА НЕОЛИТСКА ПЛАСТИКА „ГЛАВА НА ОВЕН“ Е ОТКРИЕНА НА НЕКОЈ ОД НЕОЛИТСКИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ ВО СКОПСКО?

Неолитските локалитети во рамките на Скопската Котлина се предмет на голем број научни и истражувачки проекти. Скопската Котлина географски се наоѓа во северозападниот дел од Македонија. Најниска надморска височина има административната целина Блатија. Археолошкиот локалитет Тумба се наоѓа крај селото Мралино. Северно од селските гробишта на околу 50 метри, во пространото поле, се забележува незначително издигната тумба. Монументалната пластично обликувана глинена глава на овен е откриена на нивите со топоним „Бозли“. На површината на нивите се забележуваат фрагменти керамика, поголеми и/или помали парчиња од куќен лепеж, обработувани кремени алатки и животински коски. На тумбата се живеело долго, како во праисторијата, односно во доцниот неолит, така и потоа, во римскиот период.

***Клучни зборови:*** *Скопска Котлина, Тумба, монументална пластика, глава на овен, доцен неолит.*

**Igor Tolevski**
*Kiril Trajkovski foundation*

## DOES THE MONUMENTAL NEOLITHIC OBJECT “HEAD OF RAM” WAS DISCOVERED AT SOME OF THE NEOLITHIC SITES IN SKOPJE REGION?

Neolithic sites within Skopje Plain are subject of large number scientific and research projects. Skopje Plain geographically belongs to the northwestern part of Macedonia. The administrative unit of Blatija has lowest altitude within the region. The archaeological site Tumba is in the vicinity of village Mralino. At the Northern side, at around 50 m, Northern of the village cemetery in the plain a slightly elevated mound is registered. The monumental plastically shaped ram head was discovered at the agricultural land known by the name “Bozli”. At the very surface of the field pottery fragments, as well as smaller fragments of wattle and daub, stone tools and animal bones were documented. Life was continuous at the mound – in Prehistory, i.e. in the Late Neolithic and later in the Roman period.

***Keywords**: Skopje plain, monumental object, head of ram, Late Neolithic.*

Неолитските локалитети во рамките на Скопската Котлина биле предмет на голем број научни и истражувачки проекти кои придонеле некои од нив да се најдат како точки позиционирани во повеќе научни публикации на домашни и странски автори. Повеќе вредни археолошки предмети денес се дел од поединечни или постојани поставки на двата музеја во Скопје, Археолошкиот музеј на Македонија и Музејот на град Скопје.

### *Географско-антрополошки карактеристики на Скопската Котлина*

Скопската Котлина географски се наоѓа во северозападниот дел од Македонија, со правец на протегање северозапад-југоисток во должина од околу 50 километри и широчина од околу 45 километри. Котлината е создадена за време на големите геотектонски поместувања што се случувале во геолошкиот период неоген.[1] Таа е заградена со високи планини, кои во одредени делови достигнуваат и над 2000 метри надморска височина, но кон исток тие преоѓаат во ниски заоблени возвишенија и ридови, кои го сочинуваат меѓуречието на Пчиња, Вардар и Брегалница. Во Скопската Котлина реката Вардар претставува основна оска, која географски котлината ја дели на две половини, односно на лева и десна страна на Вардар.

Според географско-антрополошките истражувања на теренот, кои се вршени во периодот на крајот од XIX и XX век, во рамките на Скопската Котлина биле издвоени неколку просторни административни целини: Ридски Села, Средорек, Блатија, Каргалак, Каршијак, Плоча, Дервен и Котор (Хаџи–Васиљевић 1930, 2; Јовановић 1931, 2–3; Трифуноски 1955, 5–6) (**сл. 1**). Од сите нив, најниска надморска височина има Блатија со 222 метри и опфаќа простор од околу 97 м² (Радовановић 1937, 100). Административната целина Блатија се протега од Агино Село на север до селата Катланово и Таор на југоисток, и од денешните градски населби Маџари и Ченто до селото Арачиново и сè до селото Огњанци и коритото на Вардар од југ. Името го добила според блатата, односно мочуриштата какви што биле Ајватовското наречено и Арачиновско Блато и реликтното Катлановско Езеро, нарекувано од месното население Ѓол или Блато (Хаџи–Васиљевић 1930, 3; Луковић 1931, 43; Караман 1931, 215, 217), на кои се задржувала водата во текот на подолг период во годината, надополнувани од придојдените потоци и рекички при топењето на снеговите, обилните дождови, подземните води и честите поплави на реките во котлината.

### *Во лов на неолитскиот овен во мочурливата Блатија*

Вниманието во овој текст би се задржало на можната поврзаност на „новооткриениот“ археолошки локалитет „Тумба“ кој се наоѓа непосредно покрај селото Мралино (Толевски во печат), заедно со изложената (Археолошки музеј на Македонија) и објавена монументална пластично обликувана глинена глава на овен – *Ovis orientalis vignei* (дива овца). Таа најверојатно била архитектонски елемент аплициран на предната страна на некоја од тамошните неолитски куќи или можеби во некое светилиште, иако Воислав Санев мислел дека таа била аплицирана на греда пред влезот на некое трло или место за чување на домашни животни. (Санев 1999, 15, 22; Здравковски 2013, 288) (**сл. 2**).

Неколкуте сознанија собрани низ долго и студиозно истражување, дозволуваат и го осветлуваат овој најверојатно култен предмет со својот матичен локалитет. Претходните сознанија за оваа вредна неолитска култна пластика не понудија прециз-

1 Скопската Котлина и неогенското езеро било формирано пред околу 18,6 милиони години (Радовановић 1937, 80–81; Толевски 2013, 24).

на локација, туку се движеа во рамките на поширок простор, односно кон големите неолитски центри во Скопско и Овчеполско (Санев 1999, 15–16; Здравковски 2009, 29; Митревски 2013, сл. 14/2, 122).

На сето ова, новите податоци даваат насоки за расветлување на проблемот и водат кон атарот на скопското село Мралино, кое се наоѓа во срцето на Блатија.

Првите сознанија доаѓаат од страна на познатиот англиски истражувач и археолог сер А. Еванс кон крајот на XIX век, кога тој истражувал на просторот помеѓу селата Белимбегово, денес населбата Илинден, и Ибраимово, денешната населба Петровец (**сл. 3**). Помеѓу двете села, североисточно од правецот на патот, месните жители му покажале површина на која се наоѓале растурени фрагменти антички тули и керамички садови, велејќи дека во минатото таму се наоѓал стар град, а местото го нарекувале „Селиште" или „Тумба" (Evans 1885, 109).

Следниот податок се среќава кај Ѓ. Петров, во неговите патописни материјали од Македонија собирани при крајот на XIX век. Во делот наменет за географијата на Блатија, меѓу другите села го забележал и името на селото Аџарлари, денес населбата Миладиновци, наведувајќи две тумби **„**като могилите**"** кои се наоѓале јужно од селото (Петровь 1896, 511), кон атарот на денешните населби Мралино и Ќојлија.

Неколку децении потоа, интересот за Блатија го привлекол, меѓу другите, и геоантропологот Јован Трифуноски. Тој во периодот од 1948–1954 година вршел истражувања на секоја селска населба поодделно, при што неговите резултати ги објавил во обемниот труд Сеоска насеља Скопског Поља, во кој има краток опис за настанокот на селото – старине и прошлост (Трифуноски 1955, 152–155). Таму се опишани топонимите *„Тумба"* и *„Бозли*" (**сл. 4**).[2]

### *Во срцето на Блатија*

Сите овие податоци би требало да бидат патоказ кој ќе води до најверојатното објаснување на досегашниот проблем – детектирање на археолошкиот локалитет од кој потекнува монументалната култна глава од овен. Затоа се постави цел да се пронајде локацијата на терен, во мочурливата Блатија (**сл. 5**). Просторот источно од селото Мралино беше лоциран при неколку посети на теренот.[3] Токму на свиокот на еден од одводните канали со топоним „Азмак", кој веројатно претставувал прастаро корито на некоја река којашто своите води ги носела од источните падини на планината Скопска Црна Гора кон Катлановското Езеро. На ова се надоврзува и податокот од Петар Скок, кој во својот труд Из топономастике Јужне Србије вели дека тука тече водата која се одлива од Арачиновското Езеро и се влева во Катлановското Езеро, а Турците го нарекувале Азмакта (*Azmakta*) (Скок 1936, 124) (**сл. 6**).

Северно од селските гробишта на околу 50 метри, во пространото поле се забележува незначително издигната тумба, која заради интензивното и длабоко обработување на земјата речиси е со иста височина како и околината (**сл. 7**). Тумбата има пречник од околу 150 метри и височина од околу 1,5–2 метри, додека највисоката точка има 234 метри надморска височина (**сл. 8**).[4] Јужниот дел на тумбата можеби бил раскопан во почетокот на

2 При тоа вели: *... источно од селото на оддалеченост од околу 500 метри се наоѓа вештачко подигнато возвишение наречено* Тумба. На истоименото возвишение се наоѓаат многубројни гробови ... во непосредна близина на вештачкото возвишение се наоѓаат селските ниви со топоним Бозли. На овие ниви при орањето биле вадени широки тули, керамиди, ножеви, додека во еден случај била пронајдена овнова глава изработена од глина ... со сигурност тоа селиште е од некоја рана населба ... некој од селаните, кажуваат дека таа населба била римска ... (Трифуноски 1955, 153).

3 Локацијата првпат беше посетена од археолозите Љубо Фиданоски и Игор Толевски, како и од г-дин. Ристо Рендевски на 1 април 2006 година. Следни посети на авторот биле на 22 мај 2006 и на 10 октомври 2010 година.

4 За нејзино полесно лоцирање на теренот би послужиле координатите 41º57'061'' северна географска широчина и 21º26'558'' источна географска должина. Висините и координатите се земени од GPS eTrex Summit-GARMIN. На ова место им се заблагодарувам на Општината Петровец и на г-дин Б. Арсовски, а исто така и на г-дин Ѓ. Ѓорѓиевски од Катланово.

минатиот век за проширувањето на азмакот, а денес на тој потег се наоѓа една од селските парцели. Заради длабокото орање на површината на нивата се забележуваат фрагменти керамика, поголеми и/или помали парчиња од куќен лепеж, обработувани кремени алатки и животински коски. Овие површински наоди укажуваат дека на тумбата се живеело долго, како во праисторијата, така и според наодите, во доцниот неолит, а можеби и во римскиот период (**сл. 9, 10**).

***Завршни прашања и одговори***

На крајот како кратко резиме на овој лапидарен преглед, повторно се поставува прашањето:

– Дали монументалната неолитска пластика „Глава на овен“ е откриена токму на овој локалитет на „Тумба“ кај село Мралино?

Присутноста на површински наоди од праисторискиот период, односно од доцниот неолит, би требало да биде потврда дека сепак тука се наоѓа неолитска населба од којашто можеби и потекнува оваа глинена овнова глава, којашто сè уште се води како артефакт со непознато место на наоѓање. Сериозниот пристап, понатаму, би овозможил овој археолошки локалитет со одлична позиционираност, денес, покрај самиот автопат, да биде дополнително вреднуван и валоризиран, како локалитет кој ќе овозможи да се надополни сликата за неолитот во Скопскиот регион, но и потесно за просторот на Блатија (**сл. 11**).

Текстот е завршен на 18 февруари 2016 година,
посветен на Св. маченичка Агатија.

**Бибилографија:**

*- кирилична:*

Здравковски, Д. 2009. *Неолитска уметност на територијата на Република Македонија*. Narodni muzej Slovenije: 17–50. Ljubljana.

Здравковски, Д. 2013. Неолитска населба Тумба Маџари, Скопје. *Македонија милениумски културно-историски факти 1*. Скопје: 267–296. Медиа Принт Македонија и Универзитет Евро-Балкан.

Јовановић, С. П. 1931, Рељеф скопске котлине, Скопска Котлина. *Гласник Скопског научног друштва, књига X*, Природне науке св. 4: 63–121. Скопље.

Караман, С. 1931. Зоолошке прилике скопске котлине, Скопска Котлина, *Гласник Скопског научног друштва, књига X*, Природне науке св. 4: 214–241.Скопље.

Луковић, М. Т. 1931. Геолошки састав и тектоника скопске котлине и њеног обода, Скопска Котлина. *Гласник Скопског научног друштва, књига X*, Природне науке св. 4: 4–62. Скопље.

Митревски, Д. 2013. Праисторија на Република Македонија. *Македонија милениумски културно-историски факти 1*. Скопје: 83–266. Медиа Принт Македонија и Универзитет Евро-Балкан.

Петровь, Гь. 1896. *Материали по изучванието на Македония*. София.

Радовановић, С. В. 1937. *Географске основе Јужне Србије*. Скопље.

Санев, В. 1999. Теракотна глава на овен од археолошката збирка на Музејот на Македонија. *Macedoniae acta archaeologica* 15: 15–24. Скопје.

Скок, П. 1936. Из топономастике Јужне Србије II (Скопска Котлина). *Гласник Скопског научног друштва*, *књига XV–XVI*, Одељење друштвених наука 9–10: 97–125. Скопље.

Толевски, И. 2013. Географија на Република Македонија. *Македонија милениумски културно-историски факти 1*. Скопје: 1–42. Медиа Принт Македонија и Универзитет Евро-Балкан.

Толевски, И. во печат. Тумба кај село Мралино, Скопско, *Macedoniae acta archaeologica* 21.

Толевски, И. 2014. Топонимот „Тумба“, локација за населба во времето на праисторијата (хипотетичка реконструкција на животната средина од Скопската Котлина во времето на неолитот). *Културен живот* 3–4/2014: 56–63. Скопје.

Трифуноски, Ф. Ј. 1955. *Сеоска насеља Скопског Поља (Антропогеографска испитивања).* Београд.

Хаџи–Васиљевић, Ј. 1930. Скопље и његова околина. Београд.

*- латинична:*

Evans, J. A. 1885. *Antiquarian Researches in Illiricum*. London.

**Илустрации:**

**сл. 1** и **4** Трифуноски 1955.

**сл. 2** Здравковски 2009, 189.

**сл. 3** Evans 1885.

**сл. 5** и **8** Обработено од авторот.

**сл. 6, 7, 9** и **10** Фотографија на авторот.

**сл. 11** Толевски 2014, 58.




сл. 1 Карта на Скопско Поле.



сл. 2 Главата од овен .




сл. 3 Исечок од картата од патот помеѓу денешните населби Илинден (Belombeg) и Петровец (Ibrahimovce).




сл. 4 Позиција на населбата Мралино и археолошкиот локалитетот „Тумба“.




сл. 5 Фрагмент од топографска карта со археолошкиот локалитет „Тумба“.



сл. 6 Поглед кон југ од тумбата и на дел од некогашниот канал Азмак.



сл. 7 Поглед кон југоисток од тумбата.




сл. 8 Катастарски план на археолошкиот локалитет „Тумба".



сл. 9 Површински случајни наоди на фрагментирана керамика од „Тумба“ кај село Мралино, доцен неолит.



сл. 10 Површински случајни наоди на кремени алатки од „Тумба“ кај село Мралино, доцен неолит.




сл. 11 Неолитски локалитети во Скопската Котлина.

**Злата Блажеска**
*Независен истражувач*

# ПРЕДМЕТИ ЗА ПРЕДЕЊЕ И ТКАЕЊЕ ОД НЕОЛИТСКИТЕ НАСЕЛБИ ВО МАКЕДОНИЈА

Текстилното производство во Македонија е потврдено уште од неолитскиот период. Текстилот во секојдневниот живот на луѓето покрај практичната функција, за време на обредите сигурно имал и симболична функција. Прешлените и теговите кои заедно со вретеното и разбојот се користеле за изработка на конци и текстил се откриени на повеќе неолитски локалитети. Со нивна помош може подобро да се разбере процесот на изработка на текстил, а со отпечатоците од текстил и самиот изглед на текстилот во неолитот.

***Клучни зборови***: *текстил, прешлен, тег, разбој, неолит*

**Zlata Blažeska**
*Independent Researcher*

# OBJECTS USED FOR TEXTILE MANUFACTURING FOUND AT NEOLITHIC SITES IN MACEDONIA

Textile manufacturing has been confirmed on the territory of Macedonia since the Neolithic period. Besides the practical purpose, textile must have also had a symbolical function during rites in people's everyday life. Spindle whorls and loom weights that were used along with the loom for textile production have been found at numerous sites. Even though not so numerous themselves, these objects have various shapes and sizes, mostly made of ceramics and stone. They could help comprehend the textile manufacturing process, and with the textile impression also reveal the very appearance of textile in Neolithic.

***Keywords:*** *textile, spindle whorl, loom weight, loom, Neolithic.*

## Вовед

Во текот на долгогодишните истражувања на неолитските локалитети во Македонија се откриени голем број движни наоди, како и недвижни објекти што сведочат за животот на луѓето во населбите. Покрај големиот број керамички садови, алатки, предмети поврзани со верувањата во неолитот, се откриени и предмети како што се прешлени и тегови кои се користеле за изработка на текстил. За развој на технологијата за изработка на текстил, од големо значење е доместикацијата на растенија. Растителните влакна се првите суровини од кои се изработувале конците. За да се забрза целиот процес и за да може да се изработат конци со поголема должина, се користеле вретено и прешлен. Прешленот, кој може да се изработи во различни форми и димензии, му помага на вретеното да се врти побрзо и да биде постабилно. Кошничарството, кое претставува преплетување на флексибилни гранки, трска, слама и др. веројатно е основата од која потоа се развила техниката на ткаење. Од отпечатоците од текстил кои се зачувани на керамичките фрагменти откриени во населбите, може да се види самиот изглед на текстилот, кој заедно со прецизната изработка укажува на употребата на тегови и вертикален разбој при изработка на текстилот. Теговите и прешлените се изработувале во различни форми и димензии, во зависност од потребата.

### *Прешлени*

Независно од фактот што конец може да се испреде само со помош на дланки, откривањето на прешлени на неолитските населби ни потврдува дека на луѓето им била позната и техниката за изработка на конци со помош на вретено и прешлен. Откриените прешлени се изработени од керамика или камен, често со дискоидна форма, иако ретко се најдени и прешлени со биконусна форма.

#### *Дискоидни прешлени*

Керамичките дискоидни прешлени се веројатно првите прешлени кои се употребувале за изработка на конци. Се откриваат од раниот неолит, а нивната употреба продолжува и во подоцнежните фази на населбите. Се изработувале од фрагменти од дно или стомак од садови, кои потоа се сечеле, краевите се заоблувале, а во средината бил продупчуван отвор за да може да се монтира прешленот на вретено. Фрагментите што се користеле се изработени од прочистена или непрочистена глина, печени на ниска или на висока температура. Исклучок се прешлените од Маџари, каде што сите керамички дискоидни прешлени се изработени од прочистена глина и печени на висока температура. Дијаметарот на прешлените се движи од 2,5 см до 8 см, нивната дебелина од 0,5 см до 2 см, а дијаметарот на перфорацијата од 0,5 см до 1 см.

За разлика од керамичките дискоидни прешлени, дискоидните прешлени изработени од камен најрано се откриваат во средниот неолит. Тие се откриени во населбите Маџари II–III (Блажеска 2015, 33), Барутница (Корошец и Корошец 1973, Т. X:23), Чука Тополчани (Санев и др. 1976, 45; Китаноски и др. 1978, 13, 19) и Врбјанска Чука (Китаноски 1989, 48; Миткоски 2005, 40). Прешлените имаат плоската кружна форма, со заоблени и замазнети краеви, со исклучок на еден прешлен од Маџари кој има остри краеви и перфорација во средината. Дијаметарот на прешлените се движи од 4 см до 6 см, нивната дебелината е 0,5 см, а дијаметарот на перфорацијата е 1 см.

Дискоидните прешлени се застапени во раниот неолит на населбите Говрлево I (Блажеска 2015, 31, 32), Амзабегово I (Gimbutas 1976, 148), Пештерица (Санев и др. 1976, 41; Китаноски и др. 1980, 13), Радин Дол (Китаноски и др. 1987, Т. II:7, 13) и др. Нивната употреба продолжува и во подоцнежните фази на населбите Говрлево II–III (Блажеска 2015,31, Зелениково I (Блажеска 2015, 32), Амзабегово II–III (Gimbutas 1976, Fig.217: 1, 2, 3, 253), Врбјанска Чука (Китаноски 1989, 48; Митkоски 2005, 40), Маџари II–III (Блажеска 2015, 33), Чука Тополчани (Китаноски и др. 1978, 23), Могила, Сенокос (Темелкоски и Митkоски 2006, 68) и др. Исто така, и надвор од Македонија керамичките дискоидни прешлени се откриваат уште од раниот неолит. На неолитските населби во Грција керамичките дискоидни прешлени се откриваат во ранонеолитските слоеви во Неа Никомедеја, Сескло, Елатеја и др., но исто како и во локалитетите во Македонија нивната употреба продолжува и во подоцнежните фази (Perlès 2001, 247; Barber 1990, 54). Во Србија овој тип прешлени е застапен во населбите Гривац (Bogdanovć 2004, 145) и Дивостин (McPherron 1988, 325), а во Бугарија во Ракитово (Мацанова 2002, 132) и Ваксево (Чохаджиев 2001, Рис. 7: 1, 2, 3, 43).

*Биконусни прешлени*

Биконусните прешлени се ретки наоди на неолитските локалитети во Македонија. Се откриваат во среднонеолитските хоризонти на населбите Говрлево II–III, Зелениково I (Блажеска 2015, 45), Амзабегово II–III (Gimbutas 1976, 148),Чука Тополчани (Санев и др. 1976, 45; Китаноски 1977, 34), а нивната употреба продолжува и во доцниот неолит на населбите Дервен, Породин (Grbić i dr. 1960, 33) и др.. Сите биконусни прешлени се изработени од глина која е со или без додатоци, печени на ниска температура. Иако ретко прешлените може да бидат декорирани, на еден прешлен од Говрлево има декорација со врежани хоризонтални линии (Блажеска 2015, Т.III:6), а за разлика од него – прешленот откриен во Амзабегово има декорација со цик-цак линии (Gimbutas 1976; Fig. 104:4, 149). Биконусните прешлени се ретки наоди и на неолитските локалитети надвор од Македонија. Откриени се во среднонеолитската фаза на Сескло (Tzachili 1996, no.177, 289) и во Гривац, Србија (Bogdanović 2004, 145).

Тегови

Техниката на двоен преплет која се среќава на отпечатоците од текстил откриени на неолитските локалитети во Македонија ја потврдува употребата на вертикалниот разбој за ткаење. Иако во оваа техника може да се работи и без затегнување на основата, самиот изглед на текстилот укажува на употреба на тегови. Се изработувале керамички или камени тегови со елипсоидна, конусна, дискоидна, топчеста форма и во форма на макара.

*Тегови во форма на макара*

Теговите во форма на макара се изработувале на неолитските населби од раниот неолит, и тоа во: Пештерица (Санев и др. 1976, 41), Стенче (Здравковски 2005, 26, 27), Говрлево I (Блажеска 2015, 68), Радин Дол (Китаноски и др. 1987, 14; Т. III: 3, 16), Велушка Тумба (Санев и др. 1976, 41) и др. Тие имаат цилиндрично тело со должина од 5 см до 8 см и проширување на двата краја. Се изработувале од глина со или без додатоци, печени

често на ниска температура. Иако овие предмети ја имаат формата на денешните макари, според нивните мали димензии некои автори сметаат дека на нив не би можело да се намота поголема должина на конец, што ги прави непрактични за употреба како макари. Теговите во форма на макара и надвор од Македонија се откриваат најрано во ранонеолитските слоеви. Во Неа Никомедеја, Сескло, Елатеа, Грција (Perlès 2001, 250), како и во Слатина, Ракитово и Елешица, Бугарија (Barber 1990, 98; Чоџаджиев 2004, 231; Маџанова 2002, 132), често се откриваат во куќите покрај ѕидовите.

*Елипсоидни и конусни тегови*

Елипсоидните и конусните тегови најрано се јавуваат од средниот неолит. Исклучок е еден елипсоиден тег од Говрлево, кој е откриен во I хоризонт на живеење. Со оглед на тоа што се работи за изолиран случај, нивната употреба од раниот неолит засега не може да се потврди. Елипсоидните и конусните тегови се изработувале од едно глинено тесто, со или без додатоци, печени на ниска или висока температура. Површината на сите тегови е замазнета, а во горниот потесен дел имаат кружна перфорација. Висината на теговите се движи од 6 см до 9,5 см, а дијаметарот на перфорацијата од 1 см до 2 см.
Во Маџари (Блажеска 2015, 49, 50) и во Врбјанска Чука се откриени елипсоидни тегови без перфорација. Сите тегови од Маџари се изработени од керамика, а за разлика од нив елипсоидниот тег од Врбјанска Чука е изработен од камен. Сите имаат елипсоидна плоската форма, која се стеснува во средината. Висината на камените елипсоидни тегови се движи од 7,5 см до 9,5 см, а нивната ширина од 5 см до 9 см. Тегот од Врбјанска Чука е со помали димензии, има висина од 4,2 см и ширина од 3,3 см.

Елипсоидните и конусните керамички тегови се застапени во Говрлево II–III (Блажеска 2015, 49, 59), Зелениково I (Блажеска 2015, 59), Маџари III (Блажеска 2015, 49, 50), Породин (Grbić i dr. 1960, 33), Врбјанска Чука (Миткоски 2005, 40; Китаноски 1989, 48), На Брег (Фиданоски 2009, Т.71: 6), Дервен, Орловица и др. Елипсоидните тегови без перфорација се откриени во Маџари II и Врбјанска Чука. Надвор од Македонија елипсоидните и конусни тегови се откриени во Ракитово, Ваксево и Самоводене, Бугарија (Чохаджиев 2001, 31; Чохаджиев 2007, 83; Тодорова 1993, 180). Елипсоидни тегови се откриени и во Србија, во населбата Гривац (Bogdanović 2004, II.5:d, 377). Во Грција елипсоидните и конусните тегови се откриваат во поголем број на населбите од доцниот неолит (Perlès 2001, 241). Елипсоидни камени тегови без перфорација се откриени на локалитетот Црква Св. Јован, а и на локалитетот Лазарев Град, Србија, заедно со фрагменти керамика, керамички садови и кремен материјал (Чађеновић 1992, 29).

*Топчести тегови*

Топчестите тегови се јавуваат во употреба од средниот неолит. Се изработувале од глина или камен, имаат топчеста форма и перфорација во средина. Површината на сите тегови е мазнета. На еден тег од Зелениково има декорација со врежани линии. Дијаметарот на теговите се движи од 4,5 см до 8 см, а дијаметарот на перфорацијата од 0,5 см до 1,5 см. Топчести тегови се откриени во Зелениково I (Блажеска 2015, 63), Маџари III (Блажеска 2015, 64), Врбјанска Чука, Чука Тополчани, Сенокос (Темелкоски и Митკоски 2006, 68; Т.VII: 3, 73), Орловица и др. Надвор од Македонија овој тип на тегови се јавува на неолитските населби во Бугарија (Чохаджиев 2007, 83), а во Србија на населбите Дивостин (Rosson 1988, 337) и Гривац (Bogdanović 2004, II.5: h, i, 377).

*Дискоидни тегови*

Дискоидни тегови се откриени во Чука Тополчани. Теговите се изработени од сив камен, имаат кружна плоската форма и перфорација во средината. Површината на теговите е замазнета. Дијаметарот на теговите се движи од 10 см до 14 см, дебелината е 1,5 см, а дијаметарот на перфорацијата од 1,5 см до 3 см. Засега немаме податоци за употреба на дискоидни тегови на други неолитски населби во Македонија.

***Заклучок***

Иако не се откриени во голем број, овие предмети сигурно биле од големо значење за луѓето кои ги произведувале и ги користеле. Текстилот што се произведувал не се користел само за лична употреба, туку имал и различна примена во домот, а сигурно за време на обредите имал и симболично значење. Дискоидните прешлени кои најчесто се откриваат на неолитските населби биле во употреба од раниот неолит, а нивната употреба продолжува континуирано и во подоцнежните фази. За разлика од нив, биконусните прешлени, кои се ретки, најрано се јавуваат од средноонеолитските слоеви во населбите. Исто како и кај прешлените, за изработка на тегови најчесто се користела глина. Теговите во форма на макара се откриваат уште од раниот неолит, додека перфорираните тегови се карактеристични за подоцнежните фази на неолитот. Со понатамошно истражување и анализа на овие предмети може да се зголеми нашето знаење за развојот на текстилното производство во праисторијата, со што може да се дополнат веќе добиените информации од другите археолошки наоди за животот во населбите.

**Библиографија:**

- *кирилична:*

Блажеска, З. 2015. *Архитектурата и движниот инвентар на неолитските куќи во Скопско.* непубликуван магистерски труд. Скопје. Филозофски факултет.

Здравковски, Д. 2005. Неолитска населба „Под село – Тумба“ с. Стенче. *Зборник Археологија 2*. Скопје: 25–30. НУ музеј на Македонија.

Китаноски, Б. 1989. Врбјанска Чука. *Arheolo*ški *pregled* 28: 47–48. Ljubljana.

Китаноски, Б. Симоска, Д. и Тодоровиќ, Ј. 1978. Нови археолошки истражувања на населбата Чука во Тополчани кај Прилеп, с. Извор. *Macedonia*e a*cta arch*a*eologica* 4: 9–32. Прилеп.

Китаноски, Б. Симоска, Д. и Тодоровиќ, Ј. 1980. Населбата Пештерица и проблемот на раниот неолит во Пелагонија. *Macedonia*e a*cta arch*a*eologica* 6: 9–20. Скопје.

Китаноски, Б. Симоска, Д. и Тодоровиќ, Ј. 1987. Радин Дол – Неолитска населба кај Прилеп. *Macedonia*e a*cta arch*a*eologica* 7–8: 7–29. Скопје.

Корошец, П. и Корошец, Ј. 1973. *Предисториска населба Барутница*. Археолошко друштво на Македонија. Прилеп.

Мацанова, В. 2002. *Неолитно селище до град Ракитово.* Разкопки и проучавания, XXIX. София: „Гал-ико“.

Миткоски, А. 2005. Врбјанска Чука кај село Славеј, Прилепско. *Зборник Археологија 2*: 33–45. НУ Музеј на Македонија, Скопје.

Санев, В. 1988. Неолитско светилиште од Тумба во Маџари, Скопско, Прелиминарно соопштение од ископувањата во 1981. *Macedonia*e a*cta archaeologica* 9: 9–30. Скопје.

Санев, В. Симоска, Д. Китаноски, Б. и Саржоски, С. 1976. Скопје: *Праисторија во Македонија* (каталог).

Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2006. Праисториска населба Могила Сенокос. *Macedonia*e a*cta archaeologica* 17: 55–80. Скопје.

Тодорова, Х. и Вайсов, И. 1993. *Ново-каменната епоха в България*. София: Наука и изкуство.

Фиданоски, Љ. 2009. Предмети од керамика, камен, рог, коска и школка. Во Наумов, Г. Фиданоски, Љ. Толевски, И. и Ивковска А. *Неолитските заедници во Македонија.* Скопје: 159–168. Данте.

Чохаджиев, С. 2001. *Ваксево, Праисторически селища*. Велико Търново: Фабер.

Чохаджиев, С. 2007. *Неолитни и халколитни култури в басеина на Река Струма*. Велико Търново.

Чађеновић, Г. 1992. Старчевачки хоризонт на локалитету у Коњопљара у с. Читлуку. Археолошка налазишта Крушеваца и околине. *Зборник радова са научног скупа, Археолошка налазишта Крушеваца и суседних области,* одржаног 15–18 мај у Крушевцу, Крушевац-Београд.

*- латинична:*

Barber, E. J. W. 1990. *Prehistoric textiles. The development of cloth in the Neolithic and bronze ages*. Princeton University Press.

Bogdanović, M. 2004a. Antropomorfne i zoomorfne figurine, žrtvenici, hlebni kolači, amuleti. In Bogdanović, M. (ed.) *Grivac, Naselja Protostarčevacke i Vinčanske kulture*. Kragujevac: 127–144. Centar za naučna istraživanja Srpske akademije nauka i umetnosti i Univerzitet u Kragujevcu.

Bogdanović, M. 2004b. Kružne pločice, tegovi od pečene zemlje, pršljenici, predmeti nejasne namene. In Bogdanović, M. (ed.) *Grivac, Naselja Protostarčevacke i Vinčanske kulture*. Kragujevac: 145–156. Centar za naučna istraživanja Srpske akademije nauka i umetnosti i Univerzitet

u Kragujevcu.

Gimbutas, M. 1976. Ornaments and Other Small Finds. In Gimbutas, M. (ed.) *Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugoslavia*. Los Angeles: 242–256. The Regents of the University of California.

Grbić, M. Mačkić, P. Nadj, Š. Simoska, D. i Stalio, B. 1960. *Porodin: kasno-neolitsko naselje na Tumbi kod Bitolja*. Bitolj: Narodni muzej Bitolj i Arheoloski institut – Beograd.

McPherron, A. 1988. Miscellaneous Small Artefacts. In McPherron, A. and Srejović, D. (eds.) *Divostin and the Neolithic of Central Serbia*. Etnology Monographs, Number ten. Pittsburgh: Department of Anthropology, Unversity of Pittsburgh.

Perlès, C. 2001. *The Early Neolithic in Greece*. Cambridge: Cambridge University Press.

Rasson, J. 1988. Loom Weights. In McPherron, A. and Srejović, D. (eds.) *Divostin and the Neolithic of Central Serbia*. Etnology Monographs, Number ten. Pittsburgh: Department of Anthropology, University of Pittsburg.

Tzachili, I. 1996. Weaving. (catalogue). In Papathanassopoulos, G., A. (ed.) *Neolithic Culture in Greece*. Athens: Nicholas P. Goulandris Foundation, Museum of Cycladic Art: 289.

**Илустрации:**

**сл. 1, 2, 7, 10** Фотографирал: Злата Блажеска.

**сл. 3** Gimbutas 1976, Fig. 104: 1, 2, 3, 4, 148.

**сл. 4, 5** Фотографирал: Љубо Фиданоски.

**сл. 6** Санев 1981, сл. 13, 22.

**сл. 8** Чађеновић 1992, сл. 20, 240.

**сл. 9** Фотографирал: Игор Алексовски.

**таб. 1, 2** Изработил: Злата Блажеска.



сл. 1 Керамички дискоиден прешлен од Пештерица, ран неолит.



сл. 2 Камен дискоиден прешлен од Врбјанска Чука, среден неолит.




сл. 3 Керамички биконусни прешлени од Амзабегово, среден неолит.



сл. 4 Керамички тег во форма на макара од Говрлево, среден неолит.



сл. 5 Керамички конусен тег од Зелениково, среден неолит.



сл. 6 Елипсоидни, конусни и топчести керамички тегови откриени покрај жртвеник Б, во куќа 1, Маџари, среден неолит.

| | Керамички дискоидни прешлени | Камени дискоидни прешлени | Биконусни прешлени |
|---|---|---|---|
| ран | Говрлево I<br>Амзабегово I<br>Пештерица<br>Радин Дол<br>Велушка Тумба | | |
| среден | Говрлево II-III<br>Амзабегово II-III<br>Маџари II-III<br>Врбјанска Чука<br>ЗелниковоI<br>Сенокос | МаџариII-III<br>Барутница<br>Врбјанска Чука<br>Чука Тополчани | Говрлево II-III<br>Зелениково I<br>Амзабегово II-III<br>Чука Тополчани |
| доцен | Кутлине<br>Дервен | | Дервен<br>供родин |

таб. 1 Типови на прешлени на неолитските населби во Македонија.

| | Тегови во форма на макара | Елипсоидни тегови | Конусни тегови | Топчести тегови | Дискоидни тегови |
|---|---|---|---|---|---|
| ран | Говрлево I<br>Стенче<br>Пештерица<br>Радин Дол<br>Велушка Тумба | Говрлево I | | | |
| среден | Говрлево II–III<br>Маџари II<br>На Брег | Говрлево II–III<br>Маџари II–III<br>Зелениково I<br>На Брег<br>Врбјанска Чука | Зелениково I<br>Маџари III | Зелениково I<br>Маџари III<br>Врбјанска Чука<br>Чука Тополчани<br>Могила,Сенокос | Чука Тополчани |
| доцен | Породин | Дервен<br>Орловица | Орловица<br>Породин | Дервен<br>Орловица<br>Чибук чешма | |

таб. 2 Типови на тегови на неолитските населби во Македонија.

**Никос Чаусидис**
*Филозофски факултет – Скопје*

# НЕОЛИТСКИТЕ КОРЕНИ НА „МАКЕДОНСКИТЕ БРОНЗИ“ И НА ДРУГИ СИНХРОНИ БРОНЗЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД СРЕДНИОТ БАЛКАН

Со терминот „Македонски бронзи“ се означуваат повеќе видови ситни бронзени предмети од железното време (VIII–VI век пр.н.е.), коишто потекнуваат од Македонија и од соседните среднобалкански области. Нивното потекло се бара на разни страни, зависно од обликот и карактерот на конкретните типови. Некои истражувачи се обидуваат, преку паралели, да го докажат кавкаското или северно-прицрноморското потекло на дел од нив, поврзувајќи ги со т.н. „трако-кимериски“ движења (почетокот на I мил. пр.н.е.), на што упатуваат и пишаните извори. Други наоди (модели на двојни секири), се ставаат во соодност со бронзеновременските егејски култури (минојската и микенската). Во оваа студија се изнесени аргументи за една досега недоволно промовирана теза околу автохтоната среднобалканска компонента на некои железновременски предмети од спомнатите групи. Тоа ќе се реализира преку компарирањето на конкретни железновременски предмети, или нивни обележја, со соодветни балкански наоди од постарите периоди. Станува збор за неколку типови ситни керамички наоди од неолитскиот период кои главно се врзуваат за посеверните делови на полуостровот, пред сè од кругот на „Винчанската култура“. Најголемиот дел од нив во науката се познати како „винчански амулети“ со оглед на тоа што, врз основа на обликот и пробиените отвори, се претпоставува дека биле предназначени да висат на јаженца, обесени на човековото тело, и тоа во функција на привзоци со одредена магиска или симболичка намена.

***Клучни зборови:*** *македонски бронзи, винчански амулети, неолит, железно време, накит*

**Nikos Čausidis**
*Faculty of Philosophy – Skopje*

# NEOLITHIC ROOTS OF MACEDONIAN BRONZES AND OTHER SYNCHRONOUS BRONZE OBJECTS FROM CENTRAL BALKANS

Macedonian bronzes refer to several types of small Iron Age bronze objects (8th-6th centuries BC) originating from Macedonia and neighboring Central Balkan regions. Depending on the shape and the character of the exact types, their origin is sought for in different sides. Some

researchers made attempts to prove their Caucasian or the descent from the region north of the Black Sea, by making parallels, relating them to the so-called Thraco-Cimmerian movements (beginning of the 1st millennium BC), to which written sources also refer. Other finds (double axe models) are related to the Bronze Age Aegean cultures (Minoan and Mycenaean). This study argues a so far insufficiently promoted thesis regarding the indigenous Central Balkan component of some Iron Age objects from the aforementioned groups. It is made by comparing certain Iron Age objects or their features to relevant Balkan finds of previous periods. Those are several types of ceramic finds from the Neolithic which are mainly related to the far northern parts of the Balkan Peninsula, foremostly from the Vinča culture. Most of them are referred to as Vinča amulets in literature, given that based on their shape and the pierced apertures it is believed they were meant to hang on ropes, worn on human bodies as pendants with certain magical or symbolical purpose.

***Keywords:*** *Macedonian bronzes, Vinča amulets, Neolithic, Iron Age, jewelry.*

Со терминот македонски бронзи се означуваат повеќе видови мали бронзени предмети од железното време (главно датирани меѓу VIII и VI век пр.н.е.), пред сѐ пронајдени на територијата на Македонија, но и во соседните среднобалкански области. Нивното потекло се бара на разни страни, зависно од обликот и карактерот на конкретниот тип на кој тие му припаѓаат. При тоа, одредени истражувачи му даваат решавачка улога на уделот на некои археолошки култури кои се повеќе или помалку оддалечени од Македонија. **В. А. Хертли** ја апострофира „Лужичката култура“,[1] додека според Б. Хенсел (B. Hänsel) и М. Гарашанин би се работело за продори на популации од непосредното северно соседство (Србија) или северните периферии на Македонија. Средна Европа во оваа смисла ја посочува и Ј. Боузек, но се чини како дел од својата глобална кавкаско-балканска концепција.[2] Некои истражувачи, на чело со последниот од спомнативе, се обидуваат преку посочување паралели да го докажат источноевропското (кавкаско или северноприцрноморско) потекло на дел од македонските бронзи, поврзувајќи го нивното присуство на Балканот со „Кобанската култура“ и т.н. „трако-кимериски“ движења (првите векови на I мил. пр.н.е.) на што би упатувале и одредени пишани извори.[3] Поврзаноста меѓу македонските бронзи, кобанските бронзи и Кимеријците (како и некои други популации од истиот регион) ги прифаќаат и повеќемина други истражувачи, иако не сите на ист начин.[4] Некои од нив (како што е Р. Васиќ) сметаат дека зад овие источни компоненти стои еден глобален процес на експанзија низ Балканот на источноевропските култури зад коишто воопшто не морал да се наоѓа апострофираниот етнос.[5] Други предмети од оваа група или ним блиските наоди, како што се моделите на двојни секири, се ставаат во соодност со бронзенодобните егејски култури („Минојската“ и

1 Heurtley 1939, 125, 126, 129, 130; наспроти ова, Д. Митревски нагласува дека во долината на Вардар (како главно јадро на македонските бронзи) досега не е идентификуван ниту еден наод кој би припаѓал на оваа култура (Mitrevski 1995, 109; Митревски 1995а, 58); од друга страна, Д. Гарашанин повторно ја актуализира спомнатата теза на В. А. Хертли (Garašanin 1999).

2 За овие теории, со приложена литература: Vasić 1987, 709.

3 Bouzek 1971; Bouzek 1974, 328–332; Bouzek 1997, 200, 201.

4 Васић 1974, 216–219; Погребова 1984, 119–125 (релации со македонските бронзи), 123–125 (релации со тракиските наоди), 13, 14, 24, 25, 170, 199, 202 (за Кимеријците); Митревски 1997, 132; Митревски 1999, 82, 83; Mitrevski 2006, 94; такво толкување на еден наод од околината на Скопје: Ристов 1999, 12–15.

5 Vasić 1987a, 561, 563.

„Микенската култура“). Во тие рамки, конкретно се апострофираат миграциите на Криќаните во Македонија, за кои известуваат античките пишани извори, или пак трговските активности на Микенците на кои упатуваат и други наоди од Средниот Балкан.[6]

Во оваа статија ќе бидат изнесени аргументи во прилог на една досега неразработена теза која, согледана во поширок балкански контекст, би можела условно да се нарече „автохтона“. Во неа ќе се обидеме да ги процениме аргументите за месното балканско потекло на некои македонски бронзи и други слични на нив железнодобни предмети од Средниот Балкан. Како и во случајот со останатите посочени теории, тоа ќе биде реализирано преку компарирање на некои конкретни објекти од оваа група, или одредени нивни обележја, со соодветни балкански наоди од неолитскиот период, но и од периодите што следат по него сè до железното време.

### 1. Таканаречени винчански амулети

Во нашите досегашни истражувања, при барањето аналогии за разните конкретни типови предмети од кругот на македонските бронзи, не ретко ни се наметнуваа разни неолитски, енеолитски и бронзенодобни керамички наоди, кои покажуваат некакви сличности со нив на ниво на формата или на иконографијата. Такви беа претставите на птици, антропоморфните садови, згрчените фигурини од гроздовидните приврзоци, женските фигурини со нагласени полово-репродуктивни атрибути и др.[7] Овие компарации во неколку случаи нè доведоа до една релативно заокружена категорија наоди, во науката наречени „винчански амулети“. Станува збор за неколку типови мали пластично моделирани керамички објекти од неолитскиот период кои главно се врзуваат за посеверните делови на Балканскиот Полуостров опфатени во кругот на „Винчанската култура“. Називот „амулети“ го добиле поради претпоставките (за кои меѓу научниците сè уште нема целосна согласност) дека биле предназначени да висат на човековото тело како приврзоци, и тоа со одредена магиска или некаква друга симболичка намена. На оваа хипотеза упатуваат малите димензии на наведените објекти и задолжителните тунелести отвори пробиени низ нивниот корпус, за кои се смета дека служеле за провлекување јаженца за обесување (**Т. I: 1; Т. IV: 4**). Во прилог на оваа претпоставка се земаат и плитките бразди констатирани на површината од некои примероци. Се смета дека дел од нив се отпечатоци настанати од врвците на кои виселе предметите во текот на сушењето. За другите, пак, се верува оти настанале по печењето на овие објекти, и тоа како последица на постојаното триење на јаженцата на кои тие биле обесени, што воедно би упатувало на нивното подолго користење, односно подолготрајно нишање (**Т. I: 4, 5**).[8]

Во наредните пасуси ги наведуваме конкретните категории предмети од оваа група заедно со железнодобните примероци со кои тие покажуваат сличности.

### 2. Компарации

а) Двокраки амулети (**Т. I**)

Овие предмети главно се простираат на територијата на денешна Србија, каде што засега се евидентирани околу 200 такви примероци. Се класифицираат во 4 типови,

6 За овие тези врз основа на пишаните извори и археолошката граѓа: Поповић 1966, 26, 29; Папазоглу 1977, 70, 71; Соколовска 1997, 65–70; Соколовска 2005, 134; Bouzek 1982, 43; Митревски 1997, 211, 216, 217; Mitrevski 2010, 18.

7 Чаусидис 1988; Чаусидис и Николов 2006; Чаусидис 2016.

8 Најсеопфатен преглед на овие наоди како единствена група, со приложената литература: Пантовић 2014; бројни каталошки обработени примероци: Петровић, Катић и Спасић 2009.

и тоа врз основа на обликот на нивниот корпус. Со македонските бронзи се најслични оние од типот AI (*„цилиндрични“* т.е. *„столбести/купести“*). Корпусот им е масивен, со цилиндрична или блага конусна форма и рамна основа предназначена за нивно стабилно стоење на хоризонтална подлога. Во горниот дел се оформени пар израстоци чиј врв е зашилен, копчест или во вид на животински протоми (**Т. I: 4–8, 10**). Низ корпусот е пробиен тунелест отвор кој се протега од спојот на израстоците до дното, а веројатно служел за обесување на овие предмети (**Т. I: 1**). Најголемиот дел од овие наоди се високи меѓу 5 и 7 cm.[9]

Нашите споредби покажаа мошне високо ниво на морфолошка сличност на овие објекти со железнодобните конусовидни предмети со пар израстоци кои досега се категоризираат во групата македонски бронзи (**Т. I: 2, 3, 9 спореди со 4, 5, 10**). Овие сличности се однесуваат на сите спомнати обележја, вклучувајќи ги израстоците во вид на животински протоми и отворот меѓу нив (**Т. I: 2, 3 спореди со 6–8**).[10] Главната разлика се состои во тоа што железнодобните имаа шуплив корпус и значително потенки и подолги израстоци, што се должи на специфичниот материјал и технологија на изработка (види натаму). Засега ни се познати 15 вакви наоди, од кои најголемиот дел се од регионот на Р Македонија.[11] Овие објекти во науката се познати под разни називи. Ј. Боузек ги нарекува **„рогови“** *(horns)* или **„птичји протоми на дрво“** *(bird-protomae on tree)*, додека К. Килијан – **„предмети за насадување со два протома“** *(Doppelprotomen–Aufzätze, Tüllenaufsätze)*. И. Венедиков ги именува **„двоен рог“**, додека А. Стипчевиќ **„долгнавести** тулци“ *(duguljasti tuljci)* кои во горниот дел завршуваат со два рога. Д. Митревски се решава за називот **„приврзоци**–рогови“, додека З. Видески за **„вотивни предмети – консекративни рогови“**.[12] Досега се изнесени повеќе хипотези за карактерот и намената на овие објекти. Со оглед на сложеноста на ова прашање, упатуваме на другите наши трудови во кои овие аспекти се детално разработени.[13]

б) Четирикраки амулети (**Т. II**)

Се работи за керамички предмети со четири краци, чии краеви се благо проширени и копчесто зарамнети. Кај некои примероци, тие се исти и низ сите нив се пробиени тунелести отвори (**Т. II: 7**) додека кај други, два од краците се помасивни (најверојатно вертикалните), а отвор е пробиен само низ нив, веројатно наменет за наденување врвка и обесување на објектот (**Т.II: 11, 12**). Според сегашната граѓа, може да се заклучи дека наодите од овој тип се значително поретки од останатите крстообразни винчански амулети (види ги наредните амулети).[14] Нешто е почеста варијантата на четирикраки амулети, кај кои отворот не се протега надолжно низ краците, туку попречно низ средишниот дел на предметите (**Т. IV: 7**).

9 За приложените факти и согледувања во однос на овие предмети: Пантовић 2014, 14, 15, 19, 20, 29, 82–85, 94; каталошки податоци и фотографии: Петровић, Катић и Спасић М. 2009.

10 Детално за овие предмети со проценка на овие сличности: Чаусидис 2016, глава „В“.

11 Радање кај Штип: Венедиков 1943, 94, 95, Обр. 67; Bouzek 1974a, 98, 48 – Fig. 14: 13; Kilian 1975, 93, 94, Taf. 49: 10–12. Орешани кај Скопје: Kilian 1975, 95, Taf. 57: 14; Пашиќ 1978, 60–62; Видески 2003, 41 – бр. 159. **„Вардарски Рид“**, Гевгелија: Митревски 2005, 237, 238, 250 – Сл. 21; Mitrevski 2007, 572 – Fig. 12, 573, 574; Хусеновски и Сламков 2005, 49 – кат. бр. 53. Регион на Валандово и Гевгелија: Митревски 2013, 245 – Сл. 88. **„Милци“, Гевгелија** (непубликувано): според информација од Б. Хусеновски, кустос во Музејот во Гевгелија. Чаушица кај Кукуш (Chauchitsa, Kilkis): Bouzek 1974a, 48 – Fig. 14: 11. Кутлеш кај Бер (Vergina, Veria): *Aigai 2015.*

12 Bouzek 1974a, 98; Kilian 1975, 94, Taf. 89: 4; Венедиков 1943, 94; Stipčević 1981, 32; Mitrevski 2007, 573, 574; Видески 2003, 41 – бр. 159.

13 Чаусидис 1988, 85–87; Чаусидис 2016, глава „В“.

14 Пантовић 2014, 15, 16, 30, 31, 50 (и. 2703), со три краци: 172 (кат. бр. 271); Петровић, Катић и Спасић 2009, 136 (кат. бр. 173), 143 (кат. бр. 186).

Овие објекти можат да се стават во релација со железнодобните **„крстообразни разводници“,** што во Македонија се јавуваат паралелно со македонските бронзи, и тоа во исто време, на исти наоѓалишта и во исти контексти (**Т. II: 1, 4, 5**), но ги има и во други делови на Балканот, па и пошироко во Европа и Азија (**Т. II: 2, 3**). Излеани се од бронза во вид на крст со шуплив корпус и цевчести краци, чии краеви се профилирани во вид на венец со едно или повеќе прстенести расчленувања. Од задната страна, краците и централниот дел се делумно или целосно изрежани, така што шупливата внатрешност на предметот е видлива и достапна за разни манипулации, т.е. за протнување и врзување јаженца или ремчиња (**Т.II: 6**).[15] Како и некои од „винчанските амулети“ (**Т. II: 7**) овие предмети можеле да се употребуваат како разводници за вкрстување на некакви јаженца или ремчиња, на пример како составен дел на прерамките што се вкрстувале на градите и/или на грбот.

Мошне е важно што во северниот дел на Македонија се јавуваат керамички бронзенодобни предмети со аналогна форма, кои можат да се земат како посредници меѓу неолитските и железнодобните примероци. Засега ни се познати два такви наоди, обата од Кумановскиот регион: Градиште кај Пелинце[16] и Градиште кај Руѓинце[17] (**Т. II: 8, 9, 13** спореди со 7 и со **1–6**).

в) Шесткраки амулети (**Т. III**)

Станува збор за керамички предмети, слични на претходните, чиј корпус во овој случај се разгранува не на 4, туку на 6 прстести сегменти кои во едни случаи се заоблени, а во други – копчесто проширени (**Т.III: 3–10, 13**). Овие краци всушност формираат сложена геометриска структура во вид на тридимензионален крст со краци насочени кон сите основни насоки на просторот (напред, назад, лево, десно, нагоре и надолу). Предметите имаат димензии од 3 до 7 см, пробиени се со еден или повеќе отвори, што досегашните истражувачи ги навело на претпоставка дека и тие биле наденувани на врвца и носени на телото во функција на приврзоци-амулети.[18]

Овие предмети покажуваат релации со разни видови железнодобни приврзоци од бронза во вид на тридимензионален крст, од кои особено се истакнува примерокот од Kuç i Zi во Албанија (**Т. III: 1, 2 спореди со 3–10, 13**).[19] Сличностите се однесуваат на основната шесткрака структура, при што разликите (потенки краци и присуство на алка за обесување) секако се должат на спецификите што ги задава бронзата како материјал. Иако овој наод не може да се смета како типичен за македонските бронзи, на релацијата со овие предмети упатува самото нивно присуство во истава некропола.

Како и во претходниот случај, особено е значајно што и овие блискости можат да се проследат преку керамички примери од бронзеното време пронајдени во северна Македонија (Градиште – Пелинце, Куманово) и јужна Србија (Градиште – Кончуљ, Врање) (**Т. III:**

15 Bouzek 1974а, 145 (Fig. 46: 3–8), 157, 158; Видески 2003, 28, 29; Kilian 1975, T.27: 19–30; Benac i Čović 1957, T. XXVI: 2, T. XXXI: 18; Митревски Д. 1991, 26, 27 (сл. 33), 34 (сл. 43), 37 (сл. 46), 57, Т. X: 34–6, T. XVIII: 71–12, T. XX: 81–4; Kilian 1976, Taf. I: 4; Vinski-Gasparini 1973, 169, 170, T. 127: 8–13, 16.

16 За информациите околу предметот и за отстапената фотографија, му благодарам на Д. Ѓорѓиевски, кустос во „Народен музеј – Куманово“. За култниот простор на ова наоѓалиште и за други таму пронајдени слични наоди: Трајковска 1999, 56–Т. I: 4; Булатовиќ и Станковски 2012, 73–86, 448 – фото 23: 48 (III 29).

17 Наодот е во фаза на публикување (пречникот на целиот предмет изнесувал околу 9 cm). Откриен е во текот на археолошките ископувања водени во 2007 г. За информациите и за отстапениот цртеж, благодарност на З. Георгиев од „Национален конзерваторски центар“ во Скопје, раководител на ископувањата.

18 Пантовиђ 2014, 16, 17; Makkay 1968; Петровић, Катић и Спасић 2009, 28, кат. бр. 170, 173, 175, 180, 182, 183, 186, 187, 198, 199, 200; Васић 1954, 166, 167; Hansen 2007 (T. II), Taf. 273: 2, 3.

19 Andrea 1985, 117, 145, Tab. XXXI: v62–3, Tab. LXIV: 6; Andrea 1976, 176, 189, Tab. IX: V62–3, Tab. XV: 7. Синхрони паралели од железнодобните култури на Апхазија и Кавказ: *Скаков* 2013, 30 (Рис. 1: 18), 34, 39 (Рис. 7: 7), 40; Bouzek 2011, 250–Fig, 4: 6; Bouzek 1997, Fig. 220; други слични предмети: Чаусидис 2016, табли Б12; Д38.

**11, 12** спореди со останатите).[20]

г) Амулети со четири хоризонтални кружни краци (**Т. IV**)

Овие предмети претставуваат варијанта на претходно спомнатите шесткраки амулети, кај кои вертикалните краци со својата нагласена големина го формираат основниот стожер на објектот, додека страничните четири се помали, со заоблени, а често и проширени краеви. Кај некои од нив е пробиен тунелест отвор за јаженце само низ вертикалниот стожер, додека кај други и низ страничните краци (**Т. IV: 4–6, 8**).[21] Нашите споредби одат во прилог на тезата дека би можело да се работи за минијатурни керамички модели на четириглави боздогани, кои како реални или симболички објекти (изработени од камен и бронза) егзистирале од неолитското па сѐ до железното време, и тоа особено на територијата на Источна Европа.[22]

Овие предмети покажуваат особено блиски релации со формата на еден железнодобен објект од Бразда кај Скопје, излеан од бронза, со цевчест корпус, со масивни прстенести венци на краевите и со крстовидно распоредени 4 израстоци со копчести задебелувања (**Т. IV: 1**).[23] Овие релации се однесуваат и на други слични железнодобни приврзоци кои не можат да се вклучат во потесниот круг на македонските бронзи (**пример: Т. IV: 2**). Но, тоа не би можело да се каже и за малите приврзоци-мониста со аналогна форма (со четири или три краци), кои се доста чести на македонските наоѓалишта, не ретко придружени и со разни предмети од групата македонски бронзи (**пример: Т. IV: 3, поблиска неолитска аналогија 7**).[24]

д) Орнитоморфни амулети (Т. V)

Сред „винчанските амулети", постојат неколку типови и варијанти обликувани во вид на стилизирана птица (**Т. V: 4–7**). Од нив се издвојуваат неколку варијанти, специфични според степенот на реалистичноста, глобалниот облик на корпусот (топчест, јајчест, или биконусен) и позицијата на тунелестиот отвор, кој вообичаено се протега меѓу грбот и основата на предметот, насочен повеќе кон градите или кон опашката на птицата. Се смета дека најголемиот дел од нив прикажуваат патки или слични водни птици. Кај некои од овие наоди дното е зарамнето, што укажува на тоа дека тие биле поставувани на рамна подлога (**Т. V: 5**). Но сепак, присуството на спомнатиот отвор и на отпечатоците од врвци јасно укажува на тоа дека значителен дел од нив биле обесувани.[25]

Посочените наоди можат да се стават во релација со разни типови бронзени приврзоци од кругот на македонските бронзи (полно или шупливо леани), кои се обликувани во вид на птици, и тоа најчесто водни, како што се шатката, гуската или лебедот (**Т. V: 1–3 спореди со останатите**). Според стандардниот облик и бројот на примероци-

20 За овие предмети: Булатовић и Станковски 2012, 448–фото 23: 48; Булатовић 2007, 182, 183, цртеж на предметот во најдената состојба: 181 (T. XLVIII: 15), фотографија по изведената реконструкција: 31 (сл. 28).

21 **Основни податоци: Пантовић 2014**, 30 – **сл. 14, 144 – кат. бр.** 157; Hansen 2007, Taf. 273: 2; Makkay 1968, 17 (Fig. 7: 7 – a, b), 18, 19. Постојат мислења дека предметите од овој тип имале утилитарна функција, како еден вид калеми за намотување конец, можеби користени во процесот на ткаење или плетење мрежи (**Пантовић 2014**, 29–31).

22 Чаусидис 2016, глава „Д", табли Д40; Д41.

23 Корачевиќ 1977, 60, 63; Санев и др. 1976, 60 – кат. бр. 622, инв. бр. 787.

24 Bouzek 1974a, 73 (Fig. 22: 5–7), 77, 79; Видески 2003, 64 (кат. бр. 274), 65 (кат. бр.275); Кузман и Димитрова 2010, 37; Чаусидис 2016, глава „Д", табла Д41.

25 Пантовић 2014, 18, 23, 24, 31, 32, 55, 91.

те, од нив особено се издвојуваат шупливо леаните типови во вид на шатка, т.е. гуска, со хипертрофирано тело, два профилирани отвора на страните и алка за закачување оформена на грбот (**T. V: 1, 2**). Ј. Боузек, ваквите приврзоци ги класифицира во групата А4 (оние без странични отвори) и во групата С (со отвори), при што втората, којашто е особено специфична за северниот дел на Македонија, ја датира во VII век пр. н.е. И. Килијан-Дирлмаер овие предмети ги нарекува кокошки со два отвора на телото (*Hennen mit zwei runden Öffnungen im Körper*), при што смета дека врз основа на неколку сигурни гробни наоди, тие може да се сметаат за елементи на накитот што ѝ припаѓале на женската носија. Во комбинација со други приврзоци, овие предмети сочинувале дел од посложени гарнитури што можеле да се носат на вратот, на градите или на појасот.[26] Во неодамна откриениот и добро документиран гроб бр. 12 од Бучинци кај Скопје е констатирано комбинирањето на пет такви наоди, придружени со други приврзоци, во единствена гарнитура поставена во пределот на препоните и бедрата на покојничка на возраст од 40–45 години.[27] Повеќе аргументи укажуваат дека и овие приврзоци имале, пред сè, култно-симболичка намена, при што шупливиот корпус на прикажаните птици, пробиен со отвори, може да се оправда преку постапките на негово полнење со некаква супстанција или произведување звук како еден вид прапорци или свирчиња.[28]

ѓ) Амулети во вид на минијатурни садови (**T. VI**)

Се работи за мошне едноставни керамички предмети обликувани во вид на керамички модел на биконусен сад, кој во некои варијанти отстрана има и по еден изливник или рачка (**T. VI: 4–8**). Сите примероци имаат масивен корпус, без шуплина, пробиен со еден вертикален тунелест отвор, кој се протега меѓу врвот и дното на садот. Како и во претходните случаи, се верува дека служел за протнување некаква врвца наменета за обесување на објектите.[29]

Овие предмети може да се ставaт во сооднос со неколку типови бронзени објекти од групата македонски бронзи во кои е содржан обликот на сад. Најпрво тоа се бронзените приврзоци во форма на минијатурно бокалче со вертикална рачка и косо засечен венец (пример: **T. VI: 1**). Бројни паралели покажуваат дека овие приврзоци ја следат формата на реалните керамички бокали од истото време, и тоа специфични за конкретни региони.[30] Вториот тип се приврзоците во вид на пиксида**,** т.е. пехарче дополнето со животински (најчесто птичји) протоми**,** поставени на чашката и/или на капачето (пример: **T. VI: 2**).[31] Иако меѓу македонските истражувачи доминира ставот дека вториот тип предмети прикажуваат афионова чушка (кој, во најмала рака, е дискутабилен), сепак доволен број бронзени примери со својата биконусна форма, и особено постарите, т.е. поархаичните керамички прототипови (**пример: T. VI: 3**), јасно покажуваат дека во нивната основа стои садот, т.е. пехарот подигнат на висока нога, покриен со капаче

26 Bouzek 1974a., 13, 14, 16, 21; Kilian-Dirlmeier 1979, 142 – 144. Поединечни примери: Венедиков 1943, 92, 93; Крстевски и Соколовска 2005, 80, 81; Видески 2003, 36, 37 (кат. бр. 132–136).

27 Temov 2007.

28 Чаусидис 1988, 74–76; Чаусидис 2016, глава „А“, табли А1: 1–3, 6; А2 - А4; А5: 1, 2.

29 Пантовић 2014, 19, 24, 32, 92.

30 За оваа категорија предмети: Bouzek 1974, 307, 308; Bouzek 1974a, 38–49; Kilian 1975, 111, 112, Taf. 93; Kilian-Dirlmeier 1979, 216–228; Гарашанин 1956, 32, 33; Митревски 1988, 90–92; Митревски 1997, 128, 129, 289, 290, 298, 299, 307, 309; Видески 2003, кат. бр. 146–158; Георгиев 1987, 125–128; Крстевски и Соколовска 2005, 75; сумирање на досегашните сознанија и преглед на најновите наоди: Paspalas 2014; Чаусидис, 2016, глава „Б“, табла Б17; Б18.

31 Bouzek 1974a, 24–37; Васић 1974, 220–226; Васић Р. 1977, 4; Kilian 1975, Taf. 94; Kilian-Dirlmeier 1979, 229–241 Taf. 106A; Митревски 1988, 84–90.

коешто е фиксирано за венецот со јаженца провлечени низ страничните отвори.[32] Не треба да се очекува високо ниво на совпаѓање меѓу обликот на посочените „винчански амулети“ и апострофираните типови македонски бронзи, бидејќи во обата случаја приврзоците ја следат формата на реалните садови што егзистирале во дадениот хронолошки и културен амбиент, кои исто така заемно се разликуваат во голема мера.

е) Амулети со нагоре повиени куки (**Т. VII**)

Сред винчанските амулети, се јавува една помала група предмети со топчест или биконусен корпус што се пробиени со еден вертикален отвор и дополнет со три или четири нагоре повиени лачни израстоци (**Т. VII: 1, 2**).[33]

Овие објекти покажуваат одредени визуелни релации со бронзените ажурирани **„V“ предмети со проширени краеви,** кои засега се јавуваат во долниот тек на реката Вардар (**Т. VII: 3–7, 10, 12, 16**). Карактерот на посочените наоди сè уште не е сосема јасен. Нивното користење како приврзоци е под прашање, затоа што меѓу двата крака наместо алка за обесување се јавува тулец за всадување рачка или некаков друг носач (**хипотетична реконструкција Т. VII: 16**).[34] Тие можат да се стават во релација со апострофираните винчански амулети, но само условно – на ниво на нивната силуета, и тоа заради присуството на повеќе од два крака кај нив.

Ако се земе предвид дека во наведените железнодобни предмети некои истражувачи ја препознаваат котвата,[35] по таа линија во оваа компарација би можела да се вклучи и една голема група бронзенодобни керамички предмети. Познати се како куки во форма на котва (anchor-shaped hooks) кои се јавуваат во целиот Егеј и на север сè до грчкиот дел на Македонија: Armenochori, Kritsana, Servia, Kozani, Saratse и Anchialos кај Солун (**Т. VII: 8, 9, 11, 13–15**).[36] Судејќи според големината, кревкиот материјал и отворите пробиени во горниот дел, и во овој случај би можело да се работи за култни предмети, кои во глобални рамки наликуваат на горeприкажаниот тип „винчански амулети“.[37]

### 3. Сличности и разлики меѓу македонските бронзи и винчанските амулети

При анализата на дел од посочените релации, се покажува дека во текот на предложените компарации не треба да се очекува премногу висок степен на сличност меѓу железнодобните и неолитските, па дури и на помладите енеолитски и бронзенодобни предмети. Нивните меѓусебни разлики се сосема логични и може да се оправдаат преку две компоненти. Првата е секако мошне големата временска дистанција (од околу 3 милениуми), во која не може да се очекува опстојувањето на една форма без поголеми промени, особено

32 За семиотичките аспекти на овие и претходните предмети со бројни примери: Чаусидис 1988, 71–73; Чаусидис 2016, глава „А“, табли А14–А23.

33 Makkay 1968, 12 – Fig. 2: 3, 4; Пантовић И. 2014, 21, 86, 121: кат. бр. 66.

34 Bouzek 1974a, 48 (Fig. 14: 9, 10), 98, 100; Kilian 1975, 76, 77, Taf. 34: 19; Σαββοπουλου 2007, 614, 623 (Εικ. 15), 624 (Εικ.16); Митревски 2013, 245 – Сл. 88.

35 К. Килијан ги нарекува „Ankerförmige Aufsätze“ т.е. предмети за насадување во форма на котва (Kilian 1975, 76, 77) додека Ј. Боузек – “anchor-shaped objects” т.е. објекти во форма на котва (Bouzek 1974a, 98, 100).

36 Heurtley 1939, 87, 203 - Fig. 67; *Clay anchors 2014*; *Arch. research 2014*; Bouzek 1985, 24 (Fig. 4: 8), 25; Παππα, Αδακτυλου & Μπιλλη 2002, 141, 144 – Εικ. 11; Καραμητρου-Μεντεσιδη 2008, 869, 874 – Εικ. 19.

37 За семиотиката на овие предмети: Чаусидис 1988, 84, 85; Чаусидис 2016, глава „Е“, табли Е14; Е17; Е18.

земајќи предвид дека се работи за симболички предмети што се ослободени од императивот на нивната функционалност, односно утилитарна употреба. Втората компонента е диктирана од различниот материјал од кој се создадени железнодобните и постарите предмети, како и специфичните технологии на нивната изработка што тој ги условува.

Бронзените предмети од железното време се реализирани по пат на леење според восочен модел. При тоа, восокот во кој се обликувал моделот на идниот бронзен предмет се загревал на соодветна температура која му обезбедувала високо ниво на пластичност. Тоа на изработувачот му овозможувало голема слобода во изведбата на најразновидни и најделикатни тридимензионални облици. Бронзата во која потоа ќе се излеел предметот (врз основа на восочниот модел) им давала доволна цврстина и издржливост дури и на неговите најтенки и најиздолжени сегменти. Ова особено се однесува на разните израстоци (**Т. I: 2, 3, 9; Т. III: 1, 2; Т. VI: 2**), на ажурираните корпуси (**Т. VII: 3–5, 7, 10, 12**) и разните алки наменети за закачување, т.е. обесување на овие објекти (**Т. III: 1, 2; Т. V: 1–2**). Дополнителните техники на обработка на излеаните бронзени предмети (мазнење, полирање, цизелирање, пунктирање), обезбедувале високо ниво на финализација на нивната површина и нејзино збогатување со разни ситни детали (**Т. V: 3; Т. VI: 1, 2**).

Од друга страна, технологијата на изведба на керамичките предмети од неолитското, енеолитското и бронзеното време, била окружена со многу ограничувања. Керамиката како материјал не била секогаш префинета и прочистена до степен кој би овозможувал изведба на суптилни форми и мазни површини. Моделирањето тенки и издолжени облици било лимитирано од две причини: при процесот на печењето на керамиката доаѓа до висок коефициент на ширење на глината, кој лесно може да предизвика пукање на тенките и издолжени сегменти (**Т I: 9 спореди со 4, 5, 10**). Доколку таквите сегменти сепак ќе го преживееле печењето, тие не се здобивале со доволна цврстина, која би ги издржала ударите и напрегањата за време на користењето на предметот. Овие елементи лесно можеле да се скршат дури и при најмал удар или напрегање. Затоа кај неолитските амулети не било можно да се изведе доволно цврста керамичка алка, којашто подолго време би ја издржала тежината и нишањето на предметот. Поради овие причини, функцијата на обесување на овие предмети била остварувана преку пробивање тенки тунелести отвори низ нивниот корпус, очевидно наменети за провирање врвца за нивно обесување (**Т. I: 1; Т. IV: 4;Т. V: 4–7 спореди со 1–3**). Присуството на овие отвори речиси кај сите вакви предмети е најдобар индикатор за нивното користење како приврзоци, и тоа со амулетска или некаква друга слична функција.

По печењето, површината на неолитските и на подоцнежните керамички амулети многу ретко била доработувана, на пример по пат на врежување, бојосување, полирање или инкрустација (**примери: Т. I: 8, 10; Т. IV: 6; Т. V: 6, 7; Т. VII: 2**). Ова може да се оправда со деликатностите на овие постапки, диктирани од малите димензии на предметите, но најверојатно и од нивниот краткотраен карактер. Можеби во нив едноставно не вредело да се инвестира поголем труд, најверојатно затоа што биле наменети за кратка, сезонска, па дури и еднократна употреба.

### **4. За хијатусот меѓу македонските** бронзи и винчанските амулети

Долгиот хијатус од три и повеќе милениуми меѓу посочените неолитски и железнодобни предмети засега ја претставува најслабата точка на овде приложената теза. Во идните истражувања тој би требало да се пополни со поголем број соодветни енеолитски и бронзенодобни аналогии, кои би биле дополнителен аргумент за континуираното опстојување на неолитските предлошки сè до железното време. Досега тоа успеавме донекаде

да го докажеме во однос на неолитските четирикраки амулети (**Т. II: 8, 9, 13**) како и шесткраките (**Т. III: 11, 12),** чиишто подоцнежни керамички примери можат да се следат сè до доцното бронзено време, и тоа на територијата на Србија и на северна Македонија каде што, само неколку векови подоцна, во железното време, се појавуваат и нивните бронзени варијанти. Во однос на двекраките амулети**,** како компонента на континуитетот може да се земат стилизираните керамички фигурини на луѓе во поза на орант, широко застапени во бронзенодобните култури од Егејскиот регион и Кипар (**пример: Т. I: 11**). Мошне уверливи бронзенодобни посредници можат да се најдат и меѓу амулетите со нагоре повиени куки и бронзените ажурирани „V“ – предмети со проширени краеви. Овој пат станува збор за спомнатите керамички куки во вид на котва, широко распространети и во ранобронзенодобните култури од јужните делови на Македонија (**Т. VII: 9, 13–15**).

Доколку не би се нашле дополнителни компоненти за пополнување на овој хијатус, нивниот недостаток би можел да се оправда со опстојувањето на неолитските традиции на обликување и користење на овие приврзоци преку варијанти изведени од органски материјали. Повикувајќи се на примери од етнографијата, би било легитимно да се претпостави дека во меѓупериодите во кои отсуствуваат паралели за нашите неолитски и железнодобни предмети биле користени нивни верзии изработени од нетрајни материјали: дрво, восок, сушена т.е. непечена глина, па дури и од тесто, сè додека во I милениум пр.н.е. технологијата на леење во бронза нема повторно да ги извлече овие облици од сферите на „невидливата археологија“.

Мошне е важно дека неолитски керамички предлошки имаме речиси за сите македонски бронзи и ним сродните железнодобни приврзоци, дека овие предмети имаат слични димензии и оти биле користени како приврзоци, за што говорат задолжителните отвори пробиени низ нивниот корпус. Ова се индикатори дека не станува збор за поединечни аналогии што можат да бидат плод на случајни поклопувања, туку за специфичен културен феномен кој патува низ милениумите интегриран во некаков заокружен систем, кој при тоа не доживува поголеми и посуштествени промени.

### 5. Други неолитски и подоцнежни паралели за македонските бронзи

Претставените аналогии можат да се дополнат и со други неолитски паралели што се детално претставени во нашата монографија посветена на симболичките и митско-религиски аспекти на македонските бронзи и ним сличните железнодобни предмети од средно-балканските региони. Иако овие паралели не припаѓаат на групата „винчански амулети“ и тие упатуваат на истите неолитско-железнодобни релации:

– Машки фигурини седнати наземи во поза на фетус, во релација со гроздовидните приврзоци со врв обликуван во вид на човечка фигурина прикажана во истата поза;[38]

– Женски фигурини со издолжени вратови и редуцирана или елиминирана глава во релација со издолжените држалки на капаците од бронзените приврзоци во вид на пехарче со зооморфни протоми;[39]

– Антропоморфни садови дополнети со шематизирани раце во поза на орант во релација со зооморфизираните раце на бронзените приврзоци во вид на пехарче со животински протоми;[40]

– Геометризирана силуета на жена во породилна поза со расчекорени нозе свиени

38 Чаусидис 2016, глава „Б“, табли Б27; Б30; Б34.

39 Чаусидис 2016, глава „А“, табли А36; А49.

40 Чаусидис 2016, глава „А“, табли А36; А38: 7, 8; А39; А46.

во колената, во релација со аналогниот силно стилизиран мотив од ажурираните токи и триаголните приврзоци.[41]

**- Културно-историски импликации**

Од аспект на географското следење на сите овде спомнати примери, паѓа в очи фактот што неолитските аналогии за македонските и среднобалканските железнодобни предмети, барем засега, главно не потекнуваат од Македонија и соседните нејзини области, туку гравитираат кон посеверните делови на Балканот, поточно кон регионите на Подунавјето, Панонија, северна Србија и Босна. Согледано на едно глобално културно-историско ниво, тоа значи дека во овие области треба да се бараат и корените на традициите за изработка и користење на македонските железнодобни предмети, без разлика дали во Средниот Балкан тие доаѓаат како плод на движењето на одредени популации од овие региони или независно од нив, како културен т.е. религиски феномен.

Согледани на ниво на постојните етнокултурни теории, овие претпоставки интерферираат со глобалните тези за спуштањето на некои пранароди од посеверните делови на Балканот или Средна Европа кон Средниот Балкан и натаму кон Грција и Мала Азија. Овие движења често се врзуваат за некои реални (Бриги, Мизи, Дорци) или кабинетни етноси (Индоевропејци, Индоаријци, Прагрци, Прото-Тракијци, Прото-Бриги, Прото-Мизи). Овие процеси се поклопуваат во одредена смисла и хронолошки со појавата на првите засега познати понепосредни керамички прототипови на македонските бронзи:[42]

– Крстовидни предмети од керамика кои им припаѓаат на бронзенодобните култури од Јужна Србија и северните делови на Македонија (четирикраки Т. **II: 8, 9, 13;** шесткраки **Т. III: 11, 12**);

– Рачно работените керамички садови-пиксиди од Грција датирани во XI–X век пр. н.е. како мошне веројатни прототипови на бронзените пехарчиња, т.е. пиксиди, дополнети со животински протоми (**Т. VI: 2**).[43]

**Бибилографија:**

*- кирилична:*

Булатовић, А. 2007. *Врање: културна стратиграфија праисторијских локалитета у Врањској регији.* Београд: Археолошки институт, Врање: Народни музеј.

Булатовић, А. и Станковски, Ј. 2012. *Бронзано доба у басену Јужне Мораве и у долини Пчиње*. Београд: Археолошки институт; Куманово: Н.У. Музеј – Куманово.

Васић, М. 1954. *CREPUNDIA* и SYMBOLA. *Глас српске академије наука CCXIV*, одељење друштвених наука књ. 3: 165–172. Београд.

Васић, Р. 1974. Бронзе из Титовог Велеса у музеју Бенаки. *Жива Антика 24*: 213–232. Скопје.

41 Чаусидис 2016, глава „Е“, табли Е1; Е2; Е3; Е8; Е9.

42 За овие прашања подетаљно: Чаусидис 2016 глава „Ж“.

43 Чаусидис 2016, глава „А“, табли А24; А25; А28.

Васић, Р. 1977. Нови елементи за проучавање гвозденог доба Вардарске долине. *Старинар* XXVII: 1–18. Београд.

Васић, Р. 1986. Уметничке тежње на тлу Југославије у гвоздено доба. *Старинар* XXXVII: 1–24. Београд.

Венедиков, И. 1943. Баргала. *Разкопки и проучвания* (Предисторически и старовековен отдел) I: 82–97. София.

Видески, З. 2003. *Македонски бронзи*, Скопје: Музеј на Македонија.

Гарашанин, М. 1956. Разматрања о македонском Халштату. Материјална култура, хронологија, етнички проблем. *Старинар* V – VI: 29–41. Београд.

Георгиев, З. 1987. Необјавени и нови наоди од Повардариeто. *Годишен зборник на филозофскиот факултет* 14 (40): 117–134. Скопје.

Корачевиќ, Д. 1977. Наод од халштадско време од Бразда кај Скопје. *Macedoniae acta archaeologica* 3: 57–65. Прилеп.

Крстевски, Ц. и Соколовска, В. 2005. Нови наоди на македонско-пајонски бронзи. *Macedoniae acta archaeologica* 16: 65–87. Скопје.

Кузман, П. и Димитрова, Е. 2010. *Охрид sub specie aeternitatis*. Охрид: Данте; Macedonia Prima; Скопје.

Маразов, И. 2005. *Изкуството в древна Тракия* // Колекция Васил Божков: 7–91. София: Фондация „Тракия“.

Миневски, Б. 2015. Грците купуваат само археолошки предмети од времето на Александар Македонски, *Фокус*, бр. 691 (26.09.2008), Скопје 2008. <http://fokus.mk/grci-arheo-mafija/> (16.08.2015)

Митревски, Д. 1988. Карактеристични форми на “Македонски бронзи” од наоѓалишта по долината на Вардар. *Macedoniae acta archaeologica* 9: 83–102. Скопје.

Митревски, Д. 1991. *Дедели - некропола од железното време во Долно Повардарје.* Скопје: Музеј на Македонија.

Митревски, Д. 1995. Првите етнички заедници во Македонија според начинот на погребување и погребните обичаи. Во: Старделов, Г. (уред.) *Цивилизации на почвата на Македонија:* 157–166. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите.

Митревски, Д. 1997. *Протоисториските заедници во Македонија: преку погребувањето и погребните манифестации*. Скопје: Републички завод за заштита на спомениците на културата.

Митревски, Д. 1999. Гробот на Пајонската свештеничка од Марвинци – прилог кон вреднувањето на пајонската религија на железното време. *Macedoniae acta archaeologica* 15: 69–89. Скопје.

Митревски, Д. 2005. Куќата на колекционерот. Во: Митревски, Д. (уред.) *Вардарски Рид,* Том *I*: 229–259. Скопје: Фондација Вардарски Рид; Институт за историја на уметноста со археологија - Филозофски факултет.

Митревски, Д. 2013. Праисторија на Република Македонија. Во: Кузман, П. Димитрова, Е. и Донев, Ј. (уред.) *Македонија.* Милениумски културно-историски факти, Том. 1: 83–266. Скопје: Медиа Принт Македонија; Евро – Балкан.

Пантовић, И. 2014. *Винчански амулети*. Вршац: Градски музеј.

Папазоглу, Ф. 1977. Етничка структура античке Македоније у светлости новијих ономастичких истраживања. *Balcanica* VIII: 65–82. Belgrade.

Пашиќ, Р. 1978. Бронзени предмети од околината на Скопје. *Macedoniae acta archaeologica* 4: 59–67. Скопје.

Петровић, Б. Катић, В. и Спасић, М. 2009. *Живот у глини: неолитска уметност на тлу Београда: фигурална пластика из збирки Музеја града Београда*. Београд: Музеј града Београда.

Погребова, М. Н. 1984. *Закавказье и его связи с Передней Азией в скифское время,* Москва: Наука.

Поповић, В. 1966. О пореклу грчких архајских предмета из некрополе код Требеништа са посебним освртом на проблем златних маски. *Старинар* XV – XVI: 15–30. Београд.

Ристов, К. 1999. Нови праисториски наоди од Скопско. *Културно наследство* 24–25 (1997 – 98): 7–19. Скопје.

Санев, В. Симоска, Д. Китаноски, Б. и Саржоски С. 1976. *Праисторија во Македонија.* Скопје: Археолошко друштво на С.Р. Македонија.

Скаков, А. Ю. 2013. Крестовидные подвески-навершия в кобано-колхидских древностях. *In: Древности Западного Кавказа Вып*. I: 29–43. Краснодар.

Соколовска, В. 1997. *Етничките носители на Требенишката некропола.* Скопје: Музеј на Македонија.

Соколовска, В. 2005. Дарданците во предримско време. *Зборник.* Музеј на Македонија (Археологија) 2. Скопје,133–147.

Соколовска, В. 2011. *Античкиот град на Исар – Марвинци*, Валандово: културно-историски осврт, Скопје: Култура ест.

Трајковска, Л. 1999. Градиште – Пелинце – истражување на секторот Две Могили. *Macedoniae acta archaeologica* 15: 47–61. Скопје.

Хусеновски, Б. и Сламков, Е. 2005. *Водич низ постојаната археолошка поставка „Вардарски Рид со околните наоѓалишта“*. Гевгелија: Национална установа Музеј Гевгелија.

Чаусидис, Н. 1988. Симболиката и култната намена на «македонските бронзи». *Жива антика* 38/1 – 2: 69–89. Скопје.

Чаусидис, Н. 1995. Предисторија. Во: Македонија – *културно наследство:*14–45. Скопје: Мисла.

Чаусидис, Н. 2016. *Македонските бронзи и религијата и митологијата на железнодобните заедници од Средниот Балкан* (= Nikos Chausidis, *Macedonian Bronzes and Religion and Mythology of the Iron Age Communities from the Central Balkan*). Скопје (електронско издание)

Чаусидис, Н. и Николов, Г. 2006. Црепна и вршник (митолошко - семиотичка анализа). *Studia mythologica Slavica* 9: 97–160. Ljubljana.

*- латинична:*

*Aigai 2015*. *Aigai The royal capital of Macedon*

<http://www.aigai.gr/en/history/aiges/vergina> (27.03.2015)

Andrea, Z. 1976. Tumat e Kuçit të Zi. *Iliria* VI. Tiran**ë**: 165–233.

Andrea, Z. 1985. *Kultura ilire e tumave në pellgun e Korçës*. Tiranë: Akademia e shkencave e PRSSH.

*Arch. research 2014*. Archaeological research in eastern Achaea.Within the framework of large-scale technical works. In: *Archaeology and Arts*

<http://www.archaeology.wiki/blog/2013/12/16/archaeological-research-in-eastern-achaea/> (27.11.2014)

Benac, A. i Čović, B. 1957. *Glasinac. Dio II (Željezno doba)*. Sarajevo: Zemaljski muzej u Sarajevu.

Bouzek, J. 1971. Caucasus, Luristan and Greek Geometric Bronzes. In: *Les annales archéologiques arabes syriennes: Revue d'archéologie et d'histoire: Numéro spécial: [Actes du] IXème congrès international d'archéologie classique, Damas, 11 - 20 octobre 1969: Orient, Grèce et Rome: Texte et atlas.*, 89–94.

Bouzek, J. 1974. Macedonian Bronzes: Their Origins, Distribution and Relation to Other Cultural Groups of the Early Iron Age. *Památky Archeologické*, 278–341.

Bouzek, J. 1974a. *Graeco-Macedonian bronzes*. Praha: Universita Karlova.

Bouzek, J. 1982. Addenda to Macedonian Bronzes. *Eirene* 18: 35–59. Praha.

Bouzek, J. 1985. *The Aegean, Anatolia and Europe: Cultural Interrelations in the Second Millennium B.C.* Goteborg: Paul Astroms Forlag; Prague: Academia, Publishing House of the Czechoslovak Academy of Sciences.

Bouzek, J. 1997. *Greece, Anatolia, and Europe: Cultural interrelations during the early Iron Age (Studies in Mediterranean archaeology)*. Jonsered: Paul Åströms Förlag.

Bouzek, J. 2011. The Belozerka Fibulele in a Broader context. *Tyragetia, serie nouă. Vol. V [XX], nr. 1, Arheologie. Istorie Antică*: 247–254. Chişinău.

*Clay anchors 2014*. Early Helladic III. From the area of the new archaeological museum, Olympia. In: *Flickr* <http://www.flickr.com/photos/dandiffendale/7693390634/in/photostream/> (28.11.2014)

Garašanin, D. 1999. Kastanas und der Mittlere Balkan. In: *Macedonia and the Neighbouring Regions From 3-rd to 1-st milenium B.C*: 49–54. Skopje: Museum of Macedonia.

Hansen, S. 2007. *Bilder vom Menschen der Steinzeit: Untersuchungen zur anthropomorphen Plastik der Jungsteinzeit und Kupferzeit in Südosteuropa.* T.I–II. Mainz: Deutsches Archäologisches institut / Eurasien-Abtelung.

Heurtley, W. A. 1939. *Prehistoric Macedonia. An archaeological reconnaissance of Greek Macedonia (West of the Struma) in the Neolithic, Bronze, and Early Iron Ages*. Cambridge: The University Press.

Hoernes, M. 1925. *Urgeschichte der bildenden Kunst in Europa*. *Von den Anfängen bis um 500 vor Christi*. Wien: Kunstverlag Anton Schroll & Co.

Καραμητρου-Μεντεσιδη, Γ. 2008. Νομός Κοζάνης 2006: Πολύμυλος, Κλείτος, Περδίκκας, Μικρόκαστρο, Αλιάκμων. *Το Αρχαιολογικό Έργο στη Μακεδονία και Θράκη* 20: 847–874. Θεσσαλονικη,

*Kilian,* K. 1975. *Trachtzubehör der Eisenzeit zwischen Ägäis und Adria (Praehistorische Zeitschrift, 50 Band)*. Berlin.

Kilian, K. 1976. Bosnisch-herzegowinische Bronzen der Eisenzeit II aus Griechenland. *Godišnjak Centra za balkanološka ispitivanja ANUBiH* XIII (11): 163–176. Sarajevo.

Kilian-Dirlmeier, I. 1979. *Anhanger in Griechenland von der mykenischen bis zur spatgeometrischen Zeit: (griechisches Festland, Ionische Inseln, dazu Albanien und Jugoslawisch Mazedonien). Prahistorische Bronzefunde*. Munchen: Beck.

Makkay, J. 1968. A Peculiar Clay Object of the Vinča Culture, *Alba Regia* VIII – IX: 9–22. Szekesfehéevar.

Mitrevski, D. 1995. Northen Elements Regarding the Iron Age Culture in Macedonia. In: Neagu, M. (ed.) *Culture et civilisation au Bas Danube*. Vol. XIII – XIV: 109–122. Calarasi – Bucurest: Muzeul Dunării de Jos; Musee du bas Danube.

Mitrevski, D. 2006. Genesis of the Iron Age Culture in Macedonia. *Folia archaeologica Balkanica* 1: 85–96. Скопје.

Mitrevski, D. 2007. Pogrebuvanja na svešteničkite vo železnoto vreme vo Makedonija. *Scripta praehistorica in honorem Biba Teržan, Situla, 44, Dissertationes Musei Nationalais Sloveniae*: 563–582. Ljubljana.

Mitrevski, D. 2010. On the Ethno-Cultural Basis of Ancient Macedonia. *Macedonian Historical Review* 1: 9–24. Skopje.

*Mycenae 2013*. *Mycenae: the temple complex*

<http://artsweb.bham.ac.uk/aha/kaw/mycenae/mycenaetemple.htm> (01.09.2013)

Παππα, Μ., Αδακτυλου Φ. & Μπιλλη Ζ. 2002. Ανασκαφική ερευνά του οικισμού της ΠΕΧ στον χώρο της «ΒΑΛΚΑΝ ΕΞΠΟΡΤ». *Το Αρχαιολογικό Έργο στη Μακεδονία και Θράκη* 14: 137–144. Θεσσαλονικη,

Paspalas, S. A. 2014. A “Macedonian Bronze” Juglet from Zagora, Andros. In: Valavanis, P. and Manakidou, E. (eds.) *Essayson Greek Pottery and Iconography. In honour of Professor Michalis Yiverios:* 527–539. Thessaloniki: University Studio Press; Εκδόσεις Επιστημονικών Βιβλίων και Περιοδικών.

*Σαββοπουλου, Θ.* 2007. Απ' Αξιού ευρύ *ρέοντος* Αξιού, ου κάλλιστον ύδωρ επικίδναται αίαν. In: Αρχαία Μακεδονία 7: 605–624. Θεσσαλονίκη: IMXA.

Stipčević, A. 1981. *Kultni simboli kod Ilira – građa i prilozi sistematizaciji*. Sarajevo: Centar za balkanološka ispitivanja ANUBiH.

Temov, S. 2007. An Iron Age Burial in Macedonia. *Scripta praehistorica in honorem Biba Teržan, Situla 44, Dissertationes Musei Nationalais Sloveniae*. 657–665: Ljubljana.

Vasić, R. 1987. Đevđeliska grupa. In: Benac, A. (ed.) *Praistorija Jugoslovenskih zemalja*. *Tom V (Željezno doba)*: 701–711. Sarajevo: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine - Centar za balkanološka ipitivanja.

Vasić, R. 1987a. Trakokimeriski, skitski i trakogetski uticaji u jugoslovenskom Podunavlju. In: Benac, A. (ed.) *Praistorija Jugoslovenskih zemalja*. Tom V (Željezno doba): 559–567. Sarajevo: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine - Centar za balkanološka ipitivanja.

Vinski-Gasparini, K. 1973. *Kultura polja sa žarama u sjevernoj Hrvatskoj*. Zadar: Filozofski fakultet.

**Илустрации:**

**Т. I**

**Македонски бронзи, конусни предмети со пар издолжени сегменти на врвот, железно време.**

2. Vergina, грчки дел на Македонија **(***Aigai 2015*).

3. Непознато наоѓалиште, регион на Валандово и Гевгелија, Р. Македонија (Митревски 2013, 245 – сл. 88).

9. Криви Дол – Радање, Штип, Р. Македонија (Mitrevski 2007, 573 – Fig. 13: B/2).

Керамички предмети (т**.**н. „двекраки амулети“), неолит, **„**Винчанска култура“, Србија.

1. Начин на врзување и обесување на амулетите (реконструкција) (Пантовић 2014, 29: 8).

*4.* Кормадин – Јаково, Белград, Србија (Петровић, Катић и Спасић 200**9**, 147 – кат. бр. 195).

5. Усек – Бањица, Белград, Србија (Петровић, Катић и Спасић 2009, 132 – кат. бр. 165).

6. Кормадин – Јаково, Белград, Србија (Петровић, Катић и Спасић 2009, 145 – кат. бр. 191).

7. Црквине – Стублине, Обреновац, Србија (Петровић, Катић и Спасић 2009, 138 – кат. бр. 179).

8. Црквине – Стублине, Обреновац, Србија (Петровић, Катић и Спасић 2009, 139 – кат. бр. 178).

10. Усек – Бањица, Белград, Србија (Петровић, Катић и Спасић 2009, 133 – кат. бр. 168).

---------------------------

11. Керамичка фигурина, „Микенска култура“, XIII – XII век пр.н.е., „светилиште“ во Микена, Грција (*Mycenae 2013*).

**Т. II**

**Крстообразни разводници, железно време:**

1. *Сува Река – Гевгелија, Р Македонија* (Хусеновски и Сламков 2005, 52 – кат. бр. 70).

2. Schomlauer Berg, Унгарија (Hoernes 1925, 24 – Abb. 19).

3. Nagyenyed, Романија (Hoernes 1925, 24 – Abb. 20).

4. Valanida, Elassona, Грција (Kilian 1975, Грција. Taf. 27: 26).

5. Сува Река – Гевгелија, Р. Македонија (Vasić 1987, Т. LXXII: 7).

6. Претпоставка за начинот на протнување и спојување на врвките низ крстообразните разводници (шема: Н. Чаусидис).

---------------------------

7. *Керамички предмет, доцен неолит*, *фаза* Винча – Плочник I (Пантовић 2014, 50: и.2703).

8, 9. *Керамички предмет, бронзено време, Две Могили – Пелинце, Куманово, Р Македонија. Непубликувано (Народен музеј – Куманово).*

10. *Керамички предмет, доцен неолит,* Кремењак – Потпорањ, Вршац, Србија

(Пантовић 2014, 172 – кат. бр. 171).

11. *Керамички предмет, доцен неолит, Међулужје – Јабланица*, Младеновац, *Србија* (Петровић, Катић и Спасић 2009, 136 – кат. бр. 173).

12. *Крстообразен керамички предмет, доцен неолит, Агино Брдо – Гроцка*, Србија (Петровић, Катић и Спасић 2009, 143 – кат. бр. 186).

13. *Керамички предмет, бронзено време, „Градиште“ – Руѓинце, Куманово, Р Македонија. (Народен музеј – Куманово). Цртеж: З. Георгиев.*

**Т. III**

1, 2. Бронзен приврзок, железно време, Kuç i Zi, Албанија (фотографија: Andrea 1985, 325 – Tab. LXIV: 6; цртеж: Andrea 1976, 224 – T. IX: v. 62–3).

*Керамички предмети, доцен неолит, Винчанска култура:*

3. *Кормадин – Јаково, Белград, Србија* (Петровић, Катић и Спасић 2009, 149 – кат. бр. 199).

4. *Кормадин – Јаково, Белград, Србија* (Петровић, Катић и Спасић 2009, 150 – кат. бр. 200).

5. Бело Брдо – Винча, Белград, Србија (Петровић, Катић и Спасић 2009, 141 – кат. бр. 183).

6. Бело Брдо – Винча, Белград, Србија (Петровић, Катић и Спасић 2009, 140 – кат. бр. 180).

7. Керамички предмет, неолит, Zeng**ő**v**á**rkony, Baranya, Унгарија (Makkay 1968, 16 – Fig. 6: 4).

8. Керамички предмет, неолит, Donji Klahar, Херцеговина (Makkay 1968, 17 – Fig. 7: 5).

9. Керамички предмет, неолит, Donji Klahar, Херцеговина (Makkay 1968, 17 – Fig. 7: 6).

10. Кремењак – Потпорањ, Вршац, Србија (Пантовић 2014,170 – кат. бр. 263).

13. Керамички предмет, неолит, наоѓалиштето не е наведено (Makkay 1968, 18 – Fig. 8: 5).

----------------------------------

11. Керамички предмет, бронзено време, Градиште – Пелинце, Куманово, Р Македонија (Булатовић и Станковски 2012, 448 – фото 23: 48).

12. Керамички предмет, бронзено време, Градиште – Кончуљ, Врање, Србија (Булатовић 2007, 31 – сл. 28).

**Т. IV**

1. Бронзен предмет, железно време, Бразда, Скопје, Р Македонија (Корачевиќ 1977, 60 – сл. 10).

2. Бронзен приврзок, железно време, Враново, Смедерево, Србија (Васић 1986, 10 – сл. 14).

3. Бронзен приврзок/монисто, железно време, Плаошник – Охрид, Р Македонија (Кузман и Димитрова 2010, 37).

4. Керамички предмет (со реконструкција на начинот на преврзување и обесување), неолит, Ат – Вршац, Србија (Пантовић 2014, 30 – сл. 14, 144 – кат. бр. 157).

5. *Керамички предмет, доцен неолит/енеолит, Zorlenţu Mare,* Caraş-Severin, Романија (Hansen 2007, Taf. 273: 2).

6. Керамички предмет, неолит, Јабланица, Белград, Србија **(**Makkay 1968, 17 – Fig. 7: 7 - a, b).

7. Керамички предмет, доцен неолит, Ат – Вршац, Србија (Пантовић 2014, 112 – кат. бр. 31).

8. Керамички предмет, неолит, Бели Брег – Брестовик, Гроцка, Белград, Србија (Петровић, Катић и Спасић 2009, 143 – кат. бр. 187).

**Т. V**

**Бронзени приврзоци, железно време.**

1. Радање, Штип, Р Македонија (Чаусидис 1995, 43 – сл. 24).

2. Орешани, Скопје, Р Македонија (Соколовска 2011, 40 – сл. 10).

3. Тесалија, Грција (Kilian-Dirlmeier 1979, Taf. 42: 769).

**Керамички приврзоци – амулети, неолит, „Винчанска култура“.**

4. Ат – Вршац, Србија (Пантовић 2014, 105 – кат. бр. 3).

5. Кремењак – Потпорањ, Србија (Пантовић 2014, 186 – кат. бр. 325).

6. Кремењак – Потпорањ, Србија (Пантовић 2014, 163 – кат. бр. 314).

7. Кремењак – Потпорањ, Србија (Пантовић 2014, 187 – кат. бр. 329).

**Т. VI**

1. Бронзен приврзок во вид на бокалче, непознато наоѓалиште, колекција „В. Бошков“, Бугарија (Маразов 2005, 33 – бр. 22).

2. Бронзен приврзок во вид на сатче, железно време, Радање, Штип, Р Македонија (Чаусидис 1995, 42 – сл. 23).

3. Керамичко сатче, железно време, Дедели, Валандово, Р Македонија (Митревски 1991, 30, T.XIV: 10).

**Керамички приврзоци – амулети во вид на сатче, неолит, Винчанска култура.**

4. Ат – Вршац, Србија (Пантовић 2014, 121 – кат. бр. 67).

5. Кремењак – Потпорањ, Србија (Пантовић 2014, 166 – кат. бр. 248).

6. Ат – Вршац, Србија (Пантовић 2014, 141 – кат. бр. 148).

7. Ат – Вршац, Србија (Пантовић 2014, 141 – кат. бр. 147).

8. Ат – Вршац, Србија (Пантовић 2014, 121 – кат. бр. 65).

**Т. VII**

1. Керамички предмет, неолит, Bicske, Fejér, Унгарија (Makkay 1968, 12 – Fig. 2: 3, 4).

*2.* Керамички предмет, неолит, Ат, Вршац, Србија (Пантовић 2014, 121: кат. бр. 66).

**Ажурирани „V“- предмети со проширени краеви, железно време.**

3 - 5. Непознато наоѓалиште, регион на Гевгелија и Валандово, Р Македонија. Скици: Н. Чаусидис (според фотографии: Митревски 2013, 245 – сл. 88).

6. Чаушица/Chauchitsa, Кукуш/Kilkis, (Bouzek 1974a, 48 – Fig. 14: 9).

7. Бохемица/Bohemitsa, Кукуш/Kilkis, грчки дел на Македонија (*Σαββοπουλου* 2007, 623 – Εικ. 15).

10, 12. Непознато наоѓалиште, регион на Гевгелија и Валандово, Р Македонија (фото: Миневски 2015).

16. Чаушица/Chauchitsa, Кукуш/Kilkis, грчки дел на Македонија (Kilian 1975, Taf. 34: 19; фотомонтажа со додадената рачка: Н. Чаусидис).

**Керамички предмети**

8. Ранохеладски период III, Keryneia, Ахаја, Грција (*Arch. research 2014*).

9. Рано бронзено време, Saratse, Македонија, Грција (Heurtley 1939, 203 – Fig. 67: j).

11. Ранохеладски период III, Olimpia, Грција (*Clay anchors 2014*).

13. Рано бронзено време, Armenochori, Лерин/Florina, грчки дел на Македонија (Heurtley 1939, 203 – Fig. 67: h).

14. Рано бронзено време, Servia, грчки дел на Македонија (Heurtley 1939, 203 – Fig. 67: f).

15. Рано бронзено време, Kritsana, Халкидик, грчки дел на Македонија (Heurtley 1939, 203 – Fig. 67: i).

# T. I


1


4


9


5


2


6


10


3


7


8


11

T. II



1



2



3



4



5



8



6



7



9



10



11



12



13

# T. III


1


3


4


2


5


6


9


10


7


8


11


12


13

# T. IV


1


4


2


5


6


3


7


8

T. V


1


2


3


4


5


6


7

# T. VI


1


2


3


4


5


6


7


8

# T. VII


1


2


3


4


5


6


8


9


10


11


12


14


15


7


13


16

**CIP – Каталогизација во публикација**

**Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје**

**903(497.7)”634”(062)**

**НЕОЛИТОТ во Македонија** : нови сознанија и перспективи / [уредници Љубо Фиданоски, Гоце Наумов ; превод на англиски јазик Андриана Драговиќ] = Neolithic in Macedonia : new knowledge and perspectives / [editors Ljubo Fidanoski, Goce Naumov ; translation in English language Andriana Dragović]. - Скопје : Центар за истражување на предисторијата = Skopje : Center for Prehistoric research, 2016 (Скопје : Магнаскен ; Skopje : Magnasken). - 232 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Апстракти на англ. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-65967-1-2

**а)Археолошки истражувања – Неолит – Македонија - Собири**

**COBISS.MK-ID 102008586**

Зборникот „*Неолитот во Македонија: нови сознанија и перспективи*" е резултат од истоимената археолошка конференција во којашто беа презентирани најновите истражувања поврзани со неолитските локалитети во Македонија. Во него се вклучени повеќето од рефератите коишто се осврнуваат на разни аспекти поврзани со истражувањата и рекогносцирањето на неолитските населби крај Охридското Езеро, Овче Поле и Раечката Клисура, калибрирањето на хронолошките дати во Пелагонија и редефинирањето на доцниот неолит во истиот регион, како и повеќе трудови посветени на проучувањата на материјалната култура што се однесуваат на керамичките модели на лепчиња, протоматематиката меѓу керамичките садови и антропоморфни претстави, зооморфната неолитска пластика, предметите за ткаење и амулетите. Овие трудови даваат нови видувања за неолитот во Македонија и ја надополнуваат веќе познатата слика за почетоците и развојот на неолитските заедници во овој регион.

ISBN 608-65967-1-2
9 786086 596712